РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ “СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ”
ВО СКОПЈЕ

# Б И Л Т Е Н

НА
УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ВО СКОПЈЕ

Билтен број 1010
Скопје, 15 јуни 2011 година

**Издание на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**

**ПРВИОТ БРОЈ НА БИЛТЕНОТ Е ОБЈАВЕН ВО МАЈ 1957 ГОДИНА**

**Главен и одговорен уредник: м-р Илија ПИПЕРКОСКИ, генерален секретар**

**Уредник: Томислав БАШЕВСКИ**

**Лектор: Весна Илиевска-Цветановска**

**Умножено на Универзитетот во Скопје**
**Тираж: 70 примероци**

## Содржина на Билтен број 1010 од 15 јуни 2011 година

**МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ**


1. Рецензија на учебното помагало **Анализа на случаи од имунологијата**, од авторите **проф. д-р Мирко Спироски и соработниците**, пријавено на Медицинскиот факултет во Скопје....................1-7


**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**


1. **Приговор** на Рефератот за избор на помлад асистент за научните области: историја на родот и полот, родот и религијата, родот и мирот и науката, технологијата и родот на Филозофскиот факултет во Скопје, поднесен од **м-р Катерина Бишкоска-Димитриовска**, објавен во Билтен бр. 1008 од 16.5.2011 година....................8
2. **Одговор** на Рецензентската комисија на приговорот за избор на помлад асистент за научните области: историја на родот и полот, родот и религијата, родот и мирот и науката, технологијата и родот на Филозофскиот факултет во Скопје, објавен во Билтен бр. 1008 од 16.5.2011 година....................9-10


**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ "ЈУСТИНИЈАН ПРВИ"**


1. Рецензија на докторската дисертација под наслов **Влијанието на странските инвестиции, корупцијата и приватизациските договори во јавниот сектор врз развојот на земјите од Југоисточна Европа** изработена од **м-р Еми Велкова**, пријавена на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје....................11-15
2. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје (**Марија Цветковска, Мартин Раваноским Катерина Бојкова, Сања Томиќ, Цеца Маркова, Слободанка Ајцева, Андреа Крајевски, Дину Вангели, Кристина Тошева, Драгана Ангеловска, Милена Новевска, Рената Деспотовска, Ѓорѓи Панговски, Сања Дивчова, Влатко Михаилов, Александра Костадиноска, Љупчо Кошчицоски, Марина Велкоска, Ивана Мирческа, Евгенија Пепова, Драко Јанкуловски, Даниела Пендева, Филип Кадиев, Нена Угриноска, Ирина Штерјева, Фанче Нелковска, Марија Мирчевска, Јулија Заркова, Христина Симеска, Данило Апостолски, Вероника Андреска, Валентина Трајчевска, Трајче Андонета, Владимир Ѓорѓиевски, Ивана Гагоска, Лазар Поп Иванов, Моника Петрова, Стефан Кецкаровски, Делче Максимоски, Гордана Петроска, Мејљинда Ајдари, Марија Пешевска, Ивана Џумковска, Симе Веселински, Габриела Алчева, Ирена Цуцуловска, Марија Антова, Катерина Аврамовска, Миле Гиновски, Александра Средовска, Сања Митевска, Звонко Ристески, Ирена Јованова, Маријана Кацарска, Дејан Арсовски, Александар Мале, Фросина Митевска, Марина Минкова, Љубинка Милушева, Дарко Јангелов, Ивана Николовска, Сања Јовановска, Марија Трпковска, Дарко Стоилковски, Владимир Ристески, Нико Новески, Никола Пупиновски, Мартин Панзевски, Марина Митоска, Драги Павлески, Васил Ризов, Ивана Стериоска, Благој Митевски, Елена Колевска, Мартин Стојановиќ, Харис Муминовиќ, Кимет Куртиши, Мајлинда Адили, Ели Филева, Мијалче Николов, Бојана Петрова, Весна Ристоска, Марика Трајкова, Фарук Муслими, Наташа Данаилова, Елена Ѓошевска, Нада Палиќ, Јасмина Ивановска, Драгана Димитровска, Кристина Стефанова, Сања Михајлеска, Станислава Ристовска, Фатиме Азизи, Каљтрина Зеколи, Александра Атанасова, Сања Ѓорѓиевска, Симона Стојановска, Маја Јакимовска, Далибор Митов, Јасмина Лефкоска, Данче Кировска, Мирослава Илиќ, Добрила Коцева, Елена Стојановска, Даниела Плешкова, Елена Стојановска, Антонио Трајковски, Златко Ќиќерковски, Матеј Миовски, Василчо Илијев, Златко Стоименов, Магдалена Андова**)....................16-25
3. Преглед на одобрени теми за изработка на докторска дисертација на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје (**м-р Дрита Мамути, м-р Иванка одовска**)....................26

## СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Стоматолошкиот факултет во Скопје (**д-р Дијана Шуменковска, д-р Ана Белазелковска**)........................27

## МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Рецензија на ракописот **Одржување и експлоатација на енергетски постројки и системи**, од **д-р Доне Ташевски**, пријавен на Машинскиот факултет во Скопје......28-33
2. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Машинскиот факултет во Скопје (**Александар Левковски, Дарко Мицкоски, Димитар Тануркрв, Рами Емини, Зекирија Зекири, Васе Јордановска, Татјана Николовска, Игор Цеповски, Далибор Митровски**)........................34
2. **Одлука** за запирање на постапката за изработка на докторска дисертација под наслов **Влијание на одделните конструктивни параметри врз функционалноста и векот на чиниестата пружина за фрикциона спојница за патнички автомобили**, пријавена од **м-р Марјо Телента** на Машинскиот факултет во Скопје........................35

## АРХИТЕКТОНСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања од областа на урбанистичкото и просторното планирање и проектирање, по предметите: просторно планирање и соларна архитектура при Институтот за урбанизам на Архитектонскиот факултет во Скопје (**д-р Виктор Пајвански**)........................36-39

## ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Економскиот институт во Скопје (**Македонка Димитриоска, Лиле Симоновска, Валентина Анѓелковска, Фкола Ќаили, Маја Стојчевска, Иван Давковски, Савица Кусакатски, Богдан Ѓурчевски, Ивана Стојчевска, Наташа Митровска, Александар Николов, Маја Ѓуровска**)........................40-41
2. Преглед на прифатени теми за изработка на докторска дисертација на Економскиот институт во Скопје (**м-р Хабил Мустафаи, м-р Данчо Арсов, м-р Емилија Митева-Кацарска, м-р Фарије Алиу**)........................42

## ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Рецензија на ракописот **Филозофија на менаџерството**, од **доц. д-р Дејан Донев**, пријавен на Филозофскиот факултет во Скопје........................43-47

## ФАКУЛТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА

1. Рецензија на ракописот за учебното помагало **Практикум по познавање и обработка на тутунската суровина**, од **д-р Златко Арсов**, вонреден професор **и м-р Ромина Кабранова**, асистент, пријавено на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје........................48-54

## МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Рецензија на учебното помагало **Имунологошки практикум-лабораториска имунодијагностика**, од група автори, пријавено на Медицинскиот факултет во Скопје........................55- 64

## АРХИТЕКТОНСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Рецензија на докторската дисертација **Метода за рекурзивна анализа на комплексни програмско-просторни архитектонски концепти на примерот на големите трговски центри во Скопје**, изработена од **м-р Михајло Зиноски**, пријавена на Архитектонскиот факултет во Скопје ........................65-68

## ФАРМАЦЕВТСКИ ФАКУЛТЕТ


1. Рецензија на учебното помагало под наслов **Збирка задачи по аналитичка хемија,** за студентите од студиските програми магистер по фармација и дипломиран лабораториски биоинжинер, подготвено од наставниот кадар на Катедрата за аналитичка хемија на Фармацевтскиот факултет во Скопје....................................69-70
2. Рецензија на учебното помагало под наслов **Практикум по аналитичка хемија,** за студентите од студиските програми дипломиран лабораториски биоинжинер, подготвено од наставниот кадар на Катедрата за аналитичка хемија на Фармацевтскиот факултет во Скопје....................................71-73
3. Рецензија на учебното помагало под наслов **Практикум по аналитичка хемија,** за студентите од студиските програми магистер по фармација, подготвено од наставниот кадар на Катедрата за аналитичка хемија на Фармацевтскиот факултет во Скопје....................................74-77


## ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ


1. Рецензија на ракописот **Менаџмент,** седмо издание, од **проф. д-р Бобек Шуклев,** пријавен на Економскиот факултет во Скопје....................................78-91


## МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ


1. Реферат за подобност на темата за изработка на докторската дисертација **Геометриско претставување на објекти во интерактивна аугментна реалност** и оспособеноста на кандидатот **м-р Ташко Ризов** за научна работа, пријавена на Машинскиот факултет во Скопје....................................92-97


## СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ


1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања од обласга на оралната хирургија на Катедрата за орална хирургија на Стоматолошкиот факултет во Скопје **(ас. Марина Кацарска, насл. доц. Оливер Димитровски, ас. д-р Марија Пеева Петреска, ас. д-р Љуба Симјановска)**....................................98-144


## ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ


1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Економскиот институт во Скопје **(Александра Жакова)**....................................145


## ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ "ЈУСТИНИЈАН ПРВИ"


1. Рецензија на докторската дисертација **Дезорганизираното семејство како криминоген фактор за малолетничка деликвенција,** изработена од **м-р Јасмина Караниколова,** пријавена на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје....................................146-158


## ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ


1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Економскиот факултет во Скопје **(Јана Тавчиевска, Ана Ангеловска, Ќемал Османоски, Дарко Јованоски, Мартин Дамески, Александар Петровски, Јована Човиќ, Марјан Гоговски, Спасијка Јованова, Ивана Крстева, Лилјана Лепческа, Наташа Ампевска, Анета Несторoска, Билјана Николовска-Матева, Душанка Стефанова, Жика Стојановски, Билјана Настоска, Јасна Ушковска, Марјан Туџарски, Александар Ристовски, Наташа Ѓоревска, Ленче Зикова)**....................................159-160
2. Преглед на одобрени теми за изработка на докторска дисертација на Економскиот факултет во Скопје **(м-р Андреја Митески, м-р Никола Џамбазовски, м-р Виолета Цветкоска, м-р Елена Макревска)**....................................161


## ИНСТИТУТ ЗА ЗЕМЈОТРЕСНО ИНЖЕНЕРСТВО И ИНЖЕНЕРСКА СЕИЗМОЛОГИЈА


1. Рецензија на учебникот **Вовед во нумеричка анализа со Матлаб,** од авторот **д-р Катарина Манова,** пријавен на Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија во Скопје....................................162-163

**ФАКУЛТЕТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ**

1. Реферат за избор нс еден наставник во сите звања по наставниот предмет корепетиција на Факултетот за музичка уметност во Скопје (**м-р Татјана Огнаноска, м-р Марија Врпкова**)....................164-177

**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ "ЈУСТИНИЈАН ПРВИ"**

1. Рецензија на докторската дисертација **Улогата на Европскиот комитет за превенција од тортура во заштитата на правата на лицата задржани од полицијата,** изработена од **м-р Катерина Крстевска**, пријавена на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје....................178-184
2. Рецензија на докторската дисертација **Улогата на Европскиот суд на правдата во фискалната унификација на државите членки на Европската унија,** изработена од **м-р Дејан Сулејманов**, пријавена на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје....................185-189
3. Реферат за избор на асистент/помлад асистент на научната област меѓународни односи на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје (**м-р Јулија Брсакоска-Базеркоска**)....................190-193
4. Реферат за избор на соработник во соработничко звање - асистент на научната област финансово право и финансии на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје (**м-р Јован Зафироски, м-р Далибор Галевски**)....................194-200

**АРХИТЕКТОНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на соработник - еден асистент од областа на архитектонското проектирање, за предметите: архитектонско планирање V и архитектонско студио на Институтот за архитектонско проектирање при Архитектонскиот факултет во Скопје (**м-р Александар В. Радевски**)....................201-206

**МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за подобност на темата за изработка на докторската дисертација **Моделирање и компјутерска симулација на процесите на иницирање и пропагација на микропрснатини во заварени врски** и оспособеноста на кандидатот **м-р Елисавета Дончева** за научна работа, пријавена на Машинскиот факултет во Скопје..........207-213

**ФАКУЛТЕТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје (**Бисера Јанкулоска, Милан Захариев, Михајло Павлоски, Валентина Павловска, Александар Кедијоски, Илија Ефнушев, Снежана Јованова, Александар Карески, Лидија Милевска, Ласко Касапинов, Косте Будиновски, Филип Керазовски, Наташа Иванова**)..................214-215

**ИНСТИТУТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И ПОЛИТИЧКО-ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА**

1. Рецензија на докторската дисертација **Влијанието на изборните модели врз помалите политички партии во Република Македонија,** изработена од **м-р Бојана Наумовска**, пријавена на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје....................216-221

**ИНСТИТУТ ЗА ДУХОВНО КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО НА АЛБАНЦИТЕ**

1. Реферат за избор на научен соработник во Институтот за духовно културно наследство на албанците во Скопје (**д-р Шефќет Зеколи**)....................222-227

**ИНСТИТУТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И ПОЛИТИЧКО-ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА**

1. Реферат за избор во наставно-научно звање-доцент во Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје (**д-р Марија Топузовска**)....................228-236

Архитектонскиот факултет во Скопје (**м-р Михајло Зиноски**) ...............................237-239

## ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Градежниот факултет во Скопје (**Лилјана Божиновска**)...............................240
2. Преглед на одобрени теми за изработка на докторска дисертација на Градежниот факултет во Скопје (**м-р Димитрија Сековски, м-р Гоце Тасевски, м-р Стевчо Митовски**)...............................241

## ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ "ЈУСТИНИЈАН ПРВИ"

1. Рецензија на докторската дисертација **Приватната безбедност во Југоисточна Европа,** изработена од **м-р Иван Наѓ**, пријавена на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје...............................242-248

## СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања од областа на детската и превентивна стоматологија на Стоматолошкиот факултет во Скопје (**д-р Златко Георгиев, д-р Ана Сотировска-Ивковска, д-р Елизабета Ѓоргиевска, д-р Ефка Жабокова-Билбилова**)...............................249-292

**РЕЦЕНЗИЈА НА УЧЕБНОТО ПОМАГАЛО „АНАЛИЗА НА СЛУЧАИ ОД ИМУНОЛОГИЈАТА“** од авторите Проф. д-р Мирко Спироски и соработници

Наставно-научниот совет на Медициснкиот факултет Скопје, на својата VIII редовна седница одржана на 17.03.2011 година донесе одлука за формирање Рецензентска комисија за пишување на рецензија за учебното помагало: **„АНАЛИЗА НА СЛУЧАИ ОД ИМУНОЛОГИЈАТА“** за студентите по медицина од авторите проф. д-р Мирко Спироски и соработниците

**ИЗВЕШТАЈ**

1. **Наслов:** Анализа на случаи од имунологијата

2. **Автори:** Проф. д-р Мирко Спироски, ас. д-р Дејан Трајков, ас. д-р Александар Петличковски, ас. д-р Тодор Арсов, ас. д-р Ана Стрезова, биотех. Оливија Ефинска-Младеновска, ас. д-р Славица Христоманова, д-р Ели Ѓулејиќ, мол. биол. Олгица Сибиновска, д-р Јордан Петров

3. **Предметна програма:** Основи на имунологијата

4. **Студиска програма:** Учебно помагало за практична настава по предметот Основи на имунологијата за студентите по општа медицина

5. **Семестар:** трет

6. **Фонд на часови:** 45 (теоретска настава 24 часа, практична настава 21 час)

7. **Усогласеност со наставата:** Приложениот ракопис е во согласност со содржините предвидени за практична настава по предметот Основи на имунологијата и за секој блок вежби постои соодветен блок со по две анализи на случаи. Содржината на текстот опфаќа и детали кои ја надминуваат предвидената програма за практична настава по предметот Основи на имунологијата, но за студентите ќе биде корисна како помошно учебно помагало за поврзување на базичните имунолошки сознанија со избрани случаи кои подоцна ќе ги сретнат во клиничката практика.

8. **Време и акт на назначување на рецензентите:** Одлука бр. 02-1153/13 од 29/3-2011 донесена на VIII редовна седница на Наставно-научниот совет на Медициснкиот факултет Скопје, одржана на 17.03.2011 година

9. **Издание:** прво

10. **Ист или сличен учебник на факултетот:** нема

11. **Општи податоци за учебното помагало:** Учебното помагало „Анализа на случаи од имунологијата“ ги разработува наставните целини за практичната настава по предметот Основи на имунологијата за студентите по општа медицина. Низ анализата на случаите студентите ќе може да ги поврзат базичните имунолошки сознанија со избрани случаи од клиничката практика. Содржината на текстот е презентирана во 7 поглавија во кои низ воведни

објаснувања и анализа на случаи студентот треба да се запознае со: Вроден имун систем, Имуни клетки, Имуноглобулини, Комплемент и цитокини, Трансплантација, Преосетливост, Автоимунитет. Во прилог се дадени и референтните вредности на имунолошките лабораториски наоди. Покрај содржина и преглед на поглавијата, на крајот е даден и попис на користена литература со 5 цитирани книги. Материјалот е напишан на 141 страница во А4 формат, со вкупно 82 слики и 15 табели инкорпорирани во текстот.

12. **Краток опис на содржината:**
Текстот е напишан на систематски и осмислен начин, а темите се организирани во седум блока во кои најпрво претходат воведни објаснувања, а потоа анализа на конкретни случаи со одредени заболувања. По секој случај следуваат прашања и дискусија со одговори.
Во првиот блок „Вроден имун систем" се обработени хроничната грануломатозна болест и постоперативната инфекција. Авторите се осврнуваат на генетските нарушувања кои влијаат врз ензимот NADPH оксидаза и доведуваат до појава на хронична грануломатозна болест, како и анализа на конкретен случај. Во овој блок е опишан и имуниот одговор кон локална и системска инвазија на бактериски патогени и сепса. Даден е осврт на најсензитивните дијагностички тестови и приказ на случај на постоперативна инфекција по холецистектомија.
Во вториот блок „Имуни клетки" се обработени Т-клеточниот лимфом и Икс врзаниот тежок комбиниран имун недостаток. На разбирлив начин е претставен развојот и зреењето на Т-клетките и создавањето на Т-клеточен лимфом. Исто така, анализирани се два конкретни случаи.
Во третиот блок „Имуноглобулини" опишани се органите и клетките вклучени во создавањето противтела и нивното делување. Опишан е случај со Икс врзана агамаглобулинемија. Во овој блок е обработено и малигното заболување на плазма клетките - мултипли миелом. Низ карактерични примери јасно се прикажани клиничките манифестации и лабораториските отстапувања.
Четвртиот блок се однесува на комплементарниот систем и цитокините. Авторите на едноставен начин ги опишуваат начините на активација на комплементот, а потоа се осврнуваат на хередитарниот ангионевротски едем со сите клинички и патофизиолошки механизми на болеста. Во овој дел е даден осврт и на сидромот токсичен шок со опис на впечатлив пример од клиничката практика.
Во петиот дел, „Трансплантација" јасно е опишан механизмот на отфрлање калем и поврзаноста на ХЛА со автоимуност. Авторите се осврнуваат на трансплантација на бубрег кај пациенти со дијабет тип-1. Исто така авторите ја разработуваат воспалителната болест по трансплантација на коскена срцевина кај домаќинот, позната како болест калем против домаќин.
Во делот „Преосетливост" се опишани случаи на алергиска астма и хемолитичка болест на новородено, како примери за несоодветен имун одговор на туѓи противгени и Рх - инкопатибилноста помеѓу мајката и фетусот. Низ конкретните примери, даден е приказ на клиничките симптоми и начинот на дијагностицирање.
Во последниот блок, „Автоимунитет", на разбирлив и систематичен начин авторите ја опишуваат најчестата болест на имуните комплекси -истемскиот лупус еритематозус со толкување на имунодијагностичките постапки во секојдневната практика. Во текстот е дадена и класификацијата на автоимуните

тироидни заболувања, а посебно се задржува на Хашимотовиот тироидит со осврт на генетските и надворешните фактори и патогенеза на заболувањето.

13. **Категоризација:** учебно помагало

14. **Општа педагошка оценка:** Текстот е напишан јасно и разбирливо. Ракописот е добро осмислен, систематски и детално се разработени теми од имунологијата кои се предвидени во практичната настава по предметот Основи на имунологијата. Прикажани се карактеристични случаи од клиничката практика, со што студентите ќе бидат во можност да го користат како дополнителна литература за полесно и целосно да ја совладаат практичната настава по предметот Основна имунологија.

15. **Заклучок:**
Врз основа на изнесеното во извештајот, предлагам ракописот под наслов „Анализа на случаи од имунологијата“ од проф. д-р Мирко Спироски и соработниците да се процедурира до Наставно-научниот совет на УКИМ, Медицински факултет - Скопје и да се испечати како дополнителна литература за практичната настава по предметот Основи на имунологијата, за студенти по општа медицина.

Скопје, 12/5-2011

Рецензент:

Проф. д-р Соња Алабаковска
УКИМ Медицински факултет - Скопје
Институт за медицинска и
експериментална биохемија

# Рецензија за учебното помагало – Анализа на случаи од имунологијата

Медицинскиот факултет Скопје, со одлуката број: 02-1153/13 од 29/3-2011 ме определи за рецензент на учебното помагало „Анализа на случаи од имунологијата" од Проф. М. Спироски и соработниците, при што ја приложувам следнава рецензија:

| | |
|---|---|
| **Наслов** | Анализа на случаи од имунологијата |
| **Автори** | Спироски М. Трајков Д. Петличковски А. Арсов Т. Стрезова А. Ефинска-Младеновска О. Христоманова С. Ѓулејиќ Е. Сибиновска О. Петров Ј. |
| **Се однесува на предметната програма** | Основи на имунологијата |
| **Покриеност на наставниот материјал** | наставниот материјал за практичната настава е целосно покриен со „Имунолошки практикум", додека учебното помагало „Анализа на случаи од имунологија" само ја надополнува практичната настава. |
| **Студиска програма** | додипломска настава по предметот Основи на имунологијата, за лекари |
| **Семестар** | трет |
| **Фонд на часови** | 45 |
| **Усогласеност со наставата** | за секој блок вежби постои соодветно блок со по две анализи на случаи |
| **Време и акт на назначување на рецензентите** | 02-1153/13 од 29/3-2011 |
| **Издание** | прво |
| **Ревидирани сегменти од претходното издание** | нема |
| **Ист или сличен учебник на факултетот** | нема |
| **Општи податоци за учебното помагало** | Учебното помагало „Анализа на случаи од имунологијата" содржи анализи на случаи од имунологијата преземени од реномирани светски учебници, каде што имињата на пациентите се прилагодени за македонскиот јазик. Опфатени се седум блока, со |

| | |
|---|---|
| | по две анализи на случаи: Вроден имун систем, Имуни клетки, Имуноглобулини, Комплемент и цитокини, Трансплантација, Преосетливост, Автоимунитет. Во прилог се дадени нормални вредности на имунолошки наоди. Целиот материјал е отпечатен на 141 страница во А4-формат, со голем број илустрации и табели. |
| **Содржина** | Во секој од седумте блокови прво на кратко е опишана темата на блокот, со цел да се разберат случаите кои следуваат. По секој случај има неколку прашања со дискусија за одговорот. |
| **Предлози за корекции** | нема |
| **Категоризација** | дополнително учебно помагало |
| **Општа педагошка оценка** | учебното помагало ја исполнува задачата за која е предвидено, со тоа што студентите ќе бидат во можност полесно и целосно да го совладаат материјалот по предметот Основи на имунологија. |
| **Заклучок** | Учебното помагало „Анализа на случаи од имунологијата" е корисно дополнително учебно помагало за практичната настава по имунологија која се изведува пред сè според учебното помагало „Имунолошки парктикум".<br>Преку приказите на случаи од клиничката практика, се остварува целта да се спои теоретската и практичната настава со нивната примена во практиката. Целта не е да се замени колиничката имунолошка настава, туку пред сè да се истакне вистинското значење на имунолошките анализи во поставување дијагноза кај пациентите.<br>Постои оправданост за објавување на учебното помагало, како дополнителен суплемент за практичната настава. |

Скопје, 9/5-2011

Проф д-р Кочо Димитровски, с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА НА УЧЕБНОТО ПОМАГАЛО - АНАЛИЗА НА СЛУЧАИ ОД ИМУНОЛОГИЈАТА

Од страна на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет Скопје, определен сум за рецензент на учебното помагало **АНАЛИЗА НА СЛУЧАИ ОД ИМУНОЛОГИЈАТА** од Проф. д-р Мирко Спироски и соработниците (Одлука број: 2-1153/13 од 29/3-2011).

По разгледувањето на материјалот ја поднесувам следнава рецензија:

| | |
|---|---|
| **Наслов** | Анализа на случаи од имунологијата |
| **Автори** | Спировски М., Трајков Д., Петличковски А., Арсов Т., Стрезова А., Ефинска Младеновска О., Христоманова С., Ѓулејиќ Е., Сибиновска О., Петров Ј. |
| **Предметна програма** | Основи на имунологијата |
| **Покриеност на наставниот материјал** | Целосна |
| **Студиска програма** | Додипломска настава по предметот основи на имунологијата, за студенти на Медицинскиот факултет |
| **Семестар** | Трет |
| **Фонд на часови** | 45 |
| **Усогласеност со наставата** | За секоја вежба, предвидени се по две анализи на случаи |
| **Време и акт на назаначување на рецензентите** | 02-1153/13 од 29/3-2011 |
| **Издание** | Прво |
| **Ревидирани сегменти од претходното издание** | Нема |
| **Ист или сличен учебник** | Нема |
| **Општи податоци за учебното помагало** | Материјалот содржи 141 страница текст во А4-формат, фонт на буквите 10, со над 100 илустрации, слики и табели, во црно- бела техника. Случаите (анамнеза, сегашна состојба, клинички испитувања, лабораториски и други дијагностички постапки, диференцијална дијагноза, лекување, рехабилитација и прогноза) се преземени од реномирани светски учебници и се прилагодени на нашата средина. Имињата на пациентите се измислени и одговараат на нашето поднебје. Пред да се презентира случајот, се објаснуваат имунолошките механизми, потоа имунолошките нарушувања кои се во врска со заболувањето, па по приказот на случајот следува негово објаснување и на крајот на делот се дадени прашања и дискусија. |
| **Содржина** | Материјалот е поделен во 7 блокови, со по 2 случаи или |

| | |
|---|---|
| | вкупно 14 случаи. Седумте блокови се: Вроден имун систем, Имуни клетки, Имуноглобулини, Комплемент и цитокини, Трансплатација, Преосетливост, Автоимунитет. Во прилог се дадени нормалните лабораториски вредности на имунолошките наоди. |
| **Предлози за корекции** | Имињата на пациентите исклучиво се од мнозинската заедница. Предлагам тие да ја одразат реалната состојба на теренот, односно мултиетничноста на РМ, со промена на 30-50% од имињата на пациентите. |
| **Категоризација** | Учебно помагало |
| **Општа педагошка оценка** | Учебното помагало во целост ја исполнува целта за која е наменето. Тоа им овозможува на студентите полесно да го совладаат материјалот по предметот Основна имунологија. Напишано е на разбирлив литературен македонски јазик, илустрациите и табелите се во функција на текстот, а интересниот начин на кој се прикажани случаите овозможува лесно разбирање и запаметување на материјата. |
| **Заклучок** | Учебното помагало **Анализа на случаи од имунологијата** е корисно учебно помагало кое претставува спој на практичната со теоретската настава, истовремено и врска со реалните случаи кои постојат во практиката.<br>Чест ми е да предложам да се издаде како официјално учебно помагало на Медицинскиот факултет во Скопје, за предметот Основи на имунологијата, но факултативно и за сите предмети кои опфаќаат проблеми од базичната и клиничка имунологија. |

Скопје, 20/05-2011

Проф. д-р Никола Пановски, с.р.

До Филозофски факултет
Скопје

**ПРИГОВОР**
Од Катерина Бишкоска Димитриовска од Скопје

Против: ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ објавени во рефератот на Рецензенската комисија, објавен во Билтен бр. 1008 од 16.5.2011

Во врска со конкурсот за избор на еден соработник во звање-помлад асистент за научните области и тоа за историја на родот и полот, родот и религијата, родот и мирот и науката, технологијата и родот, објавен на 13.4.2011 во дневниот весник „Дневник", донесени се Заклучок и предлог објавени во Билтен број 1008 од 16.05.2011 година.

Согласно со Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научник, научни, наставно-стручни и соработнички звања на УКИМ од јуни 2009 година, го поднесувам овој приговор.

Ги оспорувам наведените Заклучок и предлог од неколку причини.

Имено, како дел од рефератот за избор на помлад асистент по наведената научна област, даден е извештај за пријавени двајца кандидати и две кандидатки, а со оспорените Заклучок и предлог се дава предност на една кандидатка.

Сметам дека се неосновани наводите со кои се образложува предноста на кандидатката Ирена Цветковиќ.

Имено, сметам дека мојата предност во однос на другите кандидати и кандидатка се состои во тоа што:

- единствена сум со одобрена докторска теза од април 2009 година, под наслов Влијанието на општествените фактори врз положбата на жената Ромка во Република Македонија во која е застапен родовиот и социолошкиот аспект, што екомпатибилно со научната област на родовите студии;
- потекнувам од матичниот Факултет каде што имам дипломирано и магистрирано, за разлика од предложената кандидатка која дипломирала на друг факултет, а магистрирала во друга установа надвор од УКИМ;
- имам поголемо петгодишно работно искуство во спроведување на наставата поред ЕКТ-системот на насловниот Факултет.

Пораи сево ова барам оспорените Заклучок и предлог да бидат повлечени, па при повторно сериозно разгледување на извештајот за кандидатите и кандидатките, да се донесат друг заклучок и предлог.

Скопје, 18.5.2011

Подносител на приговор
Катерина Бишкоска Димитриовска, с.р.

ОДГОВОР НА ПРИГОВОРОТ

во врска со предлогот за избор на помлад асистент на Институтот за родови студии при Филозофскиот факултет во Скопје, објавен во Билтенот на УКИМ бр.1008 од 16.5.2011 година (заведен во архивата на Филозофскиот факултет во Скопје со датум 19.5.2011 година под број 04-874/2, доставен до Институтот со придружно писмо заведено во архивата на Филозофскиот факултет во Скопје под број 04-874/3 со датум 20.5. 2011 година)

Рецензентската комисија внимателно го разгледа приговорот поднесен од м-р Катерина Бишкоска Димитриовска и го поднесува следниов одговор на приговорот:

Во врска со оспорувањето на заклучокот и предлогот на Комисијата во кои ѝ се дава предност на кандидатката м-р Ирена Цветковиќ што е изразено во три точки, го даваме следниот одговор:

- Наведеното тврдење на м-р Катерина Бишкоска Димитриовска дека фактот што има одобрено докторска теза од април 2009 година која според неа е компатибилна со научната област на родовите студии не може да се земе како предност бидејќи според конкурсот и согласно со член 19 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, пријавена докторска теза не е услов за избор во звањето помлад асистент.
- Наведениот факт дека подносителката на приговорот има дипломирано и магистрирано на Филозофскиот факултет во Скопје не може да биде предност по однос на матичност со оглед на фактот што на Филозофскиот факултет додипломските родови студии ја започнаа својата работа во учебната 2008/2009 година, така што сè уште нема дипломирана прва генерација по однос на матичност, а исто така постдипломски студии од обласга на родови студии на Филозофскиот факултет досега немало. Согласно со член 19 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, за помлад асистент може да биде избрано лице кое има завршено академски студии од втор циклус од соодветната научна, односно уметничка област или постдипломски магистерски студии според Законот за високото образование на Р. Македонија. Во наведениот член не се дава предност на ниту еден универзитет во Р. Македонија на кои кандидатите имаат завршено академски студии од втор циклус од соодветната научна област.

- Во врска со тврдењето на подносителката на приговорот дека има „поголемо петгодишно искуство во спроведување на наставата на Филозофски факултет во Скопје" и според тоа предност во однос на

кандидатката предложена за избор во звањето помлад асистент од страна на Комисијата, на мислење сме дека приговорот е неоснован, затоа што искуството на м-р Катерина Бишкоска Димитриовска, согласно со документите што таа ги достави за конкурсот, е стекнато во рамките на предметите кои не се од областа на родовите студии.

Врз основа на образложеникто дадено за секој од приговорите на м-р Катерина Бишкоска Димитриовска, Комисијата е на мислење дека приговорите се неосновани и неаргументирани и нив ги одбива по сите основи. Според тоа, Комисијата останува на своите ставови изнесени во заклучокот и предлогот објавени во Билтенот број 1008, од 16.5.2011 година.

Комисија

1. Проф. д-р Слободанка Марковска, с.р.
2. Проф. д-р Владимир Давчев, с.р.
3. Проф. д-р Денко Скаловски, с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА

## НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА ПОД НАСЛОВ: „ВЛИЈАНИЕТО НА СТРАНСКИТЕ ИНВЕСТИЦИИ, КОРУПЦИЈАТА И ПРИВАТИЗАЦИСКИТЕ ДОГОВОРИ ВО ЈАВНИОТ СЕКТОР ВРЗ РАЗВОЈОТ НА ЗЕМЈИТЕ ОД ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА" ОД КАНДИДАТКАТА М-Р ЕМИ ВЕЛКОВА, ПРИЈАВЕНА НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ" ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје донесе одлука со која формираше Комисија за оцена и одбрана на докторскиот труд на м-р. Еми Велкова под наслов: *Влијанието на странските инвестиции, корупцијата и приватизациските договори во јавниот сектор врз развојот на земјите од Југоисточна Европа*, составена од: проф. д-р Поликсена Гавроска, проф. д-р Димитар Гелев, проф. д-р Сашо Георгиевски, проф. д-р Татјана Петрушевска и проф. д-р Никола Тупанчески.

Комисијата, по разгледувањето на докторскиот труд на кандидатот, на Наставно-научниот совет на Факултетот му го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Докторската дисертација под наслов *Влијанието на странските инвестиции, корупцијата и приватизациските договори во јавниот сектор врз развојот на земјите од Југоисточна Европа* на кандидатката м-р Еми Велкова е составена од Вовед, три дела (составени од шест посебни глави) и Заклучок, кон кои се додадени повеќе прилози.

### *Образложение на темата и структурата на трудот*

Во докторската дисертација е направен обид за обработка на една сложена, мултидисциплинарна тема поврзана со изучувањето на влијанието на странските инвестиции, корупцијата и практиката на склучување на приватизациски договори во јавниот сектор врз развојот на земјите од Југоисточна Европа (ЈИЕ).

Во воведот на дисертацијата се прикажани предметот, целта, појдовните претпоставки и методологијата на истражување применети во трудот, со краток опис на неговата структура. Во него се изложени основните елементи на истражувањето со оглед на зададената тема, понатаму обработувани во оперативните делови на текстот. Истражувањето е насочено кон откривање на влијанието на странските инвестиции, корупцијата и на приватизациските договори во јавниот сектор врз развојот на земјите од Југоисточна Европа, како

и, во функција на тоа, врз посочување на меѓусебното влијание и поврзаноста помеѓу странските инвестиции, корупцијата и приватизациските договори во јавниот сектор воопшто а, посебно во специфицираниот регион.

Истражувањето на основниот предмет е изведено во три посебни дела, во кои се содржани шест глави.

Во првиот дел, во две посебни глави е анализирано меѓусебното влијание на приватизацијата во јавниот сектор, странските директни инвестиции и корупцијата врз развојот воопшто и врз развојот на земјите од Југоисточна Европа, особено во контекст на Република Македонија - со оглед на применливите меѓународни сознанија и искуства во тој домен. Теориската обработка на меѓусебниот однос на споменатите фактори е проследена со компаративна анализа околу состојбите со странските инвестиции, корупцијата и развојот во земјите настанати на тлото на поранешната СФРЈ, вклучително и во РМ. Посебно е потенциран недоволно материјализираниот раст на економиите во повеќето од овие земји, што се објаснува со високото ниво на корупција и ниското ниво на заштита на сопственоста во нивните системи, слаботo и недоволно независно судство, приливот на странски директни инвестиции со низок квалитет - во многу - предизвикан со коруптивни и нелегални зделки во текот на приватизацискиот процес, што негативно влијае врз развојот на економиите во целост. Компаративната анализа укажува на потребата за обезбедување на развој заснован врз посилна заштита на сопственичко-правните односи, независно и ефикасно судство, што, од своја страна, ќе ги намали нивото на присутна корупција, трансакциските трошоци и ќе обезбеди услови за привлекување на странските директни инвестиции во функција на поттикнување на економскиот и поширок развој во регионот.

Во вториот дел на трудот, посветен на правните аспекти на истражуваната тема, во две глави се третирани практиката на склучување на приватизациските договори со странските инвеститори во јавниот сектор и нивното влијание врз развојот на земјите од регинот на ЈИЕ, со оглед на правниот режим применлив врз овие договори и специфичните клаузули содржани во нив. Емпириската обработка на неколку случаи на договори во јавниот сектор е проследена по изложувањето на правните теории, правилата и принципите применливи врз таквите договори, како во земјите со прифатен систем на граѓанско право, така и во оние со систем на common law. Врз основа на таквите правила, посебно се третирани општиот режим и дејството на клаузулите околу арбитражното решавање на споровите и раскинувањето на договорите во јавниот сектор, како и прашањето на одговорноста на државата за преземените обврски, заснована врз одредбите содржани во билатералните и мултилатералните меѓународни договори. Меѓу другото, се зборува и за должниот надомест на штета во случај на експропријација или друг вид на одземање на имотот на инвеститорите, со оглед на правилата содржани во договорите од јавниот сектор и во општото применливо право. Изложени се повеќе согледувања и препораки околу практиката на употреба на поделните клаузули во приватизациските и други договори во јавниот сектор

Покрај сложеноста на зададената тема, истражувањето во трудот е изведено на задоволителен начин, со примена на соодветна истражувачка методологија и е проследено со издржани заклучоци и одговори на зададените прашања и дилеми. Во таа смисла, трудот овозможува корисни сознанија од значење за науката, во доменот на истражувањето на влијанието на странските директни инвестиции, корупцијата и приватизациските договори врз развојот на земјите од ЈИЕ, како и соодветни препораки за подобрување на досегашните состојби и практика околу склучувањето јавни договори со странските инвеститори во јавниот сектор, особено значајни за РМ.

*

Врз основа на погорното, а со оглед на условите за стекнување научен степен доктор на правни науки предвидени со Законот за високото образование на Република Македонија, Правилникот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" од 2001 година и актите на Правниот факултет, Комисијата на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" му предлага да го усвои овој извештај и на кандидатката м-р Еми Велкова да ѝ овозможи да пристапи кон јавна одбрана на докторската дисертација под наслов: *Влијанието на странските инвестиции, корупцијата и приватизациските договори во јавниот сектор врз развојот на земјите од Југоисточна Европа.*

Комисија

1. Проф. д-р Поликсена Гавроска с.р.

2. Проф. д-р Сашо Георгиевски с.р.

3. Проф.д-р Татјана Петрушевска с.р.

4. Проф. д-р Димитар Гелев с.р.

5. Проф. д-р Никола Тупанчески с.р.

09-15/ ...
24-05- ... 1 год.
СКОПЈЕ

# ПРЕГЛЕД

на прифатени теми за изработка на магистерски трудови на Правниот факултет „Јустинијан Први„ во Скопје
Наставно-научен совет – 25.05.2011 година

| Кандидат | Тема | Ментор |
|---|---|---|
| Марија Цветковска | Класификација на осудени лица | Д-р Методија Каневчев |
| Мартин Раваноски | Цели на кривични санкции и основни принципи на нивното извршување во Република Македонија | Д-р Методија Каневчев |
| Катерина Бојкова | Судскиот систем на Република Македонија, судските системи на државите од Балканот и стандарди за судскиот систем на Европската унија | Акад.д-р Владо Камбовски |
| Сања Томиќ | Кривичното дело силување во теоријата и практиката | Д-р Методија Каневчев |
| Цеца Маркова | Сексуални деликти со посебен осврт на кривичното дело силување | Д-р Никола Тупанчески |
| Слободанка Ајцева | Казнено правна заштита на јавните набавки во Република Македонија | Д-р Никола Тупанчески |
| Андреа Крајевска | Алкохолизмот како социопатолошка појава кај децата | Д-р Гордана Бужаровска |
| Дину Вангели | Пресумпција на невиност | Д-р Гордан Калајџиев |
| Кристина Тошева | Органите на царинската управа низ казненото право | Д-р Гордан Калајџиев |
| Драгана Ангеловска | Бесплатна правна помош-pro bono | Д-р Гордан Калајџиев |
| Милена Новевска | Барање за заштита на законитоста | Д-р Гордан Калајџиев |
| Рената Деспотовска | Хазардни игри во Република Македонија | Д-р Александра Груевска Дракулевски |

| | | |
|---|---|---|
| Ѓорѓи Панговски | Фудбалски хулиганизам и негова превенција | Д-р Александра Груевска Дракулевски |
| Сања Дивчова | Етиолошки карактеристики на криминалитетот на жената и профил на личноста жена сторител на кривични дела | Д-р Александра Груевска Дракулевски |
| Влатко Михаилов | Феноменолошки карактеристики на криумчарањето мигранти во Република Македонија | Д-р Александра Груевска Дракулевски |
| Александра Костадиноска | Улогата на Центарот за социјална работа при постапување со деца и малолетници | Д-р Гордана Бужаровска |
| Александра Настевска | Учество на повеќе лица во извршување на кривичното дело | Д-р Методија Каневчев |
| Љупчо Кошчицоски | Феноменологија и етиологија на кривичното дело геноцид | Д-р Методија Каневчев |
| Марина Велкоска | Противправно прекинување на бременост | Д-р Никола Тупанчески |
| Ивана Мирческа | Злоупотреба на лични податоци | Д-р Никола Тупанчески |
| Евгенија Пенова |ームарински инкриминации со посебен осврт на криумчарењето | Д-р Никола Тупанчески |
| Дарко Јанкуловски | Примена на мерката притвор пред Основниот суд во Битола во периодот од 2006 до 2010 година | Д-р Гордана Бужаровска |
| Даниела Пендева | Феноменолошки карактеристики на криминалитетот на жената во Република Македонија во периодот од 2004 до 2009 година | Д-р Гордана Бужаровска |
| Филип Кадиев | Наркоманија како | Д-р |

| | | |
|---|---|---|
| | социопатолошка појава | Гордана Бужаровска |
| Нена Угриноска | Сексуална злоупотреба на деца | Д-р Методија Каневчев |
| Ирина Штерјева | Транснационален криминалитет со посебен осврт на финансирањето на тероризам | Д-р Никола Тупанчески |
| Фанче Нелковска | Убиство од небрежност | Д-р Никола Тупанчески |
| Марија Мирчевска | Управното судство-актуелната состојба во Република Македонија | Д-р Борче Давитковски |
| Јулија Заркова | Правни аспекти на трансформацијата на катастарот | Д-р Димитар Гелев |
| Христина Симеска | Реформи во јавното здравство | Д-р Ана Павловска Данева |
| Данило Апостолски | Агенција за супервизија на капитално финансираното пензиско осигурување-МАПАС нов регулатор во правниот систем на Република Македонија | Д-р Ана Павловска Данева |
| Вероника Андреска | Инспекциски надзор во локалната самоуправа | Д-р Борче Давитковски |
| Валентина Трајчевска | Правен статус и надлежности на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија | Д-р Борче Давитковски |
| Трајче Андонета | Дипломатски азил и политиката на азил на Европската унија | Д-р Татјана Петрушевска |
| Владимир Ѓорѓиевски | Услови за прием во НАТО: случај на Јадранката група | Д-р Татјана Петрушевска |
| Ивана Гагоска | Електронска дипломатија | Д-р Татјана Петрушевска |
| Лазар Поп Иванов | Начини на обезбедување на светскиот мир и безбедност | Д-р Љубомир Данаилов Фрчкоски |
| Моника Петрова | Практика пред ad hoc тибуналите на | Д-р Љубомир Данаилов |

| | | |
|---|---|---|
| | Поранешна Југославија и Руанда во случаите на масовни силувања и заштита на жртвите | Фрчкоски |
| Срефан Кецкаровски | Заштита на човековите права пред Европскиот суд на правдата и Европскиот суд за основните слободи и права | Д-р Љубомир Данаилов Фрчкоски |
| Делче Максимоски | Американско-Руски односи во XX и почетокот на XXI век | Д-р Денко Малески |
| Гордана Петроска | Претпоставки за признавање и извршување на странски арбитражни одлуки по UNCITRAL Модел законот за меѓународна трговска арбитража | Д-р Тони Дескоски |
| Мејљинда Ајдари | Конвенцијата на ОН за договорите за меѓународна продажба на стоки-CISG, како меродавно право за решавање на спорови пред меѓународна трговска арбитража | Д-р Тони Дескоски |
| Марија Пешевска | Постапка пред меѓународна трговска арбитража | Д-р Тони Дескоски |
| Ивана Цумковска | Уредување на инвестициските фондови во Европската унија | Д-р Димитар Гелев |
| Симе Веселински | Слободата на движење во внатрешниот пазар на Европската унија во контекст на правната професија | Д-р Сашо Георгиевски |
| Габриела Алчева | Слободата на движење на лица од државите кандидати во Европската унија | Д-р Сашо Георгиевски |
| Ирена Цуцуловска | Дозволени отстапувања од забраната за | Д-р Сашо Георгиевски |

| | | |
|---|---|---|
| | ограничување на слободното движење на капитал на внатрешниот пазар на Европската унија | |
| Марија Антова | Надворешна политика на Велика Британија кон Република Македонија | Д-р Денко Малески |
| Катерина Аврамовска | Стратешкото партнерство на Република Македонија со Соединетите Американски Држави | Д-р Денко Малески |
| Миле Гиновски | Превенција од злоупотреба на дроги фокусирана врз факторите за ризик | Д-р Љупчо Арнаудовски |
| Александра Средовска | Казнено-правна заштита на личните податоци | Д-р Никола Тупанчески |
| Сања Митевска | Закон за малолетничка правда и неговите практични импликации | Д-р Никола Тупанчески |
| Звонко Ристески | Казнено-правната одговорност на службените и одговорните лица | Д-р Никола Тупанчески |
| Ирена Јованова | Усогласување на законодавството на Република Македонија со Acquis comminitaire на Европската унија во областа на слободното движење на услуги | Д-р Татјана Петрушевска |
| Маријана Кацарска | Законите за лустрација во земјите од Југоисточна Европа | Д-р Љубомир Данаилов Фрчкоски |
| | | |

05 - 17 с.
26 ... год.
СКОПЈЕ

ПРЕГЛЕД
на прифатени теми за изработка на магистерски трудови на Правниот факултет „Јустинијан Први„ во Скопје

| Кандидат | Тема | Ментор |
|---|---|---|
| **Дејан Арсовски** | **Заштита на граѓанските субјективни права пред управните органи** | проф. д-р Родна Живковска |
| **Александар Мале** | Банките во Р. Македонија и Р. Албанија | проф. д-р Тито Беличанец. |
| Фросина Митевска | Националното прекугранично даночно право на Република Македонија | проф. д-р Весна Пендовска |
| Марина Мицкова | Влијанието на ОЕЦД Модел Конвенцијата за избегнување на меѓународно двојно оданочување на доход и капитал врз македонското даночно законодавство | проф. д-р Весна Пендовска |
| Љубинка Милушева | Хармонизација на непосредните даноци во рамките на ЕУ | проф.д-р Весна Пендовска. |
| Дарко Јангелов | Правна природа на Коносманот | проф. д-р Димитар Гелев. |
| Ивана Николовска | Видови заштита на правата на малцинските акционери | проф. д-р Димитар Гелев |
| Сања Јовановска | Правила за функционирање на Македонската берза А.Д. Скопје, | проф. д-р Димитар Гелев. |
| Марија Трпковска | Правна регулација на овластувањата на Комисијата за хартии од вредност | проф. д-р Димитар Гелев. |
| Дарко Стоилковски | Трасирана меница | проф. д-р Димитар Гелев. |
| Владимир Ристески | Европска регулација на енергетското право | проф. д-р Димитар Гелев. |
| Нино Новески | Управување со акционерските друштва – споредбена анализа | проф. д-р Димитар Гелев |
| Никола Пупиновски | Инвестиционите фондови и нивното работење во | проф. д-р Димитар Гелев. |

| | | |
|---|---|---|
| | Република Македонија | |
| **Мартин Панзевски** | **Спојување и поделба на на акционерски друштва** | **проф. д-р Димитар Гелев.** |
| **Марина Митоска** | **Системот на Депозитар на хартии од вредност во Република Македонија** | **проф. д-р Димитар Гелев.** |
| **Драги Павлески** | **Систем на регистрација на хартии од вредност** | **проф. д-р Димитар Гелев.** |
| **Васил Ризов** | **Тргување со ценовно чувствителни информации** | **проф. д-р Димитар Гелев.** |
| **Ивана Стериоска** | **Примена на државната ревизија во Република Македонија** | **доц. д-р Александра Максимовска Велјановска** |
| **Благој Митевски** | **Предизвици во имплементирањето на доброволното капитално финансирано пензиско осигурување** | **доц. д-р Александар Стојков** |
| **Елена Колевска** | **Аранжманите на Светската банка и искуството на Република Македонија** | **доц. д-р Александар Стојков** |
| **Мартин Стојановиќ** | **Финансиски пазари и институции во Република Македонија** | **доц. д-р Александар Стојков** |
| **Харис Муминовиќ** | **Улогата и значењето на Меѓународниот монетарен фонд во меѓународната финансиска архитектура** | **доц. д-р Александар Стојков** |
| **Кимет Куртиши** | **Правна регулација и супервизија на небанкарските финансиски институции во Република Македонија** | **доц. д-р Александар Стојков** |
| **Мајлинда Адили** | **Правни и економски аспекти на управувањето со ризиците во банкарското работење** | **доц. д-р Александар Стојков** |
| **Ели Филева** | **Причини за исклучување од правото на нужен дел** | **проф.д-р Дејан Мицковиќ** |
| **Мијалче Николов** | **Сослушување на странките како доказно средство во парнична постапка** | **доц.д-р Татјана Зороска Камиловска** |
| **Бојана Петрова** | **Обештетната осигурителна политика на жртвите од прекуграничните сообраќајни незгоди во рамките на Европската Унија и во Република Македонија** | **проф.д-р Тито Беличанец.** |

| | | |
|---|---|---|
| **Весна Ристоска** | **Правна природа на правото на нужен дел во македонското и компаративното наследно право** | **проф.д-р Дејан Мицковиќ** |
| **Марика Трајкова** | **Завршување на парничната постапка без мериторна одлука на судот** | **проф.д-р Арсен Јаневски** |
| **Фарук Муслими** | **Привремени мерки за обезбедување на побарувања** | **проф.д-р Арсен Јаневски** |
| **Наташа Данаилова** | **Вештачењето како доказно средство во парнична постапка** | **проф.д-р Арсен Јаневски** |
| **Елена Ѓошевска** | **Поим и содржина на оставината во македонското и споредбеното право** | **проф.д-р Дејан Мицковиќ** |
| **Нада Палиќ** | **Претпоставки и услови за засновање на договорна хипотека како стварно субјективно право** | **проф.д-р Родна Живковска** |
| **Јасмина Ивановска** | **Товарот на докажувањето во парничната постапка** | **доц.д-р Татјана Зороска Камиловска** |
| **Драгана Димитровска** | **Заштита на правото на судење во разумен рок во правото на Република Македонија и во судската практика** | **доц.д-р Татјана Зороска Камиловска** |
| **Кристина Стефанова** | **Отповикување на тестамент во македонското и споредбеното наследно право** | **проф.д-р Дејан Мицковиќ** |
| **Сања Михајлеска** | **Географските називи и трговските марки во прехрамбената индустрија во правото на Република Македонија** | **проф.д-р Јадранка Дабовиќ Анастасовска** |
| **Станислава Ристовска** | **Судско порамнување** | **проф.д-р Арсен Јаневски** |
| **Фатиме Азизи** | **Постапка за одземање на деловната способност во светлото на актуелната практика на Европскиот суд за човекови права** | **доц.д-р Татјана Зороска Камиловска.** |
| **Каљтрина Зеколи** | **Слободна оцена на доказите во парнична постапка** | **доц.д-р Татјана Зороска Камиловска.** |
| **Александра Атанасова** | **Правна основа за запишување во катастарот на недвижности** | **проф.д-р Родна Живковска** |
| **Сања Ѓорѓиевска** | **Правниот статус,** | **проф.д-р Тито Беличанец** |

| | | |
|---|---|---|
| | организираноста, управувањето и контролата на Њујоршката берза | |
| Симона Стојановска | Улогата на неизвршните независни членови во органите на управување | проф.д-р Тито Беличанец |
| Маја Јакимовска | Значењето на корпоративната општествена одговорност | проф.д-р Тито Беличанец |
| Далибор Митов | Придонесот на Европскиот Форум во развојот на корпоративното управување | проф.д-р Тито Беличанец |
| Јасмина Лефкоска | Кревањето на велот на правното лице според Законот за трговските друштва | проф.д-р Тито Беличанец |
| Данче Кировска | Случаите во кои отворената стечајна постапка не се спроведува | проф.д-р Тито Беличанец |
| Мирослава Илиќ | Ништовност на одлуките во ДОО | проф.д-р Тито Беличанец |
| Добрила Коцева | Правна рамка за развој на микро, мали и средни претпријатија | проф.д-р Тито Беличанец |
| Елена Стојановска | Реосигурувањето во теоријата и во осигурителната дејност во Република Македонија | проф.д-р Тито Беличанец |
| Даниела Плешкова | Компаративна анализа на условите, постапката за основање, и управувањето со друштвото со ограничена одговорност (ДООЕЛ) во Република Македонија, Србија, Хрватска, Словенија, Босна и Херцеговина и со Предлог Регулативата за Европско приватно друштво | проф.д-р Тито Беличанец. |
| Елена Стојановска | Услови за поведување на стечајна постапка | проф.д-р Димитар Гелев |
| Антонио Трајковски | Брокерски друштва | проф.д-р Димитар Гелев |
| Златко Ќиќерковски | Европски воздухопловни прописи, организации и создавање на едно европско небо | проф.д-р Димитар Гелев |
| Матеј Миовски | Опциски договори | проф.д-р Димитар Гелев |
| Василчо Илијев | Животен стандард и квалитетот на живот во | проф.д-р Тодор Каламатиев |

| | | |
|---|---|---|
| | **Република Македонија** | |
| **Златко Стоименов** | **Планирање, обезбедување средства и проценување на вредноста на договорот за јавни набавки** | **доц.д-р Александар Климовски** |
| **Магдалена Андова** | **Контрадикторностите во корпоративното управување во групите на друштва** | **доц.д-р Александар Климовски** |
| | | |

Д Е К А Н

-------------------------------

Проф.д-р Борче Давитковски

09-15/ca
27-05- 1.

ПРЕГЛЕД
на одобрени теми за изработка на докторски дисертации на Правниот факултет „Јустинијан Први„ во Скопје
Наставно-научен совет – 25.05.2011 година

| Кандидат | Тема | Комисија |
|---|---|---|
| М-р Дрита Мамути | Спроведувањето на арбитражните одлуки во меѓународното јавно право | Д-р Поликсена Гавроска<br>Д-р Татјана Петрушевска<br>Д-р Тони Дескоски |
| М-р Иванка Додовска | Балканската антанта од 1934-1941 година и македонското прашање | Д-р Борче Давитковски<br>Д-р Билјана Поповска<br>Д-р Мелина Гризо |
| | | |
| | | |

# ПРЕГЛЕД

**На прифатени наслови на теми од Наставно-научниот совет за изработка на магистерски труд на Стоматолошкиот факултет во Скопје при Универзитетот Св. "Кирил и Методиј" во Скопје.**

| р.б. | кандидат | наслов |
|---|---|---|
| 1 | Д-р Дијана Шуменковска | Нов пристап во конзервативниот третман на пародонталната болест |
| 2 | Д-р АнаБелазелковска | Орални промени кај пациенти со хронични бубрежни афекции |

# РЕЦЕНЗИЈА

## НА РАКОПИСОТ „ОДРЖУВАЊЕ И ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА ЕНЕРГЕТСКИ ПОСТРОЈКИ И СИСТЕМИ“ ОД АВТОРОТ Д-Р ДОНЕ ТАШЕВСКИ

Наставо-научниот совет на Машинскиот факултет – Скопје, на својата редовна седница одржана на 1.4.2011 година, донесе Одлука бр. 02-861/2 за определување Рецензентска комисија за ракописот со наслов „Одржување и експлоатација на енергетски постројки и системи“, подготвен од д-р Доне Ташевски, вонреден професор на Машинскиот факултет – Скопје, во состав:

- проф. д-р Славе Арменски, Машински факултет – Скопје и
- вонр. проф. д-р Ристо Филкоски, Машински факултет – Скопје

По прегледот на доставениот ракопис, рецензентот вонр. проф. д-р Ристо Филкоски на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет – Скопје му го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

## I. ОПШТИ ПОДАТОЦИ

Со ракописот „Одржување и експлоатација на енергетски постројки и системи“ за првпат се добива заокружен пишуван материјал на македонски јазик, во кој се обработува проблематиката на одржувањето и експлоатацијата на енергетските постројки и системи.

Основната намена на ракописот, пред сѐ, е да им послужи на студентите од прв циклус на студии на Машинскиот факултет во Скопје во совладувањето на наставната материја на студиските програми:

- Применето термичко инженерство, за предметот „Одржување и експлоатација на термоенергетски постројки“, застапен со фонд на часови (3+3) или 8 ЕКТС и
- Енергетика и екологија, за предметот „Екплоатација и одржување на енергетски системи“, застапен со фонд на часови (2+2) или 5 ЕКТС.

Ракописот може да им послужи и на студентите од машинските насоки на другите универзитети во Македонија, а со оглед на сеопфатноста, ќе биде од полза и за инженерите коишто работат во областа на термичкото инженерство и енергетиката.

Материјалот содржи вкупно 306 страници, од кои: насловна страница и предговор на 3 страници, содржина на 5 страници и користена литература на 2 страници. Во материјалот се содржани 106 слики и 19 табели, со што се придонесува за подобро разбирање на разгледуваната материја. Материјалот во ракописот е поделен во 4 поглавја:

- Управување со одржувањето
- Одржување и експлоатација на термоенергетски постројки
- Одржување и експлоатација на хидротурбински постројки
- Одржување и експлоатација на нуклеарни постројки

## II. АНАЛИЗА НА РАКОПИСОТ

Во ракописот „Одржување и експлоатација на енергетски постројки и системи", со соодветен методолошки пристап, со јасен стил и јазик, постапно се разработени содржини кои на корисниците им овозможуваат запознавање со управувањето со одржувањето и експлоатацијата на термоенергетските, хидротурбинските и нуклеарните постројки, како и системите во состав на овие енергетски постројки. Презентирани се и соодветните важечки прописи за сите енергетски постројки, кои на корисниците ќе им бидат од голема корист.

Првото поглавје е изложено на 10 страници, со 2 слики. Во него се разгледуваат политиките на одржувањето, структурата на трошоците при одржувањето и целите на одржувањето, а воедно, вклучени се голем број препораки и насоки за правилно управување со одржувањето и добра организација на работата.

Во второто поглавје, изложено на 152 страници, со 51 слики и 12 табели, се разгледуваат одржувањето и експлоатацијата на термоенергетските постројки и нивните составни системи. Предмет на подетална анализа и објаснување во ова поглавје претставуваат одржувањето и експлоатацијата на котелските постројки, топлинските турбински постројки, кондензаторите, дегазаторите и цевководите за пара и вода. Во него се дадени и соодветните прописи за одржување и експлоатација на термоенергетските постројки.

Третото поглавје е изложено на 64 страници, со 23 слики и 2 табели. Во поглавјето е разгледана проблематиката на одржувањето и експлоатацијата на хидротурбинските постројки и нивните составни системи. Подетално е објаснето пуштањето во погон, експлоатацијата, промените при експлоатацијата, запирањето и ремонтните активности на овој вид постројки.

Четвртото поглавје е изложено на 70 страници, со 30 слики и 5 табели и во него е разгледана проблематиката на одржувањето и експлоатацијата на нуклеарните постројки и системи. Авторот подетално се задржал на објаснувањето на одделни видови нуклеарни постројки и нуклеарни реактори, на експлоатациските особини на нуклеарните реактори, на пуштањето во погон на нуклеарните постројки, нивните експлоатациски карактеристики, на сигурносните системи на нуклеарните реактори, на одржувањето на нуклеарните постројки и влијанието врз околината при нивната експлоатација.

## III. ОЦЕНА НА РАКОПИСОТ

Содржината на ракописот „Одржување и експлоатација на енергетски постројки и системи" во целост ги покрива предметните програми на претходно наведените предмети на содветните студиски програми. Воедно, материјалот содржи и корисни податоци за инженерите кои се занимаваат со оваа проблематика. Според тоа, ракописот ги исполнува сите услови на авторски труд што може да се категоризира како учебник по наведените предмети за соодветните студиски порграми, кои се изучуваат на Машинскиот факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

Ракописот е изработен како резултат на повеќегодишна ангажираност на авторот во одржување настава и вежби по наведените предмети и врз основа на материјали наменски подготвени за соодветните студиски програми.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Ракописот под наслов „Одржување и експлоатација на енергетски постројки и системи“ во целост ги задоволува критериумите за универзитетски учебник. Понудениот материјал нуди извонредна практична алатка за студентите на енергетските насоки на Машинскиот факулет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и техничките факултети во состав на други универзитети во Македонија, но истовремено претставува корисна алатка и за инженерите во практиката кои би требало овој материјал да го имаат во својата библиотека.

Со задоволство му предлагам на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ракописот под наслов „Одржување и експлоатација на енергетски постројки и системи“, подготвен од д-р Доне Ташевски, вонреден професор на Машинскиот факултет, да го одобри и да го објави како учебник.

Скопје, 11.4.2011

Член на Рецензентската комисија:

Вонр. проф. д-р Ристо Филкоски с.р.
Машинскиот факултет,
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“
Скопје

# РЕЦЕНЗИЈА

## НА РАКОПИСОТ „ОДРЖУВАЊЕ И ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА ЕНЕРГЕТСКИ ПОСТРОЈКИ И СИСТЕМИ“ ОД АВТОРОТ Д-Р ДОНЕ ТАШЕВСКИ

Наставо-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје, на својата редовна седница одржана на 1.4.2011 година, донесе одлука бр. 02-861/2 за определување на рецензентска комисија за ракописот под наслов „Одржување и експлоатација на енергетски постројки и системи“, подготвен од д-р Доне Ташевски, вонреден професор на Машинскиот факултет во Скопје, во состав:

- проф. д-р Славе Арменски, Машински факултет – Скопје и
- вон.проф. д-р Ристо Филкоски, Машински факултет – Скопје

По прегледот на доставениот ракопис, рецензентот проф. д-р Славе Арменски на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје му го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

## I. ОПШТИ ПОДАТОЦИ

Ракописот „Одржување и експлоатација на енергетски постројки и системи“ претставува прво издание, односно за првпат се сретнува ракопис во нашата земја од проблематиката на одржувањето и експлоатацијата на енергетските постројки и системи напишан на македонски јазик.

Ракописот пред сè е наменет за студентите од прв циклус студии на студиските програми:

- Применето термичко инженерство, по предметот одржување и експлоатација на термоенергетски постројки, со фонд на часови (3+3) или 8 ЕКТС, и
- Енергетика и екологија, по предметот екплоатација и одржување на енергетски системи со фонд на часови (2+2) или 5 ЕКТС.

Ракописот може да им послужи и на студентите од машинските насоки на другите универзитети во Македонија, како и на инженерите во практиката од областа на термичкото инженерство.

Материјалот содржи вкупно 306 страници од кои: главен дел на 296 страници, насловна страница и предговор на 3 страници, содржина на 5 страници и користена литература на 2 страници. Материјалот содржи 106 слики и 19 табели што даваат голем придонес за подобро разбирање на разгледуваната материја.

Ракописот е поделен во 4 поглавја, и тоа:

- Управување со одржувањето;
- Одржување и експлоатација на термоенергетски постројки;

- Одржување и експлоатација на хидротурбински постројки;
- Одржување и експлоатација на нуклеарни постројки.

## II. АНАЛИЗА НА РАКОПИСОТ

Како што го покажува и самиот наслов на ракописот, во него постапно се разработени содржини што на корисниците им овозможуваат запознавање со управувањето со одржувањето и експлоатацијата на термоенергетските, хидротурбинските и нуклеарните постројки, како и системите во состав на овие енергетски постројки. Прикажани се и соодветните важечки прописи за сите енергетски постројки, кои на корисниците ќе им бидат од голема корист.

Првото поглавје е изложено на 10 страници, со 2 слики. Во него се разгледуваат политиките на одржувањето, структурата на трошоците при одржувањето, целите на одржувањето и голем број на препораки и насоки при управување со одржувањето и организација на работата.

Второто поглавје е изложено на 152 страници, со 51 слики и 12 табели. Во него е разгледано одржувањето и експлоатацијата на термоенергетските постројки и нивните составни системи. Подетално и посебно е објаснето одржувањето и експлоатацијата на котелските постројки, топлинските турбински постројки, кондензаторите, дегасаторите, цевоводите за пара и вода. Во него се дадени и соодветните прописи за одржување и експлоатација на термоенергетските постројки.

Третото поглавје е изложено на 64 страници, со 23 слики и 2 табели. Во поглавјето е разгледана проблематиката на одржувањето и експлоатацијата на хидротурбинските постројки и нивните составни системи. Подетално е објаснето пуштањето во погон, експлоатацијата и промените кои при тоа се случуваат, запирањето и ремонтот на овој вид постројки.

Четвртото поглавје е изложено на 70 страници, со 30 слики и 5 табели. Во поглавјето е разгледана проблематиката на одржувањето и експлоатацијата на нуклеарните постројки и системи. Подетално авторот се задржал на објаснувањето на видовите нуклеарни постројки, видовите нуклеарни реактори, експлоатационите особини на нуклеарните реактори, пуштањето во погон на нуклеарните постројки, нивните експлоатациони карактеристики, сигурносните системи на нуклеарните реактори, одржувањето на нуклеарните постројки и влијанието на околината при нивната експлоатација.

## III. ОЦЕНА НА РАКОПИСОТ

Содржината на ракописот во целост ги покрива предметните програми на претходно наведените предмети на содветните студиски програми. Исто така, содржи и корисни податоци за инженерите кои се занимаваат со оваа проблематика. Според тоа, ракописот ги исполнува сите услови на авторски труд, кој може да се категоризира како учебник по наведените предмети за соодветните студиски порграми, кои се изучуваат на Машинскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

Ракописот е изработен како резултат на повеќегодишната настава и вежби на авторот по наведените предмети и врз основа на материјали наменски подготвени за соодветните студиски програми.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Ракописот под наслов „Одржување и експлоатација на енергетски постројки и системи“ во целост ги задоволува критериумите за уневерзитетски учебник. Понудениот материјал нуди извонредна практична алатка за студентите на енергетските насоки на Машинскиот факулет во Скопје во состав на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и машинските факултети во состав на други универзитети во Македонија, но е истовремено корисна алатка и за инженерите во практиката кои би требало овој материјал да го имаат во својата библиотека.

Со задоволство му предлагам на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ракописот под наслов „Одржување и експлоатација на енергетски постројки и системи“, подготвен од д-р Доне Ташевски, вонреден професор на Машинскиот факултет во Скопје, да го одобри и објави како учебник.

Член на Рецензентската комисија

Проф. д-р Славе Арменски, с.р.

Скопје, 13.5.2011

Машински факултет - Скопје
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

ПРЕГЛЕД

на пријавени теми за изработка на магистерски труд прифатени од Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје на седницата одржана на 26.5.2011 година

| Кандидат | Тема | Ментор |
|---|---|---|
| Александар Левковски | Определување на критериумите за безкавитациски режим на работа во струен простор со статички и подвижни цврсти површини | Вон. проф. д-р Валентино Стојковски |
| Дарко Мицкоски | Критериуми за ревитализација на хидромеханичката опрема кај хидроенергетски објекти | Вон. проф. д-р Валентино Стојковски |
| Димитар Танурков | Симулации за избор на бројот и режимот на работа на хидроагрегатите при различни модели на вреднување на производството | Проф. д-р Предраг Поповски |
| Рами Емини | Анализа и структурирање на методологии и методи за рационализација во технолошкиот подсистем од производните системи | Проф. д-р Делчо Јованоски |
| Зекирија Зекири | Анализа и систематизација на севкупните трошоци во организациите со посебен акцент на трошоците за квалитет | Проф. д-р Делчо Јованоски |
| Васе Јордановска | Франшизата и претставништвото како облик за започниување мал бизнис, предности и недостатоци на истите и нивната застапеност во Република Македонија | Вон. проф. д-р Радмил Поленаковиќ |
| Татјана Николовска | Развој на информациски модел за оценка на перформанси при финансирање на мали и средни претпријатија | Вон. проф. д-р Валентина Гечевска |
| Игор Цеповски | Енергетска ефикасност на системите за климатизација со оптимална изведба на системот за рекуперација на топлината на отпадниот воздух | Проф. д-р Милан Шаревски |
| Далибор Митровски | Интегрирано енергетско проектирање и систем за обезбедување на квалитет на системите за греење и климатизација | Проф. д-р Милан Шаревски |

Подготвил,
Ј.Василевски

Декан

Проф. д-р Атанас Кочов

Машински факултет
Бр.02-1420/1
26.5.2011 год.
Скопје

Врз основа на член 43 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Машинскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот "Св.Кирил и Методиј" во Скопје, а во врска со Изјавата на м-р Маријо Телента, дипл.маш.инж., број 09-3077/2 од 23.11.2010 година, Наставно-научниот совет на Факултетот на седницата одржана на 26.5.2011 година, ја донесе следнава

ОДЛУКА
за запирање на постапка за изработка
на докторска дисертација

1. Се запира постапката за изработка на докторска дисертација прифатена со Одлука на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје број 02-593/2 од 3.6.2010 година под наслов: "Влијание на одделните конструктивни параметри врз функционалноста и векот на чиниестата пружина за фрикциона спојница за патнички автомоби" пријавена од м-р Маријо Телента, дипл.маш.инж.

2. Одлуката се донесува врз основа на Изјавата за прекинување на докторските студии на Машинскиот факултет во Скопје поднесена од м-р Маријо Телента.

3. Одлуката да се објави во Билтенот на Универзитетот "Св.Кирил и Методиј" во Скопје.

Одлуката да се достави до: м-р М.Телента, проф. д-р П.Симоновски, општа служба и архивата на Машинскиот факултет во Скопје.

Декан

Проф.д-р Атанас Кочов

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ОД ОБЛАСТА НА УРБАНИСТИЧКОТО И ПРОСТОРНОТО ПЛАНИРАЊЕ И ПРОЕКТИРАЊЕ, ПО ПРЕДМЕТИТЕ: ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ И СОЛАРНА АРХИТЕКТУРА ПРИ ИНСТИТУТОТ ЗА УРБАНИЗАМ НА АРХИТЕКТОНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

На распишаниот конкурсот од деканот на Архитектонскиот факултет во Скопје, објавен во „Дневник" и „Коха" од 4.2.2011 год., за избор на еден наставник во сите звања од областа на урбанистичкото и просторното планирање и проектирање, по предметите: просторно планирање и соларна архитектура при Институтот за урбанизам на Архитектонскиот факултет во Скопје, се пријави еден кандидат – сегашен доц. д-р Виктор Пајвански.

Со одлука на Наставно-научниот совет на Архитектонскиот факултет во Скопје, на XXIII седница одржана на 22.2.2011 година, избрана е Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Влатко П. Коробар, претседател, вонр. проф. д-р Владимир Арсовски, член и проф. д-р Косто Мангаровски, член.

Врз основа на прегледот и анализата на професионалната биографија и референтните дела, како и врз основа на личното познавање на кандидатот и неговите наставни, научни, стручни и други ангажмани, Рецензентската комисија го доставува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Д-р Виктор Пајвански, дипл.инж.арх., е роден 1949 год. во Скопје. Основното и средното образование ги завршил во Скопје и Загреб. На Архитектонско-градежниот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје дипломирал во јануари 1974 год. и се здобил со звањето дипломиран инженер архитект. Во текот на студиите работел како стручен соработник при Катедрата за урбанизам на Архитектонскиот факултет, кај проф. Драганка Серафимова, под чие менторство работел на прифатената научна програма од Заедницата на научни дејности на СРМ. Во 1976 година бил избран за помлад асистент на Архитектонскиот факултет. На постдипломските студии „Географски основи на просторното планирање" на Природно-математичкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во 1982 година се здобил со академското звање магистер, завршувајќи ги студиите со просечен успех 9,35 и со успешна одбрана на трудот „Природните дадености на СРМ во поглед на хелиоалтернативата".

Во 1976 и 1984 година учествувал во работата на Семинарот за специјалитички студии во Салцбург кој се одвива под покровителство на Универзитетот Харвард.

По магистрирањето бил избран за асистент по предметот урбанизам на Архитектонскиот факултет.

Докторската дисертација „Архитектонски и урбанистички структури со соларна алтернатива" ја одбранил на Архитектонскиот факултет во Скопје во 1994 година. Во 2001 година бил избран за доцент, а во 2006 година бил повторно избран во истото звање.

Работата и референците на кандидатот до неговиот последен избор се објавени во билтените бр. 245, 392, 483, 550, 768 и 901.

## 2. НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ (НО)

Д-р Виктор Пајвански во текот на повеќегодишното континуирано учество во наставата на Архитектонскиот факултет, во својство на предметен наставник, работел на предметот просторно планирање во рамките на продлабочената настава и која во повеќе наврати ја организирал околу различни теми, најчесто поврзани со меѓународни студентски конкурси.

Покрај ова, во изминатиот период го бележиме и неговиот ангажман како ментор на на дипломски задачи.

Во табелата се подетално набележани референците и активностите на кандидатот од наставно-образовната дејност и пресметани се бодовите за оваа дејност во согласност со Правилникот за критериумите за избор во наставно-научен, научен, наставно-стручни и сорабвотнички звања.

### НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ (НО)

| р.бр. | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Продлабочена настава (1+5), VIII сем. 2005/06 –3 групи (1час.хо.05х15нед) +(15нед.х3груп.хо.03х5час.) =0.75+6.75 | 7,5 |
| 2 | Продлабочена настава (1+8), IX сем. 2006/07 –3 групи (1час.хо.05х15нед) + (15нед.х3груп.хо.03х8час.) =0.75+10.8 | 11,55 |
| 3 | Продлабочена настава (1+5), VIII сем. 2006/07 –2 групи (1час.хо.05х15нед) +(15нед.х2груп.хо.03х5час.) =0.75+4.5 | 5,25 |
| 4 | Продлабочена настава (1+8), IX сем. 2007/08 –2 групи (1час.хо.05х15нед) + (15нед.х2груп.хо.03х8час.) =0.75+7.2 | 7,95 |
| 5 | Продлабочена настава (1+5), VIII сем. 2007/08 –3 групи (1час.хо.05х15нед) +(15нед.х3груп.хо.03х5час.) =0.75+6.75 | 7,5 |
| 6 | Продлабочена настава (1+8), IX сем. 2008/09 –3 групи (1час.хо.05х15нед) + (15нед.х3груп.хо.03х8час.) =0.75+10.8 | 11,55 |
| 7 | Продлабочена настава (1+5), VIII сем. 2008/09 –6 групи (1час.хо.05х15нед) +(15нед.х6груп.хо.03х5час.) =0.75+6.75 | 15 |
| 8 | Продлабочена настава (1+8), IX сем. 2009/10 –6 групи (1час.хо.05х15нед) + (15нед.х6груп.хо.03х8час.) =0.75+10.8 | 23,1 |
| 9 | Продлабочена настава (1+5), VIII сем. 2009/10 –3 групи (1час.хо.05х15нед) +(15нед.х3груп.хо.03х5час.) =0.75+6.75 | 7,5 |
| 10 | Продлабочена настава (1+8), IX сем. 2010/11 –3 групи (1час.хо.05х15нед) + (15нед.х3груп.хо.03х8час.) =0.75+10.8 | 11,55 |
| 11 | Консултации со студенти. 35 студ/семхо.002х5год х 2сем | 0,7 |
| 12 | Ментор на дипломски, 2006 – 2010, 31дипл.хо.2 | 6,2 |
| | **Вкупно** | **115,35** |

## 3. НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА И СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ (НИ+СУ)

Во периодот помеѓу два избора, научноистражувачката дејност на доц. д-р Виктор Пајвански била поврзана со истражувањето и примената на соларната енергија во проектирањето на архитектонските објекти. Резултатите од неговите истражувања ги презентирал на две конференции во странство. Во 2008 година учествувал на Меѓународниот конгрес за чиста енергија на Крит, Грција, а во 2010 година учествувал на Меѓународниот конгрес за обновливи видови енергија во Амстердам, Холандија. На обата конгреса ги презентирал неговите проектите за соларната куќа Stealth.

Покрај ова, во изминатиот период доц. д-р Виктор Пајвански учествувал на три конкурси, од кои на два неговите проекти биле во категоријата на откупени трудови.

Во табелата се подетално набележани референците и активностите на кандидатот од научноистражувачката и стручно-уметничката дејност и пресметани се бодовите за овие дејности во согласност со Правилникот за критериумите за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања.

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА И СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ (НИ+СУ)

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Учество на Меѓународниот конгрес за чиста енергија на Крит, Грција, со презентација на проект за соларна куќа, 2008 година | 1 |
| 2 | Учество на Меѓународниот конгрес за обновливи видови енергија во Амстердам, Холандија, со презентација на проектот за соларна куќа Stealth, 2010 година | 1 |
| 3 | Архитектонско-урбанистичко решение за Градска куќа на плоштадот „Македонија“ во Скопје, меѓународен конкурс, 2009 година, откуп | 2 |
| 4 | Архитектонско-урбанистичко решение за гаражна куќа на локацијата „Цветен пазар“во Скопје, национален конкурс, 2010 година, откуп | 2 |
| 5 | Архитектонско-урбанистичко решение за Градскиот парк во Скопје - прв дел, конкурсен труд, 2010 година | 2 |
| 6 | Станбен објект во низа П+3, Дебар Маало, Скопје, 2010/11, изведен објект | 4 |
| | **Вкупно** | **12,00** |

## 4. СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ (СА)

Во изминатиот период, кандидатот доц. д-р Виктор Пајвански имал значајна стручно-апликативна дејност од која дел е поврзана со доменот на урбанистичкото планирање и проектирање, а дел со областа на архитектонското проектирање.

Од областа на урбанистичкото планирање и проектирање кандидатот се јавува како автор на повеќе архитектонско-урбанистички проекти и една ревизија на детален урбанистички план кои се наведени во табелата, додека во областа на архитектонското проектирање и реализација кандидатот се јавува како автор на повеќе идејни и основни проекти, исто така наведени во табелата.

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ (СА)

| р.бр | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Урбанистички проект за соларна куќа „Стелт“, Кај смреките, Скопје, 2006 година | 2 |
| 2 | Архитектонско-урбанистички проекти за базни станици за Т- мобиле, 2009 година, 15 проекти (15 x 2) | 30 |
| 3 | Ревизија на ДУП за Блок 33-2, Струмица, 2007 година | 1 |
| 4 | Идејно проект за куќа со ресторан во населба Пинтија, Скопје, 2007 година | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| 5 | Идејно проект за семејна куќа во населба Радишани, Скопје, 2006 година | 2 |
| 6 | Идеен проект за семејна куќа во нас. Црниче, Скопје, 2007 година | 2 |
| 7 | Идеен проект за соларна куќа, Скопје, 2006 година | 2 |
| 8 | Идеен проект за семејна куќа во Сопиште, 2008 година | 2 |
| 9 | Основен проект за семејна куќа во нас. Црниче, Скопје, 2007 година | 4 |
| 10 | Основен проект за соларна куќа, Скопје, 2006 година | 4 |
| 11 | Основен проект за семејна куќа во Сопиште, 2008 година | 4 |
| **Вкупно** | | **55** |

Вкупен број на бодови по основ на сите референцирани дејности:

| | |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **115.35** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА и СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | **12** |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **55** |
| **Вкупно** | **182.35** |

## ЗАКЛУЧОК

Врз основа на прегледот и анализата на професионалната биографија и референтните дела, како и врз основа на личното познавање на кандидатот и неговите наставни, научни, стручни и други ангажмани, Рецензентската комисија смета дека кандидатот д-р Виктор Пајвански ги исполнува критериумите утврдени со Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, за избор во наставно-научното звање вонреден професор.

Врз основа на изнесеното, Рецензентската комисија со задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Архитектонскиот факултет кандидатот доцент д-р Виктор Пајвански, согласно со чл. 132 од Законот за високото образования на РМ и Правилникот за единствените критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, да биде избран во звањето вонреден професор.

**Комисија за рецензија:**

1. проф. д-р Влатко П. Коробар, претседател,с.р.
2. вон. проф. д-р Владимир Арсовски, член, с.р.
3. проф. д-р Косто Мангаровски, член, с.р.

Скопје, 20.5.2011

ПРЕГЛЕД
на прифатени теми за изработка на магистерски труд
на Економскиот институт во Скопје

| *Ред. бр.* | *Име на кандидатот* | *Наслов на прифатена тема за изработка на магистерски труд* | *Ментор* |
|---|---|---|---|
| 1. | Македонка Димитриоска | "Клуч на рака" стратегија за глобален настап на меѓународно ориентирани организации" | д-р Васил Поповски |
| 2. | Лиле Симоновска | "Можности за зголемување на побарувачката на вода за наводнување во Република Македонија" | д-р Наташа Данилоска |
| 3. | Валентина Анѓелковска | "Менаџментот на промени-клучен фактор за организациска ефикасност" | д-р Васил Поповски |
| 4. | Фјола Ќаили | "Формите за настап на странските пазари со посебен осврт на франшизата како глобална перспектива за развој на бизнисот" | д-р Марија Ацковска |
| 5. | Маја Стојчевска | "Структура и можности за унапредување на банкарскиот систем на Република Македонија-компаративна анализа со банкарските системи на Република Германија и Република Турција"" | д-р Биљана Ангелова |
| 6. | Иван Давковски | "Форми за започнување на мал бизнис на примерот на хотелиерството" | д-р Дејан Пендев |
| 7. | Савица Кусакатски | "Интернет огласување и примена на маркетингот кај пребарувачите (SEM) во Република Македонија" | д-р Татјана Петковска-Мирчевска |
| 8. | Богдан Ѓурчевски | "Состојби и улога на интерната ревизија во јавниот сектор на Република Македонија" | д-р Снежана Костадиноска-Милошеска |
| 9. | Ивана Стојчевска | "Претприемничко учење како клучна компетенција за развој на | д-р Дејан Пендев |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | претприемништвото" | |
| 10. | Наташа Митровска | "Финансиската глобализација и влијанието на финансиската криза од 2008 година врз економскиот развој на Република Македонија" | д-р Биљана Ангелова |
| 11. | Александар Николов | "Оптимализација на маркетинг миксот при пласманот на вино од Република Македонија на примерот на "Тиквеш"-Кавадарци" | д-р Татјана Петковска-Мирчевска |
| 12. | Маја Ѓуровска | "Развојот на компаниите за настап на меѓународниот пазар преку имплементација на стратегијата JOINT VENTURE" | д-р Васил Поповски |

ПРЕГЛЕД
на одобрени теми за изработка на докторска дисертација
на Економскиот институт во Скопје

| Реден број | Името на кандидатот | Насловот на темата | Комисија за утврдување на подобност |
|---|---|---|---|
| 1. | м-р Хабил Мустафаи | "Перспективите на мултифонд системот во капитално финансирано пензиско осигурување во Република Македонија" | д-р Биљана Ангелова; д-р Верица Јанеска; д-р Диана Бошковска |
| 2. | м-р Данчо Арсов | "Маркетинг аспекти на процесот на брендирање на државите и неговото влијание за зголемување на конкурентноста на производите од Република Македонија" | д-р Татјана Петковска-Мирчевска; д-р Татјана Петковска; д-р Христо Кусакатов |
| 3. | м-р Емилија Митева-Кацарски | "Влијанието на нецаринскиот протекционизам врз глобалните трговски текови" | д-р Силвана Мојсовска; д-р Татјана Петковска; д-р Марија Ацковска |
| 4. | м-р Фарије Алиу | " Менаџирање со локалните јавни приходи во Република Македонија" | д-р Снежана Костадиноска-Милошеска; д-р Биљана Ангелова; д-р Климентина Попоска |

# РЕЦЕНЗИЈА
# НА РАКОПИСОТ „ФИЛОЗОФИЈА НА МЕНАЏЕРСТВОТО“ ОД АВТОРОТ ДОЦ. Д-Р ДЕЈАН ДОНЕВ

Во согласност со одлуката на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, на седница одржана на 20.4.2011 година, на која сме избрани за рецензенти на трудот „Филозофија на менаџерството“, имам особена чест и задоволство да го поднесам следниов

## Извештај

За трудот „Филозофија на менаџерството“, поднесен од доц. д-р Дејан Донев.

Авторот доц. д-р Дејан Донев предложи ракопис за учебник по предметната програма „Филозофија на менаџерството“, што се реализира на Филозофскиот факултет во Скопје.

Ракописот предложен за учебник ќе се користи за реализација на активностите согласно со ЕКТС по предметната програма на Институтот за филозофија, под наслов „Филозофија на менаџерството“.

Филозофија на менаџерството, како предмет, е во рамките на Студиската програма, која се реализира на Филозофскиот факултет во Скопје.

Фондот на часови предвиден за настава по оваа предметна програма е три часа неделно, а фондот на часови за вежби изнесува два часа неделно.

Согласно со ЕКТС, предметната програма по филозофија на менаџерството се вреднува со 6 кредити.

Трудот кој е предложен за учебник, под наслов „Филозофија на менаџерството“, е работен во согласност со содржините од усвоената предметна програма и целосно ги покрива овие содржини.

Дејан Донев, кој е автор на овој труд, е доцент којшто ја реализира предметната програма по предметот филозофија на менаџерството.

Со оглед на фактот што се работи за нови содржини кои се изучуваат според најновите студиски програми на Филозофскиот факултет, овој ракопис за учебник ќе биде прво издание на УКИМ.

Приложениот труд за рецензија се состои од 330 страници, од кои 270 страници е текст, 307 фусноти и 246 библиографски единици консултирана литература.

Содржината на трудот се состои од 12 тематски целини.

Првата тематска целина, „**Филозофија на модерните феномени**“, го опфаќа менаџерството како духовност, како поглед на светот, како управување, како бизнис, како лидерство, но и како наука.

Втората тематска целина, „**Научно и филозофско истражување на менаџерството**“, ги опфаќа појавата и фазите на развиток на менаџерството, т.е. четирите извори и етапи на менаџерството; обиди за дефинирање; историски развој на менаџерските школи и генерации.

Третата тематска целина, „**Местото и улогата на менаџерството во современиот живот**", ги опфаќа сознанијата за менаџерството, т.е. филозофската, социолошката и психолошката мисла за менаџерството.

Четвртата тематска целина се однесува на „**Современото менаџерство и потребата од нова теорија на организацијата**".

Петтата тематска целина се однесува на „**Цели и задачи на менаџерството како и форми и видови на дејствување на менаџерите**" (колажна ретроспектива на големите решенија во менаџерската практика).

Следната тематска целина е посветена на „**Културата, образованието и етиката на менаџерите**", како нужни предуслови за успешно менаџерство како професија, процес и теорија.

Во седмата целина се анализира „**Местото на етиката во менаџерството**" - ревитализацијата на односот меѓу етиката и економијата; улогата и значењето на етиката во менаџерството; суштина и карактеристики на менаџерската етика како особен вид на економска и социјална етика; дилеми на етиката во менаџерството и слично.

Осма тематска целина е „**Етиката на менаџерството, одлучувањето, раководењето и управувањето**" (видови на одлучување, раководење и управување како етички прашања за односите меѓу луѓето во менаџерскиот систем).

Следната тематска целина се однесува на „**Етичките вредности и норми во менаџерството**", практичната етика и аксиологијата; аксиолошкиот систем на етиката во менаџерството; денешната потреба од негово ревреднување врз принципите на демократизација до демократија.

Следната целина се однесува на „**Етички втемелениот лик на менаџерот**", предуслови, компаративен преглед и корпусот на потребните етички вредности.

Единаесеттата целина го опфаќа „**Етичкиот кодекс - неговото значење и функција во менаџерскиот процес**", дефинирање, утврдување потреба, видови на кодекси, деловни етички кодекси, нормата како основен услов за вистинскиот етички кодекс, етички кодекси во менаџерството.

Дванаесеттата тематска целина се однесува на „**Тенденции во развојот на менаџерството и менаџерската етика во линија на интегративно и етички поставено лидерство за 21 век.**

Ако се земе предвид сложеноста на разработената материја, нејзината актуелност, методолошкиот пристап и цитираната литература, како рецензент на трудот немам забелешки или сугестии за дополнување или измена на предложениот ракопис за учебник.

Општата оцена за трудот би била дека се работи за: сериозен научен труд, работен според сите критериуми и методолошки постапки за изработка на учебник, структуриран целосно да ги покрие сите содржини од предметната програма за која е наменет.

Од напред изнесеното недвосмислена е потребата, како и оправданоста, предложениот труд да се издаде како учебник по предметот филозофија на менаџерството.

**Предлог и заклучок**

Имам особена чест и задоволство на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, да му предложам да го прифати и да го објави приложениот ракопис под наслов „Филозофија на менаџерството“ од д-р Дејан Донев, како учебник.

Овој учебник целосно ќе ги покрие содржините за предметната програма „Филозофија на менаџерството“.

Поради тоа, покрај квалитетот на предложениот ракопис за учебник, очигледна е и потребата и оправданоста за издавање на учебник по оваа предметна програма, бидејќи за оваа материја нема соодветен учебник.

Рецензент
Проф. д-р Трајан Гоцевски, с.р.

## РЕЦЕНЗИЈА
## НА УЧЕБНИКОТ ***ФИЛОЗОФИЈА НА МЕНАЏЕРСТВОТО*** ОД ДОЦ. Д-Р ДЕЈАН ДОНЕВ

Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, на својата XVII редовна седница одржана на 20.4.2011 година, донесе одлука со која ме избра за рецензент на учебникот под наслов *Филозофија на менаџерството* од доц. д-р Дејан Донев. Со почит кон укажаната доверба го доставувам следниов

### ИЗВЕШТАЈ

Учебникот на доц. д-р Дејан Донев под наслов *Филозофија на менаџерството* е наменет, главно, за студентите на Институтот за филозофија, кои во првиот циклус на своите студии го слушаат предметот филозофија на менаџерството, со вкупен фонд на часови 3+2 (6 кредити).

Учебникот содржи 12 поглавја, кои ги покриваат наставните содржини предвидени со наставната програма на соодветниот предмет. Текстот е изложен на 270 страници и опфаќа широка и релевантна литература. Првите пет поглавја опфаќаат теми од филозофијата на менаџерството, почнувајќи со увид во модерните феномени, во кои спаѓа и менаџерството како спој на духовноста и вештината на управувањето. Преку пресек на филозофската, социолошката и психолошката мисла за менаџерството, првата тема ги запознава студентите со постојните гледишта за менаџерството и ги упатува во значењето на менаџментот како наука. Втората тема е посветена на научното и фиозофското истражување на менаџерството, со осврт на појавата и фазите на менаџерството, обидите за негово дефинирање и историскиот развој на менаџерските школи и генерации. Потоа следат темите кои треба да го покажат местото и улогата на менаџерството во современиот живот и потребата од една современа теорија на организација. Целите и задачите на менаџерството, како и формите и видовите на дејствување на менаџерите, преку една колажна ретроспектива на големите решенија во менаџерската практика се изложени во петтото поглавје од овој учебник.

Останатите седум поглавја опфаќаат теми од етиката на менаџерството, со што се актуализира нужната поврзаност на менаџерството со филозофијата и етиката и, воедно, се расветлува потребата од интегрирањето на етичките вредности и норми во процесот на управување. Низ целосен и детален преглед на етиката на менаџерството, распределен во одделни тематски целини, студентите ќе имаат можност да се запознаат со клучната улога и местото на етиката во економијата и менаџментот, како нужни предуслови за успешен и долгорочен општествен развој на секоја заедница. Оттука, последните три поглавја се посветени на етичкиот лик на менаџерот, на значењето и функцијата на етичкиот кодекс во менаџерството како професија и практика, и на тенденциите за етички поставено лидерство во 21 век. Станува јасно дека етиката е клучниот

интегративен-катализаторски фактор на патот кон новата организација на економијата.

Токму поради спојот на филозофијата, етиката и менаџерството, овој учебник има пионерско значење за нашите простори. Убедени сме дека понудените содржини, освен за студентите на Институтот за филозофија, ќе бидат драгоцена литература и за студентите од другите институти и факултети, во чии студиски програми како предмети на изучување се опфатени етиката и менаџерството.

Исто така, издавањето на овој пионерски учебник на македонски јазик ќе придонесе во збогатувањето на македонската литература и ќе остави трага во унапредувањето на учебникарската дејност во нашата Република. Затоа, со посебно задоволство го препорачувам овој труд за печатење.

Рецензент
Проф. д-р Сузана Симоновска, с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА

## НА РАКОПИСОТ ЗА УЧЕБНОТО ПОМАГАЛО *ПРАКТИКУМ ПО ПОЗНАВАЊЕ И ОБРАБОТКА НА ТУТУНСКАТА СУРОВИНА* ОД АВТОРИТЕ Д-Р ЗЛАТКО АРСОВ, ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР И М-Р РОМИНА КАБРАНОВА, АСИСТЕНТ, НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна на својата XXVI седница одржана на 2. 3. 2011 година, со одлука бр. 02-383/8 ме определи за рецензент на ракописот под наслов *Практикум по познавање и обработка на тутунската суровина*, изработен од: проф. д-р Златко Арсов и ас. м-р Ромина Кабранова од Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје.

По прегледот на доставениот материјал, членот на Рецензентската комисија проф. д-р Симеон Карајанков, го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Ракописот под наслов *Практикум по познавање и обработка на тутунската суровина* е изработен врз основа на наставната програма по предметот *познавање и обработка на тутунската суровина*, со неделен фонд на часови 2+2 и 6 кредити согласно со ЕКТС и предметот *обработка и преработка на тутун* со неделен фонд на часови 4+2 и 6 кредити согласно со ЕКТС и е наменет за студентите од четврта година - поледелска насока и насоката преработка на растителни производи при Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, а двата предмета се слушаат во VIII - летен семестар.

Ракописот е напишан на 184 страници (формат Б-5) компјутерски обработен текст со единечен проред, содржи 5 табели, 5 графикони, 6 шеми и 16 слики, во најголем дел оригинални.

Материјалот е претставен преку 26 методски едеиници во кои детално се опишани различните начини за определување на квалитетот на тутунската суровина и тутунските преработки. На крајот се наведени поглавјата: *Табеларни прилози* и *Користена литература*.

Секоја методска единица е поделена на помали единици во кои се презентираат поголем број на методи, класични – стандардни, како и методи кои се изведуваат со соодветна софистицирана опрема и апаратура.

На почетокот од материјалот се презентирани методите за определување на влажноста на тутунот. Се започнува од општите принципи за определување на влагата во тутунот и нивната важност за процесите во обработката и фабрикацијата на тутунот. Потоа се претставени поголем број на методи, како што се: метод на загревање во сушница, загревање со инфрацрвени зраци, со примена на јаки апсорпциони средства, метод за определување на влагата во тутунот со примена на електрична отпорност, а се завршува со определување на влагата со *НИР* мерачи на влага, кои се разиени за брзо и точно одредување на влагата кај тутунот во обработката и фабрикацијата.

Во втората методска едниница се презентирани методите за мерење на амбиенталната влага, при што се наведени општите принципи за тоа како се определува амбиенталната влага, односно условите во кои се чува, манипулира, ферментира и преработува тутунот во финални производи. Презентирани се повеќе методи за одредување на релативната влажност на воздухот, и тоа: преку одредување со психрометар по методот на *Август*, со хигрометри со влакна, со хигрограф и термохигрограф, како и определување на моментот за проветрување на магацините и наоѓање на параметрите на воздухот преку користење на *Id* дијаграм.

Во третаата методска едниница се опфатени инструментите за мерење на температурата и влажноста на тутунот пакуван во бали кои се неопходни за правилно изведување на технолошките операции во обработката на тутунот.

Во методските единици од четири до шест се презентирани методи за определување на физичките својства на тутунот, и тоа: воден капацитет, материјалност на тутунските листови и зафатнинската маса на тутунските листови.

Во седмата методска единица се презентирани неколку начини за определувањето на содржината на песок и прашина на тутунските листови кои се вршат главно по механички пат со посебно конструирани апарати, а како параметар се важни при откупот и обработката на тутунот.

При одредувањето на квалитетот на тутунот како дел од технолошките карактеристики на тутунската суровина се и определувањето на дебелината на лисната плојка, како и определувањето на содржината, односно учеството на главното ребро во тутунските листови (методски едниници под реден бр. 8 и 9), кои имаат непосредно влијание врз квалитетот на тутунската суровина и нејзината употребна вредност во фабрикацијата.

Посебно поглавје (методска едниница бр. 10) во практикумот ќе определување на губењето на сува материја – кало. При тоа е наведена постапката за определување на општа загуба и загуба на сува материја кои се пресметуваат во однос на влажноста или минералните материи. Од тоа каква и колкава е загубата на сува материја при ферментацијата и чувањето на тутунот, може да се одреди текот и интензитетот на биохемиските промени во тутунскиот лист.

За согорливоста на тутунот (методска единица бр. 11) како важна физичка карактеристика се наведени неколку начини на определување, во зависност од тоа дали се определува на тутунска суровина или на цигари. Тоа се: со т.н. вжештена игла, со согорување на сомелен тутун во прав по методот на *Philipp – Nagy* и начините за определување на согорливоста на цигари при слободно горење, горење при слаб непрекинат вакуум, како и горење при прекинат вакуум со апарат за пушење (машина за пушење).

Еден од важните методи (методска единица бр. 12) со кој се определуваат некои параметри важни за фабрикацијата на тутунот е зафатнинската маса (дензитет) на сечен тутун, кој всушност претставува привидна густина на сечениот тутун изразена во $g/dm^3$. Определувањето на зафатнинската маса е важна, од причина што со неа се определува полнечката способност на сечениот тутун и бројот на цигари изработени од 1kg тутун.

Во методската единица за определување на фракциониот состав на сечениот тутун е презентиран апаратот со кој се одредува фракциониот состав на тутунот, т.н. вибрационен апарат со систем од сита со различен дијаметар на отворите на ситата. Од фракциониот состав зависи полнежот и компактноста на цигарата, а со тоа и фабричкиот рандеман.

Во методските единици бр. 14 и 15 се објаснети постапките за определување на некои од биохемиските карактеристики на тутунската суровина. Определувањето на активноста на ферментот каталаза (методска единица бр. 14) во тутунот се користи како објективен показател за мувлосаноста на тутунот. Постапката за определување на ферментираност на тутунот со помош на манометарските садчиња од *Смирнов* и *Шутел* апарат (метод бр. 15) се врши со цел да се констатира колкав е кислородниот показател, односно до кој степен тутунот е ферментиран.

Во посебно поглавје е прикажано определувањето на хемискиот состав на тутунот, кој што се врши со методи на сув сомелен тутун. При тоа се наведени повеќе методи (методски единици бр. 16-21).

Определувањето на содржината на чиста пепел - минерални материи, кои претставуваат оксиди на повеќе соединенија ($K_2O$, $Na_2O$, $CaO$, $MgO$, $SiO_2$, $P_2O_5$ и др.) се врши со согорување на тутунот во печка за жарење при слободен пристап на кислород (методска единица бр. 16).

Опеделувањето на содржината на никотин во тутунската суровина и обработен тутун (методска единица бр. 17) се врши на сомелен тутун во прав и постојат повеќе методи за негово одредување како: гравиметриски (со пикринска и силиковолфрамова к-на), комбинирана гравиметриско-титриметриска (со пикринска к-на), како и спектрофотометриски.

За определувањето на јаглехидратниот комплекс: растворливи шеќери, вкупната редукција и целулоза се презентирани методските единици под реден бр. 17 и 18. За определување на растворливи шеќери е презентиран методот на *Bertrand* (методска единица бр. 17) кој е општо прифатен кај нас и пошироко во тутунската наука и струка, а за определување на чиста целулоза во тутунот (методска единица бр. 18) е наведен методот на *Kürschner*, модфициран од *Ермаков*, кој се базира на оксидацијата и растворањето на материите кои ја следат целулозата во тутунот.

Азотните соединенија во тутунот (методска единица бр. 19) се многу важни за дегустативните својства на тутунот. При согорувањето, на тутунските производи му даваат непријатна миризба и горчлив вкус. За определување на содржината на вкупен азот е презентиран методот на *Forster*, додека за определување на содржината на белковинскиот азот се наведува методот на *Mohr*.

pH - вредноста на водениот екстракт на тутунот (методска единица бр. 20) исто така е многу важна за неговиот квалитет. Се одредува електрометриски, со pH - метар.

Во поглавјето за одредување на квалитетот на тутунската суровина и цигарите (методска единица бр. 21) е наведено дека по завршувањето на хемиските анализи е потребно да се изврши проценка на квалитетот на тутунот. Авторите наведуваат дека таа се врши врз основа на хемискиот состав, како и преку математичкиот однос на одделните хемиски соединенија кои дејствуваат позитивно или негативно, претставен со одредени коефициенти или броеви. Секој тип, класа и реколта на тутун се разликува по својот квалитет и затоа постојат одредени рамковни вредности на основните хемиски соединенија за трите основни типови на тутун во современите *blend* цигари. Авторите наведуваат дека од многуте коефициенти, во практиката, денес во примена се коефициентите за одредување на квалитетот на тутунот, како: Шмуков број, полифенолен број, коефициент на Веселинов, вирџиниски број, коефициент на квалитет за сечен тутун и цигари.

Посебно поглавје преставува определувањето на хемискиот состав на тутунскиот чад (методски единици бр. 22, 23 и 24). Тутунскиот чад има комплексен состав, но според

постојните законски прописи неминовна е потребата да се врши определување на содржината на никотин, катран и јаглен моноксид во главната струја во чадот на цигарата. Овие компоненти се определуваат по одредување на сувиот кондензат кој се добива по пушење на определен број цигари со машина за пушење под строго определени услови. Пушењето на цигарите и одредувањето на никотин, катран и јаглен моноксид се врши со современи методи кои се во корелација со стандардните методи на CORESTA (N° 10, N ° 21, N ° 22 и N ° 23) и соодветните ISO - методи.

Дефинирањето на квалитетот на тутунот и тутунските преработки не би бил комплетен ако не се земат предвид и дегустативните карактеристики на тутунот (методска единица бр. 25). Дегустацијата како метод за оценување на квалитетот на тутунот и цигарите, има три цели: следење на квалитетот на постојните тутунски преработки, изнаоѓање на нови тутунски преработки и перманентна анализа на влијанието на одредени компоненти (тутуни во харманот, додатоци или репроматеријали) кои учествуваат во изработката на тутунските преработки и нивните пушачки својства. Авторите истакнуваат дека иако е субјективен метод (се базира на човековите сетила), тој е неопходен за одредување на вкусовите особености на тутунот и тутунските преработки. Тие добро ги обработиле дегустативните карактеристики и приложуваат два клуча за дегустација. Едниот се однесува за дегустација на тутун-тутунска суровина, а другиот за дегустација на *blend* цигари.

Во поглавјето *Стандарди и правилници* е наведено дека контролата на квалитетот на тутунот и тутунските производи во нашата држава е регулирана со закони, правилници и стандарди и даваат листа на поважните закони, правилници, домашни и интернационални стандарди.

Во поглавјето *Прилози* се ставени табеларни прикази за некои потребни параметри за успешно изведување на лабораториските методи како што се психрометарски вредности за пресметка на релативната влажност на воздухот, густина на воздухот во зависност од температурата и други.

При изработката на ракописот се користени 27 референци од разни автори, кои се правилно наведени во последното поглавје *Литература*.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Приложениот и анализиран ракопис од авторите проф. д-р Златко Арсов и ас. м-р Ромина Кабранова од Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје е прво издание што ја третира оваа област и е во согласност со наставната програма на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје. Според концепциската поставеност, обемот и начинот на презентирање се категоризира како учебно помагало, т.е. практикум.

Ракописот на Практикумот е концизен, среден и сеопфатен. На едно место се обработени и презентирани сите стандардни, но и нови методи, техники и апаратура кои се применуваат при секојдневното испитувањето на физичките, хемиските и дегустативните својства на тутунската суровина во тутунските претпријатија, како и во соодветнните научни, стручни и образовни институции.

Сметам дека овој Практикум ќе најде свое место за задоволување на потребите на студентите при нивната теоретска и практична едукација од соодветните предмети на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, како и на останатите факултети кои имаат интерес за оваа програма. Практикумот, освен студентите, ќе го користат и стручњаци од соодветната тутунска област, научни работници од соодветни научни институции, вработени во лабораториите на постојните тутунски претпријатија во државата и пошироко.

Како член на Рецензентската комисија имам чест на Наставно-научниот совет при ФЗНХ – Скопје, да му предложам да го одобри овој ракопис за печатење и негово користење како постојано учебно помагало.

Рецензент

Проф. д-р Симеон Карајанков с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА

## НА РАКОПИСОТ ЗА УЧЕБНОТО ПОМАГАЛО *ПРАКТИКУМ ПО ПОЗНАВАЊЕ И ОБРАБОТКА НА ТУТУНСКАТА СУРОВИНА* ОД АВТОРИТЕ Д-Р ЗЛАТКО АРСОВ, ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР И М-Р РОМИНА КАБРАНОВА, АСИСТЕНТ, НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА ВО СКОПЈЕ

На својата XXVI седница одржана на 2. 3. 2011 година, Наставно - научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна, со одлука бр. 02-383/8 ме определи за рецензент на ракописот под наслов *Практикум по познавање и обработка на тутунската суровина*, изработен од: проф. д-р Златко Арсов и ас. м-р Ромина Кабранова на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје.

По прегледот на доставениот материјал, проф. д-р Биљана Петановска-Илиевска - член на Рецензентската комисија, го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Ракописот под наслов *Практикум по познавање и обработка на тутунската суровина* е изработен во согласност со предметните програми *познавање и обработка на тутунската суровина*, со фонд на часови 2+2 и 6 кредити според ЕКТС и *обработка и преработка на тутун* со фонд на часови 4+2 и 6 кредити според ЕКТС. Наменет е за студиските програми поледелство и преработка на растителни производи при Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, во коишто овие предмети се слушаат во VIII семестар.

Ракописот е напишан на 184 страници (формат Б-5) со единечен проред, содржи 5 табели, 5 графикони, 6 шеми и 16 слики.

Понуденото учебно помагало содржински е структурирано во 26 носечки поглавја што содржат повеќе потпоглавја во кои тематските единици се разработени во детали. Имено, ракописот содржи прецизно опишани методи за определување на физичко-хемиски параметри за дефинирање на квалитетот на тутунот и неговите преработки.

Во првото поглавје се презентирани различни методи, класични и пософистицирани за определување на влажноста на тутунот.

Во второто поглавје се дадени методи за мерење на релативната влага со помош на психрометар, хигрометри со влакна, хигрограф и термохигрограф, како и со електричен претворувач на влага.

Третото поглавје ги опишува инструментите за мерење на температурата и влажноста на тутунот пакуван во бали.

Определувањето на водниот капацитет на тутунот, материјалноста, зафатнинската маса и содржината на песок и прашина на тутунските листови се презентирани во поглавјата од четири до седум.

Определувањето на дебелината и содржината на главното ребро на тутунските листови се дадени во поглавјата осум и девет.

Во поглавјата од десет до петнаесет се дадени методите за определување на загуба на материјата при ферментација на тутунот, согорливост, зафатнинската маса на сечен тутун, фракционен состав, активноста на ферементот каталаза и мувлосаност на тутунот, како и кислородниот показател и ферментираност на тутунот.

Методите за определување на хемискиот состав на тутунот, вкупната редукција, јаглехидрати растворливи во вода, полифеноли и целулоза се презентирани во поглавјата шеснаесет, седумнаесет и осумнаесет.

Определувањето на содржината на азотните соединенија (вкупен азот и белковински азот), и pH - вредноста на водениот екстракт на тутунот се презентирани во поглавјата 19 и 20.

Во поглавјата од 21 до 24 се дадени методите за определување на квалитетот на тутунската суровина и цигарите врз основа на хемискиот состав на коефициентот на квалитет, хемискиот состав на тутунскиот чад, машинското пушење на цигарите и одредувањето на кондензатот и катранот, никотинот, задржувањето на алкалоидите во филтерот од цигари и јаглерод моноксид.

Методите за определување на дегустативните карактеристики на тутунот и тутунските преработки се дадени во поглавјето 25.

Во поглавјето "Стандарди и правилници" се посочени законите, правилниците и стандардите за тутун и тутунски преработки.

Табеларните прикази за одредени параметри што се од интерес за изведување на лабораторисите методи се дадени во поглавјето "Прилози".

Во поглавјето "Литература", авторите цитираат 27 референци што ги користеле во изработката на ракописот.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на пристапот и методолошката поставеност на ракописот "Практикум по познавање и обработка на тутунската суровина", од авторите проф. д-р Златко Арсов и ас. м-р Ромина Кабранова, тој може да се класифицира како практикум. Земајќи ги предвид сеопфатноста и стручноста со кои е презентирана проблематиката во учебното помагало, имам особена чест и задоволство да му предложам на Наставно-научниот совет при ФЗНХ во Скопје да го одобри овој ракопис за печатење и користење како постојано учебно помагало.

Рецензент

Проф. д-р Биљана Петановска-Илиевска с. р.

# РЕЦЕНЗИЈА

НА УЧЕБНИКОТ
„ИМУНОЛОШКИ ПРАКТИКУМ-
лабораториска имунодијагностика "
ОД ГРУПА АВТОРИ

1) **„ИМУНОЛОШКИ ПРАКТИКУМ**
**лабораториска имунодијагностика"**
Високошколски учебник – вежби, лабораториски
2) **Проф. д-р Мирко Спироски**, д-р Дејан Трајков, д-р Александар Петличковски, д-р Тодор Арсов, д-р Ана Стрезова, биотехнолог Оливија Ефинска-Младеновска, д-р Славица Христоманова, д-р Ели Спироска, молекуларен биолог Олгица Сибиновска, д-р Јордан Петров
3) Предметна програма - **ИМУНОЛОГИЈА**

4) /
5) Наменет е за **студентите по медицина, ЕКТС**
6) **Трет семестар (втора година)** (од 2005/2006, по ЕКТС)
7) **24 +21** (вкупно 45)
8) ДА

9) Доставено на: 29.3.2011год, Одлука за одредување на рецензенти за пишување на рецензија за печатење на учебник-учебно помагало бр. 02-1153/20; по предлог на Одборот за издавачка дејност, Одлуката е донесена на VIII редовна седница одржана на 17.3.2011 година.

10) **Прво** издание, CIP – каталогизација, НУБ „Св. Климент Охридски", Скопје 612.017(076.5)(075.8) ИСБН 978-9989-9674-9-8, COBISS.MK-ID 68067338
11) /
12) ДА, **слични**:

1. Мирко Спироски, Перко Колевски: *Основни имунолошки методи. Постојан учебник за практична настава од имунологија*. Катедра за имунологија, Медис-информатика, Скопје, 1995

2. Мирко Спироски, Дејан Трајков, Александар Петличковски, Тодор Арсов, Ана Стрезова, Оливија Ефинска-Младеновска: *Имунолошки практикум: привремен учебник за практична настава од имунологија*, Институт за имунобиологија и хумана генетика, Медицински факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Скопје, 2006

13) Ракописот е дидактички добро структуриран и лесен за ориентација во бараната имунодијагностика, преку исцрпната и добро стратифицирана **СОДРЖИНА**, која ги содржи:

**Блок 1 – Вроден имун систем**
**Блок 2 – Имуни клетки**
**Блок 3 – Имуноглобулини**
**Блок 4 – Комплементен систем и цитокини**
**Блок 5 – Трансплантација**
**Блок 6 – Преосетливост**
**Блок 7 – Автоимунитет.**

Секој блок го чинат по **три вежби**, вкупно **21 вежба**, за кои во содржината е точно наведено кој метод го обработуваат и кое е клиничкото значење со толкување на резултатите и нивната примена во конкретен (измислен/симулација) случај.

На крајот се дадени **основните лабораториски правила** и **литературата**.

Ракописот брои 240 страници, содржи вкупно **117 слики**, (10+11+11+12+11+ 10+7) **72 табели** и **14 „анализи на случаи“**.

14) Во Практикумот има **седум блока од вежби** за дијагностичките методи користени во имунологијата, односно имунопатологијата. Секој блок е составен од три вежби. Првите две вежби се лабораториски методи за имунодијагностика, а третата вежба е за толкувањето на резултатите и нивната клиничка примена во соодветната област на имунологијата и имунопатологијата.

**Блок 1 – Вроден имун систем:** *Вежба 1. Испитување на клеточен вроден имун систем; Вежба 2. Испитување на хуморален вроден имун систем; Вежба 3. Анализа на вроден имун систем.*

**Блок 2 – Имуни клетки:** *Вежба 1. Клетки во имуниот систем; Вежба 2. Проточна цитометрија; Вежба 3. Анализа на клеточен имунитет.* **Блок 3 – Имуноглобулини:** *Вежба 1. Таложни противтела; Вежба 2. Противтелен одговор; Вежба 3. Анализа на хуморален имунитет.*

**Блок 4 – Комплементен систем и цитокини:** *Вежба 1. Комплементен систем; Вежба 2. Цитокини; Вежба 3. Анализа на комплементен систем и цитокини.*

**Блок 5 – Трансплантација:** *Вежба 1. Прикажување на главен ткивно совпадлив комплекс; Вежба 2. Генска структура на главен ткивно совпадлив комплекс; Вежба 3. Анализа на трансплантација.*

**Блок 6 – Преосетливост:** *Вежба 1. Тип 1 преосетливост; Вежба 2. Тип 2 и тип 3 преосетливост; Вежба 3. Анализа на преосетливост.*

и

**Блок 7 – Автоимунитет:** *Вежба 1. Системски автоимунитет; Вежба 2. Орган специфичен автоимунитет; Вежба 3. Анализа на автоимуни заболувања.*

Дополнително, за полесно совладување на материјалот, кон овие седум блока (21 вежба) се приложени дополнителни материјали во вид на видеоисечоци, на CD-а. За анимирање на материјалот и илустрирање на корисноста на добиените резултати, понудени се „анализи на случаи“ од пациенти со измислен идентитет.

Во секој од седумте блока се најавуваат: **учебните цели** и **поените** што би ги освоил студентот по секој блок на вежби.

15) Евентуално, во следното (второ) издание потребно е да се внесе и **Индекс** на материјата, а за првата **„Анализа на случај"** во **фуснота** да се наведе дека се работи за измислен идентитет, симулација. Исто така, потребно е да се поправат присутните мали **технички грешки** (*lapsus calami*) и стручно лекторирање на македонски јазик (не е посочен **лектор**).

16) **Учебно помагало**

17) **Одлична (10).** Посебно треба да се истакне и пофали континуираната посветеност во афирмацијата на македонската медицинска терминологија, што во случајот со имунолошката терминологија, несомнено ќе наиде на спротивставени мислења. Јас лично, високо го ценам обидот да се најде најсоодветниот стручен термин на македонски јазик, паралелно со универзално прифатениот латински/англосаксонски термин, во согласност со барањата на ЕКТС.

18) **Заклучок:** Оправданоста, поточно неопходноста од објавување на овој ИМУНОЛОШКИ ПРАКТИКУМ како учебно помагало е јасна, недискутабилна. Студентот ќе може на највисоко дидактичко ниво да ги прочита, да ги практикува и да ги анализира современите имунодијагностички методи неопходни за потврдување или исклучување на имунопатолошките процеси кај пациентот. Базичноста на лабораториската имунодијагностика, паралелно со теоретските познавања од областа на физиологијата, патолошката физиологија, имунохистопатологијата и останатите фундаментални медицински предмети, ќе го дополни „багажот" со кој студентот ќе може успешно да ги следи идните клинички предмети.

Проценка и креативност на секој асистент, а во договор со професорите на Катедрата за имунологија, е да го адаптира (евентуално редуцира) материјалот даден во овој ПРАКТИКУМ за потребите и можностите на совладување за еден *просечен студент* во трет семестар (втора година).

Без сомнение, во текот на следењето на предметите по клиничка медицина, студентот и иден лекар ќе може често да ја отвора оваа книга и одново да ги освежува своите знаења, а практиката да ја поткрепи со неопходните испитувања и компетентни толкувања на добиените резултати. Медицината базирана на докази не обврзува на рационална примена на имунодијагностиката, а добрата лабораториска практика е доследно прикажана во овој ракопис. Посакувам многу следни изданија на ИМУНОЛОШКИОТ ПРАКТИКУМ од групата автори раководени од проф. д-р Мирко Спировски што ќе ги следат најновите научни текови од оваа област во светот.

Рецензент

Проф. д-р Маргарета Балабанова-Стефанова, с.р.

Скопје, 27.5.2011 година

# РЕЦЕНЗИЈА
## НА УЧЕБНОТО ПОМАГАЛО „ИМУНОЛОШКИ ПРАКТИКУМ - ЛАБОРАТОРИСКА ИМУНОДИЈАГНОСТИКА " ОД ГРУПА АВТОРИ

| | |
|---|---|
| **Наслов** | „ИМУНОЛОШКИ ПРАКТИКУМ лабораториска имунодијагностика" |
| **Автори** | Проф. д-р Мирко Спироски, д-р Дејан Трајков, д-р Александар Петличковски, д-р Тодор Арсов, д-р Ана Стрезова, биотехнолог Оливија Ефинска-Младеновска, д-р Славица Христоманова, д-р Ели Спироска, молекуларен биолог Олгица Сибиновска, д-р Јордан Петров |
| **Се однесува на предметната програма** | Основи на имунологијата |
| **Покриеност на наставниот материјал** | Опфатени се сите предвидени поглавја за практична настава. |
| **Студиска програма** | Додипломски студии по медицина |
| **Семестар** | Втора година, трет семестар, код СМ214 |
| **Фонд на часови** | 24 +21 (вкупно 45) |
| **Усогласеност со наставата** | Содржината на Практикумот одговара на наставната програма. |
| **Време и акт на назначување на рецензентите** | По предлог на Одборот за издавачка дејност, Одлуката е донесена на VIII редовна седница на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет, одржана на 17.3.2011 година.<br>Одлука бр. 02-1153/20, за одредување на рецензенти за пишување на рецензија за печатење на учебник-учебно помагало, доставена на 29.3.2011година. |
| **Издание** | 2006, CIP - Каталогизација во публикација, Народна и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски", Скопје, ISBN 978-9989-9674-9-8, COBISS.MK.ID 68067338. |
| **Ревидирани сегменти од претходното издание** | нема |
| **Ист или сличен учебник на Факултетот** | Постојат следните слични изданија:<br>• М Спироски, П Колевски. Основни имунолошки методи, Постојан учебник за практична настава од имунологија, Катедра за имунологија, Медиц-информатика, Скопје, 1995, ISBN 9989-620-02-4<br>• М Спироски, Д Трајков, А Петличковски, Т Арсов, А Стрезова, О Ефинска-Младеновска. Имунолошки практикум, привремен учебник за практична настава од имунологија, Институт за имунобиологија и хумана генетика, Медицински факултет, Универзитет „Св, Кирил и Методиј", Скопје, 2005, ISBN 9989-9674-3-1, |

| | |
|---|---|
| | COBISS.MK-ID 60588554<br>• Спироски М, Трајков Д, Петличковски А, Арсов Т, Стрезова А, Ефинска-Младеновска О, Христоманова С, Ѓулејиќ Е, Сибиновска О, Петров Ј. „Анализа на случаи од имунологијата“ Институт за имунобиологија и хумана генетика, Медицински факултет, Универзитет „Св, Кирил и Методиј“, Скопје, 2007, ISBN 978-9989-2661-0-2, COBISS.MK-ID 70779146 |
| **Општи податоци за учебното помагало** | Ракописот содржи *Предговор* во кој првиот автор ја објаснува намената на Практикумот (за предметот кој по старо се слушаше во петти семестар, трета студиска година, со фонд на часови 15 теоретска и 15 практична настава), потоа наставниот кадар од кои институции потекнува, историјата на конституирањето на Катедрата за имунологија, претходните изданија на книги и практикуми и појаснувања за конкретниот практикум; *Содржина* која детално ги прикажува насловите и поднасловите; *седум блокови од по три вежби*, за кои се наведени учебните цели, содржината на секоја од трите вежби во блокот, бројот на поените кои може да ги освои студентот од присуство на вежбата и покажаното знаење, кои се значајни за ЕКТС-програмата на студии.<br>Практикумот е напишан на 240 страници, со вкупно 117 слики, 72 табели и 14 „анализи на случаи“. |
| **Содржина** | **Практикумот ги содржи следните блокови:**<br>**Блок 1 – Вроден имун систем.** *Вежба 1. Испитување на клеточен вроден имун систем; Вежба 2. Испитување на хуморален вроден имун систем; Вежба 3. Анализа на вроден имун систем.*<br>**Блок 2 – Имуни клетки.** *Вежба 1. Клетки во имуниот систем; Вежба 2. Проточна цитометрија; Вежба 3. Анализа на клеточен имунитет.*<br>**Блок 3 – Имуноглобулини.** *Вежба 1. Таложни противтела; Вежба 2. Противтелен одговор; Вежба 3. Анализа на хуморален имунитет.*<br>**Блок 4 – Комплементен систем и цитокини.** *Вежба 1. Комплементен систем; Вежба 2. Цитокини; Вежба 3. Анализа на комплементен систем и цитокини.*<br>**Блок 5 – Трансплантација.** *Вежба 1. Прикажување на главен ткивно совпадлив комплекс; Вежба 2. Генска структура на главен ткивно совпадлив комплекс;, Вежба 3. Анализа на трансплантација.*<br>**Блок 6 – Преосетливост.** *Вежба 1. Тип 1 преосетливост; Вежба 2. Тип 2 и тип 3 преосетливост; Вежба 3. Анализа на преосетливост.*<br>**Блок 7 – Автоимунитет.** *Вежба 1. Системски автоимунитет; Вежба 2. Орган специфичен автоимунитет; Вежба 3. Анализа на автоимуни заболувања.*<br>Во секој блок точно е наведено кој метод го обработува и кое е клиничкото значење, со толкување на резултатите и |

| | |
|---|---|
| | нивна примена во конкретен измислен случај. На крајот се дадени основните лабораториски правила и литературата. Првите две вежби се лабораториски методи за имунодијагностика, а третата вежба е за толкувањето на резултатите и нивната клиничка примена во соодветната област на имунологијата и имунопатологијата. Нагласено е дека за полесно совладување на материјалот, кон овие седум блока (21 вежба) се приложени дополнителни материјали во вид на видеоисечоци, на CD-а. Како дополнителна литература за практичната настава и илустрирање на корисноста на добиените резултати, понудено е уште едно издание „Анализи на случаи од имунологијата". |
| **Предлози за корекции** | Потребна е корекција на предговорот во однос на предметната настава (трет семестар, втора година, а не како што пишува). Начелно, прирачникот содржи детални описи за сите лабораториски постапки што се предмет на практичната настава по предметот основи на имунологијата, кои можат да го оптоварат студентот во текот на совладувањето на содржините, но кои од друга страна ќе можат да бидат консултирани во текот на професионалната постдипломска работа на докторот. |
| **Категоризација** | Учебно помагало |
| **Општа педагошка оцена** | Практикумот е напишан на разбирлив македонски јазик Појаснети се поимите кои за студентот се нови. Со фактот дека ја опфаќа целата наставна програма го оправдува пишувањето и претставува неопходност за успешно совладување на практичната настава. |
| **Заклучок** | Имунолошкиот практикум е неопходно учебно помало за спроведување на успешна практична настава по предметот основи на имунологијата. Поглавјата кои се содржат и начинот на систематизација и организација на поединечните вежби во рамките на блокот, заедно со другото учебно помагало „Анализа на случаи од имунологијата", за кое во истиов период се пишуваат официјални рецензии, обезбедуваат можност да се добијат основни, но и пошироки сознанија за предметот, кои ќе бидат потребни за следни надградби во текот на студиите. Учебното помагало обезбедува можност за повторно навраќање на проблематиката од областа на имунологијата во текот на едукацијата и професионалната работа. |

Рецензент:

Проф. д-р Милена Петровска, с.р.

Скопје, 26.5.2011 година

# РЕЦЕНЗИЈА

1) НА РАКОПИСОТ "ИМУНОЛОШКИ ПРАКТИКУМ – ЛАБОРАТОРИСКА ДИЈАГНОСТИКА" ОД ГРУПА АВТОРИ
2) Автори: Спироски М., Трајков Д., Петличковски А., Арсов Т., Стрезова А., Ефинска-Млденовска О., Христоманова С., Спироска Е., Сибиновска О., Петров Ј.
3) Предмет: основи на имунологијата
4) Високошколски учебник – вежби, лабораториски
5) Студиска програма – медицина
6) Наставата се одвива во втора студиска година, трет семестар
7) Теоретска настава 24 часа и практична настава 21 час
8) Да
9) Одлука за одредување на рецензенти за пишување на рецензија за печатење на учебник-учебно помагало бр. 02-1153/20. По предлог на Одборот за издавачка дејност, одлуката е донесена на VIII редовна седница одржана на 17.3.2011. Одлуката е доставена до рецензентите на 29.3.2011.
10) Според предговорот, ова е трето издание наменето за практична настава.
11) Приложеното издание на Имунолошки практикум-имунодијагностика е според програмата за ЕКТС. На студентите им е на располагање и дополнителен материјал на компакт-диск за полесно совладување на материјалот. Исто така е изработена и збирка со анализа на случаи од пациенти со измислен идентитет како пример за користење на добиените резултати во идната клиничка практика.
12) Не
13) Содржина на учебното помагало:
    Блок 1 – Вроден имун систем,
    Блок 2 – Имуни клетки,
    Блок 3 – Имуноглобулини,
    Блок 4 – Комплементен систем и цитокини,
    Блок 5 – Трансплантација,
    Блок 6 – Преосетливост,
    Блок 7 – Автоимунитет.
    Секој блок се состои од три вежби.
    Поглавјето 22 се однесува на основните лабораториски правила.
    Литературата е последно поглавје.
    Ракописот има 240 страници, 117 слики и 72 табели.
14) Материјалот на Имунолошкиот практикум е организиран во седум блока кои ги обработуваат следните имунолошки поглавја: Вроден имун систем, Имуни клетки, Имуноглобулини, Комплементен систем и цитокини, Трансплантација, Преосетливост и Автоимунитет. Секој блок е составен од три вежби. Првите две вежби се лабораториски методи за имунодијагностика, а третата вежба е за толкување на лабораториските резултати и нивното клиничко значење кај симулиран клинички случај.

Блок 1 – Вроден имун систем: Вежба 1. Испитување на клеточен вроден имун систем; Вежба 2. Испитување на хуморален вроден имун систем; Вежба 3. Анализа на вроден имун систем.

Блок 2 – Имуни клетки: Вежба 1. Клетки во имуниот систем; Вежба 2. Проточна цитометрија; Вежба 3. Анализа на клеточен имунитет.

Блок 3 - Имуноглобулини: Вежба 1. Таложни противтела; Вежба 2. Противтелен одговор; Вежба 3. Анализа на комплементен систем и цитокини.

Блок 4 – Комплементен систем и цитокини: Вежба 1. Комплементен систем; Вежба 2. Цитокини; Вежба 3. Анализа на комплементен систем и цитокини.

Блок 5 - Трансплантација: Вежба 1. Прикажување на главен ткивно совпадлив комплекс; Вежба 2. Генска структура на главен ткивно совпадлив комплекс; Вежба 3. Анализа на автоимуни заболувања.

Блок 6 - Преосетливост: Вежба 1. Тип 1 преосетливост; Вежба 2. Тип 2 и тип 3 преосетливост; Вежба 3. Анализа на автоимуни заболувања.

Блок 7 - Автоимунитет: Вежба 1. Системски автоимунитет; Вежба 2. Орган специфичен автоимунитет; Вежба 3. Анализа на автоимуни заболувања.

Пред секое поглавје авторите ги назначуваат учебните цели на вежбите од одредена област, како и познавањата со кои студентите ќе се здобијат по завршувањето на вежбите. Завршната оценка на изведената вежба се изведува од две компоненти: присуство и знаење.

Во Поглавјето 22 концизно се наведени основните лабораториски правила.

Во литературата се цитирани 15 користени извори (објавени од 1995 до 2005 год.).

15) Вложениот труд на авторите за изработка на детален практикум за лабораториски вежби и особено прилогот со клинички примери на состојби кај кои се индицирани соодветни лабораториски испитувања заслужува признание и претставува прилог кон приближување на начинот на едукација во светот со кој уште на почетокот на тренингот се поврзуваат базичните знаења со нивната клиничка примена. Сепак, сметам дека е пожелно тимот на изведувачи на наставата од овој предмет да ја процени обемноста и соодветноста на материјалот (повеќе од 400 стр.) за времетраењето на вежбите и нивото на достигнато знаење на студентите од трет семестар.

Предговорот на учебното помагало Имунолошки практикум предлагам да се усогласи со предговорот на учебното помагало Анализа на случаи од имунологија од истите автори (кое всушност претставува дел од севкупниот учебен материјал за вежби по предметот основи на имунологија), со цел читателот да добие севкупна претстава за материјалот како и за значењето на

поврзување на лабораториските резултати со симулирани клинички случаи со одредени заболувања.

Со оглед на нивото на знаење и вештини на студентите од втора студиска година – трет семестар, сметам дека е пожелна измена како во формулацијата така и во дефинирањето на можниот степен на знаење во деловите каде што се анализираат клинички случаи.

Пример: стр. 9 Вежба 3. Анализа на случаи од вродениот имун систем (1 час).

По завршувањето на вежбата, студентите ќе знаат:

- да толкуваат резултати од вродениот имун систем;
- да анализираат случаи од вродениот имун систем.

Предлагам следна измена:

Анализа на лабораториски наоди поврзани со случаи со нарушувања на вродениот имун систем.

По завршувањето на вежбите, студентите ќе знаат:

- да толкуваат лабораториски резултати на функциите на вродениот имун систем;
- да анализираат лабораториски наоди поврзани со симулиран случај на нарушување на вродениот имун одговор.

Соодветна промена е пожелна кај сите поглавја од учебното помагало.

16) Учебно помагало

17) Тимот на автори изработил современ имунолошки практикум. Материјалот е детално и јасно изнесен. Особено е значајно приспособувањето кон трендовите во медицинските наставни програми кои уште на почетокот на тренингот ги поврзуваат базичните знаења со натамошната нивна клиничка примена. Одлични се основните лабораториски правила од 22-о поглаве. Но, сепак, мислам дека искусниот тим на наставници и помошни наставници од предметот за следните изданија треба да го процени оптималниот обем на материјалот кој може да се обработи во времето одредено за вежбите и да го усогласи со нивото на знаење на студент од трет семестар. Овие укажувања се со цел за постојано подобрување и заеднички успех на едукацијата.

18) Овој обемен, современ, детален имунолошки прирачник е со големо значење во домашната литература. Нема да им користи како учебник само на студентите, ами во ваков обем можеби и повеќе на лекарите и другиот медицински персонал за кои е суштинско познавањето и толкувањето на соодветни лабораториски испитувања за одредени заболувања. Со признание кон авторскиот тим за вложениот труд го поддржувам предлогот за оправданост за објавување.

Скопје 25.5.2011

Рецензент
Проф.др, Соња Пеова с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА
## НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „МЕТОДА ЗА РЕКУРЗИВНА АНАЛИЗА НА КОМПЛЕКСНИ ПРОГРАМСКО-ПРОСТОРНИ АРХИТЕКТОНСКИ КОНЦЕПТИ НА ПРИМЕРОТ НА ГОЛЕМИТЕ ТРГОВСКИ ЦЕНТРИ ВО СКОПЈЕ“, ИЗРАБОТЕНА ОД КАНДИДАТОТ М-Р МИХАЈЛО ЗИНОСКИ, ДИПЛ. ИНЖ. АРХ., ПРИЈАВЕНА НА АРХИТЕКТОНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Архитектонскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје 08 бр. 6/11 од 22.2.2011 година, избрани сме за членови на Рецензентската комисија за оцена и одбрана на докторската дисертација со работен наслов „Влијанието на програмата врз формирањето на архитектонскиот концепт низ анализа на трговски центри во Скопје – модел на рекурзивно обликување на архитектонскиот план“, поднесена од кандидатот М-р Михајло Зиноски, дипл.инж.арх., асистент на Архитектонскиот факултет во Скопје.

По прегледот на работниот текст на поднесената докторска дисертација со наведениот наслов заверена со архивски број 07-61/1 од 12.2.2011 година, Комисијата му достави на кандидатот м-р Михајло Зиноски забелешки за корекција и доработка на тезата заверени со архивски број 07 – 65/9 од 04.5.2011 година.

Кандидатот м-р Михајло Зиноски, по постапувањето според забелешките, го поднесе завршниот текст на докторската дисертација со наслов МЕТОДА ЗА РЕКУРЗИВНА АНАЛИЗА НА КОМПЛЕКСНИ ПРОГРАМСКО-ПРОСТОРНИ АРХИТЕКТОНСКИ КОНЦЕПТИ НА ПРИМЕРОТ НА ГОЛЕМИТЕ ТРГОВСКИ ЦЕНТРИ ВО СКОПЈЕ, под архивски бр. 03-65/10 од 17.5.2011 година.

По прегледот на доставената дисертација, како и врз основа на позитивните мислења и оцени доставени до Архитектонскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје од страна на Институтот за урбанизам, сообраќај и екологија, Факултетот за драмски уметности при УКИМ - Скопје и Европскиот универзитет, Комисијата до Наставно-научниот совет на Архитектонскиот факултет го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Докторската дисертација со наслов МЕТОДА ЗА РЕКУРЗИВНА АНАЛИЗА НА КОМПЛЕКСНИ ПРОГРАМСКО-ПРОСТОРНИ АРХИТЕКТОНСКИ КОНЦЕПТИ НА ПРИМЕРОТ НА ГОЛЕМИТЕ ТРГОВСКИ ЦЕНТРИ ВО СКОПЈЕ претставува самостоен научен труд на кандидатот м-р Михајло Зиноски, презентиран на вкупно 164 страници текст, графички прилози и наведени 57 библиографски единици. Докторската дисертација содржи апстракт, вовед, три поглавја и заклучок.

**Предмет на истражување** на дисертацијата се релациите помеѓу архитектонската програма и форма, изразени преку правилата на логичко-математичките системи во термините на структурата како модел на дискурзивност кај избрана класа на објекти од трговијата.

Елементите на архитектонската форма се дефинирани преку нивната логичка диспозиција во архитектонскиот план – основа, додека нивните меѓусебни релации се истражувани во зависност од програмските правила и принципи на организација

на трговските центри. Специфичниот проблем кој се истражува е механизмот на конверзија на програмата на оваа класа објекти во архитектонски – просторен концепт кој ја преиспитува (редефинира) модерната - функционалистичка флоскула „формата ја следи функцијата“ и овозможува рекурзивно моделирање на просторниот план.

Во прелиминарните теоретски истражувања, кандидатот м-р Михајло Зиноски ја образложува потребата од современ формативен концепт, кој доследно ќе ги следи динамичните трансформации на архитектонската програма кои се особено чести кај објектите од трговија како последица од променливите општествени и економски услови. Притоа, проблемот на дефинирањето на програмата го поставува во доменот на егзистенцијалниот простор и начините на кои конкретниот контекст со множеството на хетерогени информации ги генерира формативните правила на типологијата на архитектонскиот план.

Поаѓајќи од претпоставката дека архитектонската форма преку сопствената структура формира типолошки образец кој изразува одредена феноменолошка појавност, кандидатот го лоцира истражувањето во структуралистичкиот дискурс, чија парадигматска диверзификација ја илустрира преку избор од теории и авторизирани хипотези кои автономно ја елаборираат врската помеѓу просторните и програмските конфигурации: холистичката теорија и принципите на кохерентност на планот (Кристофер Александер), теоријата на просторната синтакса (Бил Хилиер и Џулиен Хансон), правилата на класичната композиција (Александар Цонис и Лијан Лефевр) и синтаксата на јазикот (Ноам Чомски).

Со оглед на тоа дека спомenатите дискурси соодветно го лоцираат проблемот на програмско-формалната поврзаност или во доменот на аналитичката теорија и емпирицизмот, или во спекулативниот домен на интуицијата, **целта** на докторската дисертација е да дефинира прецизна **генеративна методолошка алатка** за анализа на програмско-просторните релации која би овозможила препознатливост на хомогени групи со програмска и морфолошка сличност кај трговските центри и нивно рекурзивно комбинирање во просторни шемати или матрични полигони, при што по пат на пермутација на нивните меѓусебни релации би се генерирале сите архитектонски основи на објектите од таа класа.

Методолошки, постапката се потпира на аналогиите со структуралната лингвистика и преку варирање на вградените правила на морфосинтаксата во архитектонската основа (план) ги установува генеративните правила на рекурзивноста за наведената класа објекти од трговијата.

Во првата глава, **Анализа на сложени програмско-просторни архитектонски концепти**, кандидатот ги анализира седумте проекти на трговски центри изградени во Скопје во периодот од 1970 до 2000 година. Типолошката диференцијација на основите на избраните примери се однесува на:

1. основните – архетипски обликовни компоненти: „динамичниот“ наспрема „статичниот“ архитектонски простор, во случајот позицијата на главното комуникациско јадро наспрема продажниот простор, при што се констатирани три типа на основи, со едно, две или три комуникациски јадра;

2. типови на продажен простор, при што се констатирани различни состави на индивидуални продажни објекти – дуќани и стоковни куќи;

3. дистрибуција:

а) дотур на стока до продавниците;

б) линии наменети за движење на купувачите;

в) движење на продавачите во рамките на продажниот простор.

Со цел да се согледа и компарира структурата на плановите, елементите кои се анализираат и нивните меѓусебни релации се апстрахирани на ниво на дијаграми кои претставуваат дескриптори на одредени морфосинтактички правила. Овие аналитички правила понатаму претставуваат основа за генеративната синтакса, со чија помош се одредува капацитетот за инваријантни решенија, т.е. комбинации помеѓу хомогените морфосинтактички групи во можни просторни шемати.

Во втората глава, **Рекурзивност – аналитичка метода на трансформација на морфосинтаксата на планот**, со воспоставување на нови правила на морфосинтаксата (симетрија, транслација, мултипликација), типолошките релации на оригиналните планови се трансформираат во матрични полигони кои ги претставуваат можните варијанти на соодветните релации од анализата. Целта на ваквата рекурзивна операција е, со пермутација на истите елементи од избраната класа, според одредени математичко-логички правила да се генерираат хипотетички решенија на сите можни проекции на дотичната типологија на планот, без да се наруши кохерентноста на системот, т.е. степенот на адекватност на претходната аналитичка постапка и внатрешната логика на системот.

Во третата глава, **Апликативност на методата на рекурзивност на просторно- програмските архитектонски концепти**, е претставен синтетичкиот капацитет на рекурзивната метода во функција на реконфигурирање на архитектонскиот план со додавање на морфосинтактички правила, како варијации на симетрија или транслација, со што се постигнуваат просторни шемати кои развиваат линеарни, ирегуларни низи во различни насоки. Ваквите трансформирани структури можат да настанат како последица од промена на контекстот, или поради потребата од внатрешна реконфигурација на релациите помеѓу конститутивните елементи на архитектонскиот план. Во обата случаја, рекурзивната трансформација на морфосинтаксата на планот овозможува, при секое наредно додавање на ново синтактичко правило, контрола врз оригиналниот просторен образец и истовремено, кохерентност на новиот типолошки образец добиен по пат на адиција.

Кандидатот м-р Михајло Зиноски ги сумира својствата и можностите на моделот на рекурзивно обликување на архитектонскиот план, при што контролата врз претпоставениот програмско-формален состав ја гледа во перзистентноста на синтактичките правила при промена на условите на контекстот. Тезата дека не се возможни бесконечно многу типолошки варијации на истата конфигурација на архитектонскиот план тој ја поддржува со аналогијата со јазикот, бидејќи во архитектурата, како и во лингвистиката, социјалното значење на одредена феноменолошка појава може да се изрази се додека синтактичките правила енкодираат одредени нивоа на интерпретација за содржина која е конвенционално разбирлива. Како генеративна методолошка алатка, постапката и самиот модел на рекурзивно обликување на архитектонскиот план тој ја гледа како процедура на параметрицизмот, која го отвора прашањето за развивањето на идни хибридни алгоритми.

## ЗАКЛУЧОК

Комисијата констатира дека докторската дисертација **„Метода за рекурзивна анализа на комплексни програмско-просторни архитектонски концепти на примерот на големите трговски центри во Скопје“**, изработена од кандидатот м-р Михајло Зиноски, по својата структура, обем, содржина, методологија и резултати ги исполнува стандардите за ваков вид научноистражувачки труд.

Докторската дисертација претставува самостоен научен труд, заснован на релевантни теоретски претпоставки и соодветни теоретски извори;

- ги преиспитува и ги редефинира нормативно-аналитичките поставки на модерниот функционализам;
- ја илустрира доследноста на функционирањето во рамки на одреден структурно детерминиран систем, одразувајќи го степенот на адекватност помеѓу критичката постапка (анализата) и внатрешната логика на формалниот (просторен) систем;
- дефинира прецизна генеративна методолошка алатка за анализа на програмско-просторните релации и нивно рекурзивно комбинирање по пат на пермутација во просторни шемати со различни нивоа на комплексност, што овозможува развивање на широк ранг типолошки варијанти;
- ваквата првенствено планерска алатка применлива во фазата на дефинирање на архитектонскиот концепт се очекува да овозможи понатамошна артикулација на иновативни програмско-просторни обрасци во рамки на избраната класа објекти од трговијата, што е суштинскиот теоретски придонес на докторската дисертација во областа на архитектонското проектирање.

Со особена чест и задоволство, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет да ја прифати рецензијата на докторската дисертација „Метода за рекурзивна анализа на комплексни програмско-просторни архитектонски концепти на примерот на големите трговски центри во Скопје“, од кандидатот м-р Михајло Зиноски, дипл.инж.арх., и да одреди термин за нејзина одбрана.

Комисија

Д-р Анета Христова-Поповска, вонреден професор – претседател, с.р.

Д-р Мартин Гулески, редовен професор (ментор) – член, с.р.

Д-р Мирослав Грчев, редовен професор – член, с.р.

Д-р Минас Бакалчев, вонреден професор – член, с.р.

Д-р Иван Џепароски, редовен професор на Филозофски факултет, УКИМ–член, с.р

# РЕЦЕНЗИЈА

## НА УЧЕБНОТО ПОМАГАЛО ПОД НАСЛОВ „ЗБИРКА ЗАДАЧИ ПО АНАЛИТИЧКА ХЕМИЈА, за студентите од студиските програми МАГИСТЕР ПО ФАРМАЦИЈА И ДИПЛОМИРАН ЛАБОРАТОРИСКИ БИОИНЖИНЕР", ПОДГОТВЕНО ОД НАСТАВНИОТ КАДАР НА КАТЕДРАТА ЗА АНАЛИТИЧКА ХЕМИЈА НА ФАРМАЦЕВТСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со Решението 02/129 од 2011 година, врз основа на член 30 од Статутот на Фармацевтскиот факултет во Скопје, Наставно-научниот совет, на својата XII седница одржана на 21.02. 2011 година, формира Рецензентска комисија за преглед и оцена на ракописот под наслов „Збирка задачи по аналитичка хемија за студентите од студиската програма магистер по фармација и дипломиран лабораториски биоинжинер", напишан од наставниот кадар на Катедрата за аналитичка хемија, и тоа ас. м-р Јасмина Тониќ-Рибарска и проф. д-р Сузана Трајковиќ-Јолевска.

По прегледот на доставениот материјал, Рецензентската комисија во состав: проф. д-р Анета Димитровска и доц. д-р Руменка Петковска, го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Текстот на ракописот е подготвен во стандарден А4-формат и содржи 31 страница. Збирката задачи претставува полезен дополнителен материјал за совладување на практичната настава што е предвидена со наставната програма за студентите од студиските програми магистер по фармација и дипломиран лабораториски биоинжинер. Секоја методска единица (група задачи) се надоврзува на претходната, така што сите заедно се вклопуваат во постојната програма за практична настава по предметот аналитичка хемија за наведените студиски програми.

Збирката задачи се состои од седум поглавја: состав на раствори, пуферски раствори, јонска сила на раствори и активитет, комплексни соединенија, производ на растворливост, редокс-реакции и гравиметрија.

Во делот за состав на раствори се дадени кратки дефиниции и релации за искажување на количинска концентрација, масена концентрација, моларен (количински) удел, масен удел и волуменски удел. Објаснети се со општи примери и со по еден детаљно разработен практичен пример (задача) следниве релации: преведување концентрација на растворена супстанција во процентен масен удел и обратно, преведување процентен масен удел во масена концентрација и обратно, преведување масен удел во моларен удел, разредување и мешање раствори и правило на звезда. На крајот на овој дел се дадени голем број разновидни задачи за вежбање со дадени одговори од сите наведени подрачја.

Во воведниот дел за пуферски раствори со општи примери и чекор по чекор е објаснета релацијата за пресметување на pH-вредноста на пуферски раствор. На крајот се дадени задачи за вежбање со готови решенија.

Поглавјето за јонска сила на раствори и активитет има теоретски дел во кој кратко се објаснети поимите на јонска сила и активитет, дадени се релациите за пресметување јонска сила и коефициентот на активитет со примена на граничниот закон на Debay и Huckel и определен број задачи наменети за вежбање, со дадени одговори.

Во теоретскиот дел за комплексните соединенија на општи примери се објаснети и дефинирани двете константи што ги опишуваат рамнотежите на формирање и на дисоцијација на комплексните соединенија. Во продолжение се дадени различни типови и комбинации на задачи со решенија, наменети за утврдување на знаењето на студентите од областа на комплексни соединенија.

Рамнотежите во хетерогена средина се објаснети на општи примери, дефинирани се и објаснети концентрациската и термодинамичката константа (производ на растворливост) и дадена е математичката релација за пресметување на растворливоста на супстанциите, (масена и количинска растворливост). Во овој дел се исто така дадени задачи со готови решенија.

Во теоретскиот дел за редокс-реакции се дефинирани и објаснети равенката на Nernst равенка и константата на рамнотежа на редокс-реакција. Задачите за вежбање со дадени одговори се составени од задачи за пресметување електроден потенцијал и задачи за предвидување на насоката на редокс реакција преку пресметување електродни потенцијали.

Последното поглавје од збирката задачи е посветено на гравиметриските задачи, односно пресметување гравиметриски фактор и масен удел на определени аналити во испитуван примерок. И овој дел содржи определен број задачи со дадени решенија.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Материјалот во збирката задачи е во согласност со практичната и теоретската наставна програма за предметот аналитичка хемија за студентите од студиските програми магистер по фармација и дипломиран лабораториски биоинжинер. Воведните делови од секоја група задачи се концизни и јасно презентирани, а решенијата на задачите им овозможуваат на студентите самостојно да вежбаат и да го проверуваат своето знаење од соодветната област. Со оваа збирка задачи студентите од студиските програми магистер по фармација и дипломиран лабораториски биоинжинер добиваат мошне корисно учебно помагало кое ќе им го олесни следењето и изведувањето на практичните вежби по аналитичка хемија.

Оттука, Рецензентската комисија му предлага на Наставно-научниот совет на Фармацевтскиот факултет да го одобри овој ракопис како постојано учебно помагало по предметот аналитичка хемија за студентите од студиските програми магистер по фармација и дипломиран лабораториски биоинжинер.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

Проф. д-р Анета Димитровска, с. р.

Доц. д-р Руменка Петковска, с. р.

# РЕЦЕНЗИЈА

## НА УЧЕБНОТО ПОМАГАЛО ПОД НАСЛОВ „ПРАКТИКУМ ПО АНАЛИТИЧКА ХЕМИЈА, за студентите од студиската програма ДИПЛОМИРАН ЛАБОРАТОРИСКИ БИОИНЖИНЕР", ПОДГОТВЕНО ОД НАСТАВНИОТ КАДАР НА КАТЕДРАТА ЗА АНАЛИТИЧКА ХЕМИЈА НА ФАРМАЦЕВТСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со Решението 02/129 од 2011 година, врз основа на член 30 од Статутот на Фармацевтскиот факултет во Скопје, Наставно-научниот совет, на својата XII седница одржана на 21.02. 2011 година, формира Рецензентска комисија за преглед и оцена на ракописот под наслов „Практикум по аналитичка хемија за студентите од студиската програма дипломиран лабораториски биоинжинер", напишан од наставниот к адар на Катедрата за аналитичка хемија, и тоа проф. д-р Сузана Трајковиќ-Јолевска и ас. м-р Јасмина Тониќ-Рибарска.

По прегледот на доставениот материјал, Рецензентската комисија во состав: проф. д-р Анета Димитровска и доц. д-р Руменка Петковска, го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Текстот на ракописот е подготвен во стандарден А4-формат, содржи 126 страници, со слики, табели, хемиски реакции, пресметки и прописи за практична изведба на анализите-вежби што се предвидени со наставната програма за практична настава за студентите од студиската програма дипломиран лабораториски биоинжинер. Секоја методска единица се надоврзува на претходната, така што сите заедно се вклопуваат во постојната програма за практична настава по предметот аналитичка хемија. Авторите ја изнесуваат материјата едноставно и концизно, стручно и разбирливо, имајќи ја предвид претходната подготовка на студентите по фармација.

Практикумот се состои од три дела – општ дел, квалитативна хемиска анализа и квантитативна хемиска анализа.

Во општиот дел се дадени правилата и упатствата за работење во аналитичка лабораторија, каде што како посебни целини се обработени безбедноста во лабораторија, правилата за ракување со реагенси и раствори и упатствата за водење лабораториски дневник. Посебна целина во општиот дел претставува поглавјето за лабораториски прибор и апарати за изведување хемиска анализа, во кој се дадени описи и многубројни слики на приборот и апаратите, со практични упатства за правилниот начин на употреба.

Делот за квалитативна хемиска анализа се состои од теоретски воведен дел, квалитативна анализа на катјони и квалитатаивна анализа на анјони. Во теоретскиот воведен дел е дадена дефиниција за квалитативната хемиска анализа, објаснети се поимите што се користат, дадена е поделбата на аналитичките реакции за идентификација, како и објаснување на шемите за систематска анализа на катјоните и анјоните.

Во делот за квалитативна анализа на катјони е дадена поделбата на катјоните во шест аналитички групи, со наведен групен реагенс за секоја аналитичка група и општи карактеристики на добиените производи. За секоја аналитичка група се наведени катјоните што припаѓаат во групата, а за секој катјон се наведени карактеристичните реакции по воден пат (со кратко теоретско објаснување и хемиска реакција). По сите хемиски реакции следува прегледна табела во која се дадени катјоните, реагенсите за идентификација и добиените продукти со опис на најважните карактеристики на продуктите за идентификација. Секоја аналитичка група завршува со систематска анализа на катјоните од обработената аналитичка група, претставена многу јасно и прегледно, во вид на табеларен преглед. Даден е и пример за анализа на раствор со непознат состав од I, II, III, IV, V и VI аналитичка група, со јасно и прегледно претставени последователни чекори при изведувањето на анализата.

Делот за квалитативна анализа на анјони започнува со табеларен преглед на анјоните по групи (во секоја група се наброени анјоните што припаѓаат во таа група), со наведени реакции на таложење со сребро нитрат и бариум хлорид во присуство на азотна киселина. Во продолжение, за секој анјон се наведени карактеристичните реакции по воден пат (со кратко теоретско објаснување и хемиска реакција).

Во делот за квантитативна анализа се обработени волуметриските и гравиметриските методи за анализа. Волуметриските методи на анализа содржат воведен дел во кој се дефинирани важни поими што се однесуваат на волуметриските методи и е дадена поделба на волуметриските титриметриски методи на четири групи: киселинско-базни титрации, комплексометриски титрации, редокс-титрации и таложни титрации. Секоја од овие групи е посебно обработена.

Делот за киселинско-базните титрации содржі кр аток теоретски дел и практичен дел со практични вежби. Во практичниот дел се дадени комплетните постапки за работа со детални објаснувања и пресметки за следниве практични вежби: подготовка на стандарден раствор на киселина (HCl, подготовка и стандардизација), определување содржина на јака база, подготовка на стандарден раствор на база (NaOH, подготовка и стандардизација), определување содржина на јака киселина, определување содржина на слаба киселина, определување содржина на органска база со примена на неводена титрација.

Комплексометриските титрации се обработени со краток теоретски дел и практичен дел со практични вежби. Во практичниот дел се дадени комплетните постапки за работа со детални објаснувања и пресметки за следниве практични вежби: подготовка и стандардизација на стандарден раствор на EDTA, определување магнезиумови, калциумови и цинкови јони.

За редокс-титрации се дадени теоретските основи и практичен дел со практични вежби. Во практичниот дел се дадени комплетните постапки за работа со детални објаснувања и пресметки за следниве практични вежби: перманганометрија (подготовка и стандардизација на стандарден раствор на калиум перманганат; определување содржина на оксална киселина, водороден пероксид и $Fe^{2+}$ јони); јодометрија (подготовка и стандардизација на стандарден раствор на натриум тиосулфат); определување содржина на калиум дихромат).

Таложните титрации се обработени преку теоретските основи и практичен дел. Во практичниот дел се дадени комплетните постапки за работа со детални објаснувања и пресметки за следниве практични вежби: подготовка и стандардизација на стандарден раствор на сребро нитрат, определување содржина на хлоридни јони по методот на Mohr, определување содржина на хлоридни јони по методот на Fajans, определување содржина на хлоридни јони по методот на Volhard.

Во последниот дел од квантитативната хемиска анализа и од практикумот се обработени гравиметриските методи на анализа, преку теоретски основи и практични вежби со дадени комплетни постапки и пресметки: гравиметриско определување сулфати и гравиметриско определување железо.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на приложениот текст може да се констатира дека опфатените методски единици се во согласност со практичната и теоретската наставна програма за предметот аналитичка хемија за студентите од студиската програма дипломиран лабораториски биоинжинер. Практичните вежби се предвидени за самостојна работа на студентите. Со овој практикум студентите од студиската програма дипломиран лабораториски биоинжинер добиваат мошне корисно учебно помагало кое ќе им го олесни следењето и изведувањето на практичните вежби по аналитичка хемија.

Оттука, Рецензентската комисија му предлага на Наставно-научниот совет на Фармацевтскиот факултет да го одобри овој ракопис како постојано учебно помагало по предметот аналитичка хемија за студентите од студиската програма дипломиран лабораториски биоинжинер.

**Р Е Ц Е Н З Е Н Т И**

Проф. д-р Анета Димитровска, с. р.

Доц. д-р Руменка Петковска, с. р.

# РЕЦЕНЗИЈА

## НА УЧЕБНОТО ПОМАГАЛО ПОД НАСЛОВ „ПРАКТИКУМ ПО АНАЛИТИЧКА ХЕМИЈА, за студентите од студиската програма МАГИСТЕР ПО ФАРМАЦИЈА", ПОДГОТВЕНО ОД НАСТАВНИОТ КАДАР НА КАТЕДРАТА ЗА АНАЛИТИЧКА ХЕМИЈА НА ФАРМАЦЕВТСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со Решението бр. 02/129 од 2011 година, врз основа на член 30 од Статутот на Фармацевтскиот факултет во Скопје, Наставно-научниот совет, на својата XII седница одржана на 21.02. 2011 година, формира Рецензентска комисија за преглед и оцена на ракописот под наслов „Практикум по аналитичка хемија за студентите од студиската програма магистер по фармација", напишан од наставниот кадар на Катедрата за аналитичка хемија, и тоа проф. д-р Сузана Трајковиќ-Јолевска и ас. м-р Јасмина Тониќ-Рибарска.

По прегледот на доставениот материјал, Рецензентската комисија во состав: проф. д-р Анета Димитровска и доц. д-р Руменка Петковска, го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Текстот на ракописот е подготвен во стандарден А4-формат, содржи 119 страници, со слики, табели, хемиски реакции, пресметки и прописи за практична изведба на анализите – вежби што се предвидени со наставната програма за практична настава за студентите од студиската програма магистер по фармација. Секоја методска единица се надоврзува на претходната, така што сите заедно се вклопуваат во постојната програма за практична настава по предметот аналитичка хемија. Авторите ја изнесуваат материјата едноставно и концизно, стручно и разбирливо, имајќи ја предвид претходната подготовка на студентите по фармација.

Практикумот се состои од три дела – општ дел, квалитативна хемиска анализа и квантитативна хемиска анализа.

Во општиот дел се дадени правилата и упатствата за работење во аналитичка лабораторија, каде што како посебни целини се обработени безбедноста во лабораторија, правилата за ракување со реагенси и раствори и упатствата за водење лабораториски дневник. Посебна целина во оштиот дел претставува поглавјето за лабораториски прибор и апарати за изведување хемиска анализа, во кој се дадени описи и многубројни слики на приборот и апаратите, со практични упатства за правилниот начин на употреба.

Делот за квалитативна хемиска анализа се состои од теоретски воведен дел, квалитативна анализа на катјони и квалитативна анализа на анјони. Во теоретскиот воведен дел е дадена дефиниција за квалитативната хемиска анализа, објаснети се поимите што се користат, дадена е поделбата на аналитичките реакции за идентификација, како и објаснување на шемите за систематска анализа на катјоните и анјоните.

Во делот за квалитативна анализа на катјони е дадена поделбата на катјоните во шест аналитички групи, со наведен групен реагенс за секоја аналитичка група и општи карактеристики на добиените производи. За секоја аналитичка група се наведени катјоните што припаѓаат во групата, а за секој катјон се наведени карактеристичните реакции по воден пат (со кратко теоретско објаснување и хемиска реакција). Секоја аналитичка група завршува со прегледна табела во која се дадени катјоните, реагенсите за идентификација и добиените продукти со опис на најважните карактеристики на продуктите за идентификација.

Делот за квалитативна анализа на анјони започнува со табеларен преглед на анјоните по групи (во секоја група се наброени анјоните што припаѓаат во таа група), со наведени реакции на таложење со сребро нитрат и бариум хлорид во присуство на азотна киселина. Во продолжение, за секој анјон се наведени карактеристичните реакции по воден пат (со кратко теоретско објаснување и хемиска реакција).

Во практикумот е даден голем број реакции за идентификација на анјони и катјони, но со оглед на тоа што авторите овој практикум го нашениле за студентите од студиската програма магистер по фармација, подетално се обработени и објаснети примерите на квалитативна анализа на катјони и анјони што имаат примена во фармацевтската практика. На тој начин авторите ја истакнале практичната примена на знаењето стекнато на курсот по аналитичка хемија во фармацијата. Укажано е дека во општиот дел од Европската фармакопеја (European Pharmacopoeia, Ph. Eur.) постои поглавје што се вика Реакции за идентификација на јони и функционални групи (2.3.1 Reaction for identification of ions and functional groups) во кое се опишани реакциите за идентификација за хемиски супстанции за фармацевтска употреба.

Во делот за квантитативна анализа се обработени волуметриските и гравиметриските методи за анализа. Волуметриските методи на анализа содржат воведен дел во кој се дефинирани важни поими што се однесуваат на волуметриските методи (титриметриски методи и поделба, титрација, стандарден раствор, еквивалентна точка, завршна точка, индикатори, примарен стандард, секундарен стандард, ст андардизација на волуметриски раствори, крива на титрација, хемиска рамнотежа и табела со рамнотежи и константи на рамнотежа важни во аналитичката хемија). Дадена е исто така поделбата на волуметриските титриметриски методи на четири групи: киселинско-базни титрации, комплексометриски титрации, редокс-титрации и таложни титрации. Секоја од овие групи е посебно обработена.

Делот за киселинско-базните титрации содржи краток теоретски дел и практичен дел со практични вежби. Во практичниот дел се дадени комплетните постапки за работа со детаљни објаснувања и пресметки за следниве практични вежби: подготовка на стандарден раствор на киселина (HCl, подготовка и стандардизација), определување содржина на јака база, п одготовка на стандарден раствор на база (NaOH, подготовка и стандардизација), определување содржина на јака киселина, определување содржина на слаба киселина, определување содржина на органска база со примена на неводена титрација. На крајот на секоја вежба се дадени по неколку примери во кои се применети принципите на обработената методска единица (постапка и пресметка) од Европската фармакопеја.

Комплексометриските титрации се обработени со краток теоретски дел и практичен дел со практични вежби. Во практичниот дел се дадени комплетните постапки за работа со детални објаснувања и пресметки за следниве практични вежби: подготовка и стандардизација на стандарден раствор на EDTA, определување магнезиумови, калциумови и цинкови јони. На крајот на секоја вежба се дадени соодветни примери (постапка и пресметка) од Европската фармакопеја (определување магнезиум оксид, калциум карбонат и цинк оксид).

За редокс-титрации се дадени теоретските основи и практичен дел со практични вежби. Во практичниот дел се дадени комплетните постапки за работа со детални објаснувања и пресметки за следниве практични вежби: перманганометрија (подготовка и стандардизација на стандарден раствор на калиум перманганат, заедно со пример од Ph. Eur.; определување содржина на водороден пероксид заедно со пример од Ph. Eur.); јодометрија (подготовка и стандардизација на стандарден раствор на натриум тиосулфат заедно со пример од Ph. Eur.; определување содржина на калиум дихромат со пример од Ph. Eur. за определување содржина на калиум перманганат).

Таложните титрации се обработени преку теоретските основи и практичен дел. Во практичниот дел се дадени комплетните постапки за работа со детални објаснувања и пресметки за следниве практични вежби: подготовка и стандардизација на стандарден раствор на сребро нитрат, определување содржина на хлоридни јони по методот на Mohr, определување содржина на хлоридни јони по методот на Fajans, определување содржина на хлоридни јони по методот на Volhard. Како прилог во овој дел се дадени постапките од Ph. Eur. за подготовка и стандардизација на стандарден раствор на сребро нитрат, подготовка и стандардизација на стандарден раствор на амониум тиоцијанат, определување содржина на натриум хлорид и определување содржина на калиум хлорид.

Во последниот дел од квантитативната хемиска анализа и од практикумот се обработени гравиметриските методи на анализа. Во теоретскиот дел е објаснет гравиметрискиот фактор со пример за неговата примена во гравиметриските пресметки. Исто така, дадена е и практична вежба за определување сулфати со дадена комплетна постапка и пресметки.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на приложениот текст може да се констатира дека опфатените методски единици се во согласност со практичната и теоретската наставна програма за предметот аналитичка хемија за студентите од студиската програма магистер по фармација. Во изведувањето на вежбите е предвидено студентите да работат самостојно. Со примерите и поврзувањето со Европската фармакопеја авторите ја потенцираат практичната примена на знаењето стекнато на курсот по аналитичка хемија во фармацевтската практика. Со овој практикум студентите од студиската програма магистер по фармација добиваат мошне корисно учебно помагало кое ќе им го олесни следењето и изведувањето на практичните вежби по аналитичка хемија.

На Наставно-научниот совет на Фармацевтскиот факултет му препорачуваме овој ракопис да го одобри како постојано учебно помагало по предметот аналитичка хемија за студентите од студиската програма магистер по фармација.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

Проф. д-р Анета Димитровска, с. р.

Доц. д-р Руменка Петковска, с. р.

## РЕЦЕНЗИЈА

## НА РАКОПИСОТ „МЕНАЏМЕНТ", СЕДМО ИЗДАНИЕ, ОД АВТОРОТ ПРОФ. Д-Р БОБЕК ШУКЛЕВ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје број 02-1113/1 од 1.4.2011 година, односно 0202-1913/1 од 1.6.2011 година, донесена на IX седница одржана на 25.03.2009 година, определен сум за рецензент на учебникот **„Менаџмент", седмо издание, од проф. д-р Бобек Шуклев**. По внимателното читање и проучување на трудот го поднесувам следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Изградбата на новиот стопански и политички систем на нашата земја и создавањето на моделот на отворено пазарно стопанство означуваат почеток на темелни измени во стопанството. Во тие рамки, претпријатието како основен стопански субјект станува посамостојно, а законитостите на пазарот се се поизразени. Претпријатијата, исто така, се организираат на нов начин. Во тек се измени на стопанската структура. Легализиран е плурализмот на сопственоста. Општествената сопственост се трансформира во приватна, во сопственост на акционери. Во стопанството темелно се изменети условите на стопанисување. Една од основните и, по наше мислење, приоритетна задача пред која се наоѓа нашето општество и стопанство е воведувањето на менаџментот, како наука за управување и раководење во нашите претпријатија и напуштање на негативниот однос кон него.

Имено, неоспорно е сознанието дека во минатото, долг период на време, кај нас, теоретските и практичните достигнувања на менаџментот, потврдени и докажани во земјите со пазарна економија, беа запоставени, па дури и прикажани како лоши. Како да заборавивме дека деловното одлучување во светот е извонредно ценета и вреднувана активност. За тоа се потребни способни, стручни и претприемливи менаџери, кои ќе ги познаваат и применуваат современите методи и техники на менаџментот. Тоа значи дека управувањето и раководењето со претпријатието има своја технологија која се заснова на одредени правила, постапки, методи, техники и слично. Таквиот менаџмент на Запад е извонредно развиен и подигнат на ниво на наука. А, токму овој и таков менаџмент во нашето стопанство долго време беше потиснуван со многу ограничувања од најразличен вид.

Ваквата состојба во последниве години се надминува со менување на наставните планови и програми на економските факултети, со организирање на постдипломски студии по менаџмент, со организирање на семинари, советувања и

други облици на образование на човечките ресурси за примена на менаџментот.

Во овие рамки, напорот на проф. д-р Бобек Шуклев да напише современ учебник од областа на менаџментот заслужува целосно внимание и признание, бидејќи пополнува една силно изразена потреба за сознавање и афирмација на теоријата и практиката на менаџментот и во нашата земја.

Набљудуван низ таква призма, трудот третира многу значајна и извонредно актуелна материја поврзана со менаџментот како универзална цивилизациска придобивка. Фактички, предмет на проучување на трудот се бројните аспекти и прашања на менаџментот, и тоа елаборирани според логичен и систематски редослед и со совладана научна методологија. При тоа, тежиштето на трудот е ставено на основите на менаџментот и на функциите што ги извршуваат менаџерите во текот на работењето, кои, во исто време, се и функции на менаџментот како процес, при што успешно е решен проблемот на соодветно одмерување на важноста и третманот на секој елемент одделно.

Инаку, трудот, кој содржи 390 страници текст и 51 страница литература, речник, фусноти, индекс на автори и индекс на предмети, е структуриран во три дела и 15 глави логично подредени во една конзистентна целина.

Неговата глобална содржина е следна:

**I дел: Основи на менаџментот**

**Глава 1: Предизвикот иа менаџментот**

**Глава 2: Еволуција на мислата за менаџмент**

**Глава 3: Работата на менаџерите**

**Глава 4: Окружувањето и организациската култура**

**II дел: Менаџмент - процес**

**Глава 5: Планирање**

**Глава 6: Организирање**

**Глава 7: Координирање**

**Глава 8: Мотивирање за извршување**

**Глава 9: Теорија на мотивацијата**

**Глава 10: Контролирање**

**Глава 11: Менаџерско одлучување**

**III Дел: Современи предизвици на менаџментот**

**Глава 12: Општествената одговорност и менаџерската етика**

**Глава 13: Предизвикот на малиот бизнис**

**Глава 14: Предизвикот на претприемништвото**

Глава 15: Предизвикот на корпоративното управување

**Литература**

**Речник**

**Фусноти**

**Индекс на автори**

**Индекс на предмети**

**Првиот дел** е посветен на основите на менаџментот, при што особено внимание се посветува на карактерот на менаџментот, а во тие рамки, на улогата на менаџментот во работењето на претпријатието, нивоата на менаџментот во менаџмент-скалата, функциите на менаџментот, принципите на менаџментот, менаџментот на новото работно место, total quality management и техниките на TQM. Во него, исто така, се обработува еволуцијата на мислата за менаџмент со посебно истакнување на класичните, бихејвиориетичките, квантитативните и современите теории за менаџмент. Понатаму, значаен простор во првиот дел му е посветен на односот на менаџерите и лидерите со посебно истакнување на работата што ја извршуваат менаџерите, на способностите кои се бараат од менаџерот според нивоата на менаџментот, на одговорностите на генералниот менаџер, на десетте улоги во кои се јавува главниот менаџер и на карактеристиките на успешно и модерен менаџер. На крајот од првиот дел, разработено е окружувањето во кое претпријатието функционира. При тоа, претпријатието влијае на окружувањето или е под негово влијание при донесувањето на краткорочни и стратегиски одлуки. Тука, исто така, се разработува односот помеѓу окружувањето и организациската култура.

Посебно одбележување заслужуваат содржините кои се внесени во првиот дел на трудот, а кои се однесуваат на карактерот на менаџментот и на односот на менаџерите и лидерите, кадешто се лоцирани проучувањата на авторот за тоа кој е менаџерот, што тој работи, какви се неговите способности, што значи успешен и модерен менаџер, какви видови менаџери постојат и слично.

**Вториот дел** на трудот е посветен на процесот на менаџментот. Во него се вклучени основните функции што ги извршуваат менаџерите. Така, менаџментот започнува со планирањето како негова главна функција. Сите менаџери планираат. Тие формулираат цели, разработуваат политики, изработуваат планови како средство за акција и за конкретизација на целите.

Организирањето е втора функција што ја извршуваат менаџерите. Во тој контекст е разработен односот помеѓу организацијата, организирањето и

организационата структура, традиционалните и современите форми на организациската структура, формалната и неформалната организација, делегирањето на авторитетот, одговорноста на менаџерот, а исто така, објаснети се и другите елементи на организационата структура (поделба на работата, единство на командувањето, формализацијата, департманизацијата и распонот на менаџментот).

Координирањето е трета функција што ја извршуваат менаџерите за да ги поврзат и синхронизираат одделните активности во претпријатието. Менаџерот треба да создава услови за кооперација на работниците. За таа цел, во оваа функција се разработени: видовите, факторите, принципите и методите на координирање.

Мотивирањето е четврта функција на менаџментот. Тука посебно се третирани односите помеѓу мотивирањето и мотивите, карактерот на мотивирањето, задоволството од работата, улогата на менаџерот како мотиватор, факторите кои влијаат на мотивацијата, посебната улога на парите како фактор на мотивација и реакциите на индивидуите кога постојат незадоволени потреби. Објаснети се, исто така, и единаесет различни теории за мотивација кои на менаџерот треба да му помогнат да го унапреди извршувањето на работата и да земе активна улога во управувањето со процесот на мотивација при работа.

Контролирањето е петта функција што ја извршуваат менаџерите. Контролирањето, како функција со која завршува менаџмент-процесот, ги опфаќа прашањата за карактерот, суштината, процесот и видовите контроли. Исто така, елаборирани се стандардите за контрола, карактеристиките на контролата, барањата кои треба да се исполнат за ефикасна контрола, економијата на контролата и слично. На крајот од вториот дел, разработено е менаџерското одлучување и неговиот однос со планирањето, карактерот на одлучувањето, условите на одлучување познати како ризик, извесност и неизвесност, моделите на одлучување, зголемување на партиципацијата во одлучувањето и процесот на одлучување.

Во **третиот дел** на учебникот се истражувани современите предизвици на менаџментот. Во фокусот на интересот на авторот се новите аспекти на менаџментот презентирани според следниов редослед: концепции за општествената одговорност, подрачја на општествена одговорност, еволуција на општествената одговорност, општествената одговорност на менаџерите, менаџерска етика, етика кај работното место, одржување на високи етички

стандарди, етиката и одлучувањето, дефинирање на малиот бизнис, карактерот на малиот бизнис, улогата на бизнис-планот, нови можности на малиот бизнис и неуспесите на малите бизниси. На крајот на третиот дел, елаборирани се одделни важни аспекти од проблематиката на претприемништвото и корпоративното управување: основи на претприемништвото, различност меѓу претприемачите карактерот на корпоративното управување, редизајнирање на одборот на директори, улоги на членовите на одборот на директори, корпоративното управување и менаџментот, оценување на одборот и директорите и формално оценување на ефективноста на одборот.

Во седмото издание на учебникот се извршени неколку промени кои авторот ги смета за корисни за конституентите и препознатливи за подрачјето на менаџментот кој се карактеризира со брз развој. Така, нови содржини се вклучени во 20 наслови, како на пример, бизнисот во дигиталната економија, форми на организација на малото претпријатие, нови можности на малиот бизнис, менаџмент - сукцесија во фамилијарниот бизнис, карактерот на франшизата, улогата на франшизата во економијата, улогата на бизнис-планот, важност на бизнис - планот, корисници на бизнис-планот, суштина и карактеристики на интрапренеурс, проблеми со кои се судруваат жените при започнување со мал бизнис, бизниси на малцинските жени-претприемачи, модели на корпоративно управување, системи на управување во друштвата, оценување на одборот и директорите, интерно оценување на одборот на директорите, оценување на работењето на главниот извршен директор, оценување на перформансите на претседателот на одборот, корпоративното управување и репутацијата и улогата на институционалните инвеститори во корпоративното управување.

Поради истите мотиви во учебникот делумно се преработени содржините на 38 други наслови, како на пример, дефиниција на менаџментот, нивоа на менаџментот, функции на менаџментот, модел на менаџмент, менаџмент-функции и нивоа на менаџмент, современи принципи на менаџментот, benchmarking, снабдување од надворешен извор, бихејвористички теории за менаџмент, што работи менаџерот, менаџерски способности, улоги на генералниот менаџер, класичен наспроти модерен менаџер, проценување на неизвесноста во окружувањето, општо окружување, дефиниција на планирањето, дефиниција на целите, планови според фреквенцијата на употреба, департманизација, дефиниција на координирањето, суштина на координирањето, методи на координирање, карактерот на мотивацијата, фактори кои влијаат на мотивацијата, што е контрола?, процес на контролирање, дефинирање на малиот биз-

нис, неуспеси на малите претпријатија, дефинирање на претприемништво и претприемач, карактеристики на претприемачите, дефиниција на корпоративното управување, принципи на ОЕЦД за корпоративното управување, номинирање членови во одборот, наградување на членовите на одборот, комитети на одборот, двојна улога на главниот извршен директор, награда на членовите на одборот и членување во повеќе одбори. Исто така, во новото издание на учебникот целосно се изоставени 33 наслови.

Во продолжение, без да се прави приказ на деталите содржани во трудот, бидејќи тоа во вакви прилики не е неопходно, ќе се потенцираат некои негови квалитативни особености:

**Прво**, трудот по својата концепција, содржинскиот и методолошкиот пристап во ништо не заостанува зад исти учебници публикувани во земјите со долгогодишна традиција во областа на менаџментот.

**Второ,** трудот во целина е пишуван според усвоената предметна програма за предметот основи на менаџментот.

**Трето,** во разработката на материјата авторот користел мошне обемна и релевантна домашна и странска литература. Посебно истакнување заслужува богатиот фонд на користена странска литература од областа на менаџментот, во најголем дел објавена по 2000 година, со исклучок на одделни капитални дела објавени пред таа година.

**Четврто,** трудот е богато илустриран со графикони, слики, шеми и табели. Тие, на свој начин, зборуваат за сериозноста и сеопфатноста на истражувачките напори на авторот во изработката на трудот.

**Петто,** во трудот се презентирани тековни примери од претпријатијата за да се илустрира како новите сознанија за менаџментот се применуваат во секојдневната практика. На тој начин, читателите имаат можност да разберат како концептот на менаџментот се применува во современите услови и како тие можат да го применуваат самите.

**Шесто,** трудот е пишуван на јасен и разбирлив јазик, со концизна и ударна мисла, при што авторот го задржува неопходното научно ниво во презентирањето на материјата.

**Седмо,** трудот изобилува со емпириски резултати, добиени од анкети и студии спроведени во одделни земји, кои сведочат за прифатеноста и распространетоста на менаџментот во светот.

**Осмо,** посебно одбележување заслужува напорот на авторот да го унапреди

процесот на учење и подготвување на материјата од страна на студентите. За таа цел, во секоја глава од трудот посебно се истакнуваат целите на учењето и клучните термини.

**Деветто,** квалитетот на трудот се подигнува на повисоко ниво со речникот, индексот на автори и индексот на предмети, кои се даваат на крајот од книгата. Во речникот секој клучен термин кој се среќава во одделните глави на учебникот е вклучен во поширок речник во кој се содржани над 300 термини опфатени во процесот на менаџментот. Индексот на автори и индексот на предмети, пак, помагаат полесно да се лоцираат информациите сврзани со авторите и одредено тематско подрачје.

Со оглед на презентираните квалитети на трудот, сметам дека учебникот „Менаџмент", седмо издание, ќе предизвика внимание и интерес кај голем број корисници: меѓу студентите на економските факултети, во нивните настојувања за совладување на предметните содржини по предметите од областа на менаџментот, кај научните работници како ориентација за идни продлабочени истражувања на одделни сегменти на менаџментот и кај економските и други човечки ресурси кои во претпријатијата директно се ангажирани и работат на задачи од областа на менаџментот.

Заради сето тоа, чест ми е да го предложам учебникот **„Менаџмент", седмо издание**, изготвен од **проф. д-р Бобек Шуклев**, да се прифати за печатење и објавување.

Рецензент

Проф. д-р Димитар Бојаџиоски, с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА
# НА РАКОПИСОТ ЗА УЧЕБНИК „МЕНАЏМЕНТ", СЕДМО ИЗДАНИЕ, ОД АВТОРОТ ПРОФ. Д-Р БОБЕК ШУКЛЕВ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје број 0202-1913/1 од 1.6.2011 година, донесена на седницата одржана на 25. 3. 2011 година (7), определен сум за рецензент на ракописот за учебник со наслов (1) *Менаџмент,* седмо издание (8), од проф. д-р Бобек Шуклев (6). По проучувањето на текстот на трудот го поднесувам следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Седмото издание на трудот *Менаџмент* од проф. д-р Бобек Шуклев содржи вкупно 441 страница, од кои 390 страници отпаѓаат на основниот текст, 26 страници на вовед, 5 страници на користена литература, 7 страници на индекс по предмет и на автори, на речник и на фусноти (13). Трудот и во ова издание ја задржува својата основна структура. Проблематиката опфатена во трудот е систематизирана во три дела и петнаесет глави, покрај предговорот и менаџмент-филозофијата, и тоа:

**Зошто треба да се користат примери во менаџментот?**

**I дел Основи на менаџментот**

Глава 1 Предизвикот на менаџментот

Глава 2 Еволуција на мислата за менаџмент

Глава 3 Работата на менаџерите

Глава 4 Окружувањето и организациската култура

**II дел Менаџмент - процес**

Глава 5 Планирање

Глава 6 Организирање

Глава 7 Координирање

Глава 8 Мотивирање за извршување

Глава 9 Теорија на мотивацијата

Глава 10 Контролирање

Глава 11 Менаџерско одлучување

**III дел Современи предизвици на менаџментот**

Глава 12 Општествената одговорност и менаџерската етика

Глава 13 Предизвикот на малиот бизнис

Глава 14 Предизвикот на претприемништвото

Глава 15 Предизвикот на корпоративното управување

**Литература**

**Речник**

**Фусноти**

**Индекс на автори**

**Индекс на предмети**

## I. Приказ на содржината на трудот

Во модерното економско работење, нема ниту еден толку важен фактор каков што е менаџментот. Менаџментот ќе остане основна и доминантна карактеристика додека постои цивилизацијата. Менаџментот е универзален процес. Тоа значи дека сите менаџери извршуваат исти работи. Улогата на менаџерот е да креира и да поддржи интерно окружување во кое луѓето работат заедно, ефективно и ефикасно, кон остварување на персоналните цели и целите на претпријатието. Проблематиката на менаџментот во учебникот е систематизирана во три дела (11).

Првиот дел е посветен на ***основите на менаџментот***, со посебен акцент на неговиот карактер, а во тие рамки и на улогата на менаџментот во работењето на претпријатието, нивоата на менаџментот во менаџмент-скалата, менаџментот на новото работно место, менаџмент на вкупниот квалитет, техниките на TQM, функциите на менаџментот, на развојот на мислата за менаџмент, како и основниот модел на менаџмент; односот меѓу менаџерите и лидерите, со посебно истакнување на работата што ја извршуваат менаџерите, на улогата на менаџерите во менаџментот, на способностите кои се бараат од менаџерот според нивоата на менаџмент, на одговорностите на генералниот менаџер и др. На крајот од првиот дел, разработено е окружувањето на кое претпријатието влијае или е под негово влијание при донесувањето на краткорочни и стратегиски одлуки.

Вториот дел е посветен на ***процесот на менаџментот***. Во него се вклучени основните функции што ги извршуваат менаџерите. Така, менаџментот започнува со планирањето, како главна негова функција. Организирањето е втора функција што ја извршуваат менаџерите. Во тој контекст, разработени се: односот меѓу организацијата, организирањето и организационата структура, традиционалните и современите форми на организационата структура, како и елементите на организационата структура. Координирањето е трета функција што ја извршуваат менаџерите, за да ги поврзат и да ги синхронизираат одделните активности на работата во насока кон остварување на целите на претпријатието. Мотивирањето е четврта функција што ја извршуваат менаџерите. Во овие рамки, посебно се разработени односите меѓу мотивирањето и мотивите, карактерот на мотивирањето, улогата на менаџерот како мотиватор, факторите кои влијаат на мотивацијата и др. Во овој контекст се разработени единаесет различни теории за мотивацијата кои треба да му помогнат на менаџерот да го унапреди извршувањето на работата и да земе активна улога во управувањето со процесот на мотивацијата во работата. Контролирањето е петта функција што ја извршуваат менаџерите. Контролирањето, како функција со која завршува процесот на

менаџментот, опфаќа прашања како на пример: карактерот, процесот и видовите контрола, стандардите за контрола, карактеристиките на контролата и економијата во контролирањето. На крајот од вториот дел, разработени се: одлучувањето и неговиот однос со планирањето, карактерот на одлучувањето, моделите на одлучување и процесот на одлучување.

Третиот дел е посветен на ***современите предизвици на менаџментот***, со посебен акцент на општествената одговорност, видовите општествена одговорност, дефинирање на деловната етика, приодите на етичко однесување, содржината на кодексот на етика, менаџментот на малиот бизнис, развојот на теоријата за претприемништво и терминот претприемач, карактеристиките на малцинските претприемачи, жените-претприемачи и др. На крајот од третиот дел, елаборирани се одделни витални аспекти од проблематиката на корпоративното управување, видовите одбори на директори, улогите на претседателот на одборот на директори, двојната улога на претседателот на одборот на директори, одборот на директори во групи на компании, оценувањето на одборот и на директорите, унапредувањето на ефективноста на одборот и сукцесијата на главниот извршен директор.

**II. Оцена на трудот**

Трудот „Менаџмент", седмо издание, пишуван според предметната програма (5) по предметот основи на менаџмент (2) како задолжителен во 6 департмани и изборен во еден, со 90 часови настава (4) и 8 ЕКТС, на студиските програми по менаџмент, финансиски менаџмент, сметководство и ревизија, маркетинг, надворешна трговија, е-бизнис, и изборен на економија (3), прифатена од страна на Наставно - научниот совет на Економскиот факултет во Скопје. Седмото издание на трудот „Менаџмент" се разликува во однос на шестото по обем на страници (441 страница во седмото во однос на 591 страница во шестото издание) и содржината (нови, изоставени и преработени наслови) од 60% (9).

Ракописот за учебникот „Менаџмент" на проф. д-р Бобек Шуклев е подготвен за публикување како седмо издание. Во последните десетина години тој доживеа шест изданија: во 1993, 1998, 1999, 2004, 2008, 2009 и во 2011 година. Во секое ново издание трудот трпеше одредени измени во содржината, со напуштање на некои од постојните поглавја, како и воведување на нови. Со користењето на нова литература авторот ја иновираше содржината на материјата на менаџментот, во согласност со новите текови на нејзиниот развој во светот, особено во земјите со поголема традиција во образованието на кадри од односната проблематика. Иако изготвен како учебник,

трудот беше прифатен и од нашата скромна практика, поради што за кратко време по првото публикување, righ следија нови, и сегашното седмо издание (13).

Имајќи ја предвид намената на ова дело, авторот водеше сметка да не го зголемува товарот врз студентите при совладувањето на проблематиката, поради што, по правило, воведувањето на новини беше проследено во просторот создаден со напуштање на некои од претходните. Па така, вкупниот обем на трудот изнесува 441 страница, од кои на текстот што ја третира односната проблематика, без страниците што му претходат и без прилозите, како што се списокот на литературата, речникот, индексот според авторите и според предметот, изнесува околу четиристотини страници.

И покрај направените измени со секое ново издание, концептот на трудот не е изменет. Наместо предговорите кон претходните шест изданија, следува само предговорот кон седмото издание, во кој авторот ги означува насловите со нови содржини, како и оние што се само преработени и изоставени. Новина од авторот претставува посебно означената менаџмент-филозофија, врз основа на која се изградува целината на трудот, систематизирана во три дела: основите на менаџментот, процесот на менаџментот и современите предизвици на менаџментот. Во овие рамки преку насловот „Зошто треба да се користат примери во менаџментот?", се дава одговор на оправданоста од користење на примери од практиката, се унапредуваат вештините на студентите за согледување на ситуациите и се развива нивната способност за менаџер-ско одлучување во врска со тоа што треба да се стори и како да се спроведе сето тоа. Заради задржување на потврдените карактеристики и заради зголемување на педагошките вредности на учебникот, извршени се неколку промени кои се корисни за конституентите и се порепрезентативни за подрачјето на менаџментот кое се карактеризира со брз развој. Во продолжение се истакнати само новите карактеристики на ова издание, а тоа се насловите со нови содржини, како и оние што се преработени и изоставени.

***Нови содржини на наслови:*** Најновите сознанија во менаџментот ја наметнаа потребата од вклучување нови содржини во следниве наслови: бизнисот во дигиталната економија, **ERROR! BOOKMARK NOT DEFINED.**форми на организација на малото претпријатие, нови можности на малиот бизнис, менаџмент - сукцесија во фамилијарниот бизнис,**ERROR! BOOKMARK NOT DEFINED.** карактерот на франшизата, улогата на франшизата во економијата, улогата на бизнис-планот, важноста на бизнис - планот, корисници на бизнис-планот, суштина и карактеристики на интрапренеурс, проблеми со кои се судруваат жените при започнување со мал

бизнис, бизниси на малцинските жени-претприемачи, модели на корпоративно управување, системи на управување во друштвата, оценување на одборот и директорите, интерно оценување на одборот на директорите, оценување на работењето на главниот извршен директор, оценување на перформансите на претседателот на одборот, корпоративното управување и репутацијата и улогата на институционалните инвеститори во корпоративното управување и 12 нови случаи на студирање преку пример презентирани на крајот на секоја глава.**Error! Bookmark not defined.**

**Преработени содржини.** Во учебникот се преработени содржините на следниве наслови: дефиниција на менаџментот, нивоа на менаџментот, функции на менаџментот, модел на менаџмент, менаџмент-функции и нивоа на менаџмент, современи принципи на менаџментот, benchmarking, снабдување од надворешен извор, **Error! Bookmark not defined.**бихејвористички теории за менаџмент, што работи менаџерот, менаџерски способности, улоги на генералниот менаџер, класичен наспроти модерен менаџер, проценување на неизвесноста во окружувањето, општо окружување, дефиниција на планирањето, дефиниција на целите, планови според фреквенцијата на употреба, департманизација, дефиниција на координирањето, суштина на координирањето, методи на координирање, карактерот на мотивацијата, фактори кои влијаат на мотивацијата, што е контрола?, процес на контролирање, дефинирање на малиот бизнис, неуспеси на малите претпријатија, дефинирање на претприемништво и претприемач, карактеристики на претприемачите, дефиниција на корпоративното управување, принципи на ОЕЦД за корпоративното управување, номинирање членови во одборот, наградување на членовите на одборот, комитети на одборот, двојна улога на главниот извршен директор, награда на членовите на одборот и членување во повеќе одбори.

**Изоставени содржини.**Во новото издание на учебникот се изоставени следниве наслови: корист од целите, како го овозможуваат целите извршувањето, класификација на деловната политика, Porter-Lawler-ов модел на очекување, Smith-Cranny модел на очекување, концепции на општествената одговорност, општествена одговорност спрема стеикхолдерите, типологија на стеикхолдерите, општествена одговорност наспроти општествена реакција, аргументи за и против општествената одговорност, процес на претприемништво, теорија за претприемништво, жените- претприемачи денес, теории за корпоративно управување, водич на ОЕЦД за корпоративното управување, редизајнирање на одборот на директори, одбори на партнерство, одбори на ризико-капитал, улоги на директорите во одборот, улоги на претседателот на одборот на директори, корпоративното управување и менаџментот, одборот на директори и

планирањето, критики и реформа во одборот на директори, одбор на директори во групи компании, одбор на директори на странски филијали, систем на оценување на одборот, техники за оценување на одборот, формално оценување на ефективноста на одборот, оценување на ефективноста на одборот, оценување на личната ефективност на директорите, унапредување на ефективноста на одборот, ефикасност на состаноците на одборот, културата во одборот, менаџмент-сукцесија на главниот извршен директор и одборот и менаџмент-сукцесијата.

Заслужува да се истакне фактот дека трудот и натаму ги задржува поранешните карактеристики. Со континуирани иновирања тој се потврдува како сеопфатен и добро систематизиран учебник, кој придонесува да им се олесни на студентите совладувањето на предметната проблематика. Трудот е широко прифатен и од лица во стопанството, особено од оние чија животна преокупација е менаџментот. Публикувањето на овој труд ќе претставува значаен придонес во збогатувањето на бизнис-литературата од областа на менаџментот, како и унапредување на бизнис-практиката поврзана со менаџментот во претпријатијата.

За унапредување на процесот на учење и подготвување на литературата од страна на студентот вклучени се неколку дополнителни карактеристики кои претставуваат педагошка помош за студентите во разбирањето и примената на презентираниот концепт, а тие се:

***Целите на учењето,*** кои го фокусираат вниманието при читањето и служат како сеопфатна проверка на совладаното и мерка на способноста да се одговори на поставените прашања. Јасното остварување на целите на учењето е дадено на почетокот на секоја глава. Во секоја глава, студентот треба да дефинира, да опише, да дискутира, да спореди, да наведе и да идентификува соодветни аспекти од проблематиката на менаџментот.

***Клучните термини.*** Кога студентот за прв пат ќе стане близок со некое ново подрачје, совладувањето на терминологијата претставува совладување на половината од патот до успехот. За таа цел, секоја глава завршува со клучни термини, кои во текстот се подвлечени со болд, кога за прв пат се дефинираат, а се извлечени и на маргините на трудот. Со тоа е направена поголема транспарентност во совладувањето на
материјата.

Во трудот се презентирани бројни ***илустрации, слики и табели*** кои ја поврзуваат теоријата и практиката на менаџментот. Овие илустрации се преземени од вистински случаи објавени во списанија или книги, од истражувачки студии или од личното искуство на авторот. Со нив се зголемува транспарентноста на текстот и

заклучоците кои произлегуваат од практичните истражувања.

Во списокот ва ***користена литература*** се опфатени најзначајните трудови од областа на менаџментот. Сите наслови од консултираната литература, вкупно 238 библиографски единици, се од странски автори. Користената литература е современа и релевантна и главно од понов датум, се разбира, со исклучок на трудовите кои претставуваат особен придонес и еден вид класика во областа на менаџментот.

Новина во однос на претходното издание претставува ***студирањето преку примери.*** На крајот на секоја глава се презентирани примери од светски познати компании, за да се илустрира како новите сознанија за менаџментот се применуваат во секојдневното работење. Меѓународните примери на студентите треба да им овозможат да ги развијат сопствените способности, да разберат како одделните аспекти на менаџментот се применуваат во реалниот свет и како тие самите можат да го применуваат сопственото знаење во конкретни случаи.

Трудот е ***технички*** опремен на високо рамниште, а текстот во учебникот е прикажан сликовито и живописно, со илустрации во боја, кои се важни аспекти на визуелната презентација на одделни прашања од менаџментот. Исто така, трудот содржи и индекс на автори, индекс на предмети, како и речник на термини.

Учебникот „Менаџмент", седмо издание, е пишуван според предметната програма по предметот основи на менаџментот, прифатена од страна на Наставно - научниот совет на Економскиот факултет во Скопје. Стилот на пишување се карактеризира со јасно формулирани реченици кои ја одразуваат суштината на елаборираното прашање.

### III. Предлог

Поаѓајќи од презентираната содржина и оцена на трудот ***„Менаџмент"***, седмо издание, од проф. д-р Бобек Шуклев, потврдените квалитети на учебникот од претходните изданија, како и неговото збогатување со нови и преработени содржини, со задоволство му предлагам на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, да го одобри овој ракопис за користење од страна на студентите како учебник (14). Учебникот ***„Менаџмент"***, седмо издание, е прв во Република Македонија и не постои друг или сличен универзитетски учебник од оваа област (според содржина, квалитет и дизајн) со што се аргументира оправданоста за објавување на трудот (15). Истовремено го препорачувам за печатење.

Скопје, 1. VI 2011

Рецензент
Проф. д-р Љубомир Дракулевски,с.р.

# РЕФЕРАТ

## ЗА ПОДОБНОСТ НА ТЕМАТА ЗА ИЗРАБОТКА НА ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА И ОСПОСОБЕНОСТ НА КАНДИДАТОТ М-Р ТАШКО РИЗОВ ЗА НАУЧНА РАБОТА

Со одлука на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, со бр.02-788/2 од 1.4.2011 година, определена е Комисија во состав:

1. проф. д-р Ристо Ташевски, Машински факултет – Скопје
2. проф. д-р Татјана Кандикјан, Машински факултет – Скопје
3. вонр. проф. д-р Софија Сидоренко, Машински факултет – Скопје,

со задача да ги прегледа пријавата и доставените материјали од м-р Ташко Ризов и да даде оцена за оспособеноста на кандидатот за научна работа и подобност на темата за докторска дисертација со наслов:

## ГЕОМЕТРИСКО ПРЕТСТАВУВАЊЕ НА ОБЈЕКТИ ВО ИНТЕРАКТИВНА АУГМЕНТНА РЕАЛНОСТ

По прегледот на пријавата и доставените материјали, врз основа на членовите 63 и 174 од Законот за високото образование и член 48 од Правилникот за единствените основи за организирање на постдипломски и докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" Скопје, Комисијата го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

## I. КРАТКА БИОГРАФИЈА

Кандидатот Ташко Ризов е роден на 5.3.1983 год. во Скопје. По завршеното основно образование со одличен успех се запишал во гиманизијата „Јосип Броз - Тито" во Скопје. Средното образование го завршил со одличен успех во 2001 година. Во мај 2006 година ги завршил додипломските студии на насоката индустриско инженерство на Машинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје

со просечна оценка 9,00. За време на овие студии, Ташко Ризов се здобива со Пофалница за постигнат висок просек (9,88) во четврта година од студиите и Пофалница за постигнат висок просек (9,14) во трета година од студиите на Машинскиот факултет. Ташко Ризов зборува одлично англиски јазик, а добро се служи и со францускиот јазик. Во учебната 2006/07 Ташко Ризов се запишал на постдипломските студии на Машинскиот факултет во Скопје, на насоката производно машинство. Испитите ги положил во предвидениот рок со просечна оценка 10. На 22.1.2010 год. успешно ја одбранил магистерската работа на тема „Анализа на факторите кои ги определуваат организациските перформанси долж логистичкиот синџир".

Ташко Ризов од јули 2008 год. е вработен на Машинскиот факултет во Скопје, при Институтот за машински конструкции, механизациони машини и возила, како помлад асистент. Покрај ангажманот со вежби на предметите кои ги покрива Институтот за машински конструкции, механизациони машини и возила, Ташко Ризов активно е вклучен во научноистражувачката и апликативната дејност како на Институтот, така и на Факултетот.

Како вработен на Институтот за машински конструкции, механизациони машини и возила при Машинскиот факултет во Скопје, Ташко Ризов активно учествува во реализацијата на меѓународните проекти, меѓу кои се вбројуваат TEMPUS- JEP-проектот JEP-19017-2004: „Numerical Simulation Program in Mechanical Engineering", TEMPUS- JEP проектот JEP-41128-2006: „Development of Master's studies in industrial design and marketing" и проектот „Trasnbonus" во рамките на 7th Framework Programme for Research and Technological Development (FP7).

## II. ПРЕДЛОГ-ТЕМА ЗА ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА

## II.1. ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Една од основните цели на човекот е реално претставување на објектите од неговата околина. Потребата од реално претставување не се однесува само на постојните објекти туку и на замислените или објектите кои се во фаза на развивање и подготовка и постои голема потреба од нивна визуелизација. Грешките во овој процес или неуспешноста во доловувањето на реалноста на објектите честопати може да биде клучна точка во донесувањето на одлуки.

Денес, постојат повеќе начини и технички решенија за задоволување на оваа потреба на човекот. Начините на визуелизација на замислените објекти започнуваат со сликовито претставување на рамнински слики на цртеж, преку компјутерска визуелизација на рамнински слики и 3Д-објекти на рамнински дисплеј до целосно имитирање на реалниот приказ на замислените објекти со помош на виртуелна реалност. Секој од овие начини има свои предности и недостатоци. Скицирањето и изработката на технички цртежи е најевтин, но прилично ограничен во своите можности и

многу лош во реалното доловување на објектите. Компјутерската графика, а особено можноста за 3Д-цртање и прикажување на објектите во голема мера ги надминува недостатоците на претходно опишаниот начин. Сепак, нивното прикажување е ограничено со уредот на кој се прикажуваат оставајќи го последниот чекор од целосната визуелизација на просторот да ја направи корисникот самостојно во својот мозок. Овој недостаток целосно се надминува со виртуелната реалност. Со овој начин корисникот има целосна перцепција за просторот и потполна визуелизација на објектите во него. Клучниот недостаток на овој начин е неговата висока цена на чинење. И по 45 години од првите примени на овој начин, тој сепак ја задржува својата висока цена на чинење. Тоа генерално се должи на изоставеноста од негова масовна употреба, која пак од друга страна се должи на потребата од целосно пресликување на реалноста во компјутерска средина што изискува многу време. Употребата на **аугментната реалност** го надминува овој недостаток со тоа што нема потреба да се прави симулација на реалноста. Во аугментната реалност остануваат да важат природните закони, гравитацијата, времето и сл.

**Аугментната реалност (АР)** претставува регистрирање на компјутерски генерирани објекти претставени врз вистинскиот поглед на корисникот на физичкиот свет. Со овие дополнителни објекти кои му се прикажуваат на корисникот, физичкиот свет може да биде збогатен или аугментиран надминувајќи го вообичаеното искуство на корисникот. Терминот потекнува од латинскиот глагол *augment* и глаголската именка *augmentatio* што значи „зголемува". Оваа технологија се базира на принципот на збогатување на моментната перцепција на корисникот за реалноста, што е комплетно спротивно од виртуелната реалност која врши комплетна замена на реалниот свет со симулиран свет.

Геометриското претставување на виртуелни објекти е во основата на функционирањето на аугментната реалност. Секако дека АР претставува сложен „систем-од-системи" (СоС) во кој се испреплетуваат функциите на геометриското претставување, компјутерското моделирање, компјутерската графика, компјутерското програмирање, автоматското препознавање на слики и фотографии и уште многу други техники и технологии. Во рамките на оваа дисертација сите тие ќе бидат претставени до онаа длабочина потребна да се разбере аугментната реалност како технологија и начинот на нејзиното функционирање. Меѓутоа, основната цел на овој труд ќе биде да ја проучи техниката на геометриско претставување на 3Д-објекти. За таа цел ќе бидат објаснети и анализирани методите на 3Д-проектирање. Овие методи служат за да се изврши мапирање на тродимензионални точки на дводимензионална рамнина. Употребата на овој тип проектирање е нашироко распространета, бидејќи најголемиот број на методи за прикажување на графички податоци се базираат на рамнински

дводимензионални медиуми. При тоа, ќе бидат претставени и анализирани паралелното проектирање, ортогоналното проектирање, перспективното проектирање и стереометриското проектирање. При нивното анализирање фокусот ќе биде ставен на резултатите од нивната примена во аугментната реалност.

## II.2. ЦЕЛИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Цел на оваа дисертација е да се изврши геометриско претставување на објекти во аугментна реалност, односно геометриски креираните објекти софтверски да се вметнат во реална околина и на корисникот да му овозможат презентација на така збогатената околина. Преку изведување на експеримент за споредување на методите на геометриско претставување ќе биде извршена компаративна анализа на квалитетот и реалноста на приказот на виртуелни објекти во реална околина. Целта на оваа анализа е да се идентификува методот кој резултира со најмали грешки во приказот на објектите во аугментната реалност. Резултатите од истражувањето ќе бидат вреднувани преку практична примена на оваа технологија во неколку области (машинство, индустриски дизајн, образование).

## II.3. МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Истражувањето кое ќе биде сработено во рамките на оваа докторска дисертација ќе се одвива според следната методологија:

- Пребарување, анализа и споредба на релевантна литература

Во рамките на оваа фаза од истражувањето ќе биде специфициран проблемот кој ќе се истражува врз база на податоците добиени од анализата на литературата. Исто така, во оваа фаза ќе биде извршен и целосен дизајн на планот и текот на активностите во рамките на истражувањето. Овие чекори ќе помогнат во успешна идентификација на потребните податоци за успешно спроведување на истражувањето.

- Спроведување на истражувањето

Во рамките на оваа фаза, врз база на податоците и знаењата кои ќе бидат стекнати во претходната фаза, ќе биде спроведено истражувањето. Целта на истражувањето е операционализација на дефинираните задачи на истражувањето за да се докаже или отфрли поставената главна хипотеза. Во истражувањето за докторската дисертација ќе бидат користени и класичните нацртно- геометриски и математички методи:

- ортогонално проектирање;
- перспективно проектирање;
- стереометриско проектирање.

– Верификација на истражувањето и изградба на модел за практична примена

Во рамките на оваа фаза ќе биде извршена верификација на резултатите добиени со спроведување на истражувањето. Исто така, во рамките на оваа фаза ќе бидат изградени модели за практична примена на геометриското претставување на објекти во аугментна реалност.

– Заклучни анализи и согледувања, постигнати резултати и препораки за идни чекори

Во рамките на оваа фаза ќе бидат презентирани заклучоците од спроведеното истражуваање како и препораки за идни чекори.

## II.4. ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ

Аугментната реалност е значајна технологија која е во забрзан развој. Нејзината примена се зголемува секојдневно и начините на употреба се развиваат паралелно со развојот на технологијата. Дополнителните подобрувања во аугментната реалност ќе придонесат за нејзино побрзо прифаќање од корисниците и за зголемување на начините на нејзините примени. Во рамките на оваа дисертација ќе се истражуваат методите на геометриско претставување на објекти во АР. Очекуваниот резултат е да биде идентификуван метод кој ќе обезбеди најдобри резултати и најреален приказ на претставените виртуелни објекти.

Деталната елаборација за тоа како да се постигне тоа, заедно со чекорите на имплементација и модификација на технологијата во практичен модел, ќе овозможи солидно разбирање и спроведување на оваа технологија во практиката.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Комисијата до Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје го дава следниов

## ПРЕДЛОГ

1. Комисијата е со мислење дека кандидатот м-р Ташко Ризов, дипл.маш.инж., врз основа на досегашниот степен на образование, научно-истражувачката и стручна активност располага со потребните квалитети за изработка на предложената тема за докторска дисертација за стекнување на научен степен доктор на технички науки.

2. Врз основа на образложението на пријавената тема, обемот на истражувањето, методологијата на истражувањето, целите, научните тези и очекуваните резултати, Комисијата смета дека предложената тема за изработка на докторска дисертација треба да биде со наслов:

**ГЕОМЕТРИСКО ПРЕТСТАВУВАЊЕ НА ОБЈЕКТИ ВО ИНТЕРАКТИВНА АУГМЕНТНА РЕАЛНОСТ,**

ќе претставува актуелно и современо истражување во доменот на инженерската графика и е подобна за изработка на докторска дисертација.

3. За ментор на предложената докторска дисертација се предлага проф. д-р Ристо Ташевски од Машинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

КОМИСИЈА

1. Проф. д-р Ристо Ташевски,
Машински факултет, УКИМ – Скопје с.р.

2. Проф. д-р Татјана Кандикјан,
Машински факултет, УКИМ – Скопје с.р.

3. Вонр. проф. д-р Софија Сидоренко,
Машински факултет, УКИМ – Скопје с.р.

Скопје, 23.5.2011

**РЕФЕРАТ**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ОД ОБЛАСТА НА ОРАЛНАТА ХИРУРГИЈА НА СТОМАТОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ**

На својата 15. редовна седница одржана на 11.5.2011, а по предлог на Кадровскиот одбор, Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје донесе одлука бр.04-347-351-352-376 за формирање Рецензентска комисија по конкурсот за избор на еден наставник во наставно-научни звања од областа на оралната хирургија, во состав: проф.д-р Борис Величковски, проф. д.р Александар Грчев, проф. д-р Алберто Бенедети, проф. д-р Марија Накова и проф. д-р Марија Зужелова. На конкурсот за избор во наставно-научни и соработнички звања објавен во весникот "Вечер" од 5.4.2011 година се јавија: ас. д-р Марина Кацарска, насл. доц. Оливер Димитровски, ас. д-р Марија Пеева Петреска и ас. д-р Љуба Симјановска.
По разгледувањето на приложената документација, Комисијата го донесе следниов

**ИЗВЕШТАЈ**

1. **Д-р Марина Кацарска,** вработена на Катедрата за орална хирургија при Стоматолошкиот факултет во Скопје, е родена во Скопје на 15.9.1965 година.

**Универзитетско образование:**
Доктор-стоматолог: Универзитет "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, во учебната 1988/89 година.
**Магистер на стоматолошки науки од областа на оралната хирургија:** Универзитет „Св.Кирил и Методиј" во Скопје, Стоматолошки факултет Скопје, со магистерскиот труд под наслов: „Морфолошка диспозиција на апикалните варијации на каналниот систем кај хуманите максиларни премолари, ендодонтско-орално хируршки теraписки проблем", во 2003 година.
**Доктор на стоматолошки науки:** Универзитет "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Стоматолошки факултет Скопје, со докторската дисертација под наслов: "Валоризација на клиничко - тераписките атрибути на ултрасоничната наспроти класичната ретро - препарација", во 2009 година.
**Работно искуство:** Прво вработување реализирала на Клиниката за орална хирургија при ООЗТ Стоматолошки клиники во Скопје. во 1991 година. Во 1997 година се здобила со звањето специјалист по орална хирургија. Во звањето помлад асистент на Катедрата за орална хирургија при Стоматолошкиот факултет во Скопје била избрана во 1993 година, а реизбрана била во 1996 и 1999 година. Во 2004 година била избрана за асистент на истата Катедра. Во 2007 и во 2011 година била реизбрана во истото звање.

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Активно била вклучена во изведувањето на наставно-образовниот процес на Катедрата за орална хирургија, со учество, организација и креирање на презентации за вежбите по орална хирургија, како и реализација на практичниот дел од испитот. Учествувала во составување и избор на испитни прашања за компјутерскиот тест, согласно со програмата за ЕКТС. Освен изведување на практичната настава на Катедрата во периодот 1993-2010, таа била и ментор на осум студентски теми од областа на оралната хирургија, како и ментор на спезијализанти од истоимената област.

## СТРУЧНО-НАУЧНА ДЕЛНОСТ

На Катедрата за орална хирургија на која била избрана за асистент, своите стручни и научни усовршувања ги насочила кон хируршкото решавање на периапикалните лезии. Својот интерес посебно го фокусирала кон хируршко ендодонтските процедури.

**Студиски престој:**

- 1-30. 6. 2005 година, Стоматолошки факултет во Женева. Швајцарија, на Клиниката за орална хирургија, под менторство на Prof. d-r. Jacky Samson и Prof. d-r Jean Paul Bertrand;
- јуни 2008 година, Stanberg, Germanija . Ankylos multyindicative tranning.

Со усмени презентации учествувала на бројни конгреси во земјата и надвор од неа, а посетувала и бројни семинари и симпозиуми и стручни тематски врзани работилници (Фотона- ласер употреба, Анкилос курс).

Учествувала на семинари на континуирана едукација со презентации:

Антибиотска профилакса-кога и како? март 2011 година, Стоматолошки факултет

Го изработила поглавјето за атипични екстракции од учебникот кој е во подготовка.

Добитник е на следниве награди: во 1999 година, Пофалница по повод 40 години од постоењето на Стоматолошкиот факултет; 2000 година Благодарница од Македонското лекарско друштво; 2001 година Диплома од Македонското лекарско друштво; 2002 година Благодарница од Конгресниот одбор на III конгрес на стоматолозите на Македонија; 2009 година, Благодарница по повод 50 годишниот јубилеј од постоењето на Стоматолошкиот факултет.

Резултатите поврзани со наставната и научно-истражувачката дејност, како и другите нејзини активности се објавени во билтените бр. 590 од 1993 година, 671 од 1996 година, 914 од 2007 година, 953 од 2008 година.

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

По завршувањето на соодветната едукација во Швајцарија, на која се надоврзала и изработената докторска дисертација, таа започнува со примена на современата хируршка метода на ултрасонична ретрорпепарација која како нова тераписка можност успешно ги санира и деликатните хируршки случаи, кои инаку би имале несигурна, лоша прогноза. Во 2007 година била назначена за раководител на Одделот за инфективни заболувања при Стоматолошкиот клинички центар.

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

Со усни презентации активно учествувала на Bass конгресите одржани во 2000 и 2004 година, на Првиот конгрес за максилофацијална хирургија во 2006 година,како и на III конгрес на стоматолозите на Македонија во 2002 година.

Нејзиниот публицистички опус опфаќа 32 статии. За тековниот конкурс приложува:

*1.Кацарска М,* Стефановски Ј : The Authentic "V" flap for surgical endodontic treatment of periapical chronic diseases. Трудот е во фаза на публикување во Acta Croatica Stomatologica.

Во овој труд авторите го презентираат и го евалуираат автентичниот „V" флап за хируршки третман на локализирани периапикални лезии. Студијата вклучува 55 пациенти кои биле упатени на Клиниката за орална хирургија при СКЦ за хируршко-ендодонтски третман на максиларни заби со периапикални заболувања. Добиените автентични резултати ги потврдија атрибутите на овој рез: лесна изведливост, атрауматска ретракција, обилно крвоснабдување, едноставно сутурирање и заздравување без дехисценција. Трудот има научно-стручно значење.

**АНЕКС 2**

**ОБРАЗЕЦ**

**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат:** **Кацарска Југослав Марина**
(име, татково име и презиме)

**Институција:** **Стоматолошки факултет - Скопје**
(назив на факултетот/институтот)

**Научна област:** **орална хирургија**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | Вежби I циклус студии: орална хирургија-клиника 2гр.(1+3) 1992/93;1994/95;1996/97;1998/99;2000/01; 2002/03, VIII семестар (3 часа) (0.03x15 x3 x2 x11) | 29,7 |
| | Вежби I циклус студии: орална хирургија-претклиника 2гр (2+3) 1994/95;1996/97;1998/99;2000/01;2002/03(0.03x15 x3 x2 x11) | 29,7 |
| | Вежби I циклус студии: орална хирургија-клиника 2гр (0+3) IX | 29,7 |

| | | |
|---|---|---|
| | семестер (3 часа) 1993/94; 1995/96;1997/98; 1999/00; 2001/02, 2002/03 | |
| | Вежби I циклус студии: 2003/04 - 2010/11 ОМФХ I 2(1+3) | 21.6 |
| | Вежби I циклус студии: 2003/04 - 2010/11 ОМФХII 2(3+4) | 28,8 |
| | Настава I циклус студии - ОМФХ II 2010/11 (3+4) до 30% | 0.5 |
| | Настава I циклус студии - виши сестри 2003/04; 2004/05; 2005/06 орална хирургија (2+2) до 30% | 1.4 |
| | Настава I циклус студии - виши сестри 2005/06, орална хирургија (1+4) до 30% | 0.1 |
| | Настава I циклус студии - виши сестри 2006/07, орална хирургија и стерилизација на инструменти (3+4) до 30% | 0.6 |
| | Вежби I циклус студии - виши сестри 2003/04; 2005/06, орална хирургија 2(2+2) | 1.8 |
| | Вежби I циклус студии - виши сестри 2003/04; орална хирургија (2+2) | 0.9 |
| | Вежби I циклус студии - виши сестри 2005/06, орална хирургија (1+4) | 1.8 |
| | Вежби I циклус студии - виши сестри 2006/07, орална хирургија (0+4) | 1.8 |
| | Вежби I циклус студии - виши сестри 2006/07, орална хирургија и стерилизација на инструменти (3+4) | 1.8 |
| | Пакет материјали за одреден предмет: Орална и максилофацијална хирургија, Анестезиологија со реанимација | 2,0 |
| | Пакет материјали за одреден предмет: Компјутерски модел на испитни прашања за студентите на Стоматолошкиот факултет во Скопје по предметот орална хиругија | 2,0 |
| | Консултации со студенти по сите предмети | 5,0 |
| | Научнопопуларна статија во стручно-методско списание: М.Кацарска. Бременост и лактација: современ орално-хируршки менаџмент, Македонски стоматолошки весник, 2007 (3); 45-48. | 1.0 |
| | **Вкупно** | **160,2** |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЛНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | **Одбранета докторска теза**: Валоризација на клиничко - тераписките атрибути на ултрасоничната наспроти класичната ретро-препарација, Скопје, 2009 година, а рецензиран во Билтен бр. 953 од 2008 година | 8 |
| | **Одбранета магистерска работа**: Морфолошка диспозиција на апикалните варијации на каналниот систем кај хуманите максиларни премолари, ендодонтско-орално хируршки проблем, Скопје, 2003 | 4 |
| | **Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во научно/стручно списание**: *Кацарска М*; Стефановски Ј. Апликативни аспекти на ултрасоничната ретропрепарација; Макед. стоматол. прегл: 2006; 30 (2); 209-213. | 3.6 |
| | **Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир:**Поповска М. *Кацарска М*, Симјановска Љ. Ласерски третман на протетски индуцирана фиброзна хиперплазија, V конгрес на | 1.6 |

| | | |
|---|---|---|
| | стоматолози на Македонија. Охрид, септември 2009 година. | |
| | **Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународно учество:** *Кацарска М*; Стефановски Ј; Величковски Б; Димитровски О; Пеева М. Lengthening of the clinical crowns-surgical approach, 9th BaSS Congress, усна презентација, Охрид 13-16.5.2004 година. | 2.8 |
| | **Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор**: Кацарска М; Поповска М; Николовски М: The apical disposition of isthmus in maxillary premolars: A surgical endodontic problem. BJS, volume 11, No 2, June 2007, page 111-115. | 6.0 |
| | **Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународно учество**: Величковски Б; *Кацарска М*; Димитровски О. Use of computerized tomography in determination of the position of impacted maxillary canine, First Macedonian Congress on Maxillofacial and Neck Surgery, со меѓународно учество, Охрид, Мај, 25-27.05.2006; apstrat book -9. Трудот е рецензиран во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј " во Скопје бр. 914 од 1.III 2007 година. | 3,4 |
| | **Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународно учество**: Поповска-Ѓоровска М; *Кацарска М;* Симјановска Љ, Спировски В. Epullis gigantocellularis - a case report, First Congress of Maxillofacial, Head and Neck Surgery, со меѓународно учество, Охрид, Мај, 2006; apstract book, p-19. Трудот е рецензиран во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј " во Скопје бр. 914 од 1.III 2007 година. | 1.8 |
| | **Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународно учество**: Димитровски О; Величковски Б; *Кацарска М*; Спиров В: Surgical approach to a massive osteoma in the region of thorus mandibulae: Case report, First Congress of Maxillofacial and Neck Surgery, Охрид, Мај, 2006; apstract book, p-28. Трудот е рецензиран во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј "во Скопје бр. 914 од 1.III 2007 година. | 1.8 |
| | **Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународно учество**: Пеева М; Јаневска В; Писевска Н; Герасимова С; Симјановска Љ; *Кацарска М.* Histomorphometric evaluation of human bone defects treated with graft material-pilot study, 9th Bass Congress, Охрид, 13-16.V.2004; зборник стр.55. Трудот е рецензиран во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје бр. 914 од 1.III 2007 година. | 1.8 |
| | **Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународно учество:** Величковски Б. Поповски Ј; *Кацарска М;* Димитровски О: Oral surgery interventions on patients suffering Cleidocranial dysplasia-a case report, 9th Bass Congress, Ohrid, 13-16.V.2004; abstract book p.74. Трудот е рецензиран во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје бр. 914 од 1.III 2007 година. | 1.8 |
| | **Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународно учество** | 1.8 |

| | | |
|---|---|---|
| | **учество:** Димитровски О; Величковски Б; *Кацарска М*; Спиров В. Surgical approach to massive fibromatous epullis- a case report, 9th Bass Congress, Ohrid, 13-16.V.2004; abstract book p.60. Трудот е рецензиран во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје бр. 914 од 1.III 2007 година. | |
| | **Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународно учество:** Поповска М; *Кацарска М*; Менчева З; Спиров В. Flap design in relation with the type of Chronic Periapical Lessions, 10th Bass Congress, Belgrade V.2005; abstract book p.59. Трудот е рецензиран во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје бр. 914 од 1.III 2007 година. | 1.8 |
| | **Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународно учество:** Димитровски О; Величковски Б; Поповска М; Кацарска М. Blast reactivity changes among chronic periodontitis patients, 10th Bass Congress, Belgrade V.2005; abstract book p.59. Трудот е рецензиран во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје бр. 914 од 1.III 2007 година. | 1.8 |
| | **Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународно учество:** *Кацарска М;* Величковски Б, Димитровски О, Поповска М. The apical disposition of Isthmus in human maxillary premolars: A surgical-endodontic problem, First Macedonian Congress on Maxillofacial and Neck Surgery, усмена презентација, Охрид, Мај, 2006; apstract book, p-8. Трудот е рецензиран во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје бр. 914 од 1.III 2007 година. | 2.8 |
| | **Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир**: *Кацарска М*, Величковски Б, Поповска М. Импактиран ектопично поставен максиларен централен инцизив, IV конгрес на стоматолозите на Македонија со интернационална партиципација, зборник на апстракти, стр. 47. | 1,6 |
| | **Труд со оригинални научно/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународно учество**: *Кацарска М*; Стефановски Ј; Николовски М: The pathologic verification of the cellular cementum alterations in human teeth, with both chronic and chronic-exacerbating periapical processes, усмена презентација, V-от Конгрес на Балканското стоматолошко здружение, Солун од 13-16.4.2000; зборник на апстракти, стр.76. | 3.4 |
| | **Труд со оригинални научно/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир**: *Кацарска М*; Стефановски Ј; Величковски Б; Поповска М; Димитровски О. Интраосеалната дентална имплантација низ призмата на реалната сегашност и виртуелната иднина, усмена презентација III конгрес на стоматолозите на Македонија; Охрид, 2002 г. зборник на апстракти, стр.104. | 2,2 |
| | **Труд со оригинални научно/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународно учество:** Величковски Б; Димитровски О; Кацарска М; Поповски Ј. Марсупиелизацијата како тераписка опција во третманот на фоликуларните дентогени цисти. III конгрес на стоматолозите на Македонија, Охрид, 2002година ; зборник на | 1.2 |

| | | |
|---|---|---|
| | апстракти стр 112. | |
| | **Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир**:Оцакливеа С; Баланчевска Е; Ефтимовска М; Алексова П; Кацарска М. Антимикробен ефект на МТА (pro root): компаративна студија, III конгрес на стоматолозите на Македонија, Охрид 2002г; зборник на апстракти стр 151. | 1.2 |
| | **Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир** : Ципунова Б; Кануркова Л; Тошеска-Спасовска Н; Мишеска Ц; Кацарска М: Комбиниран ортодонтско-хируршки пристап во третманот на малоклузиите, III конгрес на стоматолозите на Македонија, Охрид, 2002 г.; зборник на апстракти стр.157 | 1.2 |
| | **Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир** : Димитровски О; Јосифов Д; Величковски Б; Кацарска М. Орално-хируршки третман на ектопично поставен мандибуларен канин -приказ на случај, III конгрес на стоматолозите на Македонија, Охрид, 2002 година; зборник на апстракти, стр. 202. | 1.2 |
| | **Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир** : Поповска М; Кацарска М; Герасимова С. Импактиран мандибуларен прв молар-приказ на случај, III конгрес на стоматолозите на Македонија, Охрид, 2002 г; зборник на апстракти, стр.175 | 1.6 |
| | Труд со оригинални **научни/стручни резултати, објавен во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор:** Ципунова Б; Кацарска М; Ѓорѓова Ј; Стефановски Ј: Хируршко ортодонтски третман импактираних канина код sclerodermio circumscripta - prikaz slucaja, Bilt.UOJ ID XXXIII 1(2000);41-46. Трудот е рецензиран во Билтенот на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј", Скопје бр.763 од 2000 год. | 2,8 |
| | **Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во научено/стручно списание:**Стефановска М ; Чортановски Љ; Стефановски Ј; Царчев П; Величковски Б.Ревалоризација на индикациите за егзодонција кај пациенти упатени на клиниката за орална хирургија; МСП 17(2):83-7, 1993. Трудот е рецензиран во Универзитетскиот билтен бр. 590 од 12.II 1993 година. | 2.4 |
| | **Труд со оригинални научно/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир :**Чортановски Љ; Стефановски Ј; Царчев П; Величковски Б, Стефановска М. Клиничко-рентгенолошка и оперативна верификација на фреквенцијата на локализацијата на dentes accessoria и dentes supernumerarhia, Собир на стоматолозите на Македонија, Струга, 1992 година, зборник на апстракти стр 55. Трудот е рецензиран во Универзитетскиот билтен бр. 590 од 12.II 1993 година. | 1.2 |
| | **Труд со оригинални научно/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир :**Величковски Б, Царчев П, Чортановски Љ, Миљковиќ Д, Стефановска М: Процснка на тераписката вредност на постекстракционата дренажа при различни фази на АОИ. Собир на стоматолозите на Македонија, Струга, 1992 година Трудот е рецензиран во Универзитетскиот Билтен бр. 590 од | 1.2 |

| | | |
|---|---|---|
| | 12.II.1993 година. | |
| | **Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир:** Чолаков Х, Стефановски Ј, Царчев П, Величковски Б, Чортановски Љ, Стефановски М. Орално хируршки интервенции во геријатријата, Собир на стоматолозите на Македонија, Струга, 1992. Трудот е рецензиран во Универзитетскиот билтен бр. 590 од 12.II.1993 година. | 1.2 |
| | **Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир:** Кацарска М, Стефановски Ј, Царчев П, Величковски Б. Dentes sapientes et supernumerrarhia bilaterales impacti naxillae, усмена презентација на I-от конгрес на стоматолозите на Македонија, Охрид, 1994. Рецензиран е во Билтенот на Универзитетот „ Св. Кирил и Методиј " бр. 671 од 12.11.1996 година | 2.2 |
| | **Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир:** Стефановски Ј; Кацарска М; Стефановски С. Периапикалните патози на повеќе коренските заби на горновиличната коска како ендодонтско-орално хируршки предизвик, II-от Конгрес на стоматолозите на Македонија, Охрид, 1998 г, зборник на апстракти, стр.167. | 1.6 |
| | **Пленарно предавање на стручно-научен собир:** Постедукативен семинар: Одонтогени инфекции во орофацијалната регија, март 2011. | 2 |
| | **Пленарно предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество:** Бременост и лактација: современ орално-хируршки менаџмент, МСД, Стоматолошка комора, декември 2006. | 3 |
| | **Вкупно** | **76,0** |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| | **Студиски престој до 3 месеци:** 1-30.6. 2005 год - Стоматолошки факултет, Клиника за орална хирургија во Женева, Швајцарија.<br>Јуни 2008 година, Штанберг, Германија , Ankylos multyindicative tranning | 1 |
| | Воведување нова лабораториска/клиничка метода: хируршко-ендодонтска оперативна метода на ултрасонична ретро-операција | 4 |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| | **Раководител на внатрешна организациона единица:** Раководител на Инфективниот оддел при ЈЗУ Универзитетски стоматолошки клинички центар (2007-2009) | 3 |
| | Благодарница, 1999 г; од Стоматолошкиот факултет по повод 40-годишниот јубилеј од неговото постоење | 3 |
| | Благодарница, 2000 г: од Македонско лекарско друштво | 3 |
| | Благодарница, 2002 г; од Конгресниот одбор на III конгрес на стоматолозите на Македонија за реализација на програмата | 3 |
| | Диплома, 2001 г; од Македонското лекарско друштво | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| | Благодарница, 2009 г; од Стоматолошкиот факултет по повод 50-годишниот јубилеј од неговото постоење | 3 |
| | **Вкупно** | **23** |
| | | |

| | |
|---|---|
| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **160,2** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **76,0** |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **23,0** |
| **Вкупно** | **259,2** |
| | |

**2. Д-р Оливер Димитровски,** вработен на Катедрата за орална хирургија при Стоматолошкиот факултет во Скопје, е роден во Скопје на 28 август 1969 год.

**Универзитетско образование:**

- Доктор-стоматолог: Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, во учебната 1991/ 1992 година, со среден успех 8,8.
- **Магистер на стоматолошки науки од областа на оралната хирургија:** Универзитет „Св.Кирил и Методијее во Скопје, Стоматолошки факултет - Скопје, со магистерскиот труд под наслов: "Имунолошки промени кај пациенти со хронични пародонтити" во 2003 година.

**Доктор на стоматолошки науки:** Универзитет "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Стоматолошки факултет - Скопје, со докторската дисертација под наслов: "Клинички, микробиолошки, патохистолошки и рендгенолошки аспекти на инфламаторните цисти" во 2007 година.

- **Работно искуство:** Прво вработување реализирал на Клиниката за орална хирургија при ООЗТ Стоматолошки клиники во Скопје, во 1992 година. Во 1998 година се здобил со звањето специјалист по орална хирургија. Во звањето помлад асистент на Катедрата за орална хирургија при Стоматолошкиот факултет во Скопје бил избран во 1996 година, а реизбран бил во 1999 година. Во 2003 година бил избран за асистент на истата Катедра а во 2005 година реизбран во истото звање. Во 2008 бил избран во звањето насловен доцент на Катедрата за орална хирургија при Стоматолошкиот факултет во Скопје.

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

Од 1996 до 2010 година активно бил вклучен во изведувањето на наставно-образовниот процес на Катедрата за орална хирургија со учество, организација и креирање на презентации за вежбите по орална хирургија, како и реализација на практичниот дел од испитот. Од 2003 година зема учество во составување и избор на испитни прашања за компјутерскиот тест по предметот орална хирургија.

Од 2006 до 2010 година, вклучен е во теоретската настава по предметот анестезиологија со студентите на Катедрата за орална хирургија при Стоматолошкиот факултет во Скопје. Од 2000-2011 година, ментор е на кандидати за специјализација од областа орална хирургија.Од 2006 до 2009 година, учествувал во изведувањето на теоретската и практичната настава по предметот орална хирургија според програмата за додипломска настава за стручни стоматолошки сестри и во изведувањето на теоретската и практичната настава по предметот имплантологија за стручни забни техничари. Од 2003 до 2010 година имал консултации со студентите за сите теоретски и практични дилеми од областа на предметите во склоп на Катедрата за орална хирургија.

Ментор е на пет студентски теми од областа на оралната хирургија, и автор е на интерна скрипта од одредени области од предметот орална хирургија.

**СТРУЧНО-НАУЧНА ДЕЈНОСТ**

На Катедрата за орална хирургија, своите стручни и научни усовршувања ги насочил кон денталната имплантологија, хируршките техники во третманот на импактирани заби, синус лифтингот како оралнохируршка подготовка за вградување дентални имплантати, хируршкиот третман на инфламаторни радикуларни цисти, проучувањето на

- 2002 - двомесечен стручен престој на Универзитетот [illegible] во Германија;
- 2004 - курс за дентални имплантати (Schutzdental, Frankfurt) Германија;
- 2006 - курс за дентални имплантати Frialit-Ankylos, Скопје;
- 2006 - обука за МЕНАЏМЕНТ ВО СТОМАТОЛОГИЈАТА, Европска консултантска компанија CAJTIG DOOEL, Рим, Италија;
- 2007- обука за МЕНАЏМЕНТ ВО ЗДРАВСТВОТО, проект од Министерството за здравство при Влада на Р.Македонија

**Учество во реализација на научноистражувачки проекти:**

2004 - помлад истражувач во научноистражувачки проект под наслов "Промени во имунолошката реактивност кај пародонталната болест кај млада популација", одбранет на Стоматолошкиот факултет во Скопје и финансиран од Министерството за образование и наука во Скопје.

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

- 1998 - дентална имплантологија
- 1999 - хируршки техники во третманот на импактирани заби
- 2000 - синус лифтинг како оралнохируршка подготовка за вградување дентални имплантати
- 2004 - хируршки третман на инфламаторни радикуларни цисти
- 2002 - проучување на имунолошките промени при пародонтити
- 2006 - аугментација и нејзината примена во оралната хирургија и пародонтологијата

Во 2007 година автор е на монографијата"Инфламаторни цисти од рендгенолошки и патохистолошки аспект", Просветно дело, Скопје, 2007.

Добитник е на следниве награди и признанија:

- 1998 - Благодарница доделена од Македонското лекарско друштво;
- 2001 - Диплома доделена од Македонското лекарско друштво.

Резултатите поврзани со наставната и научноистражувачката дејност, како и другите активности, објавени се во билтените на Универзитетот "Св.Кирил и Методиј" бр. 676,669,759,764,846,918,914 и 945.

За овој избор го приложува следниот труд:

34. Димитровски О.Симјановска Љ. Стефановски С. Микробиолошки аспекти на радикуларните цисти. 5 Конгрес на стоматолозите со меѓународно учество, Охрид, 2009:58 стр.

Трудот е рецензиран во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" бр.998 од 2010 година.

**АНЕКС 2**

**ОБРАЗЕЦ**

**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат:** **Оливер Вангел Димитровски**
(име, татково име и презиме)

**Институција:** **Стоматолошки факултет**
(назив на факултетот/институтот)

**Научна област:** **орална хирургија**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | Одржување на настава од прв циклус студии | |
| | 2008-2009 - орална и максилофацијална хирургија 1, VII семестар (3 часа) | 1,2 |
| | 2008-2009 - орална и максилофацијална хирургија 2, VIII семестар (1 час) | 0,4 |
| | 2007 - анестезиологија, VII и VIII семестар (1 час) | 0,4 |
| | 2006-2009 - орална хирургија на програмата за стручни стоматолошки сестри, II и III семестар (1 час) | 1,6 |
| | 2006-2009 - имплантологија на програмата за стручни забни техничари, III и IV семестар (1 час) | 1,6 |
| | Одржување на вежби | |
| | 1996-2003 орална хирургија (претклиника) / VII семестар (3 часа) | 21,6 |
| | 1996-2003 - орална хирургија (клиника) / VIII семестар (3 часа) | 21,6 |
| | 1996-2003 - орална хирургија (клиника) / IX семестар (3 часа) | 21,6 |
| | 2003-2011 -орална и максилофацијална хирургија I / VII семестар (4 часа) | 28,8 |
| | 2003-2011 - орална и максилофацијална хирургија II / VIII семестар (3 часа) | 21,6 |
| | 2006-2009 - орална хирургија на програмата за стручни стоматолошки сестри, II/ III семестар (1 час) | 3,6 |
| | 2006-2009 - имплантологиј на програмата за стручни забни техничари, III и IV семестар (1 час) | 3,6 |
| | 2007 - анестезиологија, VII /VIII семестар (1 час) | 0,9 |
| | Консултации со студенти | |
| | 2003-2010 - консултации со студенти за предметот орална хирургија | 3,2 |
| | 2007 - консултации со студенти за предметот анестезиологија | 0,4 |
| | 2006-2009 - консултации со студенти на програмата за стручни стоматолошки сестри по предметот орална хирургија | 0,92 |
| | 2006-2009 - консултации со студенти на програмата за стручни забни техничари по предметот имплантологија | 0,48 |
| | Настава во летни школи и работилници 2007- обука за МЕНАЏМЕНТ ВО ЗДРАВСТВОТО, проект на Владата на Р. Македонија | 1,0 |
| | Пакет материјали за одреден предмет: Орална и максилофацијална хирургија, Анестезиологија со реанимација | 2,0 |
| | Пакет материјали за одреден предмет: Компјутерски модел на испитни прашања за студентите на Стоматолошкиот факултет во Скопје по предметот орална хиругија | 2,0 |
| | ВКУПНО | **138,5** |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | **Труд со оригинални научни резултати, објавен во стручно/научно списание:** Поповска М., Атанасовска А.,**Димитровски О**. Примена на ласерот во третманот на брзопрогреирачката пародонтопатија Макед. стоматол. преглед 2005; 29(3-4): 207-218. | 3,2 |
| | **Труд со оригинални научни резултати, објавен во** | 2,4 |

| | | |
|---|---|---|
| | **стручно/научно списание:** Поповска М., Ристоски М., Атанасовска А., **Димитровски О**. Пред и посттераписки тквини промени во гингивалните лезии на брзопрогредирачката пародонтопатија, Макед. стоматол. преглед 2005; 29(1-2):54-63 | |
| | **Труд со оригинални научни резултати, објавен во стручно/научно списание: Димитровски О**, Величковски Б. Етиопатогенетски аспекти на резидуалните цисти. Макед стоматол. прегл. 2007;31(3-4):162-170 | 3,6 |
| | **Труд со оригинални научни резултати, објавен во стручно/научно списание: Димитровски О.** Имунолошки промени кај инфламаторните цисти. Макед. стоматол преглед 2008. | 4,0 |
| | **Труд со оригинални научни резултати, објавен во стручно/научно списание:** Царчев П, Чортановски Љ, **Димитровски О**. Цветанов В, Балабанова Стефанова М, Ежова Н, Дијагностичко-тераписки дилеми при суспектни алергични реакции на локални анестетици. Макед Мед Прегл 1996; 50(суппл 23): 122. | 2,4 |
| | **Труд со оригинални научни резултати, објавен во стручно/научно списание:** Димитровски В, **Димитровски О**, Поповска М, Колевски П. Автоимуни основи и имунопатогенеза кај заболувањата со орална локализација. Макед Мед Прегл 2000; 54(суппл):45-7. | 2,4 |
| | **Труд со оригинални научни резултати, објавен во стручно/научно списание:** Поповска М, Димитровски В, **Димитровски О,** Колевски П, Пешевска С,. Хуморален имун одговор кај везико-булозните форми на орален лихен планус. Макед. стом.прегл. 2000; 54(суппл): 329-30. | 2,4 |
| | **Труд со оригинални научни резултати, објавен во референтно научно/сручно списание со меѓународен уредувачки одбор: Димитровски О** Etiopathogenetic aspects of radicular cysts. Balkan Journal of Stomatology 2008 | 6,0 |
| | **Одбранета докторска теза:Димитровски О**. Клинички, патохистолошки, микробиолошки и рендгенолошки аспекти на инфламаторните цисти. Стоматолошки факултет, Скопје, 2007. | 8,0 |
| | **Одбранета магистерска работа: Димитровски О.** Имунолошки промени кај пациенти со хронични пародонтити (магистерски труд). Стоматолошки факултет, Скопје, 2003. | 4,0 |
| | **Национални научни проекти:постар истражувач** во реализацијата на националниот научен проект "Промени во имунолошката реактивност кај пародонталната болест кај младата популација", одбранет на Стоматолошкиот факултет и финансиран од Министерството за образование и наука, Скопје. (2001-2004) | 3,0 |
| | **Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен стручен собир со меѓународен уредувачки одбор:**Усна презентација, Kacarska M. Velickovski B.**Dimitrovski O**.Peeva M. Lengthening of the clinical crowns-surgical approach. 9 BASS Kongres Охрид 2004. | 2,8 |
| | **Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен стручен собир со меѓународен уредувачки одбор:**Dimitrovski V.Popovska M.**Dimitrovski O.** | 1,8 |

| | | |
|---|---|---|
| | Kolevski P. Lymfocite reactivity alterations and subsets of T-lymfocites alterations in juvenile and adult periodontitis. World Dental Congres – Canada, 1994. | |
| | **Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен стручен собир со меѓународен уредувачки одбор**:Димитровски В..Поповска М.**Димитровски О**. Колевски П. Changes in humoral in juvenile periodonthosis. First Balkan Immunological conference.Belgrade, 1995. | 1,8 |
| | **Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен стручен собир со меѓународен уредувачки одбор**:Димитровски В, Поповска М, **Димитровски О**, Колевски П, Милојевиќ М. Имунолошки корелации помеѓу Т-лимфоцититските супсетови и лимфобластната трансформација кај пародонталната болест (англиски). 2nd Congress of the Balkan Stomatological Society (Book of Abstracts). Belgrade: Balkan Stomatological Society. 1997: 142. | 1,8 |
| | **Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен стручен собир со меѓународен уредувачки одбор**:**Димитровски О**. Орално-хируршки третман на масивна максиларна радикуларна циста: приказ на случај (англиски). 4th Congress of the Balkan Stomatological Society (Proceedings). Istambul: Balkan Stomatological Society. 1999: 187. | 3,0 |
| | **Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен стручен собир со меѓународен уредувачки одбор**:Симјановска Љ, **Димитровски О**, Писевска Н, Апостолова Д. Орално-хируршки интервенции под општа анестезија (англиски). 4th Congress of the Balkan Stomatological Society (Proceedings). Istambul: Balkan Stomatological Society, 1999: 190. | 1,8 |
| | **Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен стручен собир со меѓународен уредувачки одбор**:**Димитровски О**. Орално-хируршки третман на масивна максиларна радикуларна циста: приказ на случај. 5th Congress of the Balkan Stomatological Society (Abstracts). Thessaloniki: Balkan Stomatological Society, 2000: 290. | 3,0 |
| | **Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен стручен собир со меѓународен уредувачки одбор**:Kacarska M. Velickovski B.**Dimitrovski O**.Popovska M. The apical disposition of the isthmus in maxillary premolars: a surgical endodontic problem. First Congress of Maxillofacial and Neck Surgery, Ohrid 2006. | 1,8 |
| | **Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен стручен собир со меѓународен уредувачки одбор**:Velickovski B; Kacarska M; **Dimitrovski O.** , Popovski J Oral surgery interventions on patients suffering Cleidocranial dysplasia-a case report. 9$^{th}$ Bass Congress. (Abstract book). 2004: p.74. | 1,8 |
| | **Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен стручен собир со меѓународен уредувачки одбор**:**Димитровски О**; Velickovski B; Kacarska M; Spirov V. Surgical approach to massive fibromatous epullis- a case report. 9$^{th}$ Bass Congress (Abstract Book). 2004: p.60. | 1,8 |
| | **Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен стручен собир со меѓународен** | 1,8 |

| | | |
|---|---|---|
| | **уредувачки одбор**:Andonov K., **Dimitrovski O.**, Popovski J., Evrosimovski K. Rare complication during visdom tooth extraction. 9th Bass Congress (Abstract Book), 2004:p.66. | |
| | **Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен стручен собир со меѓународен уредувачки одбор:Dimitrovski O;** Velickovski B; Popovska M; Kacarska M. Blast reactivity changes among chronic periodontitis patients. 10th Bass Congress,.2005; abstract book p.59. | 1,8 |
| | **Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен стручен собир со меѓународен уредувачки одбор**: Усна презентација Velickovski B; Kacarska M; **Dimitrovski O**. Use of computerized tomography in determination of the position of impacted maxillary canine. First Macedonian Congress on Maxillofacial and Neck Surgery, with international participation (Abstract Book). Ohrid,.2006: p-9. | 3,4 |
| | **Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен стручен собир со меѓународен уредувачки одбор:Dimitrovski O**; Velickovski B; Kacarska M; Spirov V. Surgical approach to a massive osteoma in the region of thorus mandibulae: Case report. First Congress of Maxillofacial and Neck Surgery, with international participation (Abstract Book). Ohrid,.2006: p-28. | 1,8 |
| | **Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен стручен собир**: Димитровски В, Поповска М, **Димитровски О** Атанасова Е, Колевски П. Промени во реактивноста на лимфоцитите и во супсетовите на Т-лимфоцитите кај јувенилната и адултната пародонтопатија. 1. Конгрес на стоматолозите од Македонија (Апстракти). Охрид: Здружение на стоматолозите од Македонија. 1994: 142. | 1,2 |
| | **Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен стручен собир** : Усна презентација, Атанасовска А, Димитровски В, Накова М, Грчева Л, **Димитровски О** . Посттераписки ткивен имун одговор кај болни од пародонтопатија. 2. Конгрес на стоматолозите од Македонија (Апстракти). Охрид: Здружение на стоматолозите од Македонија. 1998:107. | 2,2 |
| | **Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен стручен собир**: Усна презентација, Величковски Б, **Димитровски О**, Филиповски В, Брзаков Т. Етиопатогенетски и клиничко-тераписки аспекти на перикоронитисот. 2. Конгрес на стоматолозите од Македонија (Апстракти). Охрид: Здружение на стоматолозите од Македонија. 1998: 161. | 2,2 |
| | **Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен стручен собир**: **Димитровски О**, Колевски П, Величковски Б, Симјановска Љ. Имунолошката реактивност на лимфоцитите кај болни со хронични периапикални процеси. 2. Конгрес на стоматолозите од Македонија (Апстракти). Охрид: Здружение на стоматолозите од Македонија. 1998: 166. | 1,2 |
| | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир: LOKAL COMPLICATION CAUSED BY IMPACTED LOWER SECOND MOLAR Gerasimova S., Peeva M., Simjanovska LJ., Pisevka N., Josifov D. First Macedonian Congress on Maxillofacial and Neck Surgery With Internacional Partipation. 25-27 May 2006 Ohrid. Republik of Macedonia. Трудот е рецензиран во Билтен бр. 945 од 1.7.2008 год. | 1,8 |
| | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир: AUTOLOGOUS PLATELET RICH PLASMA FOR LOCAL APPLICATION IN JAW BONE REGENERATION Peeva M., Janeva V., Gerasimova S., Simjanovska Lj., Grnčarovski A. First Macedonian Congress on Maxillofacial and Neck Surgery With Internacional Partipation. 25-27 May 2006 Ohrid. Republik of Macedonia. Трудот е рецензиран во Билтен бр. 945 од 1.7.2008 год. | 1,8 |
| | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир: INADEQUATE AND WRONG TIMED THERAPY-REASON FOR EXTRACTION OF IMPACTED TEETH (CASE REPORT) Jaćimović-Tasevska K., Simjanovska LJ., Simjanovski S.,Popovski D. First Macedonian Congress on Maxillofacial and Neck Surgery With Internacional Partipation. 25-27 May 2006 Ohrid. Republik of Macedonia:<br>Трудот е рецензиран во Билтен бр. 990 од 15 јули 2010година. | 1,8 |
| | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир: THE USAGE OF SURGIPLASTER G170 MATHERIAL IN THE TREATMENT OF MAXILLARY RESIDUAL CYST (CASE REPORT) Apostolova G., Velevska D., Simjanovska Lj.First Macedonian Congress on Maxillofacial and Neck Surgery With Internacional Partipation. 25-27 May 2006, Охрид. Трудот е рецензиран во Билтен бр.949 од 1 октомври 2008 година. | 2,4 |
| | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор: ORAL SURGERY-PROSTODONTIC TREATMENT DURING BRIDGE-CONSTRUCTION FABRIKATION. J. Bajevska, Lj Simjanovska. 12th Congres of the BaSS Istanbul, Turkiye 12-14 April 2007. Трудот е рецензиран во Билтен бр. 990 од 15 јули 2010 година. | 2,7 |
| | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир: ЛОКАЛНИТЕ АНЕСТЕТИЦИ КАКО МОЖЕН ФАКТОР ЗА ПРЕДИЗВИКУВАЊЕ НА АЛЕРГИСКА РЕАКЦИЈА Lj. Simjanovska S. Simjanovski. .Internacional Congres "Dentistri Today. April 2008 Struga, Macedonia.<br>Трудот е рецензиран во Билтен бр. 990 од 15 јули 2010 година. | 2,8 |
| | Труд со оригинални научни/стручни резултати. објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир: ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА РИЗИК ОД АНАФИЛАКСА (ИР) СО ИНКРИМИНИРАНИОТ АГЕНС Lj. Simjanovska, K. Jacimovic-Tasevska. S. Simjanovski. M Markovska-Arsovska.Internacional | 2,2 |

| | | |
|---|---|---|
| | Congres "Dentistri Today. April 2008 Struga, Macedonia. Трудот е рецензиран во Билтен бр. 990 од 15 јули 2010 година. | |
| | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир: ОДОНТОГЕНАТА ИНФЕКЦИЈА И МАКРОЛИДИТЕ КАКО ЛЕК НА ИЗБОР КАЈ ПАЦИЕНТИ АЛЕРГИЧНИ НА ПЕНИЦИЛИН К. Јацимовиц-Тасевска, Лј. Симјановска, М. Марковска, С. Симјановски. Internacional Congres "Dentistri Today. April 2008 Struga, Macedonia. Трудот е рецензиран во Билтен бр. 990 од 15 јули 2010 година. | 1,2 |
| | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир:. THE INCIDENCE OF ALVEOLITIS SICCA TO THE SMOCERS M. Markovska-Arsovska, Lj. Simjanovska, Z. Arsovski, S.Simjanovski, K. Jacimovic-Tasevska. Internacional Congres "Dentistri Today. April 2008 Struga,Macedonia. Трудот е рецензиран во Билтен бр. 990 од 15 јули 2010 година. | 1,2 |
| | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир: HRT (HORMONSKA ZAMESTITELNA TERAPIJA) I ZARASNUVANJETO NA ORALNO-HIRURSKITE RANI KAJ ZENI VO POSTMENOPAUZA (HRT-HORMON REPLESEMENT TERAPY) OF ORAL HIRURGIC WOUNDS AT WOMEN IN MENOPAUSE Lj. Simjanovska, S. Simjanovski. Internacional Congres "Dentistri Today. April 2008 Struga, Macedonia. Трудот е рецензиран во Билтен бр. 990 од 2010 година. | 2,8 |
| | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир: THE ORTODONTIC-SURGICAL APPROACH IN REINPLANTING IMPACTED MAXILLARY CANINES. Saliu F, Gjorgova J, Simjanovska Lj, Mehmeti B, Aleksova P, Rexhepi A.Shoqata e Stomatologeve te Kosoves. Libri i AAbstrakteve. 2008. Трудот е рецензиран во Билтен бр. 990 од 15 јули 2010 година. | 1,2 |
| | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание: HRT (HORMON ZAMESTUVACKA TERAPIJA) I ZARASNUVANJETO NA ORALNOHIRURSKITE RANI KAJ POSTMENOPAUZALNI ZENI Lj. Simjanovska, S. Simjanovski. Apolonija Journal of Dentistry. Jubilar number-November 2008. 91-99. Трудот е рецензиран во Билтен бр. 990 од 2010 година. | 3,6 |
| | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание: ЛОКАЛНИТЕ АНЕСТЕТИЦИ КАКО МОЖЕН ЕТИОЛОШКИ ФАКТОР ЗА ПРЕДИЗВИКУВАЊЕ НА АЛЕРГИСКА РЕАКЦИЈА Љ. Симјановска, С. Симјановски. Аполонија Journal of dentistry. November 2009. 35-45. Трудот е рецензиран во Билтен бр. 990 од 15 јули 2010 година. | 3,6 |
| | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир: NOVOCOR PLUS- ВЕШТАЧКА КОСКА ЗА САНАЦИЈА НА КОСКЕНИТЕ ДЕФЕКТИ Симјановска Љ., Симјановски С., Димитровски О., Јачимович-Тасевска Кристина Зборник на апстракти. V конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество. 10-13 септември 2009, Охрид. Трудот е рецензиран во Билтен бр. 990 од 15 јули 2010 година. | 2,2 |
| | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир: СОВРЕМЕНИ ДИЈАГНОСТИЧКИ МЕТОДИ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА АЛЕРГИСКИ РЕАКЦИИ НА ЛОКАЛНИ АНЕСТЕТИЦИ Симјановска Љ., Симјановски С., Пеова С., Марковска Арсовска М.Зборник на апстракти. V конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество. 10-13 септември 2009, Охрид. Трудот е рецензиран во Билтен бр. 990 од 15 јули 2010 година. | 2,2 |
| | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир: ФЛУОРИДИ - ВАЖЕН ФАКТОР ВО | 1,2 |

| | | |
|---|---|---|
| | ПРЕВЕНЦИЈА НА КАРИЕС КАЈ ДЕЦАТА Д. Влатковиќ, Г. Тодоровска, Љ. Симјановска, В. Стошиќ, Е. Гелева.Зборник на апстракти, V конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество. Трудот е рецензиран во Билтен бр. 990 од 15 јули 2010 година. | |
| | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир: МЕЗИОДЕНС КАКО ПРИЧИНА ЗА ПОЈАВА НА МЕДИЈАЛНА ДИЈАСТЕМА (ПРИКАЗ НА СЛУЧАЈ) М. Марковска Арсовска, З. Арсовски, Љ. Симјановска,С. Симјановски. Зборник на апстракти, V конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество. 10-13 септември 2009, Охрид. Трудот е рецензиран во Билтен бр. 990 од 15 јули 2010 година. | 1,2 |
| | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир: ЛАСЕРСКИ ТРЕТМАН НА ПРОТЕТСКИ ИНДИЦИРАНА ФИБРОЗНА ХИПЕРПЛАЗИЈА. Поповска М., Кацарска М., Симјановска Љ.Зборник на апстракти, V конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество, 10-13 септември 2009, Охрид. Трудот е рецензиран во Билтен бр. 990 од 15 јули 2010 год. | 1,6 |
| | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир: МИКРОБИОЛОШКИ АСПЕКТИ НА РАДИКУЛАРНИТЕ ЦИСТИ О.Димитровски, Љ. Симјановска, С.Стефановски. Зборник на апстракти. V конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество. 10-13 септември 2009, Охрид. Трудот е рецензиран во Билтен бр. 990 од 15 јули 2010 година. | 1,6 |
| | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир: УПОТРЕБА НА ФОТОНА ЛАСЕРОТ ВО СТОМАТОЛОГИЈАТА Симјановска Љ, Миновска А, Симјановски С, Поповска М, Ќурчиева Г. Зборник на апстракти. V конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество, септември 2009, Охрид. Трудот е рецензиран во Билтен бр. 990 од 15 јули 2010. | 1,2 |
| | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир: FOLLICULAR CYST OF MANDIBULE PREMOLAR-CASE REPORT . Lj Simjanovska, M Maneva, G Curcieva-Cuckova, S Simjanovski. 1st Congres of the orthodontic society. 21-24 May 2009. Охрид. Трудот е рецензиран во Билтен бр. 990 од 15 јули 2010 година. | 1,2 |
| | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во научен/стручен собир: TRETMENT OF IMPACTED MAXILLARY CENTRAL INCISORS-CASE REPORTS M Maneva, Lj Simjanovska, G Curcieva- Cuckova, I Manev, G Kovacevska 1st Congres of the orthodontic society. 21-24 May 2009. Охрид. Трудот е рецензиран во Билтен бр. 990 од 15 јули 2010 година. | 1,2 |
| | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во научен/стручен собир: RADIOGRAPHIC EVALUATION OF DENTAL AGE DETERMINE THE ECTOPIC POSITION OF MAXILLARY CANINES. G Curcieva-Cuckova, M Maneva, Lj Simjanovska, I Kirovski, Lj jolevski.1st Congres of the orthodontic society. 21-24 May 2009. Охрид. Трудот е рецензиран во Билтен бр. 990 од 15 јули 2010 година. | 1,2 |
| | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор: APPLYING LASER IN ORAL SURGERY. Simjanovska Lj, Simjanovski S, Sadiku A. Kongresi I Nderkombetar mbareshqiptar i Stomatologjise. 29-31 tetor 2009. Tirane, Shqiperi. Трудот е рецензиран во Билтен бр. 990 од 15 јули 2010. | 2,4 |
| | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир: со меѓународен уредувачки одбор: EXAMININ CRP AND PREVENTION OF INFECTIOUS DISEASES. Simjanovska Lj, Simjanovski S, Sadiku A.Kongresi I Nderkombetar mbareshqiptar i Stomatologjise. 29-31 tetor 2009. Tirane, Shqiperi. Трудот е рецензиран во Билтен бр. 990 од 15 јули 2010 година. | 2,4 |

| | | |
|---|---|---|
| | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор: MACROLIDE ANTIBIOTICS AS DRUG OF CHOICE IN PATIENTS ALLERGIC TO PENICILLIN. Simjanovska Lj, Simjanovski S. Rexhepi A.Kongresi I Nderkombetar mbareshqiptar i Stomatologjise. 29-31 tetor 2009. Tirane, Shqiperi. Трудот е рецензиран во Билтен бр. 990 од 2010 година. | 2,4 |
| | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор: SOFT TISSUE CHANGE AFTER EXTRACTION AND NON AXTRACTION II/2 TRETEMENT. Rexhepi S, Rexhepi A, Ismani A, Simjanovska Lj.Kongresi I Nderkombetar mbareshqiptar i Stomatologjise. 29-31 tetor 2009. Tirane, Shqiperi. Трудот е рецензиран во Билтен бр. 990 од 15 јули 2010 година. | 1,8 |
| | Труд со оригинални научни резултати, објавен во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор: DPT (DOSE PROVOCATIVE TEST) TEST FOR PROVING ALLERGIC REACTIONS TO LOCAL ANAESTHETICS Simjanovska Lj., Marsenić M., Simjanovski S.Makedonian Akademy of Scientes and Arts. Section of Biological and Medical sciences. Cited in Index Medicus @ Medline- Скопје 2009. Трудот е рецензиран во Билтен бр. 990 од 15 јули 2010 година | 6,275 |
| | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир: ПРИМЕНАТА НА ФОТОНА ЛАСЕРОТ ВО ОРАЛНАТА ХИРУРГИЈА Љ. Симјановска, М. Марковска-Арсовска, С. Симјановски, М. Поповска, М. Костоска. Меѓународен конгрес Стоматологијата денес. мај 2010, Струга. | 2,2 |
| | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир: АЛТЕРНАТИВНИ ЛЕКОВИ КАЈ ПАЦИЕНТИ АЛЕРГИЧНИ НА β ЛАКТАМСКИТЕ АНТИБИОТИЦИ. С. Симјановски, Љ. Симјановска, К. Јачимович- Тасевска, А. Трајковски. Меѓународен конгрес Стоматологијата денес.мај 2010, Струга, | 1,2 |
| | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир. ВЕРТИКАЛНА ХИПОТРОФИЧНА ПРОМЕНА НА КОНДИЛОИДНИОТ ПРОЦЕСУС КАЈ СКЕЛЕТНА II/I КЛАСА-ПРИКАЗ НА СЛУЧАЈ. А.Реџепи, А. Исмани, Љ. Мустафа, С. Реџепи, Б. Ахмети, Љ. Симјановска. Меѓународен конгрес "Стоматологијата денес", мај 2010, Струга, Македонија. | 1,2 |
| | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир: ОРТОДОНТСКО ТРЕТИРАЊЕ НА СЛУЧАЈ СО ОЛИГОДОНЦИЈА НА ПЕРМАНЕНТНИ Ф. Сали, Б. Мехмети, С. Најденоска, Х. Мехмети, А. Исмаили, Б. Сали, Љ. Симјановска Меѓународен конгрес "Стоматологијата денес", Мај 2010, Струга, Македонија. | 1,2 |
| | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир: АПЛИКАЦИЈА НА БИО ОСС АЛОПЛАСТИЧЕН МАТЕРИЈАЛ КАЈ ФОЛИКУЛАРНА ЦИСТА- ПРИКАЗ НА СЛУЧАЈ. М. Костоска, Љ. Симјановска, С. Симјановски, А. Алиу, А. Реџепи, Ф. Сали Меѓународен конгрес "Стоматологијата денес", 29,30,31 Мај 2010, Струга, Македонија | 1,2 |
| | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир: ПРЕКУБРОЕН ИМПАКТИРАН ДОЛЕН МОЛАР-ПРИКАЗ НА СЛУЧАЈ. Љ. Симјановска, С. Симјановски, А. Трајковски, Б. Кочов, Р. Манасиев, А. Садику. Меѓународен конгрес "Стоматологијата денес", 29,30,31 Мај 2010, Струга | 1,2 |
| | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор: ALLERGY TESTING IN PATIENTS SUSPECTED TO LOCAL ANESTHETICS ADVERSE REACTIONS Marsenic M., Simjanovska Lj., Stoleski S., Mijakovski | 1,8 |

| | | |
|---|---|---|
| | D.XXIX EAACI Congress 2010. London, United Kingdom. | |
| | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор: PRE-PROSTHETIC SHAPING OF THE ALVEOLAR PROCESS WITH IMPLEMENTATION OF ALLOPLASTIC MATERIALS Lj. Simjanovska., E. Jankulovska., S. Simjanovski., V. Jankulovska., M. Velevska.16[th] Congres of the BaSS,Bukurest, Romanija 28-30 April 2011. | 1,8 |
| | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор: LASER TREATMENT OF ORAL HYPERPLASIA CAUSED BY INAPPROPRIATE DENTURES Е. Јанкуловска., Љ Симјановска., С. Петкова., Н. Јанева., В. Јанкуловска., С. Симјановски. 16[th] Congres of the BaSS. Bukures, Romanija 28-30 April 2011. | 1,8 |
| | Труд со оригинални научни резултати, објавен во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор: HIRURSKO-PROTETSKI TRETMAN NA TORUS MANDIBULARIS-(SURGICAL-PROSTHODONTIC TREATMENT OF TORUS MANDIBULARIS). Е.Јанкуловска,Лј. Симјановска, П. Јанкуловски.Apolonija Journal of dentistry. Maj 2011. 115-120. | 3,2 |
| | Позитивно рецензирана монографија: „Ин виво и ин витро тестирања за можни алергиски реакции на локални анестетици" | 8,0 |
| | Секциско предавање на научен стручен собир: Неготино 2002, Струмица 2003, Пробиштип 2005. | 3,0 |
| | Вкупно | **193,28** |

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста | поени |
|---|---|---|
| | Стручен престој до три месеци: 29.9-27.10.2003 година на Стоматолошкиот факултет во Белград, | 0,5 |
| | Воведување на нови лабараториско/клиничка метода: sc DPT во тестирање на алергиски реакции на локални анестетици. | 4 |
| | Воведување на нови лабараториско/клиничка метода: ин витро метода во тестирање на алергиски реакции на локални анестетици. | 4 |
| | Воведување на ФОТОНА- ласерот во оралната хирургија | 4 |
| | **Дејност од поширок интерес** | |
| | Награда за научни достигнувања од струкова организација, самостоен (Пофалница по повод 40 години од основањето на Стоматолошкиот факултет-1999 година, Диплома од Македонското лекарското друштво во 2000година, Благодарница за учество на III конгрес на стоматолозите на Македонија во 2002година; Признаница за постигнати високи резултати во работењето од работната организација доделени за 2006 и 2007 година; Благодарница по повод јубилејот 50 години постоење на Стоматолошки факултет во Скопје-2009 година). | 18 |
| | Вкупно | **30,5** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | ПОЕНИ |
|---|---|
| НАСТАВНО -ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ | **117,72** |
| НАУЧНО -ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ | **193,28** |
| СТРУЧНО- АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ | **30,5** |
| ВКУПНО | **341,5** |

# ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ НА КОМИСИЈАТА

Земајќи ја предвид приложената документација за ангажирање на кандидатите кои се јавија на конкурсот за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања од областа на оралната хирургија на Катедрата за орална хирургија: ас.д-р Марина Кацарска, насл.доц. Оливер Димитровски, ас. д-р Марија Пеева Петреска и ас. д-р Љуба Симјановска, Комисијата го дава следниов заклучок со предлог: членовите на Рецензентската комисија оценија дека предност во однос на другите кандидати има асс.д-р Марија Пеева Петреска, која од вработувањето до денес постигнала забележителни резултати во сите области на наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност. Тоа секако се должи на континуитетот во работата, научниот афинитет и постојаната надградба и ангажираност.

Во наставно-образовниот процес покажува квалитетна и педагошки издржана нота во теоретскиот дел од наставата, како и во практичната настава како долгогодишен асистент со коректен и конструктивен однос и соработка со студентите и колегите. Научните трудови на д-р Пеева, публикувани или презентирани на собири во земјата и во странство, се однесуваат на актуелна и современа проблематика, со своевиден придонес кон развојот на научната и стручна мисла во областа на оралната хирургија и имплантологија.

Нејзината ангажираност може да се согледа анализирајќи ја и апликативната и дејностите од поширок интерес, кои говорат за кандидат со карактеристики на инвентивност, трудољубивост и студиозност.

Врз основа на изнесеното, Комисијата констатира дека кандидатката ас.д-р Марија Пеева Петреска во целост ги исполнува законските услови, научните критериуми и условите предвидени во актите на Стоматолошкиот факултет и Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, кои се во согласност со Законот за високото образование.

Земајќи го предвид горенаведеното, Комисијата има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, да ја избере кандидатката д-р Марија Пеева Петреска во наставно-научното звање доцент по група предмети од областа орална хирургија на Катедрата за орална хирургија.

**Членови на Комисијата:**

1. Проф. д-р Борис Величковски, претседател, с.р.

   ---------------------------------------------

2. Проф. д-р Александар Грчев, член, с.р.

   ---------------------------------------------

3. Проф. д-р Алберто Бенедети, член, с.р.

   ---------------------------------------------

4. Проф. д-р Марија Накова, член, с.р.

   ---------------------------------------------

5. Проф. д-р Марија Зужелова, член, с.р.

   ---------------------------------------------

## ПРЕГЛЕД
**на прифатени теми за изработка на магистерски труд**
**на Економскиот институт во Скопје**

| Кандидат | Тема | Ментор |
|---|---|---|
| Александра Жакова | "Пензискиот систем во Република Македонија со посебен осврт на капитално финансираното пензиско осигурување" | Д-р Марија Ацковска |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |

03-829/1
13-06-1

**РЕЦЕНЗИЈА**
**НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ДЕЗОРГАНИЗИРАНОТО СЕМЕЈСТВО КАКО КРИМИНОГЕН ФАКТОР ЗА МАЛОЛЕТНИЧКА ДЕЛИНКВЕНЦИЈА" ОД М-Р ЈАСМИНА КАРАНИКОЛОВА, ПРИЈАВЕНА НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ" ВО СКОПЈЕ**

Наставно - научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, на седницата одржана на 28.2.2011 година донесе одлука со која формира Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатката м-р Јасмина Караниколова под наслов „Дезорганизираното семејство како криминоген фактор за малолетничка делинквенција", во состав: акад. проф. д-р Владо Камбовски, проф. д-р Љупчо Арнаудовски, проф. д-р Методија Каневчев, проф. д-р Дејан Мицковиќ и проф. д-р Гордан Калајџиев. Комисијата за оцена на докторската дисертација во состав што е наведен погоре, ја прочита и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје му го поднесува следниов,

## ИЗВЕШТАЈ

## I.

## Приказ на докторската дисертација

Докторската дисертација на кандидатката м-р Јасмина Караниколова под наслов „Дезорганизираното семејство како криминоген фактор за малолетничка делинквенција" опфаќа текст од 353 страници пишувани во компјутерска техника со новинарски проред, 8 страници попис на користена домашна и странска литература, Прилог бр. 1. „Прашалник со кој се собираат податоци за испитаникот и неговото семејство", Прилог бр. 2. „Дијагноза на индивидуалните и социјалните потреби ДИСП", Прилог бр. 3 „Скала за самопроценка", Прилог бр. 4 „Инструмент за процена на деца и млади" и „Прашалник за самопроценка на деца и малолетници" (приложените инструменти применети во истражувањето се прилог кон оценка на реалијабилноста на примените методолошки постапки и добиените резултати).

Содржината на докторската дисертација е систематизирана во два дела, првиот дел во три глави, а вториот дел во две глави. Систематиката на обработената материја претставена во содржината на читателот му овозможува лесно да дојде до проблемот што го интересира, а е обработен во дисертацијата. На тој начин е направено разграничување помеѓу теоретските проблеми што се обработуваат во дисертацијата и методолошкиот пристап кон емпириското истражување, добиените резултати и нивната интерпретација и варолизација.

1.Првиот дел под наслов „Општествено и научно значење на појавата" и првата глава под наслов „Предмет, цели и методолошки приод во истражувањето" (стр. 1-79), под насловот воведен дел, авторката на трудот настојува низ одредницата „Семејството како примарна општествена група", следена низ историскиот развој во кој таа ја менува својата положба и статус во општеството, а со тоа и основните функции кои тоа самото ги одредува но и општеството му ги доделува, го одредува општественото и научното значење на следење на развојот и изучувањето на семејството. Нагласувајќи го елементот на неговата „примарност" како општествена група, нужноста на организираност на човекот во него низ целиот век на неговото живеење од создавањето до смртта, настојува да нагласи дека нема човек без семејство и нема просперитет, прогресивен развој на оиштеството без семејство кое успешно ги остварува своите функции што самото ги дефинира, но и му ги дефинира општеството (државата) на релативно различен начин низ цивилизацискиот, правниот, социјалниот, економскиот развој на општеството воопшто и на секое општество одделно. Семејството го одредува целокупниот развој на општеството со успешното извршување (исполнување) на своите функции. Наспроти ова тврдење, што ја чини основната теза врз која се гради оваа докторска дисертација, авторката на трудот, значењето го согледува и низ онаа димензија која се изразува како неисполнување (неуспешно извршување) на основните функции на семејството и негативните последици што произлегуваат од неуспешното функционирање на семејството. Таа состојба во семејството ја одредува како „општествена дезорганизација на семејството" со значење на социопатолошка општествена појава сместена во социјалната патологија на делот на општествените дезорганизации. Низ оваа одредница, дезорганизираното семејство кај авторката добива значење на криминоген фактор со изразита силина на влијание врз настанувањето на малолетничката деликвенција (малолетничкиот криминалитет).

Во следниот поднаслов „Семејството во современото општество", го проучува и објаснува низ општествените процеси што го одредуваат неговиот развој под силно влијание на достигнувањата во сите области од животот познати како научна и технолошка револуција, цивилизацискиот напредок што низ меѓународните документи ја одредува хуманистичката положба на човекот во современото општество со влијание и врз одредувањето на местото на семејството во него, семејството под силно влијание на општеството што се одредува како „општество на благосостојба" и нагласениот „хедонизам" во живеењето и просперитетот на човекот. Во тој контекст ја согледува и ја објаснува положбата на детето (малолетникот) изразена преку Конвенцијата за правата на детето и другите меѓународни документи со кои се одредуваат барања и основите врз кои државите треба да го одредуваат статусот на младата личност и да создаваат услови за негов творечки развој. Во овој контекст, кандидатката упатува и на документите со кои се одредува положбата на малолетникот тогаш кога се јавува како сторител на казнено дело. При сите овие разгледувања се тргнува од емпириски проверениот податок дека малолетничката деликвенција (малолетничкиот криминалитет) се наоѓа во постојан пораст, изразен како самостојна појава и преку учеството во вкупниот криминалитет во државата. Оваа теза кандидатката ја објаснува во вториот поднаслов од тезата.

Во следниот поднаслов авторката пристапува кон разработка на доминантната варијабла од тезата: дефинирање на семејството како примарна група во општеството и низ неа во нејзиниот развој ги следи неговите општествени функции, и тоа: биолошко-репродуктивната функција, биолошко-психолошката функција, економската функција и воспитно-педагошката функција. Низ разработката е објаснета суштината на секоја од овие функции на начин на кој можат да се постават хипотезите што се предмет на истражување и верификација. За да покаже дека во зависност од развојот на самостојното низ различните периоди од развојот на општеството и дека во тој динамичен развој функциите на семејството добиваат нова смисла и содржина, различен начин на нивно исполнување со постојано збогатување на нивната содржина и одговорноста на семејството, кандидатката семејството и неговите функции ги следи низ историскиот развој. Во поднасловот „Општествено-културен развој на семејството и типови на семејството", кандидатката се задржува на традиционалното семејство, семејството во современото општество во континуитетот на неговиот развој, со посебен осврт на влијанието на процесите познати како индустријализација, урбанизација,

миграции и промени во социјалната структура на општеството, со разработка на влијанието на овие општествени процеси и појави врз остварувањето на функциите на семејството. Овој дел од тезата авторката го завршува со поднасловот „Семејството и предизвиците на модерното општество“ низ развивање на тезата за човекот како „центар на современиот свет со изразит развој на индивидуализмот, фрагментарност, диверзитет, културен монизам, процеси на глобализација и невиден развој на електронските комуникации воопшто и внатре во семејството, семејството како хотел“ во кое се преспива, ориентација кон некомплетни семејства, враќање на семејството кон неговата првобитна производна функција, но и сериозни тешкотии во задоволувањето на барањата и потебите на членовите на семјеството, како изразени внатрешни противречности особено во нашата држава во транзиција и масовно осиромаштување на луѓето, со што внатрешната организација на семејството во извршувањето на неговите функции добива нагласено значење. Од овие разгледувања, авторката ги изведува хипотезите што се предмет на нејзина емпириска проверка низ истражувањето.

2. Во втората глава од овој дел под наслов „Етиологија на дезорганизираното семејество“ (стр. 80-177), авторката на трудот го следи основниот пристап во тезата кон дезорганизираното семејство како криминоген фактор кај малолетничката деликвенција (малолетничкиот криминалитет) на тој начин што низ разгледувањето на теоретските пристапи низ развојот на криминолошката научна и теоретска мисла, настојува да ни покаже дека низ целиот развој на криминологијата, семејството со различни теоретски пристапи, било секогаш предмет на научен интерес точно од овој аспект. Богатството на теоретски пристапи што авторката ни ги претставува во трудот, ни укажува на големиот интерес на науката за оваа појава. Едновремено сака да ни покаже дека секој од овие теоретски пристапи носи со себе дел од вистината, дел од одговорот на основното прашање: до организираното семејство се објаснува и му се придава значење на криминоген фактор кај малолетничката деликвенција но одговорите не се целосни и затоа и потребата да се објаснат теориите кои на различен начин го објаснуваат овој феномен, но и низ разгледувањата да ги идентификува варијабилите што се предмет на нејзин научен интерес и проверка на истражувањето. Тргнувајќи од социо-биолошките теории кои овде добиваат значење низ личноста на малолетникот, ги следи преку социопсихолошките теории (психолошките теории), теоријата на неприспособеност, теоријата на интелигенција, психоаналитичките теории, теоријата на условеност, теоријата на фрустрации, социо-психологистичките теории, теоријата на аномија на

Диркем, теоријата на општествената дезорганизација, функционалистичката теорија, теоријата на диверанцијална асоцијација и идентификација, теоријата на аномија на Мертон, теоријата на културните конфликти и културен расчекор, култура и поткултура, теоријата на социјален интеракционизам и етикетирање завршувајќи со „интегративниот пристап" како заклучен дел на овие разгледувања со што настојува да укаже дека различните теории за семејството како криминоген фактор кое функционира дезорганизирано треба да се познаваат, постојано да се проверуваат, но семејството е институција пред се преку функциите што ги исполнува интегративниот пристап и од теоретска и од методолошка гледна точка се покажува како неопходен.

На авторката на трудот, теоретските разгледувања и се покажуваат како неопходни, за да го разрепши следниот проблем: да изврши систематизација на социопатогените чинители и да изврши систематизација на факторите што произлегуваат од семејството, а имаат значење на криминогени фактори. Систематиката на овие фактори ја поврзува и и ги изведува од основните функции на семејството. Одредувајќи го семејството како општествена група, овие криминогени фактори ги систематизира во: макогрупни и микогрупни, тргнувајќи од определбата за семејството како општествена но и примарна група. Со вака дадената систематизација, авторката го определува нужниот пристап кон истражувањето на силината на влијаниеto на секој одделен фактор врз настанувањето на малолетничката делинквенција и малолетничкиот криминалитет.

Како макро-социогени фактори ги разгледува: општествено-економските фактори со осврт врз кризите и дезорганизираното семејство, социјалната структура на семејството, општествено-материјалната положба, посебно бедата, сиромаштијата, богатството, невработеноста и нивното влијание врз функционирањето на семејството како дезорганизирано. Овие појави ги разгледува од стојалиштето на потребата од ангажман на општеството (државата) во создавањето услови семејството успешно да ги остварува своите функции пред се во економската сфера. Посебно ги разгледува влијанијата што се продукт на културните разлики и судири, средствата за масовни комуникациии и пренесувањето на медиумските слики, пораки и содржини.

Како микрогрупни фактори, авторката ги разработува: несреденото и несреќно семејство, нецелосното (дефицитарното семејство), социопатолошките појави во семејството (проституција, алкохолизам, наркоманија, хазардни игри, вагабундажа, влијанието на училиштето, соседството, врсниците, станбените услови). Во

систематизацијата на криминогените фактори, авторката се користи со веќе прифатените типологизации присутни во современата криминологија со што се укажува и на трајноста на значењето за изучувањето на овие фактори на начин како што е дадено во овој труд, или со систематика што ќе биде различна од оваа, но останува проверка на трајноста на нивното значење.

3. Во третата глава од овој дел под наслов „Кривичноправен, криминолошки и социолошки пристап кон малолетничката делинквенција" (стр.178-216), авторката ја разработува променливата варијабла од насловот на докторската дисертација преку дефинирањето на поимот „малолетници", (малолетна личност) и посебностите што ја одредуваат личноста како малолетна со влијание врз нејзиното социјално и општествено поведение, но и положба и статус во општеството. Овие разгледувања се основа во казненоправна и криминолошка смисла и значење со јасна разработка на елементите врз кои се гради поимот „делинквенција". Врз основа на разгледувањето на дефиниции од различни автори, авторката ја конципира операционалната дефиниција што е применета во овој труд тргнувајќи од одредбите на Законот за малолетничка правда. Операционалната дефиниција ја поткрепува со разгледувањата за феноменологијата на малолетничката делинквенција како општ регионален проблем, со посебен осврт на феноменолошките карактеристики на малолетничката делинквенција во Република Македонија.

4. Вториот дел од докторската дисетрација носи наслов „Емпириска верификација на влијанието на дезорганизираното семејство како криминоген фактор за малолетничката делинквенција" (стр.217-334), систематизиран во две глави.

5. Првата глава од овој дел го носи истиот наслов, како и дел од трудот и го опфаќа текстот од стр. 217-335. Во воведот на овој дел авторката го објаснува емпирискиот пристап кон верификацијата на поставените хипотези и методите на статистичка обработка и верификација на добиените резултати.

Во првиот поднаслов, авторката, врз операцинален пристап го определува предметот на истражувањето и методолошкиот пристап кон дефинирањето на хипотезите, но и нивната верификација. Предметот на истражувањето го одредува врз повеќе елементи, но пред се одредување на популацијата на малолетни лица што ќе бидат опфат ни со истражувањето и параметрите врз кои се одредува дезорганизираноста на семејството, како и целите што треба да се остварат низ истражувањето. Целите се насочени кон идентификација на дезорганизираното

семејство и елементите од неговото функционирање што влијаат кај малолетното лице да се формира поведение и системни врдности што го водат во криминалитет, но и да се идентификуваат оние елементи преку кои функционирањето на семејството се манифестира низ негова дезорганизација, го чинат дезорганизирано. Местото и улогата на малолетното лице во деезорганизираното семејство и неговото влијание врз дезорганизираното функционирање на семејството е предмет на интерес на овој труд. На тие основи врз така подредениот предмет на истражувањето, авторката ги дефинира хипотезите што се предмет на проверка и верификација преку истражување. Во овој дел од трудот посебно внимание заслужува класификацијата на хипотезите на зависни и независни со што се создаваат претпоставки за значењата и силината на влијание како криминогени фактори да се осознае сосема конкретно, да се сфати и објасни нивното значење за семејството што функционира дезорганизирано.

Со начинот на кој е одреден предметот на истражувањето, методите на реализација на истражувањето, ориентацијата кон валоризација на резултатите од истражувањето со значење на утврдување на дезорганизираноста на семејството и облиците низ кои таа врши влијание на малолетникот, да се формира како делинквент, нужно бара објаснување на методите и методолошките постапки со кои ќе се обезбеди релијабилност на истражувањето и на добиените резултати. Авторката тоа го чини со познавање на методолошките постапки и способност за нивна примена во истражувањето. Во методолшкиот дел авторката ги претставува инструментите применети во истражувањето со нужните објаснувања со нивната подобноста за мерење на содржините што се истражуваат и нивната верификуваност преку веќе спроведени од овој вид. Авторката во овој дел ги презентира статистичките методи применети за презентирање на резултатите од истражувањето и нивната адекватност да се добијат резултати кои значат верификација и валоризација на добиените резултати за проверка на поставените хипотези.

6. Во втората глава од овој дел на дисертацијата авторката на трудот врши анализа на резултатите од истражувањето (стр. 253-343). Откако го објаснува методолошкиот пристап кон анализата на податоците, истражувањето го реализира на територијата на општината Прилеп. Објаснувањето на лоцирањето на истражувањето на овој простор го наоѓа во потврдениот факт дека Прилеп спаѓа во редот на општините во кои малолетничката делинквеницjа покажува релативна константност со високо учество во вкупната малолетничка делинквенција. Примерокот на истражувањето е

одреден според бројот на досиејата за малолетници што ги евидентира Центарот за социјална работа во овој град. Воедно на ова место да го истакнеме фактот дека авторката на трудот наидуваше на сериозни тешкотии како во користењето на документацијата на Центарот така во обезбедување на комуникации како со вработените на овој Центар така и во комуникациите со испитуваната популација. Но, со изразита упорност, истражувањето е реализирано на задоволителен начин, како во однос на опфатената популација така и во однос на добиените информации.

Со првиот инструмент „Прашалник за испитаникот" се прибираат информации за полот, староста, текот на образованието, сторените кривични дела за кои е евидентиран малолетникот, повторноста која е повисока од повторноста кај оваа категорија делинквенти, изречени санкции како и податоци за семејството, родителите, образовни и стручни квалификации на родителите, материјална состојба, извори на приходи, оценки на испитаникот за семејната атмосфера и односи.

Преку овој инструмент се добиваат податоци кои упатуваат на социјлната и психо - социјалната атмосфера во која живее малолетникот. Овие податоци на соодветен начин можат да се поврзат и преку нив да се објаснат функциите на семејството преку кои се следи и објаснува основниот предмет на овој труд.

Во текстот што следува се презентираат резултатите добиени со инструмент бр.3 под наслов „Скала за самопроценка на малолетниците што дошле во конфликт со законот", познат како Ликертова скала, верификувана, преку која се испитуваат личните својства на личноста вклучувајќи ги и социјалните врски. Со четвртиот инструмент се испитуваат и проценуваат тешкотиите со кои се среќава малолетната личност и присуството на проблемите во развојот. И последниот инструмент овозможува да се утврдат дезорганизираноста на семејството низ психолошките, социјалните, економските и воспитно-педагошките функции.

Преку анализата на добиените резултати од истражувањето, авторката на трудот нив ги систематизира и ги обработува (претставува) во неколку подрачја со кои се настојува да се покријат и објаснат функциите на семејството кои доведуваат до негова дезорганизација. Во согласност со редоследот на обработка на проблемите, во преден план се обработуваат: влијанијата на нарушената биолошка функција врз формирањето на малолетната делинквенција следени преку меѓусебните односи на родителите, љубовта и љубомората, неверството, односот кон должностите и одговорноста, грижата,

криминалитет во семејството, здравјето, со посебен осврт врз односот на таткото, присуството на социопатолошките појави.

Во вториот и следен поднаслов, кандидатката ги претставува и ги анализира добиените резултати од истражувањето како нарушени социо-психолошки односи и нивното влијание врз формирањето на малолетни делинквенти преку обликот на односите што се остваруваат во семејството и ја формираат психологијата и емоционалниот живот на малолетниот делинквент, примената на присилни методи, формирање вредносни ставови, влијание врз образованието, општественото однесување, одделно таткото и мајката, емоционалните врски и блискоста на членовите во семејството.

Во согласност со предметот на научниот интерес, авторката ги анализира резултатите од истражувањето преку кои настојува да утврди какво е влијанието на нарушената економска функција во формирањето на малолетните делинквенти. Во овој дел од истражувањето посебно внимание се посветува на вработеноста на родителите и должината на работниот однос изразена во години, односот на родителите кон трудот, материјалната положба на семејството (како се живее, како се обезбедуваат средствата за егзистенција што недостигаат, улогата на родителите во создавањето услови за живот вклучувајќи ги и облиците на создавање материјални услови со недозволени средства и начини и сл.). Нарушувањата на воспитно – педагошката функција и нејзиното влијание врз формирањето на малолетниот делинквент заземаат посебно место. На преден план се утврдува карактерот на меѓусебните односи (дали постојат манифестации на нарушени односи), обликот на воспитување, поставените барања пред малолетникот, попустливост, отсуство на одговорност, отсуство на нужна грижа, самоволие, градење ставови кон работата и образованието итн.

Врз извршената верификација на поставените хипотези, таа го поставува концептот на превенција на дезорганизираното семејство. Поаѓајќи од концептот на превенција, во согласност со предметот на истражувањето и факторите што ја условуваат дезорганизацијата на семејството, расправата е фокусирана врз примарната превенција која се остварува во рамките на внатрешната структура на самото семејство и припадниците кон него. Во таа смисла се покажува како нужно градењето програми за едукација на членовите на семејството во врска со функциите што во него треба да ги остварува секој член. Секундарната превенција опфаќа програми за создавање услови во микросредината во вид на едукација и помош, установување систем на норми и

вредности со што на семејството му се помага да ги совладува проблемите, но и успешно да ги извршува своите функции. На дезорганизираното семејство му е неопходна особена грижа и помош од социјалните институции на заедницата. Терцијарната превенција кандидатката ја одредува како стратегија што треба да ја изгради општеството (државата) вклучувајќи и соодветна законска регулатива со која јасно ќе се дефинираат функциите, обврските и должностите на семејството и во согласност со тоа, неговите обврски за создавање услови за успешно функционирање на семејството. Терцијарната превенција подразбира соодветен ангажман врз дезорганизираното семејство и врз отстранувањето на оние дадености во општеството кои влијаат и се јавуваат како причини што доведуваат до дезорганизирано функционирање на семејството разгледувани преку функциите што тоа неопходно мора да ги извршува. Во концептот на превенција на соодветен начин, авторката го разгледува и проблемот на насилството во семејството кое го дезорганизира семејството, но и произведува дезорганизирано семејство.

Трудот завршува со Заклучоци и предлози (стр. 344 – 353), во кои се систематизирани теоретските поставки врз е изграден трудот, за семејството како примарна општествена група, неговите функции и развојот на функциите посебно во современото општество. Систематизирајќи ги резултатите од спроведеното истражување, авторката го истакнува фактот дека верификацијата на поставените хипотези за дезорганизираното семејство го потврдуваат како фактор со криминогено значење за настанување на малолетничката делинквенција. Во заклучоците и предлозите, авторката го соопштува и понудениот концепт на превенција на дезорганизираното семејство.

## III.

## 1.ОЦЕНА НА ТРУДОТ

М-р Јасмина Караниколова изработи докторска дисертација под наслов „Дезорганизираното семејство како криминоген фактор кај малолетничката делинквенција“ по обем поголема од вообичаено. Обемот на дисертацијата е одреден, пред сè, со појавата што е предмет на обработка во овој труд, општиот пристап на авторката кон семејството како примарна општествена група, сфаќајќи го овој факт како битен и суштествен за секое општество, методолошкиот пристап кон обработката на

материјата и нејзиното тежнение, поставените хипотези емпириски да ги провери низ истражување на појавата. Тежненieто да го одреди местото на семејството како општествена група во нашето општество е одредено од два елемента: прво, семејството од неговото настанување е и останува примарна општествена група во сите општествени формации низ кои минува во својот развој вршејќи функции кои константно му припаѓаат, но кои низ цивилизацискиот развој се збогатуваат по содржина и се менуваат по начинот на нивното остварување. Оттука и потребата тие да се следат во континуитет. Второ, односот на општетсвото кон него во согласност со унапредувањето на положбата на човекот во него, преку гарантираните слободи и права, се менува во насока на зголемени обврски на државата во создавањето услови семејството успешно да ги извршува своите функции. Денес тие се толку големи, што се развива една спротивна теза која на обврските на семејството не им дава општествен карактер.

Кандидатката, дефинирајќи го дезорганизираното семејство како социопатолошка појава од групата на дезорганизациите, беше исправена пред проблемот да ја објасни оваа појава и да понуди дефиниција која соодветствува на проблемот што е во центарот на вниманието, малолетничката делинквенција.

Фактот што авторката со дезорганизираното семејство се занимава како со етиолошки проблем со значење на криминоген фактор во настанувањето на малолетничката делинквценција, нужно се наметна потребата да ја следи научната мисла во криминологијата и социологијата низ теориите што ја објаснуваат малолетничката делинквценција, но и дезорганизираното семејство како криминоген фактор. По мислење на Комисијата за оцена на докторската дисертација на кандидатката Караниколова, овој дел од тезата не претставува оптоварување на трудот, туку напротив, дава нужни сознанија особено на оние што во иднина ќе се занимаваат со оваа проблематика.

Овој пристап е одреден и со фактот што во современото, модерно општество, малолетничката делинквенција (малолетничкиот криминалитет) претставува појава која феноменолошки се карактеризира, пред сè, со постојан пораст утврдуван како преку опфатноста на младата генерација, така и преку постојано зголеменото учество во вкупнiот криминалитет (раното започнување со криминалната кариера, по правило, води кон рецидивизам, потврдена теза во криминологијата). Но, како никогаш порано, оваа појава покажува многу тесна поврзаност со социопатолошките појави, што ја чини

уште посложена и потешка и ја наметнува потребата таа да се изучува во сета нејзина комплексност.

Поставувајќи ги основните функции на семејството во центарот на вниманието, пред сè, во однос на младата генерација, авторката успешно ги поставува општите и поединечните хипотези за семејството како криминоген фактор и конструира инструменти кои овозможуваат да се изврши нивна емпириска проверка. Овде, нужно е да се напомене, дека кандидатката спроведе обемно истражување со познавање на проблемот, со методолошки познавања, но и со голема упорност. Ова особено заради фактот што на територијата на која е реализирано истражувањето не постојат сигурни извори на сознанија, како и недоволна готовност на надлежните институции за соработка. Таа успешно ги совлада овие проблеми, а во обработката на емпирискиот материјал и неговата презентација примени методолошки постапки кои овозможуваат успешна валоризација на добиените резултати.

За докторската дисертација на м-р Караниколова може да важи анегдотата на обичниот читател: „она што го кажувате, јас го знам", но авторката може да му одговори: „да, но јас тоа научно го докажав."

Добиените резултати од истражувањето го збогатуваат трудот, а преку него авторката покажува способност за самостојна истражувачка работа и успешно ја применува научната методологија. Во објаснувањето на општите и научно – теоретски проблеми се користи со богата домашна и странска литература со што на читателот му овозможува да дојде до значајни информации. Трудот е пишуван со стил што е читлив и разбирлив, со јасна мисла, достапен и за обичниот читател.

Авторот на трудот иницира многубројни проблеми врзани за факторите што доведуваат до дезорганизација на семејството во современото општетсво, така и во нашето општество и, се разбира и не можела да даде одговор на сите прашања. При евентуално објавување на трудот некои прашања врзани за превенцијата и ангажманот на општеството во создавањето услови семејството да може да ги извршува своите функции, заслужуваат натамошна разработка, со што трудот ќе добие во својата апликативна вредност.

2. Комисијата за оцена на докторската дисертација на ЈАСМИНА КАРАНИКОЛОВА под наслов ДЕЗОРГАНИЗИРАНОТО СЕМЕЈСТВО КАКО КРИМИНОГЕН ФАКТОР КАЈ МАЛОЛЕТНИЧКАТА ДЕЛИНКВЕНЦИЈА во состав, акад. проф. д-р Владо Камбовски, проф. д-р Љупчо Арнаудовски, проф. д-р Методија

Каневчев, проф. д-р Дејан Мицковиќ и проф. д-р Гордан Калајџиев му предлагаат на Наставно – научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", да го прифати рецензентскиот извештај со позитивната оцена и да одреди датум за јавна одбрана на докторската дисертација.

Скопје, 12.5.2011 **Комисија за оценка на докторската дисертација,**

1. **Акад. проф. д-р Владо Камбовски** **с.р.**

2. **Проф. д-р Љупчо Арнаудовски** **с.р.**

3. **Проф. д-р Методија Каневчев** **с.р.**

4. **Проф. д-р Дејан Мицковиќ** **с.р.**

5. **Проф. д-р Гордан Калајџиев** **с.р.**

**ПРЕГЛЕД**

на одобрени теми за изработка на магистерски труд на **Економскиот факултет-Скопје** во состав на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје

| Кандидат | Тема | Ментор |
|---|---|---|
| Јана Тавчиевска | „Телевизиско медија-планирање и огласување во Република Македонија" | проф.д-р Анита Циунова Шулеска |
| Ана Ангеловска | „Маркетинг анализа на базата на клиенти како дел од управувањето со односите со клиентите" | проф.д-р Снежана Ристевска Јовановска |
| Ќемал Османоски | „Маркетинг микс концепт во индустријата на грејни тела за производство на топла вода" | проф.д-р Митре Стојановски |
| Дарко Јованоски | „Значењето на кредитната поддршка за развојот на малите и средните претпријатија во Република Македонија" | проф.д-р Михаил Петковски |
| Мартин Дамески | „Централната банка како регулатор на кредитната активност на банкарскиот сектор: случајот на Република Македонија" | проф.д-р Михаил Петковски |
| Александар Петровски | „Актуарски основи на животна рента" | проф.д-р Драге Јанев |
| Јована Човиќ | „Формирањето на човечки капитал и образовните политики" | акад. Гоце Петрески |
| Марјан Гоговски | „Управување со кредитниот ризик" | проф.д-р Горан Петревски |
| Спасијка Јованова | „Фиксниот режим на девизниот курс на денарот и влијанието врз економијата на Република Македонија" | проф.д-р Љубе Трпески |
| Ивана Крстева | „Трансмисиониот механизам на монетарната политика во земјите во развој, со посебен осврт на Република Македонија" | проф.д-р Горан Петревски |

| | | |
|---|---|---|
| Лилјана Лепческа | „Системи за осигурување на депозитите, со посебен осврт на Република Македонија" | проф.д-р Љубе Трпески |
| Наташа Ампевска | „Стратегии на туркање во дистрибутивните канали на кондиторските производи во Република Македонија" | проф.д-р Нада секуловска |
| Анета Нестороска | „Интегрирање на менувачкото работење во системот за електронско банкарство" | проф.д-р Нада Секуловска |
| Билјана Николовска-Митева | „Внатрешна ревизија во осигурителното работење со посебен осврт на QBE Македонија" | проф.д-р Зорица Божиновска Лазаревска |
| Душанка Стефанова | „Рамката на урамнотежени перспективи како систем на мерила за оценка на успешноста на работењето на организацијата" | проф.д-р Блажо Недев |
| Жика Стојановски | „Управување со современите фактори на растот на локално ниво во рамки на стратегијата за забрзан и одржлив развој на Република Македонија" | проф.д-р Златка Поповска |
| Билјана Настоска | „Врвниот менаџмент и определување на перформанси во претпријатието" | проф.д-р Бобек Шуклев |
| Јасна Ушковска | „Процес на градење бренд во прехрамбената индустрија во Република Македонија" | проф.д-р Нада Секуловска |
| Марјан Туџарски | „Внатрешна контрола и ревизија со примена на IT системи" | проф.д-р Љубиша Јаневки |
| Александар Ристовски | „Мотивација на вработените и влијание врз организациската ефикасност" | проф.д-р Благоја Ѓорѓијовски |
| Наташа Ѓоревска | „Примена на стратегиите на засилување на мотивацијата на вработените во претпријатието" | проф.д-р Бобек Шуклев |
| Ленче Зикова | „Политики и програми за поттикнување и поддршка на иновациите со посебен осврт на Република Македонија" | проф.д-р Љубомир Дракулевски |

**П Р Е Г Л Е Д**
на одобрени теми за изработка на **докторски дисертации на Економскиот факултет-Скопје** во состав на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје

| **Кандидат** | **Тема** | **Комисија** |
|---|---|---|
| М-р Андреја Митески | „Модели на оптимално реосигурување" | проф.д-р Драге Јанев<br>проф.д-р Бобек Шуклев<br>проф.д-р Љубе Трпески |
| М-р Никола Цамбазовски | „Основни причини за финансиската криза во САД, последиците и излезот" | проф.д-р Љубе Трпески<br>проф.д-р Михаил Петковски<br>проф.д-р Горан Петревски |
| М-р Виолета Цветкоска | „Методи и модели на повеќекритериумско одлучување во менаџментот:емпириска студија за евалуација на ефикасноста на одредени организациони единици во Република Македонија | проф.д-р Благородна Тодосиоска<br>проф.д-р Благоја Ѓорѓијовски<br>проф.д-р Бобек Шуклев |
| М-р Елена Макревска | „Влијанието на еврото врз надворешнотрговската размена на Европската Унија" | проф.д-р Ирена Кикеркова<br>проф.д-р Љубе Трпески<br>проф.д-р Љубица Костовска |

# РЕЦЕНЗИЈА

## НА УЧЕБНИКОТ „ВОВЕД ВО НУМЕРИЧКА АНАЛИЗА СО МАТЛАБ" ОД АВТОРОТ Д-Р КАТАРИНА МАНОВА, ВИШ НАУЧЕН СОРАБОТНИК

Со одлука бр. 09-649/1 од 13.04.2011 година, донесена од Научниот совет на ИЗИИС, избрана сум за втор рецензент на материјалот за учебникот под наслов „Вовед во нумеричка анализа со Матлаб", од авторот д-р Катарина Манова, виш научен соработник.

По прегледот на доставениот материјал за учебник, го поднесувам следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Учебникот е напишан на кирилица, изработен на компјутер, со вкупно 194 страници. Содржи вовед, девет поглавја нумерирани од еден до девет, библиографија и индекс.

Почнувајќи со краткиот историјат, грешките при нумеричка анализа, авторката посебно се задржува на методите на нумеричка анализа: интерполација и апроксимација, нумеричко интегрирање и диференцирање, како и решавањето на нелинеарни равенки, системи линеарни и нелинеарни равенки и диференцијални равенки. Покрај теоретската обработка на основните методи на нумеричката анализа, авторката за нумеричките алгоритми изработува примери за нивно решавање со користење на алатките во МАТЛАБ, а исто така изработува и лични примери кои како на читателот така и на корисникот во голема мера му ја олеснуваат директната примената на нумеричката анализа во научните и инженерски истражувања.

При ова, може да се забележи дека авторката воспоставила рамнотежа помеѓу теоретското и применливото што навистина го прави материјалот лесен, интересен, корисен и применлив за сите студенти и истражувачи при совладувањето на изучувањето на методите и алгоритмите на нумеричката анализа и нивната примена во решавање на сите научни и стручни проблеми во кои е неопходна нејзина примена.

Авторката успеала да ја наметне својата индивидуалност во изработката на учебникот, со што тој отстапува од класичните учебници за нумеричка анализа.

Иако учебникот е наменет за наставата за втор циклус студии по предметот вовед во Матлаб со примена во инженерски анализи на ИЗИИС при УКИМ, тој согласно со неговата содржина и изработените алгоритми како примери може да се користи во наставата на сите факултети на кои се изучува предметот нумеричка анализа. Со тоа korиста од овој учебник е повеќекратна.

## ЗАКЛУЧОК

Учебникот ВОВЕД ВО НУМЕРИЧКА АНАЛИЗА СО МАТЛАБ, од авторот д-р Катарина Манова, ги задоволува критериумите за учебник како по предметот вовед во Матлаб со примена на инженерски анализи за втор степен на студии, така и за сите предмети на факултетите каде што се изучува и користи нумеричката анализа како алатка во решавањето на научните и практичните проблеми.

Врз основа на напред изнесеното, чест ми е да го известам Научниот совет на ИЗИИС при УКИМ дека давам позитивна оцена на материјалот за учебник „Вовед во нумеричка анализ со Матлаб", од д-р Картарина Манова, виш научен соработник, и предлагам да се издаде како универзитетски учебник.

Скопје, 08.06.2011

Рецензент

Д-р Снежана Стаматовска, редовен професор
на ИЗИИС - Скопје, с.р.

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ПО НАСТАВНИОТ ПРЕДМЕТ КОРЕПЕТИЦИЈА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ - СКОПЈЕ

На конкурсот за избор на еден наставник во сите звања по наставниот предмет корепетиција на Факултетот за музичка уметност – Скопје објавен на 16.4.2011 година во дневните весници „Дневник" и „Лајм", се пријавија кандидатките м-р Татјана Огнаноска и м-р Марија Вршкова.

За оцена на кандидатките пријавени на конкурсот, Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за музичка уметност – Скопје, на седницата одржана на 20.4.2011 година, донесе решение за формирање на Рецензентска комисија во состав:

- проф.м-р Гордана Јосифова – Неделковска
- вонр.проф.м-р Зоран Пехчевски
- проф.м-р Билјана Јакимовска.

По увидот во доставената документација, Рецензентската комисија за кандидатките м-р Татјана Огнаноска и м-р Марија Вршкова го поднесе следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### Биографски податоци

М-р Татјана Огнаноска е родена на 1.7. 1958 год. во Санкт Петерсбург (Русија). Основното и средното музичко образование го оформила во својот роден град. Дипломирала 1982 год. со висок просек на Санкт-петерсбуршкиот конзерваториум „Н.Римски Корсаков" во класата на проф. Олег Малов и се здобила со звањето „концертен пијанист, пијано - придружник, солист во камерни состави и пијанист-педагог". По завршувањето на студиите извесно време работела како корепетитор во Операта на Хрватското народно казалиште во Сплит, соработувајќи со врвни југословенски оперски уметници, а по доаѓањето во Македонија со истите работни обврски продолжила и во Операта на Македонскиот народен театар во Скопје, работејќи посветено и со голема заложба со солистичкиот состав на овој ансамбл. По краток период, како наставник во Музичко-балетскиот училишен центар во Скопје, во 1990 год. добила постојан работен ангажман на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" како уметнички соработник, којашто функција ја врши и денес.

Во меѓувреме, во 2010 год. на истиот Факултет магистрирала на Одделот за пијано, предмет корепетиција, во класата на проф.м-р Евушка Елезовиќ со највисока оценка.

Во 1986 г. како пијано-придружник учествувала на конкурсот „Чајковски" во Москва, а исто така била избрана и за член на жири-

комисијата на Меѓународниот конкурс на студенти и педагози-изведувачи на педагошките факултети во Санкт Петерсбург (20-23. 11. 2002).

За својата уметничка дејност добитник е на повеќе признанија, меѓу кои:

- Признание од Здружението на музичките педагози на Словенија, 1988 год. ;
- Благодарница од ISIK – униврзитетот во Истанбул – Турција, 2000 год. ;
- Благодарница од Ректоратот на Униврзитетот „ Св. Кирил и Методиј", 2007 год.

По покана од Федералната агенција за култура и кинематографија на Руската Федерација, земала активно учество со свое излагање на IV меѓународна конференција „Модернизација на високото музичко образование и реализација на принципите на болоњскиот процес во Русија и Европа", што се одржа од 26 до 28 септември 2010 година на Државниот конзерваториум Н.Римски-Корсаков во Санкт Петерсбург.

**Педагошка дејност**

Иако не спаѓа во нејзините конкретни работни обврски како уметнички соработник, со своето богато искуство добиено низ долгогодишната соработка како пијано-придружник на многу познати и истакнати уметници од оперската сцена и концертните подиуми, во заедничка работа со наставниците – професори на Факултетот низ наставниот процес, како и на многубројните класни часови, продукции и концерти, м-р Татјана Огнаноска дала и продолжува да дава свој вреден придонес во професионалното воспитување на многу генерации студенти – идни уметници-исполнители и педагози.

**Уметничка дејност**

М-р Татјана Огнаноска без сомнение спаѓа во редот на нашите најистакнати камерни музичари – пијано-соработници. Солидното професионално образование добиено на еден од најпознатите и врвни конзерваториуми во светот со повеќевековна традиција ѝ овозможува со успех и на високо уметничко ниво да ги исполнува своите обврски. Одличната техничка подготвеност, извонредната музикалност, непогрешливото чувство за стил и форма, естрадната сигурност во настапите, како и способноста како рамноправен соработник да се приспособи и без да го наметнува своето видување да ја почитува индивидуалноста на солистот што го придружува, без разлика дали се работи за студент-почетник или истакнат уметник со потврдено реноме, ја прави м-р Татјана Огнаноска секогаш посакуван и ценет партнер во музичкото исполнителство.

Голема по обем, богата и разновидна е уметничката активност на м-р Татјана Огнаноска, како пијано-придружник на огромен број истакнати уметници, но и студенти – вокални уметници и исполнители на гудачки и дувачки инструменти. Во својата уметничка актива, Татјана Огнаноска бележи над сто настапи – целовечерни - самостојни и заедно со други пијано-придружници. Од нив, преку 60 се целовечерни концерти-рецитали – дипломски и магистерски испити, продукции и класни концерти на студенти

на ФМУ, но и концерти со уметници од земјата и странство кои имаат висока уметничка вредност.

М-р Татјана Огнаноска настапувала во повеќе земји во Европа: „Сплитско лето", 1985 и 1986 - Хрватска, меѓународни натпревари во Стреза, 1994 и 1996 и Горица, 1997 - Италија, „Гоцеви денови", 1995 во Истанбул-Турција, настап со млади македонски музички уметници, 2000 во Виена – Австрија, „Денови на македонска култура", 2001 во Санкт Петерсбург- Русија, Романија и Србија.

Во Македонија имала настапи во голем број градови - Скопје, Куманово, Струмица, Тетово, Битола, Кавадарци, Охрид, Велес, Струга, како и настапи на повеќе значајни музички манифестации и фестивали – Охридско лето (1996, 1999 - два пати, 2000, 2001 - два пати и 2002 г.), Скопско културно лето (1999, 2000 г.), Интерфест-Битола (1993, 1994, 1995 г.), Кавадаречко културно лето, Хераклејски вечери ( 2000, 2001 г.) и Денови на македонската музика (1993, 1994, 1995, 1996, 1998 г). Во периодот 1989-1991 год., Т.Огнаноска настапувала и како пијано-придружник на повеќе студенти од Факултетот за музичка уметност – Скопје кои освоиле бројни први награди и признанија на сојузните натпревари и средби во поранешна Југославија – во Сараево, Херцег Нови и Љубљана.

Во наредниот прилог ќе бидат наведени позначајните настапи реализирани во последниве пет години:

- 4.10.2006 год., настап со Гордана Јосифова-Неделковска (англиски рог) на фестивалот „Интерфест" во Битола;
- 27.10.2006 год., концерт со Гордана Јосифова-Неделковска (англиски рог) во Кавадарци;
- 4.12.2006 год., концерт со Гордана Јосифова-Неделковска (обоа, англиски рог) во фоајето на МОБ во Скопје;
- 23.5.2007 год., настап со Гонце Богоромова (сопран) на одбележувањето на патрониот празник на УКИМ во салата на МОБ во Скопје;
- 22.6.2007 год., концерт (рецитал) со Гонце Богоромова (сопран) во Струмица;
- 13.11.2008 год., донаторски концерт со студенти на ФМУ-Скопје во католичката катедрала во Скопје;
- 11.3.2009 год., концерт во чест на проф. Коста Трпков, со студентите по соло-пеење, во концертната сала на ФМУ во Скопје;
- 15.4.2009 год., концерт во чест на проф. Коста Трпков, со студентите по соло-пеење, во Големата сала на ФМУ во Ниш, Р.Србија;
- 14.11.2009 год., концерт со студентите по соло-пеење од класата на проф.Билјана Јакимовска во Кавадарци;
- 17.12.2009 год., концерт со студентите по соло-пеење од класите на доц. В.Ѓиновска-Илкова и доц. С.Петровска-Галиќ во концертната сала на ФМУ-Скопје;
- 5.2.2010 год., концерт со Ивана Андоновска-Свилар (мецосопран) во концертната сала на ФМУ-Скопје;
- 19.2.2010 год., концерт со Ристе Велков (баритон) во концертната сала на ФМУ-Скопје;

- 14.4.2010 год., концерт (рецитал) со Симона Јовчевска (сопран) и Диме Петров (бас-баритон) во концертната сала на ФМУ-Скопје;
- 22.4.2010 год., концерт на класата по соло-пеење на доц. Славица Петровска-Галиќ во концертната сала на ФМУ-Скопје;
- 4.5.2010 год., концерт на класата по соло-пеење на доц. Весна Ѓиновска-Илкова во концертната сала на ФМУ-Скопје.

Наведуваме неколку кратки изводи од критиките и написите во печатот:

„ ... Пијанистката Татјана Огнаноска беше активен, прецизен и темпераментен соработник со изграден и култивиран однос кон солистот".

„Нова Македонија", 19.10.1993

„...Т. Огнаноска умее многу суптилно да го прилагоди звукот на пијаното на гласот на пејачот."

„Нова Македонија", 8.10.1994

..... „Пијанистката Т.Огнаноска се покажа како извонреден соработник на вокалните уметници - сигурна, но без претензии да биде во главна ролја."

„ Нова Македонија", 22.8.1996

„Овациите на виенската публика се однесуваа и на извонредната пијано соработка на Тања Огњаноска, виш уметнички соработник на ФМУ-Скопје"

Виена, 19.12.2000
(Соопштение за прес-конференција на ФМУ-Скопје)

„ ... пијанистката Тања Огњаноска се претвори во „оркестар-диригент", придружувајќи ги солистите „оркестарски" впечатливо и „диригентски" внимателно."

„Нова Македонија", 13.8.2001

„ ... посебни аплаузи за нивниот „оркестар" – пијанистката Тања Огњаноска која целосно ги поддржа уметниците во овој благороден и богат уметнички чин."

„ Весник", 20.8.2001

„ Клавирските аранжмани ... претставувајќи својевидна композиција за „симфониски оркестар" постулираа особени пијанистички способности на Тања Огњаноска, која своето искуство успешно го презентираше оваа вечер."

„ Нова Македонија", 9.8.2001

**Биографски податоци**

Марија Благоја Вршкова е родена 1975 година во Битола. Започнала да свири на пијано на 6-годишна возраст. Основното и средното музичко образование го завршила во Битола, во класата на проф. М. Татарчевска. Високото музичко образование го стекнала на Факултетот за музичка уметност – Скопје, во класата на проф. Тодор Светиев. Додипломските студии ги завршила со голем успех и дипломирала со највисока оценка и со посебна пофалба од комисијата – cum laude.

За време на своето школување на ФМУ-Скопје се истакнала како еден од најдобрите студенти од својата генерација и земала активно учество во голем број од активностите организирани од страна на Факултетот.

Добитник е на две први републички награди и две трети сојузни награди (во рамките на поранешна Југославија) на натпреварите за пијано и камерна музика, како и трета награда на интернационалниот конкурс за млади пијанисти одржан во 1996 година во Рим – Италија.

Неколку пати учествувала на семинари во рамките на фестивалот ИНТЕР-ФЕСТ во Битола, кадешто имала можност да работи со врвни пијанистички педагози, како што се: Dang Thai Son, Nelson Fabri Delle-Vigne и други. Од учествата на семинари по камерна музика позначајно место зазема учеството на семинарот одржан во Германија, под раководство на еминентниот квартет МІО.

Постдипломските студии ги завршила во 2003 година на Факултетот за музичка уметност-Скопје, во класата на проф. Тодор Светиев.

Нејзиното прво вработување било во 1996 година, како наставник по пијано во училиштето „Панче Пешев“ во Куманово. Во 1998 година била вработена како наставник по пијано во ДМБУЦ „Илија Николовски-Луј“ во Скопје, а во 2000 година како помлад уметнички соработник при Факултетот за музичка уметност-Скопје.

Заради својата работа и покажаната активност на полето на пијаното и камерната музика предвремено е избрана во највисокото соработничко звање – виш уметнички соработник.

Како пијанист-солист значајни се нејзините 10 соло-рецитали и настапите со Македонската филхармонија, при што особено се залага за презентација на музиката на 20 век, изведувајќи ги премиерно концертите на Бела Барток и Бенџамин Бритн, како и концертот за две пијана на Франсис Пуланк.

Освен со Македонската филхармонија има настапувано и со Битолскиот камерен оркестар, оркестарот на Музичката младина на Македонија и камерниот оркестар АЛЕА со кого премиерно го изведува делото „Рондо“ од Л.В.Бетовен. Четири пати земала учество во Светскиот младински оркестар како единствен претставник од Македонија, каде што имала можност да работи со светски познати диригенти.

Особено значајно е нејзиното членување во ансамблот АЛЕА со кого има остварено, со голем успех, преку 50 македонски и светски премиерни изведби.

Во моментов е еден од најактивните македонски пијанисти, чија пијано-соработка во нашава средина се поврзува со успешни настапи со редица афирмирани музички уметници од земјава и од странство.

Покрај настапите на домашната музичка сцена, како што се настапите во Салон „19,19“ и на фестивалите „Скопско лето“,„ Есенски музички свечености“, „Хераклејски вечери“ и „Златна лира“, Марија Вршкова концертирала и на сцените во Турција, Австрија, Италија, Франција, Германија, Русија, Полска, Украина, Бугарија, Хрватска, Србија, Словенија, Косово, Албанија, Грција, Холандија, Велика Британија и САД.

Неколку пати била и дел од македонските делегации кои ја претставувале македонската култура во Русија, Италија, Австрија и Франција.

Пет години соработувала, како хонорарен член, со Македонската филхармонија и Македонската опера и балет, кадешто учествувала во подготовките на шест опери.

Од самото основање на интернационалниот натпревар „Охридски бисер“, Вршкова е единствениот музички соработник кој е дел од самиот натпревар, така што во 2006 година ја добила специјалната награда за најдобар уметнички соработник, доделена едногласно од страна на интернационалното жири.

Во 2007 година била член на жири-комисијата на петтиот интернационален натпревар за класична музика во Приштина-Косово.

Марија Вршкова има снимано компакт-дискови, како пијано-соработник, со уметниците: Блерим Груби, Страшо Темков, дуото Олег и Ана Кондратенко, а оваа година издаден е и компакт-диск на којшто таа се претставува како солист на пијано, изведувајќи дела од македонски композитори.

**Уметничка дејност**

Во овој дел ќе бидат наброени само позабележителните настапи на м-р Марија Вршкова, односно оние концерти кои биле одржани во рамките на нашите нејреномирани фестивали и оние концерти преку кои таа придонела за ширењето на македонската музичка култура кај нас и пошироко:

- солистички концерт со Македонската филхармонија – Ф.Пуланк: концерт за две пијана и оркестар;
- солистички концерт со камерниот ансамбл АЛЕА – Л.В.Бетовен: „Рондо“ (праизведба во Македонија);
- концерти со дуото Ана и Олег Кондратенко – Скопско лето, Охридско лето, Стразбур;
- два концерта со Весна Гиновска-Илкова во Италија (како дел од македонската делегација);
- концерт со Љубиша Кировски во Санкт Петерсбург (како дел од манифестацијата „Бели ноќи“);
- концерт со Весна Гиновска –Илкова во Москва (како дел од манифестацијата „Денови на македонската култура“ во Русија);
- соло и камерна презентација на Михајло Куфијанакис и Ана и Игор Дурловски на манифестацијата „Денови на македонската култура“ во Виена-Австрија;
- концерт со Ино Мирковиќ на „Охридско лето“;
- концерт со Стефан Миленковиќ во Скопје;
- концерт со Моника Лесковар на „Охридско лето“;
- концерт со Страшо Темков во Њујорк –САД;

- концерт со Владимир Костов во Лондон (како дел од манифестацијата „Звуци од истокот");
- концерт со Ана и Олег Кондратенко во Софија – Бугарија.

Наведуваме извадоци од неколку критики објавени во печатот и останатите медиуми:

„...И овде, како и на сцената, Марија Вршкова им дава оригиналност, им дава свој изведувачки печат што веќе го препознаваме – витален, силен, енергичен, па и атрактивен. Нејзиното искуство и блискост со современите звучни текови се само плус на автентичната уметничка вредност што таа им ги дава на композициите. Најважен од сѐ е нејзиниот ентузијазам како и љубовта кон нашето творештво, со што делата, особено оние создавани одамна, добиваат нова, свежа интерпретација, добиваат ново толкување и дешифрација."

„Утрински весник", 28.3.2011

„... Сосема рамноправен соработник во таа успешна уметничка сеанса беше македонската пијанистка Марија Вршкова. Во одделни композиции, како што е сонатата од Шостакович, нејзината задача не беше воопшто за потценување. Но таа, како и многупати досега, покажа дека со право во моментов се смета за водечки пијано-придружник на нашиве простори и дека е во состојба да соработува и со најголемите светски уметници."

Марко Коловски, Радио Скопје

„Пијанистката Марија Вршкова искажува особен творечки интерес кон новосоздадената музика, вклучувајќи ги делата од македонските композитори. Тоа е професионален ангажман за кој е потребно големо љубопитство, творечки инстинкт, истражувачка храброст и фантазија и пред сѐ, врвен пијанизам..."

Снежана Анастасова-Чадиковска, од текстот „Музичар со сопствена ѕвезда" за промоцијата на ЦД-то на М.Вршкова.

## ЗАКЛУЧОК

По извршениот увид во доставената документација и нејзиното разгледување, Рецензентската комисија констатираше дека и двете пријавени кандидатки во целост ги исполнуваат пропишаните услови наведени во конкурсот.

Од приложените материјали, како и од досегашниот непосреден увид во дејноста и активностите на м-р Татјана Огнаноска и м-р Марија Вршкова, Комисијата со задоволство констатираше дека се работи за несомнено квалитетни кандидати и реномирани уметнички соработници кои, со својот

професионален ангажман, се постојано присутни на концертните подиуми во Македонија и пошироко.

Сепак, Комисијата при утврдувањето на предлогот ги зема предвид и високо ги ценеше квалификациите и звањата што Татјана Огнаноска ги стекнала на додипломските и на постдипломските студии, кои во целост ја потврдуваат потребната компетентност, нејзиното долгогодишно и богато искуство на полето на уметничката соработка со голем број музички уметници, соработката со врвни музички институции, како и стекнатото педагошко искуство.

Затоа, Рецензентската комисија со голема чест му предлага на Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за музичка уметност – Скопје да ја избере м-р Татјана Огнаноска за наставник по наставниот предмет корепетиција на Факултетот за музичка уметност-Скопје, во звањето доцент.

**Рецензентска комисија**

Проф.м-р Гордана Јосифова-Неделковска с.р.

Вонр.проф.м-р Зоран Пехчевски с.р.

Проф.м-р Билјана Јакимовска с.р.

АНЕКС 2

# ОБРАЗЕЦ
# КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:**
м-р Татјана Евгениј Огнаноска

**Институција:**
Универзитет „Св. Кирил и Методиј"- Скопје, Факултет за музичка уметност - Скопје

**Научна област:**
Пијано

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Вежби-корепетиција 1 циклус студии (20часа неделно), 1990/1991 | 18 |
| 2. | Вежби-корепетиција 1 циклус студии (20часа неделно), 1991/1992 | 18 |
| 3. | Вежби-корепетиција 1 циклус студии (20часа неделно), 1992/1993 | 18 |
| 4. | Вежби-корепетиција 1 циклус студии (20часа неделно), 1993/1994 | 18 |
| 5. | Вежби-корепетиција 1 циклус студии (20часа неделно), 1994/1995 | 18 |
| 6. | Вежби-корепетиција 1 циклус студии (20часа неделно), 1995/1996 | 18 |
| 7. | Вежби-корепетиција 1 циклус студии (20часа неделно), 1996/1997 | 18 |
| 8. | Вежби-корепетиција 1 циклус студии (20часа неделно), 1997/1998 | 18 |
| 9. | Вежби-корепетиција 1 циклус студии (20часа неделно), 1998/1999 | 18 |
| 10. | Вежби-корепетиција 1 циклус студии (20 часа неделно), 1999/2000 | 18 |
| 11. | Вежби-корепетиција 1 циклус студии (20 часа неделно), 2000/2001 | 18 |
| 12. | Вежби-корепетиција 1 циклус студии (20 часа неделно), 2001/2002 | 18 |
| 13. | Вежби-корепетиција 1 циклус студии (20 часа неделно), 2002/2003 | 18 |
| 14. | Вежби-корепетиција 1 циклус студии (20 часа неделно), 2003/2004 | 18 |
| 15. | Вежби-корепетиција 1 циклус студии (20 часа неделно), | 18 |

| | | |
|---|---|---|
| | 2004/2005 | |
| 16. | Вежби-корепетиција 1 циклус студии (20 часа неделно), 2005/2006 | 18 |
| 17. | Вежби-корепетиција 1 циклус студии (20 часа неделно), 2006/2007 | 18 |
| 18. | Вежби-корепетиција 1 циклус студии (20 часа неделно), 2007/2008 | 18 |
| 19. | Вежби-корепетиција 1 циклус студии (20 часа неделно), 2008/2009 | 18 |
| 20. | Вежби-корепетиција 1 циклус студии (20 часа неделно), 2009/2010 | 18 |
| 21. | Вежби-корепетиција 2 циклус студии (180 часа), 2009/2010 | 5,4 |
| 22. | Вежби-корепетиција 1 циклус студии (20 часа неделно), 2010/2011 | 18 |
| 23. | Вежби-корепетиција 2 циклус студии (180 часа), 2010/2011 | 5,4 |
| | **Вкупно** | 388,8 |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Одбранета магистерска работа | 4 |
| | **Вкупно** | 4 |

## СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | 29.5.1989, рецитал (Г.Јосифова-Неделковска), сала ФМУ | 8 |
| 2. | 27.2.1992, рецитал (Г.Јосифова-Неделковска), салон 19.19 | 8 |
| 3. | 7.10.1994, рецитал (Б.Јовановска-Јакимовска) „Интерфест-Битола" | 8 |
| 4. | 13.7.1995, рецитал (М.Муратовска-Наумовска) Даут-Пашин-Амам | 8 |
| 5. | 23.4.1996, рецитал (Г.Јосифова-Неделковска), Салон 19.19 | 8 |
| 6. | 19.8.1996, рецитал (Б.Јовановска-Јакимовска), „Охридско лето" | 8 |
| 7. | 24.7.1999, рецитал (дуо Јокел-Австрија), „Охридско лето" | 8 |
| 8. | 20.7.1999, рецитал (А.Шило-Русија), „Охридско лето" | 8 |
| 9. | 23.2.1999, рецитал (Г.Јосифова-Неделковска), Салон 19.19 | 8 |
| 10. | 25.4.2000, концерт со Скопскиот дувачки квинтет-Салон 19.19 | 8 |
| 11. | 4.8.2000, рецитал (Ана Стаменковска), „Охридско лето“ | 8 |
| 12. | 12.12.2000, рецитал со млади македонски уметници-Виена, Австрија | 8 |
| 13. | 21.6.2001, концерт со Г.Јосифова-Неделковска на манифестацијата „Денови на македонската култура во Санкт-Петерсбург", Русија | 8 |

| | | |
|---|---|---|
| 14. | 20.12.2001, рецитал (Г.Јосифова-Неделковска), Салон 19.19 | 8 |
| 15. | 4.8.2001, рецитал „Вива Верди" (В.Гиновска-Илкова и Б.Трајанов), „Охридско лето" | 8 |
| 16. | 29.0.2002, рецитал (М.Патира-Полска), "Охридско лето" | 8 |
| 17. | 27.12.2003, рецитал (Г.Јосифова-Неделковска), Салон 19.19 | 8 |
| 18. | 14.12.2004, рецитал (Г.Јосифова-Неделковска), Салон 19.19 | 8 |
| 19. | 13.11.2008, рецитал (Донаторски концерт), Католичка катедрала, Скопје | 8 |
| 20. | 15.4.2009, рецитал (концерт во чест на проф. К. Трпков), Ниш | 8 |
| 21. | 14.11.2009, рецитал (Кавадаречка културна есен), Кавадарци | 8 |
| 22. | 15.3.2011, рецитал (И.Андоновска-Свилар), Салон 19.19 | 8 |
| | **Вкупно** | 176 |

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Член на меѓународна жири-комисија на Меѓународниот конкурс на студенти и педагози-изведувачи на педагошките факултети во Санкт Петербург, Русија, 20-23.11.2002 | 2 |
| | **Вкупно** | 2 |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 388,8 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 4 |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | 176 |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 2 |
| **Вкупно** | **570,8** |

АНЕКС 2

# ОБРАЗЕЦ
# КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:**
м-р Марија Благоја Вршкова

**Институција:**
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Факултет за музичка уметност-Скопје

**Научна област:**
Пијано

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Вежби-корепетиција 1 циклус студии (18 часа неделно), 2000/2001 | 16,2 |
| 2. | Вежби-корепетиција 1 циклус студии (18 часа неделно), 2001/2002 | 16,2 |
| 3. | Вежби-корепетиција 1 циклус студии (20 часа неделно), 2002/2003 | 18 |
| 4. | Вежби-корепетиција 1 циклус студии (20 часа неделно), 2003/2004 | 18 |
| 5. | Вежби-корепетиција 1 циклус студии (20 часа неделно), 2004/2005 | 18 |
| 6. | Вежби-корепетиција 1 циклус студии (20 часа неделно), 2005/2006 | 18 |
| 7. | Вежби-корепетиција 1 циклус студии (20 часа неделно), 2006/2007 | 18 |
| 8. | Вежби-корепетиција 1 циклус студии (20 часа неделно), 2007/2008 | 18 |
| 9. | Вежби-корепетиција 1 циклус студии (20 часа неделно), 2008/2009 | 18 |
| 10. | Вежби-корепетиција 1 циклус студии (20 часа неделно), 2009/2010 | 18 |
| 11. | Вежби-корепетиција 1 циклус студии (20 часа неделно), 2010/2011 | 18 |
| 12. | Вежби-корепетиција 2 циклус студии (34 часа), 2001/2002 | 1,02 |
| 13. | Вежби-корепетиција 2 циклус студии (64часа), 2003/2004 | 1,92 |
| 14. | Вежби-корепетиција 2 циклус студии (56 часа), 2009/2010 | 1,68 |
| 15. | Вежби-корепетиција 2 циклус студии (89 часа), 2010/2011 | 2,67 |
| | **Вкупно** | 201,69 |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Одбранета магистерска работа, 2003 | 4 |
| | **Вкупно** | 4 |

## СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Рецитал, 19.5.2000, Скопје | 8 |
| 2. | Рецитал со Ана и Олег Кондратенко, 24.6.2010, Стразбур | 8 |
| 3. | Рецитал со Владимир Костов, 2.7.2001 (Звуци од истокот), Лондон | 8 |
| 4. | Рецитал, 28.10.2002, Скопје | 8 |
| 5. | Рецитал со Весна Ѓиновска-Илкова, 7.9.2005, Москва | 8 |
| 6. | Рецитал со Владимир Костов, 10.5.2005, Салон 19,19, Скопје | 8 |
| 7. | Концерт со Блерим Груби, 10.8.2005, „Охридско лето“ | 8 |
| 8. | Концерт со Весна Гиновска, Игор Дурловски, 4.8.2005, „Охридско лето“ | 8 |
| 9. | Концерт со Ана Стаменковска и Игор Дурловски, 4.8.2003, „Охридско лето“ | 8 |
| 10. | Рецитал со Катерина Бачевска, 9.12.2006, Охрид | 8 |
| 11. | Концерт са Ана и Олег Кондратенко, 1.7.2008, Скопско лето | 8 |
| 12. | Концерт со Блерим Груби, 19.3.2007, Тирана-Албанија | 8 |
| 13. | Концерт со Весна Гиновска (Денови на македонската култура), 23.4.2007, Бари-Италија | 8 |
| 14. | Отворање на ИНТЕРФЕСТ-Битола (Гала оперски концерт), 2.10.2008, Битола | 8 |
| 15. | Концерт со Стефан Миленковиќ, 31.1.2009, Скопје | 8 |
| 16. | Рецитал со Мориц Муленбах на ДММ, 26.3.2009, Скопје | 8 |
| 17. | Концерт со Моника Лесковар, 13.8.2009, „Охридско лето“ | 8 |
| 18. | Компакт-диск со Љупчо Чедомирски, 2008 | 8 |
| 19. | Компакт-диск со Страшо Темков, 2010 | 8 |
| 20. | Компакт-диск со Ана и Олег Кондратенко, 2010 | 8 |
| 21. | Компакт-диск „Македонска пијано-музика“, 2011 | 8 |
| | **Вкупно** | 168 |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Член на меѓународна жири-комисија на Меѓународниот натпревар за класична музика во Приштина-Косово, 2007 | 2 |
| 2. | Член на управен одбор на СМУМ | 1 |
| | **Вкупно** | 3 |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 201,69 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 4 |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | 168 |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 3 |
| **Вкупно** | **376,69** |

**Рецензентска комисија**

Проф.м-р Гордана Јосифова-Неделковска с.р.

Вонр.проф.м-р Зоран Пехчевски с.р.

Проф.м-р Билјана Јакимовска с.р.

03-855/1
13-06-1

**РЕЦЕНЗИЈА**
**НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА**
**„УЛОГАТА НА ЕВРОПСКИОТ КОМИТЕТ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА ОД ТОРТУРА ВО ЗАШТИТАТА НА ПРАВАТА НА ЛИЦАТА ЗАДРЖАНИ ОД ПОЛИЦИЈАТА",**
**ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р КАТЕРИНА КРСТЕВСКА,**
**ПРИЈАВЕНА НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ" ВО СКОПЈЕ**

Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на седницата одржана на 30.4.2011 година, по предлог на Наставничкиот колегиум на постдипломските студии по казнено право и криминологија, донесе одлука за формирање на Комисија за оцена и одбрана на докторската дисертација со наслов „Улогата на Европскиот комитет за превенција од тортура во заштитата на правата на лицата задржани од полицијата", изработена од кандидатката м-р Катерина Крстевска, во состав: акад. проф. д-р Владо Камбовски, проф. д-р Никола Матовски, проф. д-р Гордан Калајџиев (ментор), проф. д-р Гордана Бужаровска Лажетиќ и проф. д-р Никола Тупанчески.

Комисијата во наведениот состав со внимание ја проучи докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје му го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### I. Приказ на докторската дисертација

Докторската дисертација на кандидатката м-р Катерина Крстевска, со наслов „Улогата на Европскиот комитет за превенција од тортура во заштитата на правата на лицата задржани од полицијата", е изработена во фонт Times New Roman, со големина на букви 12, проред 1,5, содржи 987 фусноти, и е напишана на 446 страници. Покрај воведните напомени, докторската дисертација е поделена на четири дела во кои се систематизирани осум глави.

Во *Воведот* се опфатени предметот, целите и методологијата на изготвување на докторската дисертација, како и значењето на Европската конвенција за превенција од тортура и нечовечно или понижувачко постапување или казнување и Комитетот кој таа го формира (КПТ). Кандидатката укажува дека анализата и интерпретацијата на собраните податоци добиени преку теоретскиот пристап (историски метод, компаративен метод) и емпирискиот пристап (метод на анализа на содржина, метод на анализа на случај) треба да овозможат, од една страна - потврдување на основната хипотеза дека КПТ се етаблирал како успешен превентивен механизам чии стандарди и препораки можат да се искористат во борбата против тортурата и другите форми на малтретирање на лицата задржани од полицијата, но и како насоки за унапредување на заштитата на правата на овие лица, а од друга страна - овој механизам може да се искористи како основа за модификување на веќе

постојните меѓународни и национални контролни механизми или пак како основа за формирање на сосема ново тело.

Во насока на потврдување на основната хипотеза, кандидатката посочува на потребата од проучување на тортурата и нечовечното или понижувачкото постапување или казнување во меѓународното право. Ова е направено во рамките на *првиот дел* од докторската дисертација кој во себе опфаќа две глави: *Забраната за тортура во меѓународните документи (Глава I)* и *Забраната за тортура и Европската конвенција за заштита на човековите права и основните слободи (Глава II)*. *I глава* е посветена на меѓународните документи кои содржат одредби за тортурата и нечовечното или понижувачкото постапување или казнување, поточно документите кои ги забрануваат, како и оние што ги дефинираат овие дејствија. Бидејќи тортурата претставува сериозно кршење на човековите права, се поставува барање за формирање на меѓународна и национална рамка за зајакнување на заштитата на лицата лишени од слобода, како и систематизирање на меѓународните документи чиј предмет на интерес е тортурата на три групи: документи кои ја предвидуваат забраната за тортура, документи кои целосно и се посветени на забраната за тортура и документи од областа на хуманитарното право.

Ако целта на I глава е да го утврди односот на меѓународните документи кон забраната за тортура, тогаш *II глава* има европски правец, т.е. насочена е кон Европската конвенција за заштита на човековите права и основните слободи (ЕКЧП). Анализата на негативната и позитивната обврска на чл. 3 од ЕЧКП кои директно го заштитуваат личниот интегритет на човекот и неговото достоинство, поважните случаи и судската практика пред Европскиот суд за човековите права (ЕСЧП) кои утврдуваат повреда на чл. 3, се заокружени со дефинирањето на основни елементи на тортурата и нивното разграничување од другите форми на малтретирање (нечовечно или понижувачко постапување или казнување). Кандидатката потенцира дека кон критериумите користени за да се направи разлика помеѓу елементите на чл. 3, секогаш треба да се приклучи и факторот време, односно динамичниот карактер на толкувањето на одредбите на ЕКЧП.

*Вториот дел* од докторската дисертација е поделен во три глави (Глава III, Глава IV и Глава V), и е посветен на *Улогата на Европскиот комитет за превенција од тортура*. Проучувањето на конвенцијата со која се формира КПТ, причините за неговото основање, историскиот развој, надлежностите, организацијата и правилата на работа, постапувањето при реализација на посетите на државите-потписнички итн., овозможуваат да се дојде до вистинската слика за овој значаен превентивен механизам во *Глава III* или *Историски развој, организација и правила на работа на КПТ*.

Иако не е судско тело, КПТ има развиено стандарди во кои формулира упатства, препораки и совети по кои треба да се раководат органите што го спроведуваат законот при нивните контакти со лицата лишени од слобода. Овие стандарди, темелно обработени во *IV глава* насловена *Стандарди и заштитни мерки воспоставени од КПТ*, му помагаат на КПТ при реализацијата на посетите да ги оцени постојните практики, но и да ги охрабри државите да ги исполнат неговите критериуми. Воспоставувањето на сопствени „мерни единици“, за чие креирање му помага искуството на неговите членови и претпазливата и добро балансирана компарација на различните системи на лишување од слобода, се карактеризира со нивно постојано развивање, т.е. како се развива работата на КПТ, така се откриваат дополнителни проблеми кои доведуваат до нови

препораки. што државите би требало да ги опфатат во идните законски, административни и организациски реформи. Кандидатката во оваа глава посебно се осврнува и ги анализира стандардите и заштитните мерки кои се однесуваат на лицата лишени од слобода од страна на полицијата, и тоа: материјалните услови на полициските ќелии, нестандардните предмети, заштитните мерки против малтретирање на лицата лишени од слобода (информирање на лицето лишено од слобода за неговите права, тројство на правата на задржаното лице, распит на задржаното лице, досие (записник) за задржување на лице, средства за присилба - оружје со електрично празнење), посебните категории на лица, обуката на полициските службеници, улогата на контролните механизми и борбата против неказнивоста (внатрешна контрола, обвинителство, судство, затворски персонал, карактеристики на истрагата, формирање на независен орган), и нив ги компарира со стандардите и заштитните мерки кои се однесуваат на затворите.

*Досегашната работа на КПТ, неговото влијание на меѓународен план и проблемите со кои се соочува* е насловот на *V глава*, која се фокусира на прашањето дали КПТ ја исполнил целта на своето формирање, односно дали дал придонес во превенцијата од тортура и другите форми на малтретирање, како и во заштитата на правата на лицата лишени од слобода. За да даде одговор на ова прашање, кандидатката не само што врши компаративна анализа на документите кои се однесуваат на реализираните посети на девет држави-потписнички на ЕКПТ и на објавените јавни изјави, туку го анализира и влијанието на КПТ на меѓународен план, односно влијанието кон ЕСЧП и кон Поткомитетот за превенција од тортура при ОН и националните превентивни механизми.

Споредувањето на состојбите кои КПТ ги констатирал при реализација на посетите на деветте држави-потписнички дава целосна претстава како овие држави постапуваат по неговите извештаи, дали ги прифаќаат и ги имплементираат дадените препораки, какви мерки преземаат за унапредување на положбата на лицата лишени од слобода. Во тој правец се движат и јавните изјави, по кои КПТ посегнува кога државата ќе потфрли во соработката или пак ќе одбие да ја подобри ситуацијата врз основа на дадените препораки. Понатаму, кандидатката го проучува влијанието на КПТ кон ЕСЧП преку предочување на сличностите и разликите кои постојат помеѓу овие две супервизорски тела на Советот на Европа. Влијанието кое КПТ го има на меѓународен план би било некомплетно ако не се утврди и односот помеѓу КПТ и двостолбниот систем поставен со Факултативниот протокол на Конвенцијата на ОН против тортура и друго сурово, нечовечно или понижувачко постапување или казнување. Затоа, кандидатката се интересира за првиот столб или Поткомитетот за превенција од тортура (главната цел за создавање на европскиот механизам е тестирање на одржливоста и корисноста на ваквиот пристап како претходница за негова имплементација на универзално ниво) и за вториот столб или националните превентивни механизми (независни национални тела кои ќе ја следат состојбата на лицата лишени од слобода, ќе се грижат за унапредување на нивната заштита од тортура и кои во иднина ќе претставуваат дел од групата на најважни соговорници на КПТ).

Користејќи ги претходно добиените сознанија, V глава завршува со детектирање на проблемите и предизвиците со кои КПТ се соочува во текот на својата работа и нуди решенија за нивно надминување. Имено, кандидатката критички се осврнува на досегашната работа на КПТ, особено на формите на

малтретирање кои се предмет на негов интерес; оградувањето од дефинирање на поимите „тортура“ и „нечовечно или понижувачко постапување или казнување“ и употребата на придавки со кои се врши степенување; стручноста на неговите членови; зголемувањето на бројот на државите-потписнички на ЕКПТ и неговото влијание врз работата на КПТ; целта на посетите и особено целта на извештаите за реализираните посети; значењето на јавната изјава и ефектите кои таа ги предизвикува; објективноста како карактеристика на извештаите на КПТ; објавувањето на извештаите на КПТ и на владините одговори на англиски или француски јазик; реалноста и објективноста на стандардите на КПТ; достигнувањето на стандардите на КПТ од страна на државите-потписнички на ЕКПТ; основната обврска на државите-потписнички во насока на спречување на тортурата и другите форми на малтретирање; аргументите кои државите-потписнички ги даваат кога ќе одбијат да имплементираат некој стандард воспоставен од КПТ; влијанието на КПТ на меѓународен план и неговиот однос со останатите меѓународни тела чија задача е заштита на човековите права и слободи.

*Третиот дел* од докторската дисертација, насловен *Европскиот комитет за превенција од тортура и Република Македонија*, обединува две глави: *Права на лицата задржани од страна на полицијата и нивната заштита во македонскиот правен систем (Глава VI)* и *Наодите на Европскиот комитет за превенција од тортура при посетите на Република Македонија (Глава VII)*.

Бидејќи предмет на интерес на докторската дисертација од една страна е КПТ, а од друга страна е заштитата на правата на лицата задржани од страна на македонската полиција, *Глава VI* е целосно посветена на македонскиот правен систем. Кандидатката оваа глава ја започнува со анализа на уставно-правната заштита на човековите права и слободи, за потоа да премине на нивната кривично-правна заштита. Последната е темелно разработена во рамките на материјално-правната заштита дадена во Кривичниот законик (кривични дела во функција на заштита на човековите права и слободи: присилба, противправно лишување од слобода, мачење и друго сурово, нечовечно или понижувачко постапување и казнување, малтретирање во вршење на службата, противзаконито вршење претрес и повреда на правото на поднесување правно средство; кривични дела во функција на спречување на полициската супкултура: непријавување на подготвување на кривично дело, непријавување кривично дело или сторител и помагање на сторител по извршено кривично дело; кривични дела во функција на заштита на полицискиот службеник при вршење на службено дејствие: спречување службено лице во вршење службено дејствие, напад врз службено лице при вршење работи на безбедноста, учество во толпа што ќе спречи службено лице во вршење службено дејствие и загрозување на сигурноста) и процесно-правната заштита најнапред дефинирана во Законот за кривичната постапка и понатаму разработена во бројни други законски и подзаконски акти. Кандидатката исклучително внимание посветува на повикувањето, приведувањето, лишувањето од слобода, задржувањето, стопирањето и легитимирањето како полициски овластувања со кои се ограничува слободата на движење, на полициското овластување претрес на лице и на употребата на средствата за присилба и огнено оружје. Имајќи ја предвид потребата за контрола врз работата на полицијата и постоењето на можноста за злоупотреба на полициските овластувања, VI глава завршува со улогата на контролните механизми (Секторот за внатрешна контрола и професионални

стандарди, јавниот обвинител и судијата, медицинскиот персонал и народниот правобранител), односно со анализа на регулативата посветена на механизмите чија задача е унапредување на заштитата на правата на задржаните лица преку санкционирање на незаконитото полициско постапување и преку справување со проблемот на неказнивоста.

Со внимателно следење на состојбите утврдени при деветте посети на Република Македонија и тоа тргнувајќи од првиот извештај за посетата во 1998, па се до последниот објавен извештај за посетата во 2008 (извештајот за посетата во 2010 година сé уште не е објавен), кандидатката во *VII глава* извлекува заклучоци за третманот што го „уживаат" лицата задржани од страна на полицијата и за односот на македонските власти кон извештаите на КПТ. Имено, анализата на секој сегмент од извештаите на КПТ и на одговорите на македонските власти придонесува кандидатката да утврди како се остваруваат принципите на соработка и доверба, зошто КПТ ги предупредува македонските власти за можноста од објавување на јавна изјава, дали КПТ нотирал обвинувања за тортура и други форми на малтретирање на лицата лишени од слобода од страна на македонската полиција, какви се материјалните услови на полициските ќелии кои се користат за задржување, каков е ставот на КПТ во однос на заштитните мерки против малтретирање на лицата лишени од слобода и сл.

Следејќи ја логиката на вториот дел, третиот дел од докторската дисертација завршува со воочените сознанија карактеристични за Република Македонија, со посебен акцент на имплементирањето на стандардите на КПТ; односот на македонските власти кон извештаите на КПТ; бројот на реализираните посети; општиот впечаток на КПТ за положбата на лицата задржани од страна на македонската полиција; активностите на македонските власти во насока на откривање и санкционирање на незаконитото полициско однесување; (не)успешноста на контролните механизми во мониторирањето на работата на полицијата; образованието и обуката на полициските службеници, јавните обвинители и судиите во однос на забраната за тортурата и другите форми на малтретирање; потребата од поблиски прописи за ефикасно истражување и документирање на тортурата и другите форми на малтретирање; потребата од поблиски прописи за начинот на водење на распитот на лицата и за постапувањето со специфичните категории на лица - имигранти, малолетници и жени лишени од слобода; народниот правобранител како национален превентивен механизам, и (не)активните невладини организации и медиуми во заштитата на човековите права и во спречувањето на тортурата.

*Четвртиот дел* од докторската дисертација на јасен и концизен начин ги сублимира и ги презентира наодите добиени од претходните седум глави посветени на тортурата и нечовечното или понижувачкото постапување или казнување во меѓународното право, КПТ и начинот на неговото работење, проучувањето на стандардите на КПТ и нивната имплементација во РМ, како и во државите-потписнички на ЕКПТ кои се предмет на компаративна анализа. Во овој дел се дадени заклучоците за утврдените состојби, од кои се извлечени препораки како да се унапреди заштитата на правата на лицата кои се задржани од страна на полицијата и како да се реши проблемот на несанкционирање на незаконитото полициско постапување. Притоа, кандидатката одлучила пристапот да биде што попрегледен преку сепарирање на заклучоците и препораките во однос на КПТ и заклучоците и препораките во однос на Република Македонија.

Прецизниот и педантен стил на пишување на докторската дисертација доаѓа до израз и кај наведувањето на обемната користена *литература*, која систематизирана на неколку сегменти започнува со Библиографија заедно со останати документи и публикации, Република Македонија (регулатива, ратификувани меѓународни документи, останати документи), бројни меѓународни организации (Амнести интернешнал, Асоцијација за превенција од тортура, Биро на Соединетите Американски Држави за демократија, човекови права и труд, Европска агенција за реконструкција, Европска унија, КПТ итн.), а завршува со користени интернет–страници. Богатата стручна литература ја покажува способноста на кандидатката за нејзиното систематско и аналитичко користење.

## II. Оцена на докторската дисертација

Кандидатката м-р Катерина Крстевска се определила да истражува една особено актуелна тема, при што нејзиниот аналитички и критички пристап ѝ овозможил да ги идентификува најзначајните прашања и проблеми со кои се соочуваат не само меѓународните организации, пред сѐ Комитетот за превенција од тортура, туку и македонските легислативни решенија и практики во однос на заштитата на правата на лицата лишени од слобода од страна на полицијата.

Стилот на кој кандидатката пишува е јасен, а трудот е конзистентно систематизиран, што го прави исклучително лесен за читање и разбирање. Способноста на кандидатката за научна селекција и систематизирање на важните аспекти на истражуваната проблематика, за анализа и синтеза и аргументирано излагање на своите ставови, резултира со издржани, логички и јасно формулирани заклучоци и предлози. Поставената теоретска рамка ги следи современите европски тенденции, а применетиот методолошки инструментариум обезбедува релевантност и издржаност на наодите презентирани во докторската дисертација. Оттука, Комисијата оценува дека се работи за самостоен и зрел научен труд кој дава значителен придонес во домашната правна литература за едно важно општествено прашање, а истовремено претставува основа за натамошни истражувања во оваа област со што се демонстрира неговата научна вредност.

На трудот може да му се упатат и определени критички забелешки, особено на одделни негови делови кои останале на ниво на дескриптивност. Исто така, некои важни прашања по однос на основната хипотеза за улогата на КПТ во спречувањето на тортурата глобално и во Република Македонија останале неодговорени. Покрај ова, штета што кандидатката од технички причини се откажала од планираното теренско истражување, кое секако ќе придонесело за квалитетот на овој и без тоа солиден труд. Но, на крајот сакаме да нагласиме дека независно од ваквите забелешки, Комисијата во целина има неподелено мислење дека се работи за самостоен и зрел научен труд кој дава значителен придонес во домашната и светската правна литература за ова многу значајно прашање.

## III. Заклучок и предлог

Имајќи ја предвид изнесената оцена за вредноста на докторската дисертација, солидниот научен пристап, способноста за научна анализа и јасниот критички став конзистентен со поставената теоретска рамка, Комисијата оценува дека се работи за самостоен научен труд кој претставува сериозен придонес не само во сферата на Казненото право, туку и пошироко, во сферата на полициското право и човековите права и ја изразува способноста на кандидатката да се занимава со научна работа.

Врз основа на изложената оцена, Комисијата смета дека докторската дисертација ги исполнува условите предвидени со законските акти за стекнување на право за усна јавна одбрана и на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје му предлага да го усвои овој извештај и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатката м-р Катерина Крстевска, со наслов „Улогата на Европскиот комитет за превенција од тортура во заштитата на правата на лицата задржани од полицијата".

Скопје, 30.5.2011 година

**КОМИСИЈА**

1. Акад. проф. д-р Владо Камбовски с.р.

2. Проф. д-р Никола Матовски с.р.

3. Проф. д-р Гордан Калајџиев с.р.

4. Проф. д-р Гордана Бужаровска Лажетиќ с.р.

5. Проф. д-р Никола Тупанчески с.р.

13-850/1
13-06 1



Наставно научниот совет на Правниот факултет "Јустинијан Први" при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на седницата одржана на 30.08.2010, донесе одлука за формирање Комисија за оцена и одбрана на докторската дисертација под наслов „Улогата на Европскиот суд на правдата во фискалната унификација на државите членки на Европската унија", од кандидатот м-р Дејан Сулејманов, во состав: проф.д-р Весна Пендовска, проф.д-р Владимир Кандикјан, проф.д-р. Сашо Георгиевски, проф.д-р Татјана Петрушевска, проф.д-р. Ванчо Узунов. Комисијата до Наставно-научниот совет го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

## I

## ТЕМА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА

### Актуелност на проблематиката и научниот придонес на истражувањето

Како едни од главните цели, односно задачи на Европската заедница, а во интерес на жителите на државите-членки на Унијата се наведуваат промовирањето, во рамките на Заедницата, на хармоничен, избалансиран и одржлив развој на економски активности, високо ниво на вработеност и социјална заштита, еднаквост помеѓу половите, одржлив неинфлаторен развој, високо ниво на конкуренција и економски перформанси, високо ниво на заштита и унапредување на квалитетот на околината, подигнување на животниот стандард, економска и социјална кохезија како и солидарност.

Овие цели се наведени уште во членот 2 од Договорот за ЕЗ, кој понатаму ги предвидува и методите за постигнување на овие цели, меѓу кои ги набројува имплементацијата на заедничкиот пазар, односно создавањето на една економска и монетарна Унија со заедничка политика.

Темата на оваа дисертација го разгледува прашањето на интеграцијата на државите-членки на Унијата, односно условите за функционирањето на заедничкиот пазар како метод за постигнување на целите на Унијата од многу специфичен аспект. Имено, фокусот е насочен кон националното даночно право на државите-членки на Унијата, и неговото евентуално негативно влијание, спротивно на целите утврдени во Договорот за ЕЗ.

Имено, се разгледува националното законодавство на државите-членки на Унијата, и тоа исклучиво прописите од тоа законодавство кои се косат со целите утврдени во Договорот за ЕЗ, а истите се преземени директно од одлуките на Европскиот суд на правдата кои се однесуваат непосредно на таквите норми.

Авторот сака да констатира што поголем број 'преседани' – одлуки на Судот на правдата преку кои ефективно може да се увиди дека определена мерка на националното законодавство на државите-членки на Унијата е спротивна на целите утврдени во Договорот за ЕЗ, и како таква таа е забранета. На тој начин, Судот на правдата има улога на еден вид посреден хармонизатор на правото на ЕУ, а со цел постигнување на задачите наведени во членот 2 од Договорот за ЕЗ.

Посредно, од овој труд може да бидат извлечени и заклучоци за евентуалното влијание на одлуките на Судот врз даночното право на Република Македонија, во поглед на хармонизацијата на македонското даночно законодавство согласно со аспирациите на Република Македонија за членство во Европската унија.

**Предмет, цел и хипотеза на истражувањето**

Предмет на истражувањето е утврдувањето на улогата на Европскиот суд на правдата во непречното спроведување и остварување на целите на Договорот за ЕЗ, и тоа преку решавање на конкретни спорови, односно донесување на прелиминарни одлуки во конкретни постапки иницирани од националните судови на државите-членки на Унијата, за толкување на определени специфични даночни норми кои во конкретниот случај странките сметаат дека се во спротивност со европското право.

Целта на авторот при спроведувањето на истражувањето е преку темелна анализа на самите одлуки на Судот да констатира дали навистина конкретните мерки на законодавството на државите-членки се спротивни на Договорот за ЕЗ, како што во определени случаи констатира Судот, односно дали мерките на националните законодавства во определени случаи се правилно оценети како мерки кои се во согласност со правото на ЕУ. Понатаму истражувањето е со цел да се увиди и улогата на претходните одлуки на Судот на правдата, во носењето на понатамошните одлуки, односно една хронолошка анализа на конзистентноста на Судот на правдата во одлучувањето.

Истражувањето не навлегува во понатамошната примена и постапување по одлуките на Судот, односно постои претпоставка дека одлуките на Судот соодветно се имплементираат во националното законодавство на државите-членки на кои тие и се однесуваат (принцип на директна примена).

**Методолошката рамка**

При изработката на трудот се користат главно квалитативни методи.

Историско-правниот метод и компаративно-правниот метод се применети во анализата на одлуките на Судот на правдата и тоа од првиот случај од областа на даночното право - Avoir Fiscal до сега.

Студијата на случај е применета во одделни подрачја, особено во случаи на неконзистентност на претходно установените преседани (со претходно донесени одлуки на Судот), со оглед на фактот што во одлучувањето Судот често се повикува на свои претходни одлуки.

Анализа на содржината на одлуките е аплицирана во истражувањето на примарната литература, односно документите на ЕУ и како и стручна литература од областа од релевантни автори.

Преку критичка анализа, користејќи ги индуктивниот и дедуктивниот метод, истражувањето дава оцена за коректната или некоректна примена на правото на ЕУ кое е во допир или се коси со даночното право на државите-членки при одлучувањето на Судот во конкретните предмети.

**Структура на дисертацијата**

Докторскиот труд „Улогата на Европскиот суд на правдата во фискалната интеграција на државите-членки на Европската унија" се состои од од вовед, пет дела, заклучок и судска практика.

Во **воведниот дел** се презентирани опсегот и целите на трудот, а наведени се и некои конкретни елементи, односно даночно-правни пречки кои влијаат врз слободното функционирање на заедничкиот пазар. Најавена е исто така и

материјата која следи, односно објаснета е позитивната и негативната хармонизација на правото на ЕУ.

Во **првиот дел** насловен како: „Европски интеграции" даден е еден кус историски осврт на настанувањето на Европската унија.

Накратко се изнесени теориите за настанокот на Европската унија, меѓу кои функционалистичката и неофункционалистичката теорија за европската интеграција, како едни од најактуелните во правната литература од оваа област. Овие теории се засноваат врз премисата дека со промовирање на една позитивна економска соработка помеѓу државите ќе биде избегната, односно намалена опасноста од воен конфликт помеѓу државите во Европа, во борбата за природните ресурси.

Во оваа глава е изложена генезата на европските заедници низ различните повелби на Унијата гледано низ призмата на економската интеграција на државите од Европа. Понатаму, даден е краток осврт на настанувањето, развојот и функционирањето на заедничкиот пазар како метод на економска соработка на државите-членки на Унијата.

Накратко се изложени и значајните историски настани, меѓу кои би ги издвоил: потпишувањето на Шумановата декларација, формирањето на Европската заедница за јаглен и челик и формирањето на Европската економска заедница, а илустрирана е и нивната улога во формирањето на денешната Европска унија.

Првата глава е од воведен карактер и таа не претендира да го изложи деталниот историски развој на Заедницата. Целта на авторот е да овозможи контекстуално читање на втората глава од оваа дисертација, која се однесува на значењето на заедничкиот пазар и економската соработка помеѓу државите-членки. Имено, целта е да се увиди дека, иако заедничкиот пазар го должи својот зародиш на чисто политички претпоставки, истиот прераснува во една форма на вистинска економска соработка помеѓу државите-членки на Европската унија.

**Вториот дел** насловен како „Заеднички пазар" е природно надополнување на првиот дел: имено овој дел се однесува на слободното движење на добра, лица, услуги и капитал, при што посебен акцент е ставен на прописите кои го регулираат движењето на факторите на производство од една држава-членка во друга.

Накратко се изложени и мерките кои се однесуваат на влез на добра, услуги лица и капитал од трети земји во земји-членки на Европската унија. Целта на оваа глава е контекстуално да ги изложи овие мерки и правила, односно да фрли светлина врз прашањата од типот:

Кои услови се неопходни за остварувањето на политиката на слободно движење? Зошто Европската унија прифаќа една ваква политика која го олеснува слободното движење? Кои се предностите на ваквата политика, и кои се предизвици треба да бидат совладани во остварувањето на оваа политика?

**Третиот дел** насловен како „Нелегалното субвенционирање во рамките на ЕУ" е дава само еден краток осврт на субвенционирањето во ЕУ, односно дозволените и недозволените типови на државна помош, е констатирана и улогата на Европската комисија во субвенционирањето.

**Четвртиот дел** од докторскиот труд е насловен како „Принципи на меѓународното оданочување", и како што најавува насловот, овој дел содржи само излагање на основите на меѓународното оданочување и претставува вовед во петтата глава.

**Петтиот дел** е насловен како „Принципи на европското даночно право", и може да се смета како суштински дел на дисертацијата: имено овој дел ја содржи анализата на конкретните судски одлуки донесени од Судот на правдата кои тангираат специфични елементи на даночното право на државите-членки на Унијата.

Изнесени се општите принципи на недискриминација на европското право и нивната специфична примена на полето на даночното право.

Понатаму, наведени се и овластувањата, односно ограничувањата на Судот на правдата во постапувањето по прашањата за прелиминарно одлучување.

Овој дел исто така дава осврт на 2 клучни прашања (принципи) предмет на оваа дисертација кои се воспоставуваат во работењето на Судот на правдата односно при постапувањето во специфични случаи на толкување на Договорот за ЕЗ, како (1) Даночната способности (2) Даночниот третман на претрпени загуби, а меѓу другото изложени се и можните таканаречени оправдувања за дискриминација, кои се (не)прифатливи за Судот на правдата како, недостатокот на хармонизација на законодавството на државите членки на Унијата и самото двојно оданочување како ограничувачки фактор.

Во **шестиот дел** се изнесени заклучоците од истражувањето, по што следува **седмата глава**, односно листа на одлуките на судот на правдата кои се предмет на анализа на самата дисертација.

**Заклучок и предлог**

Докторскиот труд „Улогата на Европскиот суд на првдата во фискалната унификација на државите-членки на Европската унија" од кандидатот м-р Дејан Сулејманов обработува многу значајна тема за даночното право на државите-членки на Унијата, која е актуелна и за Република Македонија.

Користената литература ја покажува способноста на кандидатот за систематско аналитичко користење на стручна литература. Поставената теоретска рамка ги следи современите европски тенденции, а применетиот богат методолошки инструментариум обезбедува релевантност и издржаност на сознанијата презнтирани во трудот. Материјата е изложена на јасен начин, содржински богато, сеопфатно и темелно, а целиот труд е логично систематизиран. Кандидатот пристапува продлабочено и критички кон анализата на комплексното и сеопфатно прашање кое е предмет на истражувањето, покажувајќи способност да ги селектира и објективно да им пристапи на значајните проблеми од практиката, користејќи мноштво емпириски податоци. За отворените прашања од практиката, кандидатот изразува сопствен и јасен критички став конзистентно со поставената теоретска рамка.

Трудот истовремено претставува и основа за натамошни истражувања во оваа област, што ја демонстрира неговата научна валидност и вредност.

Врз основа на изнесениот приказ и оцена, Комисијата констатира дека се работи за докторски труд што ги задоволува критериумите за подготвување на научни и стручни трудови од ваков вид, предвидени во соодветната законска

регулатива и актите на Правниот факултет „ Јустинијан Први" и Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

Од тие причини, на Комисијата ѝ претставува задоволство едногласно да му предложи на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" да го усвои овој извештај со позитивна оцена и да му овозможи на кандидатот Дејан Сулејманов да пристапи кон јавна одбрана на докторскиот труд.

**КОМИСИЈА**

1. **Проф. д-р. Весна Пендовска**

_______________________ с.р.

2. **Проф. д-р. Владимир Кандикјан**

_______________________ с.р.

3. **Проф. д-р. Сашо Георгиевски**

_______________________ с.р.

4. **Проф. д-р. Татјана Петрушевска**

_______________________ с.р.

5. **Проф. д-р. Ванчо Узунов**

_______________________ с.р.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Универзитет "Св. Кирил и Методиј"
Правен факултет "Јустинијан Први"
Бр. 03 - 881/1
14-06- 2011 год.
СКОПЈЕ



# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ/ ПОМЛАД АСИСТЕНТ НА НАУЧНАТА ОБЛАСТ МЕЃУНАРОДНИ ОДНОСИ НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, на седницата одржана на 25 мај 2011 година, донесе одлука за формирање Комисија за избор/преизбор на соработник во звањето асистент/помлад асистент на научната област меѓународни односи.

Рецензентската комисија во состав: проф. д-р Денко Малески, проф. д-р Љубомир Данаилов Фрчкоски и проф. д-р Тони Дескоски, на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, му го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На конкурсот објавен во дневниот весник „Дневник“ од 29 април 2011 година, за избор/преизбор на асистент/помлад асистент на научната област меѓународни односи се пријави кандидатот:

1. м-р Јулија Брсакоска – Базеркоска

### *Податоци за кандидатката*

1. Кандидатката м-р Јулија Брсакоска – Базеркоска е родена на 17 јули 1979 година во Прилеп. Во гимназијата „Мирче Ацев“ во Прилеп го завршила своето средно образование со одличен успех. Дипломирала на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје во 2001 година, како еден од најдобрите студенти на генерацијата (просечна оценка 9,3), за што е наградена со наградата „Бронзен Јустинијан“. Како постдипломец на постдипломските студии по меѓународно право и меѓународни односи на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје завршила со полагање на испитите во јуни 2003 со просечна оценка 10. Со одбраната на својот магистерски труд на 22 октомври 2004 година, се стекна со академски степен магистер на правни науки. М-р Јулија Брсакоска – Базеркоска е докторанд на Правниот факултет при Универзитетот во Келн, за што има добиено стипендија од DAAD - Германија за повремен универзитетски престој, во зависност од потребите на докторската работа.

Во периодот од октомври 2002 до октомври 2007 година кандидатката била ангажирана како демонстратор на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, спроведувајќи вежби по предметите меѓународни политички односи, меѓународно јавно право и право на Европската унија. Од март до октомври 2003 година, кандидатката работела како истражувач за потребите на Проектот за фискални

реформи на USAID - Bearing Point LLC Macedonia. М-р Јулија Брсакоска – Базеркоска била практикант во Собранието на Република Македонија од декември 2003 до септември 2004 година, период во кој работела во Кабинетот на претседателот на Собранието, подготвувајќи бројни анализи и истражувања за потребите на Кабинетот. Во периодот од октомври 2004 до февруари 2006 година учествувала во подготовката на четири тркалезни маси на кои пратениците од Собранието заедно со домашни експерти формулираат заеднички препораки за измени на изборното законодавство, во рамките на проектот „Иницијатива за законодавни реформи", спроведен од домашната невладина организација МОСТ. Исто така учествувала во работната група за изработка на Изборниот кодекс составена од пратеници, експерти од Министерството за правда, Министерството за финансии, ДИК, ОБСЕ, како и универзитетски професори во рамките на проектот „Иницијатива за законодавни реформи", спроведен од домашната невладина организација МОСТ. Во периодот од март 2006 до октомври 2008 е ангажирана како правен консултант на заедничката канцеларија на Министерството за животна средина и територија на Република Италија и Министерството за животна средина и просторно планирање на Република Македонија во Скопје. Соработува со Универзитетот од Сиена на полето на имплементација на Протоколот од Кјото во Република Македонија.

Кандидатката м-р Јулија Брсакоска – Базеркоска е автор на монографијата *Начинот на донесување одлуки во Европската унија*, објавена во Скопје, 2005 година. Коавтор е на текстот *„DNA experiences in the Western Balkans: The Republic of Macedonia"*, објавен во книгата *Developing CDM Projects in the Western Balkans*, Massimiliano Montini ed., Springer, 2010. Исто така е автор на трудовите:

- *‚Во пресрет на Уставот на Европската унија'*, месечник „Правник", Скопје, мај 2005 година;
- *‚Патот на Република Македонија кон Европската унија'*, Зборник „Македонија по Рамковниот договор", ФИООМ, Скопје, јануари 2006 година;
- *‚Легислативните постапки во Европската унија'*, Зборник во чест на професор Стрезо Стрезовски, Правен факултет, Скопје, декември 2006 година;
- *‚Органи кои учествуваат во легислативната постапка на Европската унија'*, Зборник на почесни доктори, доктори и магистри на Правниот факултет Јустинијан Први од 2001-2006 година, Правен факултет, Скопје, декември 2006 година;
- *'Европската политика кон соседите преку партнерството, безбедноста и владеењето на правото'*, Зборник во чест на професор Панта Марина, Правен факултет, Скопје, декември 2007 година;
- *'Принципот на директен ефект во легислативата на ЕУ'*, Руско-македонски зборник, Правен факултет, Скопје, декември 2007 година;
- *‚Управување со климатските промени'*, Зборник во чест на професор Владимир Митков, Правен факултет, Скопје, 2010 година;
- *‚The Legal Personality of the EU'*, Iustinianus Primus, Law Review, no.2 – online journal, Правен факултет, Скопје, 2010.

Кандидатката презентирала два труда на англиски јазик: „Decision making process in the EU“ и „Property rights in the Republic of Macedonia“ во рамките на ангажманот во проектот на USAID - Bearing Point LLC Macedonia во Скопје, септември 2003 година.

Во рамките на научноистражувачката дејност, м-р Јулија Брсакоска-Базеркоска остварила подолги студиски престоја:

- Програма на Duke University School of law, Institute in Transnational law 2002 во Женева, полагајќи ги испитите: меѓународно кривично право, еколошко право и компаративни уставни системи: САД и Германија;
- Програма на Georgetown University – Washington, во Ханиа, Крит, 2005, со полагање на сите предвидени испити;
- Academy for European Law, European University Institute, Фиренца, Италија, јули 2006Ч
- Трансатлантска летна академија на Универзитетот во Бон, Германија, во периодот јуни – јули 2007 година. Во рамките на програмата остварила посети на Европскиот парламент и Европската комисија, како и на Меѓународниот суд на правда, Меѓународниот кривичен трибунал за поранешна Југославија и седиштето на НАТО.

Кандидатката успешно ја завршила летната програма на тема: *‚Право на животна средина: меѓународни и европски перспективи'* во Сиена, Италија, во организација на Siena University и University College London, 2007 година. Учествувала на бројни семинари и конференции во земјата организирани од NDI, Форум алумни и СОРОС, како и на следните семинари во странство:

- Conference on International law, Human rights and the Death penalty, 19 – 21 јули 2002, Женева, Швајцарија;
- Balkan Human Rights Network program for future decision makers, 22 мај – 5 јуни 2005, Дубровник, Хрватска, каде што имала своја презентација на тема: “Human rights protection within the EU”;
- The Kyoto Protocol and Beyond: a Legal Perspective, Siena University, 9-10 јуни 2006, Сиена, Италија;
- Жан Моне - семинар на тема: „Advanced Issues of European Law – The First Year of the Treaty of Lisbon: Consolidation and Enlargement”, организиран од Интеруниверзитетскиот центар во Дубровник, 10-16 април 2011.

М-р Јулија Брсакоска – Базеркоска била ангажирана и како предавач на натпреварот Macedonian Case Challenge, организиран од Институтот за стратешки истражувања и едукација во Скопје.

Кандидатката активно го владее англискиот јазик, а има солидни познавања од францускиот и италијанскиот јазик.

## *Заклучна оцена и предлог*

Комисијата со внимание ја разгледа поднесената пријава, и, согласно со сето она што беше погоре наведено, заклучи дека Јулија Брсакоска-Базеркоска е истакнат млад наставен и научен кадар на Правниот факултет во Скопје. Таа, со ретка сериозност и одговорност се однесува кон факултетските обврски што се гледа и од факултетските анкети во кои ја ужива полната доверба на студентите.

Комисијата ја има честа и задоволството да му предложи на Наставно-научниот совет да ја преизбере м-р Јулија Брсакоска-Базеркоска за асистент на научната област меѓународни односи.

**Комисија**

Д-р Денко Малески, редовен професор с.р.

Д-р Љубомир Фрчкоски, редовен професор с.р.

Д-р Тони Дескоски, вонреден професор с.р.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Универзитет "Св. Кирил и Методиј"
Правен факултет "Јустинијан Први"
Бр 03-874/1
14-06-2011 год.
СКОПЈЕ



# *РЕФЕРАТ*

## *ЗА ИЗБОР НА СОРАБОТНИК ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ-АСИСТЕНТ НА НАУЧНАТА ОБЛАСТ ФИНАНСОВО ПРАВО И ФИНАНСИИ НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ" ВО СКОПЈЕ*

Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, на седницата одржана на 25.5.2011 година, по повод распишаниот конкурс објавен во дневниот весник „Дневник" од 23 април 2011 година, формира Комисија за избор на соработник во соработничко звање-асистент на научната област финансово право и финансии, во следниов состав: проф.д-р Кики Мангова Поњавиќ, проф.д-р Весна Пендовска и доц. д-р Александра Максимовска Велјановски.

Комисијата ги разгледа поднесените пријави и го поднесува следниов

## *ИЗВЕШТАЈ*

На конкурсот за избор на соработник во соработничко звање-асистент на научната област финансово право и финансии објавен во весникот "Дневник" од 23 април 2011 година се пријавија двајца кандидати:

1. м-р Јован Зафироски
2. м-р Далибор Галевски.

### *I. Податоци за кандидатите*

**1. М-р Јован ЗАФИРОСКИ** е роден на 1.3.1982 година во Скопје. На Правниот факултет се запишал во 2000 година, каде што дипломирал во 2004 година со среден успех 9,74, стекнувајќи се со стручен назив ***дипломиран правник***. Во четврта година на правните студии ја избира финансиско–правната насока, на чии предмети бележи среден успех 10. За освоениот втор успех на промоцијата на дипломирани студенти од неговата генерација е награден со „Сребрен Јустинијан".

Во 2004 година се запишал на постдипломски студии на „*Колеџ на Европа*" (Бриж – Белгија, Натолин – Полска) кои ги завршил во 2005 година, при што се стекнал со титулата ***магистер по европски интердисциплинарни студии (право)***. Првиот дел од постдипломските студии е посветен на проучување на европските интегративни процеси, како од правен така и од економски аспект. Тука се содржани следните тематски области: проучување на економските причини за интегративните процеси, економијата на ЕУ, состојбата во земјите во транзиција,

Монетарната унија и Европската централна банка, политиките на ЕУ, од кои особено буџетската и монетарната политика. Во вториот дел од постдипломските студии, кандидатот го избира европското право како доминантна област за проучување, при што е студент на „*Total Law*“ програмата. Постдипломските студии ги завршил со одбрана на магистерскиот труд со наслов: „*Идните предизвици на процесот на апроксимација на законодавството во рамки на пред пристапниот период. Случајот на Република Македонија*“ на 24.6.2005 година. Во својата пријава кандидатот приложи и „*Одлука за нострификација на странската диплома*“, *издадена од Министерството за образование и наука со бр. 09-4018/2 од 24.11.2006 година во Скопје.*

Во прилог на збогатување на своето образование во декември 2006 година, м-р Јован Зафироски положил ***правосуден испит***.

Од 2007 година кандидатот ***е докторанд на Универзитетот во Ница L'Université de Nice Sophia Antipolis*** кадешто има пријавено докторат од областа на монетарното право.

Активно говори и пишува француски и англиски јазик, а има основни познавања на рускиот и полскиот јазик. Се служи со следните компјутерски програми: Word, Excel, Windows и Internet.

*Работно искуство:*

- Мај 2007 - денес: асистент на научната област „финансово право и финансии“ на Правниот факултет “Јустинијан први“ при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј (последна одлука на ННС на Правниот факултет “Јустинијан Први“од 24.2. 2010, за избор во соработничко звање асистент на научна област финансово право и финансии) “. М-р Јован Зафироски ги извршува обврските на Катедрата за финансово право, каде што е вклучен во изведувањето на наставата и вежбите од прв и втор циклус на правните студии. Така, во првиот циклус од наставата кандидатот е вклучен во одржувањето на вежбите по предметот финансово право, а во учебната 2010/2011 кандидатот како докторанд учествува во одржувањето на наставата на една група студенти по финансово право. Во вториот циклус на студии кандидатот е вклучен во наставата и вежбите на *мастерските студии по финансии и финансово право,* на предметите: даночно право; меѓународно даночно право; буџетско право; царинско право; банкарско право; банки берзи и инвестициони фондови; финансиски услуги во правото на ЕУ; монетарно, кредитно и девизно право. Кандидатот е секретар на погоре наведените магистерски студии, а досега бил секретар на повеќе комисии за одбрана на магистерски тези.
- Октомври 2005 - мај 2007: демонстратор на предметот финансово право на Правниот факултет “Јустинијан Први“ (одлуки на ННС на Правниот факултет “Јустинијан Први“ за учебните: 2005/06, 2006/2007, 2007/08). Во овој период, м-р Јован Зафироски учествува во изведувањето на наставата и вежбите на предметите од Катедрата за финансово право.
- Септември 2005 - јуни 2006: соработник во адвокатската канцеларија “Радојчиќ“.

- Октомври 2003 - јуни 2004: практикант во Законодавно – правната комисија на Собранието на Република Македонија.

*Учество на летни школи, семинари и истражувачки посети:*

- април 2010, Меѓународна конференција организирана од страна на Универзитетот во Риека (Хрватска), 8th International Conference Economic integrations, competition and cooperation, University of Rijeka, 2011;
- октомври 2009 година, Конференција организирана од страна на Универзитетот во Ница и Институтот за економски науки од Белград, со наслов: Financial systems integration of Balkan countries in the European financoal system : Impact of Global Financial Crisis (Интеграција на финансиските системи на земјите од Западен Балкан: Влијанието на светската финансиска криза);
- јануари 2009 година, Меѓународна работилница организирана од страна на CREDECO при Универзитетот во Ница со наслов: Droit économique et droits de l'homme (Економско право и права на човекот)
- декември 2008 година, Меѓународна конференција организирана од Институтот за економски науки во Белград, на тема Izazovi ekonomske nauke u 21. veku (Предизвици на економската наука во 21 век);
- септември 2006 година, Меѓунарона школа по етика во Мали Лошињ (Хрватска) организирана од Универзитетот во Бохум и Загрепскиот универзитет;
- јуни 2006 година, Обука за имплементација на новиот закон за даночна постапка организирана од страна на Управата за јавни приходи;
- мај 2005 година, година истражувачка посета на Европската комисија во Брисел;
- март 2005 година, истражувачка посета на Европскиот парламент во Брисел;
- во 2005 година, истражувачка и студиска посета во Европскиот суд на Правдата во Луксембург.

*Осврт на доставени трудови:*

- *Country report - Macedonia, The role of the International Financial Institutions in South Eastern Europe Contries and European Integration Process: Strategies for the Trade Union Movement*, eds. Krastyo Petkov, Paola Simonetti, Antonio Ferigo, Enisa Selimovic, ISCOS (Institutio Sindicale per la Cooperazione allo Sviluppo), 2007 (*Извештај за Македонија, Улогата на меѓународните финансиски институции во земјите на југо источна Европа и процесот на европски интеграции: Стратегии за синдикалните организации*, eds. Krastyo Petkov, Paola Simonetti, Antonio Ferigo, Enisa Selimovic, ISCOS, 2007).

Трудот е дел од проект на ISCOS, финансиран од Европската комисија кој вклучува истражувања во осум балкански држави (Бугарија, Романија, Босна и Херцеговина, Хрватска, Србија, Албанија, Македонија и Црна Гора). Во трудот кандидатот врши

детална анализа за улогата на меѓународните финансиски институции во процесот на интеграција на Република Македонија во ЕУ, а посебно на положбата и реформата на синдикалните здруженија во рамките на тој процес. Анализирана е состојбата и реформата на синдикалните здруженија во Македонија со препорака во кој правец треба таа да се одвива со цел подобра организираност на синдикатите за поголема заштита на работничките права во земјата.

- *The Free Movement of Capital Under the Stabilisation and Asociation Agreement*, Jovan Zafiroski, *Financial Systems Integration of Balkan Countries in the European Financial System*, eds. Claude Berthomieu, Srdjan Redzepagic, Belgrade 2008 (*Слободно движење на капитал според Договорот за стабилизација и асоцијација, Интеграција на финансиските системи од земјите на Западен Балкан во Европскиот финансиски систем,* eds. Claude Berthomieu, Srdjan Redzepagic, Белград, 2008).

Во трудот кандидатот обработува тема која е исклучително важна во процесот на економска интеграција како во рамките на Европската унија така и од аспект на земјите-кандидати за членство како што е Македонија. Целта на трудот е да го објасни и критички да го анализира процесот на слободно движење на капитал според договорите за стабилизација и асоцијација. Во првиот дел од трудот, кандидатот го објаснува значењето на слободното движење на капитал во рамките на ЕУ и дава преглед судската практика на Европскиот суд на правдата во Луксембург во оваа област. Во вториот дел на трудот анализирани се одредбите што се однесуваат на слободното движење на капитал по договорите за стабилизација и асоцијација што овозможува една компаративна анализа на обврските на земјите од Западен Балкан по однос на слободното движење на капитал произлезени во рамките на процесот на стабилизација и асоцијација. Во последниот дел на трудот оценет е степенот на слободно движење на капитал помеѓу Македонија и Србија како земји-аспиранти за членство и ЕУ, при што се презентирани и мислењата на Европската комисија за усогласеноста на националните законодавства со *acquis communautaire* на ЕУ во оваа област.

- *The European Integrations: Free Movement of Capital Under the SAA*, Srdjan Redzepagic, Jovan Zafiroski, *The New Economy – Challenges, Opportunities and Choices*, IA Books, 2009 (*Европски интеграци: Слободно движење на капитал според Договорот за стабилизација и асоцијација*, *The New Economy – Challenges, Opportunities and Choices*, IA Books, 2009).

Во оваа публикација издадена во САД и Индија, кандидатот учествува како коавтор на труд посветен на европските интегративни процеси. Во првиот дел на трудот е презентирана правната рамка за слободно движење на капитал во рамките на ЕУ. Објаснето е значењето на слободното движење на капитал за создавањето и функционирањето на европскиот внатрешен пазар и Европската економска и монетарна унија. Во вториот дел на трудот е објаснета правната рамка за слободното движење на капитал во Македонија и Србија со посебна анализа на

правните и економските ефекти од либерализацијата на движењето на капиталот како предуслов за членство во ЕУ.

- *European Financial System and Integration of Serbian and Macedonian Sector in it*, Srdjan Redzepagic, Djuro Djuric во *Financial Systems Integration of Balkan Countries in the European Financial System: Impact of Global Financial Crisis*, eds. Claude Berthomieu, Jean- Paul Guichard, Dejan Eric, Srdjan Redzepagic, Nice 2009 (*Европскиот финансиски систем и интеграцијата на српскиот и македонскиот систем во него*, Интеграција на финансиските системи на земјите од Западен Балкан во Европскиот финансиски систем: Влијанието на светската економска криза, eds. Claude Berthomieu, Jean- Paul Guichard, Dejan Eric, Srdjan Redzepagic, Ница 2009).

Во трудот е анализиран процесот на подготовка за членство во Европската унија на замјите од Западен Балкан по однос на хармонизацијата на законодавството во областа на финансискиот систем. По презентацијата на правната рамка на ЕУ што се однесува на банкарскиот сектор и објаснувањето на важноста и улогата на овој сектор за европската економија, анализирани се и критички се обработени банкарскиот сектор на Србија и на Македонија. Имено, во трудот се презентирани правните прашања во врска со основањето на банките, супервизорската функција од аспект на центрлните банки, организацијата и управувањето со банките гледано низ призмата на усогласеноста на прописите со правилата на ЕУ.

- *Retrait de la zone euro*, 8th International Conference Economic integrations, competition and cooperation, University of Rijeka, 2011 (во печат) (*Излез од еврозоната*, труд презентиран на Меѓународната конференција за економските интеграции, конкурентноста и соработката 2011, објавен во издание на Универзитетот во Риека, Р.Хрватска).

Трудот кој е презентиран на меѓународна конференција анализира една исклучително актуелна тема од областа на монетарното право и финансиите. Имено, авторот ги анализира правните последици од напуштањето на еврозоната од страна на една нејзина земја-членка како и правните услови за една таква одлука. Истовремено, презентирани се економските ефекти од напуштањето на еврозоната, како за еврозоната во целина така и за земјата-членка која ја напушта.

- *За новата европска финансиска супервизија*, Зборник во чест на професор Арнаудовски, Правен факултет „Јустинијан први“- Скопје, 2011 (во печат).

Финансиската криза која предизвика економско забавување и негативни економски резултати скоро во сите членки на Европската унија беше причина за почеток на реформа на европскиот систем на супервизија на финансиските институции. Во трудот се лоцирани слабостите на досегашниот систем на финансиска супервизија на европско ниво и лоцирани се неговите слабости да обезбеди стабилен и

функционален финнасиски систем. Трудот ја анализира структурата на европските финансиски пазари и го објаснува новиот модел на финанасиска супервизија. Презентирани се макро и микро прудентната супервизија во рамките на Европската унија.

2. **М-р Далибор ГАЛЕВСКИ** е роден на 20 февруари 1978 година во Скопје.

*Образование*

Во 2006 година дипломирал на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје (правни студии) со - просечен успех 7,43. По положувањето на предвидените испити од постдипломските студии на Економскиот институт во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" со просечна оценка 8,00, во февруари 2010 година се стекнал со академски степен магистер на економски науки.

*Работно искуство*

Од 2007 година до денес, м-р Далибор Галевски работи во НЛБ „Тутунска банка" АД- Скопје, на работното место банкарски комерцијалист.

Од 1996 додина до 2007 година, кандидатот бил вработен во Северис ДООЕЛ (трговско претпријатие) во Скопје, како менаџер на продажба за увоз и дистрибуција на прехранбени продукти.

*Обуки и семинари*

Од 2005 година до 2011 година кандидатот посетувал повеќе обуки и семинари од областа на унапредување на продажбата, како и обуки кои биле во функција на неговото работно место како банкарски комерцијалист.

Во својата биографија кандидатот истакнува дека е амбициозен, комуникативен, стабилен и тимски играч, со познавања од сметководственото работење.

*Објавени трудови*

- *Ризикот како детерминанта во корпоративното работење*, магистерски труд.

Содржината на трудот е обработена преку воведен дел, пет поглавја и заклучни согледувања. Во првиот дел анализирани се детерминантите на ризик и принос, а во вториот дел на трудот е елабориран односот на ризикот со приносот од инвестираните средства. Третиот дел на трудот е посветен на анализа на прашањата за опкружувањето и ризиците со кои се соочуваат деловните субјекти. Во четвртиот дел на трудот се објаснети ризиците и факторите на опкружувањето кај финансиските институции, со посебен осврт на банките. Во петтиот дел е дадена анализа на перформансите на НЛБ Тутунска банка. Во заклучокот се презентирани и сублимирани заклучни согледувања за анализираните прашања и проблеми.

## II. *Заклучна оцена и предлог*

Откако со внимание ги разгледа пријавите на двајцата кандидати со сите приложени документи, Комисијата врз основа на Законот за високото образование, Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје, одлучи да предложи м-р Јован Зафироски да биде избран во соработничкото звање асистент на научната област финансово право и финансии на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје.

Членовите на Комисијата лично го познаваат и интензивно соработуваат со м-р Јован Зафироски. Тој уште како одличен студент, а потоа и како повеќегодишен соработник има голем афинитет за финансиско-правната наука. Кандидатот веќе ги има докажано бројните квалитети како млад и амбициозен научен работник и истражувач, вреден и одговорен соработник кој досега со успех ги извршува зададените обврски и задачи во предвидениот рок. Се работи за исклучителен тимски играч, со истакнато чувство за колегијалност и соработка, а истовремено квалитетен и ефикасен истражувач, со истакнати комуникациски и аналитички способности. Кај кандидатот м-р Јован Зафироски препознаваме силен потенцијал за понатамошен научен развој и сметаме дека ќе се развива во успешен наставно-научен кадар на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје.

Затоа, имајќи го предвид горенаведеното, ни причинува особено задоволство на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје да му го дадеме следниов предлог:

**М-р Јован Зафироски да биде избран за асистент на научната област *финансово право и финансии* на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје.**

Скопје, 8.6. 2011 година

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Кики Мангова – Поњавиќ, с.р.

Проф. д-р Весна Пендовска, с.р.

Доц. д-р Александра Максимовска Вељановски, с.р.

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА СОРАБОТНИК - ЕДЕН АСИСТЕНТ ОД ОБЛАСТА НА АРХИТЕКТОНСКОТО ПРОЕКТИРАЊЕ, ЗА ПРЕДМЕТИТЕ АРХИТЕКТОНСКО ПРОЕКТИРАЊЕ V И АРХИТЕКТОНСКО СТУДИО НА ИНСТИТУТОТ ЗА АРХИТЕКТОНСКО ПРОЕКТИРАЊЕ ПРИ АРХИТЕКТОНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ**

На 24. седница на Наставно-научниот совет на Архитектонскиот факултет во Скопје, одржана на 31.3.2011 година, избрани сме за членови на Рецензентската комисија за избор на еден асистент во Институтот за архитектонско проектирање, во состав:

1. доц. м-р Гордана Атанасоска, претседател
2. ред.проф. д-р Тихомир Стојков, член
3. вонр.проф. м-р Гоце Аџи-Митервски , член.

На распишаниот конкурс објавен во весниците „Дневник" и „Лајме" на 19.3.2011 година, се пријавил кандидатот м-р Александар Б. Радевски, досегашен асистент во Институтот за архитектонско проектирање при Архитектонскиот факултет во Скопје.

Врз основа на поднесените документи, како и врз основа на познавањето на кандидатот, го даваме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**I. Биографски податоци**

1969 Роден е во Битола
1984-1988 Средно образование завршил во гимназијата „Јосип Броз Тито" во Битола
1989-1995 Се запишал на студии на Архитектонскиот факултет во Скопје.
1995 Дипломирал на Архитектонскиот факултет во Скопје, со одбрана на дипломска работа на тема: "Погон за рециклирање на тврди градски отпадоци во Скопје", под менторство на проф. Никола Павловски, и се стекнал со звање - дипломиран инженер-архитект.
1996-1998 Вработен е во "Дизајн студио С + М" кај архитектите Софија Хаџиева-Мизова и Маргарита Хаџиева-Трендафиловска.
1998 Вработен е на Архитектонскиот факултет во Скопје како помлад асистент на предметите проектирање на стопански згради, проектирање на индустриски згради и архитектонско проектирање (продлабочена настава).
2008 Магистрирал на Архитектонскиот факултет во Скопје на тема: "Светлосните отвори во архитектонските објекти во корелација со техничките решенија за заштита од сончева радијација", под менторство на проф. Никола Павловски и со тоа се стекнал со звање - магистер од областа на архитектурата и урбанизмот.

Наставните, научните и стручните референци до реизборот во звањето помлад асистент се објавени во билтените бр. 777/2001 година и 945 од 2008 година.

**Активности во текот на школувањето**

1992 Учесник во 1. Летна школа за архитекти во манастирот „Св. Јоаким Осоговски", во Крива Паланка
1992 Учесник во работилница на архитект Џенгиз Бекташ (Турција), организирана од Архитектонскиот факултет во Скопје
1993 Работен престој во Истанбул – Турција, организиран од архитект Џенгиз Бекташ (Турција)
1993 Учесник на БИСТА (студентско биенале) во Скопје, Македонија

**II. Наставно-образовна дејност**

1998-2011 Од изборот во звањето помлад асистент учествува во изведувањето на наставата по предметите проектирање стопански згради, проектирање на индустриски згради и архитектонско проектирање (продлабочена настава).

2001 Учествувал во одржувањето на вежбите по предметот елементи на проектирање.

2002 Учествувал во одржувањето на вежбите на Шумарскиот факултет во Скопје.

2007 Учествувал во одржувањето на вежбите по предметот проектирање на општествени згради I и проектирање на општествени згради II.

2010-2011 Продлабочена настава - тема „ОБЛАКОДЕРИ" за онтологија на вертикалата, раководител: проф. д-р Минас Бакалчев

2007-2011 Учествувал во Архитектонско студио 1 - 2

2010-2011 Учестувал во Архитектонско студио 7 - 8

**III. Научноистражувачка дејност**

2001 Семинарски труд „Дневна светлина" кај ментор проф.д-р Михајло Волканов

2002 Семинарски труд "Четврта кожа" кај ментор проф. д-р Тихомир Стојков

2002 Семинарски труд "Системи за засенување" кај ментор проф. В. Бошковски

2002 Семинарски труд "Боја во индустријата" под менторство на проф. А.Никољски

2005 Скрипта по предметот „Проектирање на стопански згради" со проф. Никола Павловски и доц. м-р Гордана Атанасоска

2008 Одбрана на магистерски труд на тема: "Светлосните отвори во архитектонските објекти во корелација со техничките решенија за заштита од сончева радијација", под менторство на проф. Никола Павловски.

2008 Учесник е во проектот ЕНЕРГЕТСКИ ЕФИКАСНА ГРАДБА СО АКЦЕНТ НА ФАСАДНА ТЕХНОЛОГИЈА. Проектот е поддржан од Austrian Development Cooperation, STO, МАЦЕФ – Центар за енергетска ефикасност на Македонија и АЛПОС STO.

2011 Автор на ПРИРАЧНИК ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ И ИЗВЕДУВАЊЕ НА КОМПОЗИТНИ СИСТЕМИ ЗА НАДВОРЕШНА ТЕРМИЧКА ИЗОЛАЦИЈА КСИНТИ, заедно со проф. Никола Павловски и Викторија Ставриќ Радевски, издавач: Комора на овластени архитекти и овластени инженери на Македонија, поддржано од АДА, Sto Ges.mbH, Вилах Австрија, АЛПОС.

**Летни школи и работилници**

1999 Учесник е на 8. Интернационална летна школа по архитектура во манастирот „Св. Јоаким Осоговски", Крива Паланка, на тема "Не-Место" во улога на секретар и ментор.

2003 12. Интернационална летна школа по архитектура во манастирот „Св. Јоаким Осоговски", Крива Паланка, на тема: "Во поддршка на локалната заедница", коментор на арх. Cristos Papoulias.

2004 Секретар на Летна школа и коментор на арх. George Kunihiro на 13. Интернационална летна школа по архитектура во манастирот „Св. Јоаким Осоговски", Крива Паланка, на тема: "Рехабилитирање на индустриски објекти".

2007 16. Интернационална летна школа по архитектура во манастирот „Св. Јоаким Осоговски", Крива Паланка, на тема "Град за сите", секретар на Летната школа.

2007 Учесник на студентска работилница, на тема "Простор како медиум", поддржана од градоначалникот на Скопје.

2008 Проект на Британски совет (МАКЕДОНИЈА МОЈА АРХИТЕКТУРА), павилјон „Александар Бродски", во дворот на Архитектонски факултет.

**Учество на изложби, манифестации и конкурси**

2000 Изработка на каталог за БИСТА (студентско биенале)

2001 Секретар на 10. Биенале на македонската архитектура, организирано од Асоцијацијата на архитекти на Македонија.

2004 Член на жири-комисија на 12. Биенале на македонската архитектура, организирано од Асоцијацијата на архитекти на Македонија.
2005 Учесник на Македонската изложба (>20 <40) XXII светски конгрес на UIA во Истанбул.
2008 Член на Организациониот одбор на 14. Биенале на македонската архитектура, организирано од Асоцијацијата на архитекти на Македонија.
2008 Член на жири-комисија за архитектонски конкурс "Голема ливада" во Битола.
2009 Изработка на штанд на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" за манифестација „Саем на Образование" заедно со Митко Хаџи-Пуља, диа., Наташа Милованчев, диа.
2009 НИЕ, 60. години Архитектонски факултет, Скопје, Музеј на град Скопје со проект ВИНАРИЈА СТОБИ во Градско
2009 Учесник во конкурс за реконструкција на Хавзи-пашините конаци во с. Бардовци – откуп, заедно со: Викторија Ставриќ-Радевски, диа., Јован Радевски, диа., Дамјан Момировски, диа., Маја Лукаревска, диа., Митко Доновски, диа.
2010 Изработка на штанд на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" за манифестацијата „Саем на образование" заедно со Огнен Марина, диа.
2010 Учесник во конкурс за идејно решение за Општинска зграда на општина Карпош – II награда заедно со Минас Бакалчев, диа., Митко Хаџи Пуља, диа., Саша Тасиќ диа., Дамјан Момировски, диа. и Никола Стрезовски, арх.
2010 Учесник во конкурс за идејно решение на катна гаража на ул. Мито Хаџивасилев Јасмин – I награда заедно со Минас Бакалчев, диа., Митхо Хаџи-Пуља, диа., Саша Тасиќ, диа., Дамјан Момировски, диа. и Никола Стезовски, арх.
2010 Добитник на GRAN PRIX на XV биенале на македонската архитектура за објект ВИНАРИЈА СТОБИ во Градско, заедно со Викторија Ставриќ Радевски.
2010 Учесник во конкурс за идејно решение на станови за АРМ – II награда (I награда не е доделена), заедно со Минас Бакалчев, диа., Митко Хаџи-Пуља, диа., Саша Тасиќ, диа., Дамјан Момировски, диа., и Никола Стрезовски, арх.
2010 Архитектура Скопје 2010-АСК/ASK, Музеј на град Скопје: Типологија за повеќесемејно домување / АРМ, Скопје (М. Бакалчев, диа., М. Хаџи-Пуља, диа.,С. Тасиќ, диа., А. Радевски, М. Зиноски, Д. Момировски, Н. Стрезовски, Административна зграда на Општина КарпоШ, Скопје (М. Бакалчев, М. Хаџи-Пуља, С. Тасиќ, А. Радевски, Н. Стрезовски, Д. Момировски)
2010 Учесник во конкурс за идејно решение за Градски хотел во Скопје, заедно со Минас Бакалчев, диа., Митко Хаџи-Пуља, диа., Саша Тасиќ, диа., и Никола Стрезовски, арх.
2010 Учесник на 12. Биенале во Венеција на тема „People meet in Architecture", како дел од македонскиот тим
2011 Финалист во категорија на Индустриска архитектура за 2010 година со објект Винарија СТОБИ, на веб-порталот ARCHDAILY.
2011 Учесник во конкурс за идејно решение за ревитализација на тврдината Кале, заедно со Саша Тасиќ, диа., Дамјан Момировски, диа., Никола Стрезовски, арх.

**IV. Стручно-уметничка дејност**

2000 Основен проект за куќа на сестрите од Св. Винко Паулски во Скопје.
2001 Идеен и основен проект на индивидуална семејна куќа на семејството Карапееви, Скопје.
2001 Идеен проект за стакларник на семејството Јан од Холандија (проектот е реализиран во Холандија).
2001 Идеен и главен проект за доградба на индивидуална семејна куќа на семејството Лупески (реализиран).
2002 Комплетно ентериерно решение за индивидуална семејна зграда на семејството Караманди во нас. Влае (проектот е реализиран).
2002 Ентериерно решение за изложбено-продажен салон на фирмата ДИГИТ во нас. Аеродром (проектот е реализиран).

2002 Идеен и главен проект за индивидуален станбен објект и производен погон на семејството Јовановски во Припор.
2003 Проект за индивидуална станбена зграда во нас. Тафталиџе на ул. "Букурешка" бр. 134б, инвеститор: Слободан Ангеловски
2003 Проект за решение за мермерен под во црквата „Св. Петка" во Скопје (реализиран).
2003 Идеен и главен проект за таложник на езерото Треска кај Матка.
2003 Идеен и основен проект за деловен и магацински простор на фирмата BUEBHEN во Скопје, во соработка со доц. арх. Гордана Атанасоска (реализиран).
2004 Идеен проект за заштита од сончева радијација на фасадата на Архитектонскиот факултет во Скопје, со арх. Огнен Марина, а во соработка со GTZ.
2005 Идеен и главен проект за доградба на административен објект на ТЕХНО-КОМЕРЦ, Скопје на ул. "Даме Груев" бр. 3. (не е реализиран).
2005 Идеен и главен проект за индивидуален станбен објект во нас. Тафталиџе на ул. "Букурешка" бр. 97б, инвеститор Слободан Ангеловски (не е реализиран)
2005 Основен проект за ентериерно уредување на работни простории на UNDP во Скопје, заедно со LOW-TECH архитектонско студио од Скопје
2005 Основен проект за ентериерно уредување на експозитури на Централен регистар на Р. Македонија, Скопје.
2006 Идеен и главен проект за столарска работилница "Кузе-Трејд", Петровец, Скопје.
2006 Основен проект за ентериерно уредување на главната зграда на Централен регистар на Р. Македонија, Скопје
2007 Студија за реконструкција на "ГРАНД ХОТЕЛ", Приштина, со идејно решение за хотелски единици, со арх. Викторија Ставриќ.
2007 Магацин за градежни материјали "KARAVAS", Јурумлери, Скопје со арх. Горан Стојановски.
2008 Идеен проект за станбен комплекс во Рача, Охрид.
2008 Проект за ентериерно уредување на станбена единица, инвеститор В. Ефтов
2008 Проект за ентериерно уредување на хотел „Бетон" во Охрид, инвеститор: Бетон АД - Скопје.
2008 Проект за пристаниште за лесни пловила во Охрид, инвеститор: Бетон АД – Скопје.
2008 Идеен и основен проект за индивидуална семејна куќа во Галичник, со Викторија Ставриќ, диа.
2008-2009 Идеен и основен проект за Винарија Стоби, Градско, инвеститор: Винарија „Стоби", со Викторија Ставриќ, диа.
2009 Проект за ентериерно уредување на наплатни пунктови на ЕВН во територијата на Р. Македонија.
2009 Идеен и основен проект за надградба на барака во Црниче, инвеститор: семејство Маленко.
2009 Идеен проект за Млекара во Градско, инвеститор Аргеади, Градско.
2009 Идеен проект за догрдба на типски бараки во населба Радишани.
2009 Проект за ентериерно уредување на кафе-бар Il Café Di Roma во Т.Ц. Рамстор
2009 Документирање и евидентирање на постојната состојба на спомeничката целина Хавзи-пашини конаци во с. Бардовци, заедно со В. Ставриќ-Радевски, диа., Ј. Радевски, диа., Д. Момировски, диа., М. Лукаревска, диа., М. Доневски, диа., Ц. Хаџи-Пецова, виш. конз., Ан. Таневска, диа., и Е. Петрова Николовска, виш. конз.
2009-2010 Идеен, основен и изведбен проект за индивидуален станбен објект во нас. Драчево, заедно со В. Ставриќ-Радевски, диа., инвеститор семејство Саздовски
2010 Идеен и основен проект за индивидуален станбен објект во нас. Водно, заедно со В. Ставиќ-Радевски, диа., инвеститор семејство Кочовски.

2010 Идеен проект за катна гаража на ул. Мито Хаџивасилев Јасмин заедно со Минас Бакалчев, диа., Митко Хаџи-Пуља, диа., Саша Тасиќ, диа., Дамјан Момировски, диа. и Никола Стрезовски, арх.

**Активности поврзани со архитектонската дејност**

2000 Учесник во истражувачкиот проект „Климата и нејзиното влијание" врз изборот на материјали за изведба на фасади во Р. Македонија", соработка со проф. Љ. Филиповски и проф. В. Бошковски.

2000 Студиско патување во Загреб, Хрватска и Салцбург, Австрија (истражувачки проект).

2003 Студиско патување во Берлин, Германија, како учесник на проект од GTZ – Заштита од сончева радијација.

2004 Студиско патување во Атина, Грција, посета на олимписки спортски комплекс во организација на Архитектонскиот факултет.

2004-2006 Член на уредувачкиот одбор на весникот за архитектура PORTA 3.

2007 Студиско патување во Берлин, Германија, со студентите на Архитектонскиот факултет.

2007 Студиско патување во Италија со студентите на Архитектонскиот факултет.

2008 Учерсник на интернационална работилница организирана од страна на Британскиот совет на Романија, на тема: Art and public space. Who is shaping the city and for whom, Букурешт, 2008 (http://www.bhritishcouncil.org/macedonia-arts-creative-collaboration.htm)

2008 Студиско патување во Турција, Мала Азија, со студентите од Архитектонскиот факултет

2009 Студиско патување во неколку градови во Холандија со студентите од Архитектонскиот факултет.

**Конгреси и конференции**

2005 Претставник на асистентите на Архитектонскиот факултет во Скопје на 4. Конгрес на студентите по архитектура на поранешна Југославија, одржан во Сараево, БиХ.

2006 Претставник на асистенти на Архитектонскиот факултет во Скопје на 5. Конгрес на студентите по архитектура на поранешна Југославија, одржан во Белград, Србија.

2010 Претставник на асистенти на Архитектонскиот факултет во Скопје на 9. Конгрес на студентите по архитектура на поранешна Југославија, одржан во Љубљана, Словенија.

Кандидатот Александар Б. Радевски добро ги владее англискиот и српско-хрватскиот јазик.

**Компјутерски софтвер:**

| | |
|---|---|
| CAD | Auto CAD |
| | ArchiCAD |
| Анимации | 3D Studio MAX |
| Графички | Corel Draw |
| | Adobe Photo Shop |
| Макро ед. | Adobe Acrobat |
| | Microsoft World |
| | Microsoft Exel |
| Daylight | ECOTECT |
| | Dial LUX |

## ЗАКЛУЧОК

Врз основа на досегашните потврдени квалитети во водењето на наставно-образовната дејност, како и од приложените референтни трудови и активности од научно-истражувачката и стручно-уметничката дејност со кои се презентира кандидатот, како и добиените награди за неговата работа од областа на архитектурата, Комисијата може да констатира дека кандидатот м-р Александар Б. Радевски, дипл.инж.арх., е личност со несомнен интелектуален и творечки капацитет.

За истакнување е неговиот ангажман во изведувањето квалитетна настава на предметите за кои е биран, како и учеството во работата на повеќе студија, трудејќи се притоа со својата педагошка работа на студентите да им го пренесе своето знаење и искуство.

Треба да се истакне континуираното усовршување на кандидатот во сите дејности во кои дејствува, пришто треба да се потенцира дека е евидентен неговиот перманентен развој во надоградувањето на неговото знаење и умеење - како во наставата, исто така и во професијата.

За неговите квалитети говори и добиената награда GRAN PRIX на XV биенале на македонската архитектура за објект ВИНАРИЈА СТОБИ во Градско во 2010 година.

Комисијата истакнува дека во ликот на кандидатот м-р Александар Радевски, дипл.инж.арх., Факултетот има потенцијален универзитетски кадар, кој понатаму ќе може достојно да го репрезентира во сите негови дејности.

Врз основа на изнесеното, како и врз основа на Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Комисијата со особено задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Архитектонскиот факултет во Скопје да го избере кандидатот м-р Александар Радевски, дипл.инж.арх., во звањето асистент во областа архитектонско проектирање, за предметите архитектонско проектирање V и архитектонско студио на Институтот за архитектонско проектирање на Архитектонскиот факултет во Скопје.

Рецензентска комисија

1. Доц. м-р Гордана Атанасоска, претседател, с.р.
2. Ред. проф. д-р Тихомир Стојков, член, с.р.
3. Вонр.проф. м-р Гоце Аџи-Митервски , член, с.р.

# Реферат

## ЗА ПОДОБНОСТ НА ТЕМАТА ЗА ИЗРАБОТКА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА И ОСПОСОБЕНОСТ НА КАНДИДАТОТ М-Р ЕЛИСАВЕТА ДОНЧЕВА ЗА НАУЧНА РАБОТА

Со одлука бр. 02-774/2 на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, донесена на седницата одржана на 1.4.2011 година, формирана е Комисија во состав:

1. проф. д-р Тодор Аџиев, Машински факултет - Скопје, професор во пензија
2. проф. д-р Александар Седмак, Машински факултет - Белград, Р.Србија
3. проф. д-р Јован Гочев, Машински факултет – Скопје,

со задача да ги прегледа пријавата и доставените материјали од м-р Елисавета Дончева и да даде оцена за оспособеноста на кандидатот за научна работа и за подобноста на темата за изработка на докторска дисертација со наслов:

## МОДЕЛИРАЊЕ И КОМПЈУТЕРСКА СИМУЛАЦИЈА НА ПРОЦЕСИТЕ НА ИНИЦИРАЊЕ И ПРОПАГАЦИЈА НА МИКРОПРСНАТИНИ ВО ЗАВАРЕНИ ВРСКИ

По прегледот на пријавата и доставените материјали, врз основа на членовите 63 и 174 од Законот за високото образование и член 48 од Правилникот за единствените основи за организирање на постдипломски и докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Комисијата го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### 1.Оспособеност на кандидатката за научна работа

Кандидатката м-р Елисавета Дончева, дипл.маш.инж., е родена на 29.8.1983 година во Скопје. Основно образование завршила во ОУ „Гоце Делчев" во Скопје со одличен успех. Средно образование завршила во природно-математичката гимназија „Никола Карев" во Скопје во учебната 2000/2001, со одличен успех. Во учебната 2001/2002 се запишала на Машинскиот факултет во Скопје, на насоката заварување и заварени конструкции. Студиите ги завршила на 29.3.2006 година со среден просек 8,69, со одбрана на дипломската работа „Алуминиум и алуминиумски легури-особини и заварливост" под менторство на вонр.проф.д-р Ѓорѓи Аџиев со оценка 10 (десет). За време на студиите била ангажирана како демонстратор по повеќе предмети на Институтот за заварување и заварени конструкции.

Во учебната 2006/2007 година се запишала на постдипломски студии на Машинскиот факултет во Скопје, на Институтот за заварување и заварени конструкции, во истражувачкото подрачје заварени конструкции, под менторство на проф. д-р Тодор Аџиев. Темата на постдипломските студии кои ги запишала на Машинскиот факултет е „Нумеричка анализа на однесувањето на заварените врски". Постдипломските студии ги завршила на 15.2.2011 година, со одбрана на магистерската работа: „Теоретска и нумеричка анализа на механизмот на иницирање на микропрснатини во метална структура".

Кандидатката била вклучена во меѓународниот билатерален научноистражувачки проект со наслов „Acceptivility of cracks in welded joints for the integrity assurance of damaged pressure vessels". Проектот се реализирал во периодот од 1.1.2006 год. до 31.12.2007, помеѓу машинските факултети во Скопје и Марибор во рамките на договорот за научноистражувачка соработка помеѓу Р. Словенија и Р. Македонија. За време на реализацијата на проектот, кандидатката остварила два еднонеделни студиски престоја на Машинскиот факултет во Марибор.

Веднаш по дипломирањето на 8.8.2006 година се вработила во Генералниот секретаријат во Владата на Република Македонија на работното место помлад соработник-приправник за стручно-технички работи, во Одделението за стручни и административно-технички работи, Сектор за општи работи. Подоцна, на 17.1.2007 год. распределена е на работното место помлад соработник во Одделението за метролошки развој, лаборатории и калибрација - Сектор за метрологија во Бирото за метрологија, орган во состав на Министерството за економија. За време на работењето во Бирото за метрологија, посетувала повеќе обуки од областа на метрологијата, општи и специјализирани за работа во лабораторија за калибрација на должина и агол. Овие обуки биле во траење од две недели и тие биле реализирани во декември 2006 и во 2007 година во UME-националниот метролошки институт на Р. Турција. Покрај овие обуки, кандидатката имала обуки за менаџмент на квалитет и други стандарди во Р. Малта од страна на надлежното тело за стандарди MSA. Исто така, посетувала неколку обуки за оценувач по стандардите ISO/IEC 17025, ISO/IEC 17020 и ISO/IEC 45011 од страна на Националниот метролошки институт во Р.Бугарија и Институтот за акредитација на Р. Македонија. На самиот крај од работењето во Бирото, кандидатката остварила подолг престој во траење од еден месец во Р. Германија во Националниот метролошки институт - PTB, со цел да работи на оформување на фокус-група за зајакнување на националната метролошка инфраструктура на земјите од регионот. Во рамките на надлежностите и обврските на Бирото за метрологија, станала член на поголем број домашни и меѓународни комитети и комисии од областите за кои е надлежно Бирото.

Од јули 2008 година е вработена како помлад асистент на Машинскиот факултет во Скопје, на Институтот за заварување и заварени конструкции. Во текот на изминатиот период, од нејзиното вработување на Машинскиот факултет во Скопје па сè до денес, активно учествувала при спроведувањето на наставните активности

на Факултетот. Во тој период успешно ги спроведувала вежбите по следниве наставни предмети: машински материјали, технологии и испитување на материјали, материјали и техники на спојување, заварување и заварени конструкции, заварување и сродни постапки, техники на заварување, технологија на заварување, метални конструкции, заварливост на метали, заварување, испитување на заварени врски, тенкоѕидни машински конструкции, неконвенционални постапки на спојување, конструкција и изработка на процесни постројки, применета индустриска дефектоскопија, обезбедување на квалитет кај опрема под притисок - современа регулатива и норми.

Кандидатката континуирано била ангажирана со голем број на часови за вежби во секој семестар, а исто така била вклучена во изготвување на тестовите по наставните предмети и спроведување на испитите. При одржувањето на вежбите покажува способност своето знаење јасно да им го пренесе на студентите. Исто така, во сите години од нејзиното работење на Факултетот беше назначена за ментор на студентите запишани во прва година на насоките ЗДК и МЗКИ.

Во октомври 2010 год. кандидатката остварила краток престој во Софија, Р. Бугарија, со цел презентација на својот самостоен труд во рамките на Вториот меѓународен југоисточен IIW- конгрес (The 2th South East European IIW International Congress) и во Институтот за металознание при БАН за договарање на понатамошна научноистражувачка соработка.

## 2.Образложение на предлог-темата за докторска дисертација

За да се исполнат конструктивните барања често се изработуваат компоненти кои содржат премини, жлебови и отвори, каде што нивото на локално оптоварување е повисоко отколку просечното оптоварување заради концентрацијата на напоните. Исто така, и заварените врски како најпогодно конструктивно решение за спојување на многу компоненти и склопови и најприменуван начин во изработката на процесната опрема под притисок, резервоарите, нафтоводите, гасоводите, носечките конструкции, друмските и шински возила, бродовите итн., исто така се дисконтинуитетни места со локална концентрација на напоните и карактеристични места погодни за појава на микропрснатини. Кај сите овие заварени конструкции од најголема важност е прашањето за нивниот век без отказ во присуство на грешка бидејќи експлоатацијата покажува дека повеќето од отказите на инженерските компоненти се поврзани со појавата на микропрснатини. Затоа, од особен интерес претставува изучувањето на феноменот на иницијација и стабилен развој на прснатините на микроструктурно ниво, со оглед на тоа дека и иницијацијата и стабилниот развој на прснатината во материјалите е од многу локален карактер и се одвива на микроструктурно ниво.

Микропрснатините, како честа појава во заварените врски, во експлоатацијата може да се шират стабилно одредено време, а потоа да станат критични и да предизвикаат брзо нестабилно попуштање.

За предвидување на нивниот развој и ломната отпорност на конструкцијата на лом, потребни се повеќе податоци за материјалот и поточни анализи за напонската состојба. Во голем број на случаи точните решенија не се познати и поради тоа нумеричките, аналитичките и експериментални методи на механиката на лом значително се применуваат.

Појавата на микропрснатините зависи од локалната микроструктура на материјалот, внатрешната напонска распределба и надворешните услови на оптоварување. Со зголемување на амплитудите на оптоварувањата, микропрснатините во материјалот првенствено се јавуваат во зони на локални напонски нехомогености како што се на пример границите на зрната кои имаат различна ориентација или кај зоните кај кои има вклучоци. Овие микропрснатини ќе се развијат само доколку околните зрна се соодветно ориентирани за да настане развојот или доколку прснатината е доволно голема (иницијација во големи зрна). За да се утврди животниот век, исто така, неопходно е да се знае однесувањето на материјалот со дадената микроструктура при неговата експлоатација. Со цел да се постигне поголема сигурност кај инженерските структури големо значење имаат истражувањата кои ги разгледуваат причините заради кои доаѓа до иницирање на микропрснатините, нивната местоположба, брзина и насока на пропагација.

Покрај експерименталните испитувања како и тенденцијата за развивање и воспоставување на нови теоретски поставки и математички модели за опишување на меѓусебното влијание на одделни фактори врз однесувањето на материјалите при лом, денес се развиени софтверски пакети за нумеричко пресметување на параметрите на механиката на лом со помош на методот на конечни елементи. Ова е од особено значење ако се земе предвид сложеноста и комплексноста на експерименталните истражувања на механиката на ломот, кои побаруваат многу труд, време и големи трошоци за нивна реализација.

Поради значењето на иницијацијата и развојот на прснатината во локалното подрачје на материјалот, на микроструктурно ниво, предмет на оваа докторската дисертација е подеталното проучување на локалните феномени на микроструктурата. За таа цел, ќе се развие математички модел со кој ќе се направи обид нумерички да се претстави иницијацијата и пропагацијата на микропрснатина во различни услови на оптоварување во еден нехомоген материјал како што е заварената врска.

Основа на симулацискиот модел за иницијација на микропрснатината е модел кој соодветно ќе одговара на зрнестата структура на разгледуваниот материјал. Со претходно проучување на постојните податоци, сознанија и искуства од оваа област, во образложението се заклучува дека оптимален модел кој ќе ги исполнува основните услови за симулирање на создавањето на микроструктурата е „Вороновата поделба", со која се добиваат конвексни полигони како модели на зрната и го исполнуваат зададениот простор целосно. Вороновата поделба претставува погодно решение за генерирање на репрезентативен волуменски елемент со случајно ориентирана поликристална структура, како

основа за понатамошна симулација на дистрибуцијата на напонот и неговото влијание врз развојот на деформацијата и појавата и однесувањето на прснатините. Хетерогената напонска распределба ќе се анализира и пресметува со помош на методот на конечни елементи во еластичното и еласто-пластичното подрачје на материјалот. Појавата на непрекината прснатина ќе се симулира со дефинирање на потенцијална рамнина на прснатината (рамнина на лизгање или рамнина на најголеми смолкнувачки напони) во секое одделно зрно и нејзино влијание на деформацијата и концентрацијата на напонот во соседните зрна. Вака создадените нумерички модели ќе имаат за цел да ја прикажат зависноста на распределба на напоните и деформација од ориентацијата на зрната, големината на зрната и големината и видот на оптоварувањето. За моделите да станат применливи за целите на ова истражување, неопходно е да се дефинираат прецизно кристалните зрна во микроструктурата заедно со сите детали преку примена на Вороновата поделба и случајна ориентација на зрната. Понатаму, потребно е да се земе предвид вистинското анизотропно однесување на оптоварените зрна со моделирање на анизотропноста односно матрицата на крутост како и да се одредат граничните услови при кои ќе се формира пластичната зона и/или доаѓа до појава на иницијални микропрснатини.

## 3.Цели на докторската дисертација

Целта е да се воспостави критериум со кој преку анализата на концентрацијата на микропрснатините ќе се детерминира моментот на стабилниот или нестабилниот раст на макропрснатина. Ова се прашања и предизвици кои се актуелни и од аспект на научно-истражувачката работа, но исто така и од апликативна гледна точка, односно е неопходно нивно истражување и дефинирање заради нивна имплементација во актуелните пристапи и методологии во оцената на преостанатиот век и интегритет на одговорните заварени конструкции.

Нумеричките решенија овозможуваат истражување на сложени реални проблеми, вклучувајќи и анализа на влијанието на различни фактори, особено во случаи каде што експерименталните и математичките решенија се неадекватни, поради голема цена на чинење, комплексност на проблемот итн. Во оваа докторска дисертација ќе се изработат 2D и 3D-модели кои нумерички ќе се доближат до однесувањето на реалните поликристални метали за да послужат како алатка во предвидувањето на можните механизми на создавање и развој на микропрснатините. Овие нумерички модели ќе ги вклучуваат најрелевантните влијателни фактори кои придонесуваат на однесувањето на микропрснатините кај поликристалите. Со развојот на овие модели треба да се даде придонес кон досегашните научни и апликативни достигнувања од областа на механиката на лом и интегритетот на конструкциите, за подобро разбирање на ломната отпорност и однесувањето на микропрснатините во металот на заварот и во зоната под влијане на топлината.

Со помош на нумеричките симулации ќе се утврди надежноста на методологијата за што поверодостојно симулирање на реалните експериментални истражувања на механиката на лом и одредување на нејзините параметри. Исто така, ќе се овозможи анализа на напонско-деформационото однесување на нелинеарните процеси што се одвиваат во врвот на прснатината лоцирана во хетероген материјал како што е заварената врска.

## 4. Методологија на истражувањето

Во истражувањето ќе се симулира процесот на иницијација и развој на микропрснатините во мартензитна структура која е присутна во заварените врски. Ќе се разгледува еден репрезентативен волумен со однапред дефинирани карактеристики на микроструктурата, како што се механичките особини на кристалните зрна, големината на зрната и нивната ориентација. Со помош на Вороновиот алгоритам се генерира вештачка микроструктурата која е приближна на реалната односно таа има иста почетна големина на зрната и исти механички особини. Вака добиените зрна во просторот се распоредени случајно, а со тоа и нивната ориентација е случајна. Кристалографската ориентација на секое зрно ќе биде земена предвид при анализа на деформацијата и напонската состојба во зрната. При деформација на зрното под агол од 45° во однос на главните оски на кристалот ќе дојде до прераспределба на оптоварувањето на соседните зрна, а со тоа сукцесивно ќе настане ширење на пластичната зона околу врвот на прснатината. Зрното моделирано по оваа метода се претставува како репрезентативен волуменски елемент (РВЕ). Распределбата на напоните ќе се анализира со софтверски пакет ABAQUS 6.8-1, со помош на методот на конечните елементи. На овој начин, влијанието на различната ориентација на зрната, односно нехомогеноста на распределбата на локалниот напон предизвикан преку деформациската некомпатибилност и нејзиното влијание на иницирањето на прснатината може да се испита. По иницирање на микропрснатината, концентрацијата на напоните блиску до врвот на прснатината и ослободувањето на напоните по површините на прснатината ќе го дистрибуираат вистинското напонско поле на ненапукнатиот волуменски елемент. Локалната напонска прераспределба по секоја иницирана прснатина ќе биде земена предвид. Резултатите кои ќе се добијат од разработените модели ќе се споредуваат со податоците за досегашните сознанија за иницирањето и пропагацијата на прснатините како и со резултатите добиени од експериментални испитувања на повеќе автори кои ја обработуваат проблематиката поврзана со отпорноста на лом на материјалите.

## 5.Очекувани резултати од истражувањето

1. Одредување на влијанието на големината и ориентацијата на кристалните зрна во микроструктурата на хомоген анизотропен материјал врз интегритетот на материјалите и заварените врски.

2. Дефинирање на нумерички модел за еласто-пластична анализа со конечни елементи за симулирање на појава на микропрснатини како есенцијален механизам при отказ на материјали и конструкции.

3. Воспоставување или надградба на постојни процедури и методологии за оцена на интегритетот на конструкциите со прснатина, со вградување на критериуми за иницијација и развој на микропрснатини при појава на лом.

## ЗАКЛУЧОК

1. Кандидатката м-р Елисавета Дончева, дипломиран машински инжинер, врз основа на досегашниот степен на образование, научноистражувачката и стручна работа, располага со потребните знаења и оспособеност за изработка на предложената тема за докторска дисертација и ги исполнува условите предвидени со Правилникот за стекнување докторат на Машинскиот факултет во Скопје.

2. Предложената тема претставува актуелно и современо истражување во областа на интегритетот на одговорните заварени конструкции и е од посебен интерес во научните кругови од таа област, што е поткрепено со подолга листа на публикувани трудови објавени во изминатите неколку години. Врз основа на образложението на пријавената тема, методологијата на истражувањето, обемот, целите и очекуваните резултати, Комисијата смета дека предложената тема за изработка на докторска дисертација со наслов: „Моделирање и компјутерска симулација на процесите на иницирање и пропагација на микропрснатини во заварени врски" е подобна и ги исполнува потребните критериуми за изработка на докторска дисертација.

3. За ментор на кандидатката при изработувањето на докторската дисертација се предлага проф. д-р Александар Седмак, редовен професор на Машинскиот факултет при Универзитетот во Белград, Р.Србија.

Комисија,

1. Проф. д-р Тодор Аџиев, Машински факултет - Скопје, професор во пензија, с.р.

2. Проф. д-р Александар Седмак, Машински факултет - Белград, Р.Србија, с.р.

3. Проф. д-р Јован Гочев, Машински факултет – Скопје, с.р.

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје**
**Факултет за електротехника и информациски технологии**

# Преглед

на прифатени теми од Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии за изработка на магистерски трудови на седницата одржана на **01.06.2011** година

1. студиска програма **Безжични и мобилни комуникации**

| ред. бр. | студент | тема на македонски јазик | тема на англиски јазик | предложен ментор |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Бисера Јанкулоска | Стратегии за ефикасна распределба на расположлив спектар помеѓу секундарни корисници во когнитивни радио мрежи | Efficient spectrum sharing strategies among secondary users in cognitive radio networks | Проф. д-р Лилјана Гавриловска |
| 2 | Милан Захариев | Техники за детекција на сигнали од примарни и секундарни корисници во когнитивни радио мрежи | Signal detection techniques for primary and secondary users in cognitive radio networks | Проф. д-р Лилјана Гавриловска |
| 3 | Михајло Павлоски | Статистичка анализа и моделирање на временско - просторна искористеност на фреквенцискиот спектар | Statistical analysis and modeling of time - space spectrum utilization | Проф. д-р Лилјана Гавриловска |
| 4 | Валентина Павловска | Стратегии за кооперативно спектрално ослушнување во когнитивни мрежи | Cooperative Spectrum Sensing Strategies in Cognitive Radio Networks | Проф. д-р Лилјана Гавриловска |

2. студиска програма **Комуникациски и информациски технологии**

| ред. бр. | студент | тема на македонски јазик | тема на англиски јазик | предложен ментор |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Александар Кедијоски | Карактеристики и анализа на перформансите на VoIP за време на вертикален хендовер меѓу WLAN и UMTS | Characteristics and analysis of VoIP during vertical handovers between WLAN and UMTS | проф. д-р Тони Јаневски |
| 2 | Илија Ефнушев | Развој на алгоритам за динамичко опслужување на пакети за задоволување на квалитет на сервис кај IP потоци | Development of dynamic packet scheduling algorithm for Quality of Service assurance for IP flows | проф. д-р Тони Јаневски |

3. студиска програма **Проектен менаџмент**

| ред. бр. | студент | тема на македонски јазик | тема на англиски јазик | предложен ментор |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Снежана Јованова | Спроведување на бизнис стратегија со работење на вистински проекти | Delivering business strategy through doing the right projects | Проф. д-р Вангел Фуштиќ |
| 2 | Александар Карески | Интеграција на семантички десктоп со cloud сервиси | Semantic desktop integration with cloud services | Проф.д-р Димитар Трајанов |
| 3 | Лидија Милевска | Менаџмент на ризик пр и користење на различни модели на електронска трговија | Risk management in electronic trading using different models | Вон. проф. д-р Крсте Најденкоски |

4. студиска програма **Софтерско инженерство**

| ред. бр. | студент | тема на македонски јазик | тема на англиски јазик | предложен ментор |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Ласко Касапинов | Развој на алгоритам и софтвер за оптимално групирање на нарачките и дизајнирање на производство на правоаголни плочи во металопреработувачката индустрија | Development of algorithm and software for optimal grouping of orders and production design of rectangular panels in Metal industry | Вон. проф. д-р Димитар Трајанов |
| 2 | Косте Будиновски | Инкорпорирање на услуги поддржани од социјални мрежи во е-Влада решенија | Incorporating services supported by social networks in e-government solutions | Вон. проф. д-р Владимир Трајковиќ |
| 3 | Филип Керазовски | Веб-алатка за поддршка на креативно размислување поддржана од семантички технологии | Web-tool for supporting creative thinking supported by semantic technologies | Вон. проф. д-р Димитар Трајанов |

5. студиска програма **Метрологија и менаџмент на квалитет**

| ред. бр. | студент | тема на македонски јазик | тема на англиски јазик | предложен ментор |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Наташа Иванова | Апроксимативни мерни техники за различни калибрациони постапки и пресметки во фармацевтска индустрија | Aproximate measurement techniques for Different calibration procedures and calculations in pharmaceutical industry | Вон. проф. д-р Маргита Гиновска |

# РЕЦЕНЗИЈА
# НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ВЛИЈАНИЕТО НА ИЗБОРНИТЕ МОДЕЛИ ВРЗ ПОМАЛИТЕ ПОЛИТИЧКИ ПАРТИИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА" , ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р БОЈАНА НАУМОВСКА ,ПРИЈАВЕНА НА ИНСТИТУТОТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И ПОЛИТИЧКО-ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА ВО СКОПЈЕ

Со одлука на Научниот совет на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (одлука бр.02-377/44 од 17.3.2011), од седницата одржана на 11.3 2011 година, определени сме за Комисија за оцена и одбрана на докторската дисертација на тема **Влијанието на изборните модели врз помалите политички партии во Република Македонија,** изработена од м-р Бојана Наумовска.

Врз основа на извршениот преглед и детална анализа на докторската дисертација, Комисијата во состав: проф. д-р Анета Јовевска, проф. д-р Лидија Христова, проф. д-р Наташа Габер Дамјановака, проф. д-р Мирјана Најчевска и проф. д-р Петар Атанасов го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Докторскиот труд под наслов **Влијанието на изборните модели врз помалите политички партии во Република Македонија** се состои од 243 страници компјутерски обработен текст (243 страници основен текст и литература). Текстот е поделен на: Вовед и 5 глави, а на крајот се дадени Заклучни согледувања.

Во **воведниот дел на трудот** се презентираат причините поради кои авторката се определила за изработка на оваа тема. Овој докторски труд обработува актуелна и значајна проблематика поврзана со настанувањето, опстојувањето и претставувањето на помалите политички партии, како и нивната улога и значење во конкретните политички системи.

Актуелноста на оваа тема произлегува од зголемената улога што ја имаат овие партии во функционирањето на политичките системи, а особено во формирањето на владите денес. Имено, во системите во кои поддршката за помалите политички партии е значителна ги прават овие партии клучен фактор во формирањето на коалиционите влади. Токму од овој аспект, од особено значење е прашањето за изборните модели и нивните димензии, кои директно влијаат врз позиционирањето и улогата на партиите во одреден партиски систем. Токму истражувањето на оваа релација, изборен модел- политичка партија, претставува предизвик за политиколошката

мисла. За ова говори и фактот што различни аспекти на оваа релација се предмет на интерес кај дел од референтните автори кои ги истражуваат изборните и партиските системи.

Покрај теоретското истражување, во докторската дисертација е спроведено и емпириско истражување, односно преку анализата на изборните резултати, како и со реализираните интервјуа со претставници на помалите политички партии во Република Македонија, кандидатката прави обид да ги разоткрие причините за нивното настанување и опстојување, но и факторите кои влијале во изборот на одредена изборна стратегија.

Со цел добивање посеопфатно согледување на влијанието на изборните модели врз помалите партии, во функција на поставените хипотези, особено внимание е посветено на симулацијата на одделни изборни модели согласно со регистрирани изборни резултати по изборните во 2006 година.

**Првиот,** теоретскиот дел, има за цел да ја отслика теоретската рамка на истражуваната појава, односно да ги прикаже позначајните сознанија за неа и да ги прикаже динамиките и насоките за понатамошни истражувања. Во овој дел се дефинирани изборните системи, прикажани се видовите на изборни системи преку нивните позитивни и негативни карактеристики. Понатаму се прикажани и функциите на изборите, изборните димензии, факторите кои влијаат на бројот на политички партии во политичкиот систем, за потоа да се премине кон дефинирање на политичките партии и нивните класификации, за на крајот овој дел да се заокружи со прикажувањето на релацијата на изборниот и партискиот систем според одредени релевантни автори. Посебно, во овој дел, кандидатката се фокусира на критеримите според кои одредена партија се идентификува како мала политичка партија, што е всушност клучна категорија на овој труд.

**Вториот дел** насловен како „Политичките партии во Европа" има за цел да ги даде основните информации за функционирањето на партиските системи во државите од европскиот континент. Покрај тоа што претставува вовед во подеталната елаборација на германскиот и хрватскиот изборен сиситем, тој има за цел да ја покаже и генералната слика на политичките партии во Европа, со особен акцент на помалите политички партии.

**Третиот дел** го претставува германскиот изборен модел кој претставува позитивен пример за опстојување на помалите политички партии на подолг рок. Покрај наведувањето на карактеристиките на овој систем, кандидатката се осврнува и на изборните циклуси и политичките партии, за на крајот да ја прикаже посебната улога на помалите партии во оваа држава.

Понатаму, во **четвртиот дел,** кандидатката ја претставува состојбата на оваа група партии во Република Хрватска. Најпрво, преку прикажување

на историските случувања во источна Европа се прикажани условите под кои се развиваат политичките системи во посткомунистичките држави.

Во **петтиот дел** кандидатката со посебно внимание се осврнува на развојот и промената на изборните модели во Република Македонија. На почетокот на овој дел се дава слика на нормативната рамка, потоа се преминува кон прикажување на партискиот плурализам и малите политички партии. Централно внимание во оваа целина им се посветува на изборните резултати добиени според мнозинскиот, комбинираниот и пропорционалниот модел. Посебно место во оваа целина зазема симулацијата со изборните резултати од изборите спроведени во 2006 година сѐ со цел да се покаже дали промената на бројот на изборни единици и промената на формулата за пресметување на мандатите има влијание врз распределбата на мандатите во корист на помалите партии. На крајот од овој дел се прикажани ставовите на помалите политички партии за изборните модели и нивните димензии.

Во **заклучните согледувања** на овој труд, кандидатката истакнува дека малите партии, за да се сметаат за релевантни, мораат да имаат коалициски потенцијал или потенцијал за уценување, односно наметнување. Во таа насока заклучува дека моќта на малите партии зависи од фактот дали за да се формира влада е потребна нивната поддршка или не. Кандидатката важноста на партијата ја гледа и во зависност од нејзиното место во партиската лепеза од што зависи нејзината можност да стапи во коалиција со други партии. Во тој поглед најширок простор за дејствување имаат оние партии кои се наоѓаат на централната позиција на идеолошката лепеза чии краеви означуваат екстремно лево и екстремно десно определување.

Во заклучокот кандидатката разликата во бројот на помалите политички партии во Германија од една страна и Хрватска и Македонија од друга страна ја гледа и во големината на популацијата и висината на бруто домашниот производ.

За коалициите помеѓу една голема и една мала партија кандидатката истакнува дека се секогаш „победнички" и за двете страни. Ваквите коалиции за малите партии претставуваат простор за реализирање на дел од нивните специфични интереси, а за големите претставуваат простор и имплементација на политики од аспект на политичка доминација. Од овие причини двете најголеми партии во сите држави скоро никогаш не коалицираат меѓусебно.

Како заклучок од интервјуата спроведени со претставниците на малите партии, кандидатката истакнува дека за овие партии на политичката сцена во РМ има простор и причини за дејствување. Тоа е пред сѐ поради нивните програмски заложби кои се насочени кон одредени целни групи. Воедно, дел од нив сметаат дека прагматичниот пристап игра важна улога во нивното стапување во сојузи или излегување од нив. Во таа

смисла ги бараат аргументите за нивните различни изборни и постизборни стратегии и настапи. Воедно, евентуалните промени во изборниот систем ги гледаат во креирање на национална изборна единица со 120 мандати, отворени партиски листи или промена на изборната формула. На тој начин, според нив, ќе се обезбеди поголема репрезентативност на интересите на граѓаните во парламентарниот дом, а ќе се отворат и процеси на внатрешна демократизација на партиите.

Зборувајќи за иднината, според авторката, постои широк простор за дејствување на малите партии. Нивните перспективи ги гледа во привлекувањето на неопределените гласачи чиј број по секои избори се зголемува. Зборувајќи на оваа тема како пример е дадена партијата Демократска алтернатива. Таа го препозна овој простор за дејствување и неслучајно преку своите програмски заложби успеа да обезбеди голема подршка од гласачите. Токму поради можноста малите партии од маргинални групи да прераснат во партии со респектибилна поддршка е причина што научната јавност им посветува посебно внимание.

Зборувајќи за изборните димензии во заклучокот исто така се истакнува дека покрај тоа што тие можат да го мотивираат формирањето на малите партии, тие исто така можат да влијаат и во обратна насока. Во пропорционални системи со висок изборен праг и мали изборни единици, фракционерските движења во партиите помалку се одлучуваат да се одвојат и да формираат своја нова партија, а истото ова важи и за новите партии кои не се резултат на фракции. За разлика од ваквите системи, во оние во кои нема изборен праг и постои една национална изборна единица, малите партии имаат многу поголем простор за дејствување.

И покрај постојаните промени на партиската сцена, авторката истакнува дека во Македонија фрагментацијата на партиите сé уште не е завршена, дури може да се каже дека во досегашната парламентарна историја како заедничка карактеристика на сите парламентарни состави е фрагментациајта и создавањето на нови партии. Ваквите процеси, покрај парламентарните, во последно време сé повеќе ги бранува и вонпарламентарните партии.

Врз основа на спроведените истражувања кандидатката ја докажа поставената генерална хипотеза според која пропорционалниот модел и една изборна единица на територијата на Република Македонија се најсоодветни предуслови за репрезентативно претставување на помалите политички партии во Собранието на Република Македонија и за нивно самостојно настапување на изборите. Воедно се потенцира дека пропорционалниот модел со една изборна единица и примена на Харе формулата би бил прифатлив модел кој ќе ги поттикнува помалите политички партии на самостојно настапување на изборите.

Решението за надминување на состојбата на црно-белиот свет, кандидатката го гледа во надминување на гласањето против и преминување

кон гласање за одредена опција, додека можноста за освежувањето на партиската арена ја гледа во настанувањето на трета партија, конкурентна на постојните, со што би се постигнала и поголема демократија внатре во самите партии.

На самиот крај кандидатката истакнува дека овој труд на некој начин претставува почеток во креирањето на научната теорија посветена на малите партии во Република Македонија, и потсетува дека тој претставува основа на која понатаму можат да се градат многу теории за појавувањето на малите партии како и за нивното коалицирање. Тој има за цел да го покаже патот како до поголемо присуство на малите партии на политичката сцена преку самостојно настапување на изборите сé со цел нивна поголема преговарачка моќ и подемократски процеси во општеството.

Тргнувајќи од улогата и моќта која можат да ја имаат малите партии преку заземање на просторот за баланс и калкулација, авторката смета дека и понатаму оваа група на партии ќе го привлекува заслуженото внимание од научната јавност.

Врз основа на изнесеното, Комисијата едногласно го донесува следниов

## З А К Л У Ч О К

Трудот „Влијанието на изборните модели врз помалите политички партии во Република Македонија", изработен од кандидатката м-р Бојана Наумовска, врз основа на претходно дадениот приказ и оцената за неговата теоретска, научна и практична вредност, според мислењето на Комисијата претставува самостоен научен труд со кој кандидатката дава придонес во врска со поимањето за помалите политички партии, нивното појавување, улога и влијание. Фактот што оваа актуелна и контроверзна тема не е доволно обработена од страна на македонската научна јавност, ја потврдува научната оправданост и значењето на оваа дисертација.

Неговата вредност се изразува во поставувањето на проблемот и предметот, во неговата структурираност, како и во емпирискиот материјал кој е презентиран во функција на илустрирација на клучните моменти на кои се фокусира трудот.

Во согласност со дадените оцени, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Советот на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања да го прифати овој извештај со позитивна оцена и да ја закаже јавната одбрана на докторската дисертација со наслов „Влијанието на изборните модели врз помалите политички партии во Република Македонија", изработена од кандидатката м-р Бојана Наумовска,.

Скопје, 8. 6. 2011 година

КОМИСИЈА

1. Проф. д-р Анета Јовевска с.р.

2. Проф. д-р Лидија Христова с.р.

3.Проф. д-р Наташа Габер Дамјановска с.р.

4.Проф. д-р Мирјана Најчевска с.р.

5. Проф. д-р Петар Атанасов с.р.

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА НАУЧЕН СОРАБОТНИК ВО ИНСТИТУТОТ ЗА ДУХОВНО И КУЛТУРНО НАСЛЕДСВО НА АЛБАНЦИТЕ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на јавно објавениот конкурс на 8.4.2011 год. во дневниот весник „Факти" за прием на еден научен соработник во отсекот Албанска литература , Научниот совет на Институтот за духовно културно наследство на Албанците во Скопје, на својата редовно одржана седница на 13.5.2011 год. со одлука бр.0201-98/3, нè избра за членови на Рецензентската комисија во состав: проф. д-р Зекериа Незири (Катедра за албански јазик и книжевност, Филолошки Факултет „Блаже Конески"- Скопје), проф. д-р. Мирлинда Кривца (Катедра за албански јазик и книжевност, Филолошки Факултет „Блаже Конески"- Скопје), и проф. д-р Ќемал Мурати (Институт за духовно културно наследство на Албанците во Скопје).
Врз основа на соодветната документација на пријавените кандидати, Комисијата му го доставува на Научниот совет следниов:

## ИЗВЕШТАЈ

Кон пријавата кандидатот д-р Шефќет Зеколи ја приложи сета потребна документација предвидена со законот, за засновање на работен однос, од кое произлегува дека:

1. *Биографски податоци.* Кандидатот д-р Шефќет Зеколи е роден на 31. 12. 1955 година во Призрен. Основното образование го завршил во село Блаце, Призренско, а средното во гимназијата „Зеф Љуш Марку", во Скопје. Студиите по албански јазик и книжевност на Филолошкиот факултет „Блаже Конески", во Скопје ги заврши со солиден успех во 1982 година. Во текот на студиите, д-р Шефќет Зеколи, преку семинарски работи и консултации со наставниците, а посебно неговото пројавување кон науката се покажа во исцрпните одговори на испитните прашања. Тој активно учествувал во студентските активности, земајќи учество во сите манифестации организирани на Факултетот. По завршувањето на студиите се запишал на постдипломски студии во Дубровник, каде што во 1990 година, пред комисијата раководена од проф. д-р Јосип Кекез, со успех ќе ја брани магистерската теза „Лирските народни песни во подрачјето на Подримје" , и се здоби со звањето магистер на филилошки науки. Додека, пак во јули 2010 година со успех ја одбранил докторската теза: „Прозата во албанската литература за деца во периодот од 1945-2000 година", со што се здоби со звањето доктор на филолошки науки.

По дипломирањето на Филолошкиот факултет во Скопје работел како професор по албански јазик и книжевност во гимназијата „Зеф Љуш Марку", во Скопје, а во периодот 2002-2008 ја вршел и функцијата директор во истата гимназија. Од 1996 до 2002 година предавал на Тетовскиот универзитет како професор по предметот литература за деца. Работел и во подрачната единица на Министерството за образование и наука на општина Чаир, Скопје.

*2. Научно усовршување,*

**2. 1. Магистерскиот труд** има 146 страници со новинарски проред поделени на 9 поглавја во кои се обработуваат прашања од начинот на постоење, функционирање и живеење на усната лирика. Во првите 103 страници се обработуваат прашања од описно - теоретски карактер, додека во наредните 40 страници се донесува илустративен материјал.

Трудот е со компаративен каратер: се проучуваат лирските песни кај Србите и Албанците од подрачјето на Подримје кај Сува Река. Во 1. и 2. поглавје се дава општ преглед на запишувачите, обработувањето и проучувањето на лирските песни и кај Албанците и кај Србите. Историско дескриптивниот пристап му овозможува да доставува концизни одговори на дадените прашања од тој карактер.

Во 3. поглавје го засега прашањето на класификацијата на лирските песни, прашање за кое кандидатот со право констатира дека сè уште меѓу научниците не е најдено соодветно успешно решение, кое би се применувала во проучувањето на лирските песни кај разни народи. Потоа, накратко се задржува во практичните примери со кои се служеле В. Данчетовиќ, А. Чета, В. Бован и др.

Во 5. и 6. поглавје, кандидатот проучува прашања од типологијата на лирските песни според мотивско-тематскиот свет на лирските песни од Подримје, каде што што се труди да врши типолошка класификација. 6. поглавје му е најобемно и е основно за целиот труд. Во него кандидатот практично го применува својот метод на проучување на лирските песни од споредбен карактер. Го истражува начинот на опстојувањето и на изведбата на разни лирски песни, кои се користат како средство за изведба и исполнување на разни практични потреби. Според тоа, особено внимание им се посветува на обредните, обичајните и трудовите лирски песни. Заедно со обработувањето на песните, кандидатот врши и опис на обредите и обичаите, значи на чинот на нивното исполнување. Со тоа се докажува дека кандидатот се определил за компаративниот метод, кој му овозможува поприфатливо да ги објаснува посочените проблеми.

Во 7. поглавје ги истражува изразните средства во лирските песни, а во 8. се задржува на проучувањето на прашања кои се поврзуваат со местото, улогата и значењето на лирските песни од Подримје во кругот на албанската, односно српската усна книжевност во Косово, поединечно и во поширок балкански контекст воопшто. Додека, пак 9. поглавје дава краток преглед на разликите и сличностите помеѓу албанските и српските лиркси песни од Подримје.

Текстот е практичен: се однесува на истражувањето на современата состојба на лирските песни во даденото подрачје, а проучувањето му е од компаративен аспект. Авторот ги истражува меѓусебните сличности, совпаѓања и спецификите на албанските и српските лирски песни. Описно дескриптивниот метод на проучувањето не му овозможува да се продлабочува во теориско испитување и аргументирање на низа прашања, затоа што повеќе се задржува на мотивско-тематската обработка на материјалот, а со тоа успева да ги образложи и објасни само тие прашања кои од описна гледна точка се поврзуваат со функционирањето и животот на лирската песна. Тоа му налага да врши избор и да ги обработува само поистакнатите и репрезентативните книжевни форми. Сепак, тоа, му помага да објасни некои од основните фактори на функционирањето на книжевниот текст. Со тоа докажува дека е во состојба да ја

владее материјата и мислата да ја насочи кон образложување на поставените тези и да даде предлози за можни решенија.

Магистерскииот труд под назначениот наслов покажува и докажува дека се работи за зрел и формиран иден научен работник кој ветува солиден развој, а тоа му овозможува да дојде до конкретни и успешни научни резултати од доменот на проучувањето на лирската усна книжевност, во кое се труди да ги применува актуелните и модерните научни резултати по тој предмет. Неговиот труд дава исцрпна, систематска и, пред сѐ, прегледна дескрипција на лирската песна со што ги олеснува понатамошните истражувања во тој правец. Тоа истовремено му овозможува да пријави тема за изработка на докторска дисертација и ветува дека ќе се развива во солиден иден научен кадар.

**2. 2. Докторската дисертација** на тема „Прозата во албанската литература за деца во периодот 1945-2000 година", (објавена во целост во 2010 година) докажува дека кандидатот д-р Шефќет Зеколи е способен да се нафаќа со поголеми научни проекти, како што е докторскиот, кој е доста обемен и во досегашните истражувања недоволно истражуван и проучен. Целта на кандидатот е да направи исцрпно проучување во компаративен аспект на проблемите кои произлегуваат од самата назначена тема, меѓу кои се издвојуваат:

(а) одот и развитокот, чекорот и расчекорот на албанската раскажувачка проза за деца во контекст на балканските и светските стандарди;

(б) присуството и можното чекорење на албанското прозно творештво за деца од сите жанри со балканските и светските наративни структури;

(в) интересот за жанровско проучување на албанското прозно творештво за деца од албанската книжевна историографија.

Со овие три основни прашања кандидатот успешно даде солиден придонес кон истражувањето прашања поврзувани со фундаменталните естетски категории и вредности, начинот на функционирањето, живеењето и постоењето на книжевноста за деца паралелно со општата книжевност.

Истражувањето на начинот како книжевноста за деца се приспособува кон човековата возраст, на кандидатот д-р Шефќет Зеколи му овозможува да изнаоѓа и соодветен методски приод и соодветна можност за издвојување на оние значајни елементи кои на книжевноста за деца ѝ даваат за право да функционира како посебен тип на книжевно општење во кругот на општата книжевност. А тоа докажува дека кандидатот компаративно ги проучува главните прозни жанри (расказот, новелата и романот) на книжевноста за деца од албанското јазично подрачје во контекст на книжевноста за деца кај другите балкански народи, особено на македонската, српската, хрватската и словенечката со кои албанската книжевност за деца од овој период била во директен контакт. Со исцрпувањето на тие прашања, кандидатот доаѓа до значајни заклучоци кои се корисни за компаративно проучување на книжевноста за деца и придонесува во објаснувањето на низа фактори кои влијаат и кои се битни за објаснување на прашања, кои ги засегат истражувачите на книжевниот процес воопшто.

Трудот „Прозата во албанската литература за деца во периодот 1945 - 2000 година", на д-р Шефќет Зеколи е компјутерски изработен и композициски е составен од десет дела, кои се:

*-Вовед*

*Историскиот развој на албанската литература за деца со посебен осврт врз албанското прозно творештво за деца*

*Албанската литература за деца во поранешна Југославија*

*Класификација на албанската проза за деца*

*Списанија за деца*

*Застапеноста на албанската книжевност за деца во учебниците*

*Влијанието на усното творештво во албанската проза за деца*

*Темите и мотивите во албанското прозно творештво за деца*

*Уметничките, воспитните и сознајните вредности на албанската проза за деца*

*Јазикот и стилот на прозното творештво за деца*

*Литературната критика и проучувањето на албанстката проза за деца*

*Заклучок*

*Конклусион и Литература.*

Како што се гледа и од содржинското претставување на трудот, кандидатот д-р Шефќет Зеколи поголем труд вложил во првите три поглавја (Историскиот развој на албанската литература за деца со посебен осврт врз албанското прозно творештво за деца, Албанската литература за деца во поранешна Југославија и Класификација на албанската проза за деца), во кои својот предмет на истражување го насочил во проучување на албанската проза во целост во двете рамништа на проучувањето на книжевноста, од синхрониски и дијахрониска аспект.

Во *воведниот дел*, кандидатот прецизно го дефинира преметот на истражувањето и ја актуализира клучната теза поврзана со насловот на трудот и описот на корпусот врз кои се вршени истражувањата за негова изработка. Кандидатот д-р Шефќет Зеколи своето истражување го насочува кон проучување, воопштено и конкретно, на проблематиката на албанската проза за деца на сите можни начини на нејзиното претставување, која е и основен предмет на темата. Оттука произлегува определеноста на кандидатот во својот труд да го употреби компаративно-дескриптивниот метод, како еден од можните начини за истражување и проучување на посочениве прашања.

Во *првиот дел* на трудот кандидатот д-р Шефќет Зеколи дава историски преглед на албанската литература за деца од нејзините почетоци до 2000 година. Поглавјето е поделено на девет потпоглавја во кои расправа за прашања кои се поврзуваат со историскиот развиток низ векови на албанската книжевност за деца. Најобемни партии му се деловите во кои се проучуваат делата на преродбениците и нивните следбеници меѓу двете светски војни, време во кое се оформува албанската книжевност за деца. Во нив се посочува прашања како што се дилемите околу почетоците на албанската книжевност за деца, дидактичната книжевност до 19 век, книжевноста за деца во времето на преродбата, албанската книжевност за деца меѓу двете светски војни, за време на војната и по Втората светска војна (последното се однесува само за Албанија). По кратко претставување на животописот на авторите, кандидатот се задржува во нивните прозни дела, најзначајни за книжевноста за деца. Ќе спомнеме само неколку од нив: Наим и Сами Фрашери, П. Васа, Л. Гуракуќи, Н. Мједа, Папа К. Негован, М. С. Гура, Н. Никај, Е. Колиќи, С. Спасе, М. Кутели, Т. Ѓули, Миѓени, С. Ваќари,

Д. Силиќи, И. Кадаре, Д. Аголи, Б. Дедја, Н. Прифти, О. Грило, Ќ. Гурањаку, Н. Јоргаќи, А. Чачи, П. Марко и др.

*Вториот дел* на трудот, кој, исто така, е доста обемен, е посветен на проучувањето на албанската проза за деца во поранешна Југославија. Поглавјето, понатаму е поделено на прозата за деца во Косово и на прозата за деца во Македонија и е проследено со широк преглед на развитокот на албанската книжевност за деца во поранешна Југославија. Така, понатамошниот интерес на истражувањето на албанската проза за деца во Косово го претставува со делата на Антон Чета, Ј. Реља, Марк Красниќи, Р. Хоџа, Тајар Хатипи; Ќ. Батали, Р. Кукај, М. Шеху, Р. Дедај, Х. Улќинаку, И. Кадриу, А. Буњаку, А. Дева, И. Елшани, З. Халили, В. Кикај, Г. Џафоли.

Посебно потпоглавје на својот труд кандидатот д-р Шефќет Зеколи му посветува на развитокот на албанската проза за деца во Македонија. Меѓу најистакнатите автори, чии дела се предмет на истражување во докторската дисертација на кандидатот се: Љутфи Руси, Мехмедали Хоџа и Али Хуруглица; Абдилазис Ислами, Нухи Винца, Адем Гајтани и Фејзи Бојку; Мустафа Спахиу, Калош Челику, Рамадан Зејнели, Пунторие Муча Зиба, Вахид Насуфи, Нехас Сопај (од генерацијата на осумдесеттите години).

*Третиот* дел на трудот е резервиран за теориска поставеност на тезата и на истражувањето на конкретниот апликативен материјал, особено на анализата на формите на албанското прозно творештво за деца. Овој дел на трудот е посветен на „Класификацијата на албанската книжевност за деца“. Во докторскиот труд на д-р Шефќет Зеколи овој дел е најобемен и е основен дел за целата дисертација. Во него, кандидатот расправа за типолошки прашања на книжевноста за деца, формите на реализацијата, како и за јазично уметничкото нивно обликување.

При проучувањето на прашањата кои произлегуваат од овој дел на трудот, кандидатот употребува два модела на истражување. Покрај жанровска поделба (басна, расказ, новела и роман) врши и типолошка класификација на поединечни жанрови, а тоа се темели на два принципа на мотивско-тематскиот и на географско-просторниот. Така, покрај „Албанската басна за деца во текот на Втората светска војна“ го имаме и „Расказот за деца во Македонија“, и сл.

Авторот откога воопштено зборува за поделбата на формите на книжевноста за деца, пристапува кон нивното проучување одделно. Така, одделно се проучуваат басната, расказот, новелата и одделно романот. Се забележува дека класификацијата се темели врз мотивско-тематското рамниште, а тоа му помага да врши и типологизација на книжевни форми на некои од истражените жанрови.

*Четвртиот дел* на трудот е резервиран за истражување на улогата и значењето на списанијата за деца за развитокот на уметничкото чувство (визуелно и вербално), во *петтиот* се зборува за застапеноста на прозата за деца во школските учебници по книжевност, додека во посебно поглавје, т.е. во *шестиот дел* на трудот, предмет на проучување се меѓусебните соодноси, особено на влијанието на албанската усна книжевност за деца со пишуваната и во *седмото* се проучуваат темите и мотивите на албанското прозно творештво за деца.

Во посебно поглавје, а тоа е *осмиот дел,* во три одделни потпоглавја се проучуваат уметничките, воспитните и сознајните вредности на албанската книжевност за деца. *Деветтиот* и *десеттиот дел* на трудот обработуваат

прашања кои се однесуваат на јазикот и стилот, односно на книжевната критика и на проучувањето на албанската проза за деца.

Кандидатот д-р Шефќет Зеколи во својата докторска теза, употребувајќи ги дескриптивно-компративниот метод, својот труд го образложи со умешното користење на соодветна специјализирана научна литература. Поради користење на обемни објаснувања во белешките, фуснотите се приложени на крајот на секое поглавје. Кон предложената тема кандидатот приложил и четири страници список на научна литература. Во индексот на имиња фигурираат значајни и признати личности од албанската, балканската и светската научна јавност и нивните дела во кои се поставуваат и проучуваат прашања тесно поврзани со поставената тема, а и прашања од поширок тематски дијапазон.

Д-р Шефќет Зеколи во предадената теза својот предмет за проучување на албанското прозно творештво за деца го насочил кон истражување на особеностите и етапите на развојот на тоа творештво. Од една страна е историскиот преглед на развитокот на албанската проза деца и, од друга страна, содржинско-тематската анализа на одделни дела кои му служеле како поврзувачка нишка меѓу двете групи прашања.

Трудот на д-р Шефќет Зеколи е студиозно изработен а и научно образложен. Методот што го применувал, теорискиот и апликативниот (оперативниот материјал), гарантира дека се работи за оригинален труд од областа на книжевноста за деца, во кој со помош на најновите сознанија од овој домен на науката на историјата на книжевноста, значајно придонесува во понатамошниот развиток на оваа научна област. Тоа истовремено докажува дека се работи за еден оригинален и трудољубив кандидат кој ветува дека ќе се гради во сериозен научен истражувач.

3. *Заклучок и предлог.* Имајќи ја предвид научната зрелост и упатеноста во проблематиката на научните истражувања, што се докажа со успешната одбрана на магистерскиот и докторскиот труд на кандидатот д-р Шефќет Зеколи, како и успешното работење како професор, директор и советник во Министерството за образование и наука на Република Македонија, Комисијата е наполно уверена дека во личноста на Зеколи се споени и научно - истражувачката и организационата дејност со што значајно ќе придонесе во развитокот и екипираноста на институцијата со соодветни научни кадри. Затоа, Комисијата осврнувајќи се на изложеното, има чест на Советот на Институтот за духовно и културно наследство на Албанците во Македонија да му предложи да го прифати извештајов и д-р Шефќет Зеколи да го прими во постојан работен однос во звањето научен соработник.

Скопје, 24. 5. 2011 година

Рецензентска комисија

1. Проф. д-р Зекирја Незири, претседател с.р.
2. Проф. д-р Мирлинда Крифца, член с.р.
3. Проф. д-р. Ќемал Мурати, член с.р.

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ-ДОЦЕНТ
## во ИНСТИТУТОТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И ПОЛИТИЧКО - ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА ВО СКОПЈЕ

На својата седница одржана на 13.5.2011 година, Наставно-научниот совет на Институтот за социолошки и политичко – правни истражувања формираше Комисија за избор на доцент од областа менаџмент на човечки ресурси и истражувачка методологија во менаџмент и бизнис, по завршениот јавен конкурс на кој единствен пријавен кандидат беше д-р Марија Топузовска. По прегледаната документација, Комисијата во состав: проф. д-р Мирјана Борота Поповска, проф .д-р Ѓорѓе Јакимовски, проф. д-р Аница Драговиќ го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

**Биографски податоци**

Кандидатката Марија Топузовска е родена во Скопје, Република Македонија, во 1981 година. Дипломирала на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје, на отсекот Општа и компаративна литература во 2005 година. Магистрирала на Институтот за социолошки и политичко – правни истражувања во 2008 година и се стекнала со научен степен магистер по менаџмент на човечки ресурси. Во март 2011 година успешно ја одбранила докторската дисертација под наслов „Квалитет на работен живот на менаџерите од јавниот и приватниот сектор во Република Македонија" на Институтот за социолошки и политичко – правни истражувања во Скопје и се стекнала со научен степен доктор по менаџмент.

**Учество во проекти**

Во текот на своето работење, д-р Марија Топузовска учествувала во неколку национални и меѓународни проекти, меѓу кои во последните 5 години се:

Научноистражувачки проекти:

- проект „Импликации од новото работно време во органите на државната управа" (2007), Министерство за труд и социјална политика, ИСППИ;
- проект „Развој на менаџментот на човечките ресурси во културните институции во Република Македонија" (2010), Министерство за култура на РМ, УНЕСКО.

Апликативни истражувачки проекти:

- проект „Тематска евалуација“ (2008), Швајцарска амбасада – канцеларија во Скопје, ИСППИ;
- проект “Имиџ на македонска пошта“ (2009), ИСППИ.

**Објавени трудови**

Во текот на своето работење во ИСППИ, Марија Топузовска има напишано и објавено повеќе трудови, меѓу кои во последните 5 години се:

- „Balanced Scorecard – Претворање на стратегијата во акција“, 5. Меѓународна конференција за менаџмент и инженерство (2007), Созопол, Бугарија;
- „Потребата од обука при воспоставување на организациски промени“ (во коавторство) Научен собир Република Македонија на патот кон Европа – состојби и перспективи (2007), ФОН, ИСППИ;
- „Доживотното учење – стратегија за општествен развој“ (во коавторство), Економски факултет - Прилеп (2007), меѓународна конференција: Бизнисот и глобализацијата;
- „Методи и техники за унапредување на граѓанската партиципација“ како дел од студијата „Капацитетот на менаџментот и човечките ресурси во единиците на локалната самоуправа“ (2008), Министерство на образование и наука на РМ, ИСППИ;
- „Видови на конфликти на работното место и стратегии за нивно разрешување - Извештај од истражување спроведено врз постдипломци на менаџмент на човечки ресурси“ (во коавторство) (2009), European Business Ethics Network Research Conference, Israel;
- „Фактори на влијание врз изборот на одредена форма на доживотното учење“ “ (2009), ИСППИ, Годишник;
- „Методолошки пристап кон квалитетот на работниот живот – дефинирање, мерење, индикатори“ (во коавторство) – Економски развој (2009), Економски институт – Скопје;
- „Развој на менаџери“ (во коавторство) – меѓународна научна конференција Знаење – капитал на иднината (2009) Институт за менаџмент на знаењето – Скопје, ИСППИ;
- “Анализа на содржина на мисиите на универзитетите во Република Македонија“ (во коавторство) (2010), ИСППИ Годишник;

- "Квалитет на работен живот: јавен vs. приватен сектор" (2010), 9th European Conference on Research Methodology for Business and Management Studies at the IE Business School, Madrid, Spain;
- "Совршен модел за доживотно учење со цел најдобро справување со промените на 21. век" (2010), LlinE, KVS Foundation, Finland;
- „Претприемничкиот дух во мисиите на средните стручни училишта во Република Македонија" (во коавторство) (2011), International Conference for Enterpreneurship, Innovation and Regional Development ICEIRD, Ohrid.

**Учество на научни собири и конференции**

- 5. Меѓународна конференција за менаџмент и инженерство (2007), Созопол, Бугарија;
- научен собир „Република Македонија на патот кон Европа – состојби и перспективи" (2007), ФОН, ИСППИ;
- меѓународна конференција: Бизнисот и глобализацијата (2007), Економски факултет – Прилеп;
- European Business Ethics Network Research Conference (2009), Israel;
- меѓународна научна конференција: Знаење – капитал на иднината (2009), Институт за менаџмент на знаењето – Скопје, ИСППИ;
- 9th European Conference on Research Methodology for Business and Management Studies at the IE Business School (2010), Madrid, Spain;
- Lifelong learning and Wellbeing Research Conference (2010), LlinE, KVS Foundation, Finland;
- Меѓународна конференција: Европски вредности за иднината на југоисточните европски земји - Фондација „Friedrich Ebert" (2010), Крушево;
- панел-дискусија: Социјално и економско претприемништво на младите - Фондација „Balkan Youth Employment" и Здружение на синдикати на РМ, (2010), Скопје;
- меѓународен научен собир: "Човечки ресурси: размена на македонски и француски практики" (2011), ИСППИ и CEP-La Sorbonne;
- International Conference for Enterpreneurship, Innovation and Regional Development ICEIRD (2011), Ohrid

**ЗАКЛУЧОК**

Врз основа на прегледаните материјали, Комисијата оценува дека кандидатката ги исполнува сите законски услови, како и условите предвидени со конкурсот.

Д-р Марија Топузовска е автор на повеќе научни трудови кои третираат теми од областа на менаџментот/менаџментот на човечки ресурси и има искуство со учество во истражувачки проекти, од што е евидентна нејзината компетентност за научна анализа во овие области и способноста за истражување и примена на научните сознанија.

Комисијата смета дека д-р Марија Топузовска може успешно да се вклучи во активностите на Институтот за социолошки и политичко – правни истражувања и со задоволство му предлага на Научниот совет да ја избере во звањето доцент од областа менаџмент на човечки ресурси и истражувачка методологија во менаџмент и бизнис.

Комисија

Проф. д-р Мирјана Борота Поповска с.р.

Проф. д-р Јорде Јакимовски с.р.

Проф. д-р Аница Драговиќ с.р.

# ОБРАЗЕЦ
# КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** Марија Томислав Топузовска
**Институција:** Институт за социолошки и политичко – правни истражувања - Скопје
**Научна област:** менаџмент на човечки ресурси и истражувачка методологија во менаџмент и бизнис

## НАСТАВНО - ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| **Ред. број** | **Назив на активности** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1 | Вежби: **академско пишување**,ПДС МЧР - ИСППИ, 15 часа во академската 2007/2008 година | 0,45 |
| 2 | Вежби: **академско пишување**, ПДС МЧР - ИСППИ, 15 часа во академската 2008/2009 година | 0,45 |
| 3 | Вежби: **академско пишување**,ПДС МЧР - ИСППИ, 15 часа во академската 2009/2010 година | 0,45 |
| 4 | Вежби: **академско пишување**,ПДС МЧР - ИСППИ, 15 часа во академската 2010/2011 година | 0,45 |
| 5 | Вежби: **менаџмент**, ПДС МЧР – ИСППИ, 15 часа во академската 2007/2008 година | 0,45 |
| 6 | Вежби: **менаџмент**, ПДС МЧР – ИСППИ, 15 часа во академската 2008/2009 година | 0,45 |
| 7 | Вежби: **менаџмент**, ПДС МЧР – ИСППИ, 15 часа во академската 2009/2010 година | 0,45 |
| 8 | Вежби: **менаџмент**, ПДС МЧР – ИСППИ, 15 часа во академската 2010/2011 година | 0,45 |
| 9 | Вежби: **менаџмент на човечки ресурси**, ПДС МЧР – ИСППИ, 15 часа во академската 2007/2008 година | 0,45 |
| 10 | Вежби: **менаџмент на човечки ресурси**, ПДС МЧР – ИСППИ, 15 часа во академската 2008/2009 година | 0,45 |
| 11 | Вежби: **менаџмент на човечки ресурси**, ПДС МЧР – ИСППИ, 15 часа во академската 2009/2010 година | 0,45 |
| 12 | Вежби: **менаџмент на човечки ресурси**, ПДС МЧР – ИСППИ, 15 часа во академската 2010/2011 година | 0,45 |
| 13 | Вежби: **професионален и кариерен развој**, ПДС МЧР – ИСППИ, 8 часа во академската 2008/2009 година | 0,24 |
| 14 | Вежби: **професионален и кариерен развој**, ПДС МЧР – ИСППИ, 8 часа | 0,24 |

| | | |
|---|---|---|
| | во академската 2009/2010 година | |
| 15 | Вежби: **професионален и кариерен развој**, ПДС МЧР – ИСППИ, 8 часа во академската 2010/2011 година | 0,24 |
| 16 | Вежби: **анализа на содржина**, ПДС Комуникации – ИСППИ, 2 часа во академската 2009/2010 година | 0,06 |
| 17 | Вежби: **анализа на содржина**, ПДС Комуникации и медиуми – Правен факултет УКИМ, 2 часа во 2009/2010 академска година | 0,06 |
| 18 | Вежби: **бизнис етика**, Американ колеџ, 36 часа во академската 2008/2009 година | 1,08 |
| 19 | Вежби: **бизнис етика**, Американ колеџ, 18 часа во академската 2009/2010 година | 0,54 |
| 20 | Вежби: **методологија**, ПДС МЧР, 8 часа во академската 2010/2011 година | 0,24 |
| 21 | Консултации со студенти, ПДС МЧР – ИСППИ, во зимски семестар 2007/2008 година | 0,32 |
| 22 | Консултации со студенти, ПДС МЧР – ИСППИ, во летен семестар 2008/2009 година | 0,32 |
| 23 | Консултации со студенти, ПДС МЧР – ИСППИ, во зимски семестар 2008/2009 година | 0,32 |
| 24 | Консултации со студенти, ПДС МЧР – ИСППИ, во летен семестар 2009/2010 година | 0,18 |
| 25 | Консултации со студенти, ПДС МЧР – ИСППИ, во зимски семестар 2009/2010 година | 0,18 |
| 26 | Консултации со студенти, ПДС МЧР – ИСППИ, во летен семестар 2010/2011 година | 0,14 |
| 27 | Консултации со студенти, ПДС МЧР – ИСППИ, во зимски семестар 2010/2011 година | 0,16 |
| 28 | Коавтор на прирачник: **„Менаџмент на човечки ресурси во културните институции“** (во печат) | 4 |
| 29 | Интерна скрипта: **„Академско пишување“** на ПДС МЧР - ИСППИ | 3 |
| | **Вкупно** | **16,72** |
| | | |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| **Ред. број** | **Назив на активности** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1 | Одбранета докторска теза: ***Квалитет на работен живот на менаџерите од јавниот и приватниот сектор во Република Македонија*** (2011). | 8 |
| 2 | Учесник во национален проект ***Импликации од новото работно време во органите на државната управа*** (2007), Министерство за | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| | труд и социјална политика, ИСППИ. | |
| 3 | Учесник во меѓународен проект ***Развој на менаџментот на човечките ресурси во културните институции во Република Македонија*** (2010), Министерство за култура на РМ, УНЕСКО. | 5 |
| 4 | Труд ***Balanced Scorecard – Претварање на стратегијата во акција,*** 5. Меѓународна конференција за менаџмент и инженерство (2007), Созопол, Бугарија. | 3 |
| 5 | Труд ***Потребата од обука при воспоставување на организациски промени*** (во коавторство), научен собир *Република Македонија на патот кон Европа – состојби и перспективи* (2007), ФОН, ИСППИ. | 1,6 |
| 6 | Труд ***Доживотното учење – стратегија за општествен развој*** (во коавторство), Економски факултет - Прилеп (2007), меѓународна конференција: *Бизнисот и глобализацијата.* | 1,6 |
| 7 | Труд ***Менаџмент на кариерата и доживотното учење како предуслови за кариерен развој*** (2008), ИСППИ, Годишник. | 4 |
| 8 | Труд ***Видови на конфликти на работното место и стратегии за нивно разрешување - Извештај од истражување спроведено врз постдипломци на менаџмент на човечки ресурси*** (во коавторство) (2009), European Business Ethics Network Research Conference, Israel. | 2,7 |
| 9 | Труд ***Фактори на влијание врз изборот на одредена форма на доживотното учење*** (2009), ИСППИ, Годишник. | 4 |
| 10 | Труд ***Методолошки пристап кон квалитетот на работниот живот – дефинирање, мерење, индикатори*** (во коавторство), Економски развој (2009), Економски институт – Скопје. | 1,8 |
| 11 | Труд ***Развој на менаџери*** (во коавторство), меѓународна научна конференција: „Знаење – капитал на иднината“ (2009), Институт за менаџмент на знаењето – Скопје, ИСППИ. | 1,8 |
| 12 | Труд ***Анализа на содржина на мисиите на универзитетите во Република Македонија*** (во коавторство) – (2010), ИСППИ, Годишник. | 3,6 |
| 13 | Труд ***Квалитет на работен живот на менаџерите: јавен vs. приватен сектор*** (2010), 9th European Conference on Research Methodology for Business and Management Studies at the IE Business School, Madrid, Spain | 3 |
| 14 | Труд ***Совршен модел за доживотно учење со цел најдобро справување со промените на 21 век*** – (2010), LlinE, KVS Foundation, Finland. | 3 |
| 15 | Труд ***Претприемничкиот дух во мисиите на средните*** | 2,4 |

| | | |
|---|---|---|
| | ***стручни училишта во Република Македонија*** (во коавторство), (2011), International Conference for Enterpreneurship, Innovation and Regional Development ICEIRD, Ohrid | |
| 16 | Одбранета магистерска теза ***Фактори на влијание врз изборот на одредена форма на доживотното учење*** (2008). | 4 |
| 17 | Пленарно предавање на меѓународна конференција: ***Европски вредности за иднината на југоисточните европски земји*** - Фондација „Friedrich Ebert", септември 2010 година, Крушево | 3 |
| 18 | Секциско предавање на панел-дискусија: ***Социјално и економско претприемништво на младите*** - Фондација „Balkan Youth Employment" и Здружение на синдикати на РМ, октомври 2010 година, Скопје. | 2 |
| 19 | Секциско предавање на меѓународен научен собир: ***Човечки ресурси: размена на македонски и француски практики*** (2011), ИСППИ и CEP-La Sorbonne | 2 |
| | **Вкупно** | **59,5** |

## СТРУЧНО - АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| **Ред. број** | **Назив на активности** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1 | Учесник (интервјуа и извештаи) во проектот **„Тематска евалуација"** (2008), Швајцарска амбасада – канцеларија во Скопје, ИСППИ. | 1 |
| 2 | Евалуација на Обука на државни службеници, во рамките на проектот ***Formation Administrative Superieure*** (2008), Француска амбасада во РМ, ИСППИ, Агенција за државни службеници | 1 |
| 3 | Истражување: **Имиџ на македонска пошта** (2009), координатор на анкетари, логичка контрола на прашалници | 1 |
| 4 | Член на национална жири-комисија за доделување на награда за професионалци од областа на човечките ресурси, на тема: ***Конвергентност: преобразба на улогата на човечките ресурси како катализатор*** (2011), Македонска асоцијација за човечки ресурси | 1 |
| 5 | Коавтор на поглавје **„Методи и техники за унапредување на граѓанската партиципација"** од студијата „Капацитетот на менаџментот и човечките ресурси во единиците на локалната самоуправа" (2008 год.), ИСППИ. | 2 |

**Дејности од поширок интерес**

| **Ред. Број** | **Назив на активности** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1 | Член на уредувачки одбор на **Годишник на ИСППИ**, 2007 | 0,5 |
| 2 | Секретар на уредувачки одбор на **Годишник на ИСППИ**, 2008 | 0,5 |

| | | |
|---|---|---|
| 3 | Член на организационен одбор на меѓународен научен собир: ***Човечки ресурси: размена на македонски и француски практики*** (2011), ИСППИ и CEP-La Sorbonne. | 1 |
| 4 | Соработник во креирање на идејна скица за национален истражувачки проект на тема ***Работни вредности, бизнис етика и животен стил на македонските менаџери*** (2011), пријавен на конкурс на МОН | 0,5 |
| 5 | Соработник во креирање на идејна скица/предлог-проект ***"Топ менаџмент" за обука и доостручување на менаџери од Република Македонија во компании во странство*** (2008), пријавен во Владата на Република Македонија – Генерален секретаријат | 0,5 |
| 6 | Соработник во креирање на предлог-проект: **„Воспоставување на мрежа за деловна етика во РМ"** (2009), пријавен во УНЕСКО – програма за партиципација | 1 |
| | **Вкупно** | **10** |
| | | |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО – ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **16,72** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **59,5** |
| **СТРУЧНО – УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | |
| **СТРУЧНО – АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **10** |
| **Вкупно** | **86,22** |
| | |

Членови на Комисијата

Проф.д-р Мирјана Борота Поповска с.р.

Проф.д-р Јорде Јакимовски с.р.

Проф.д-р Аница Драговиќ с.р.

# РЕФЕРАТ
## ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ОД ОБЛАСТА НА АРХИТЕКТОНСКОТО ПРОЕКТИРАЊЕ, ПО ПРЕДМЕТИТЕ АРХИТЕКТОНСКО ПРОЕКТИРАЊЕ IV, АРХИТЕКТОНСКО ПРОЕКТИРАЊЕ VI И АРХИТЕКТОНСКО СТУДИО НА ИНСТИТУТОТ ЗА АРХИТЕКТОНСКО ПРОЕКТИРАЊЕ ПРИ АРХИТЕКТОНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Архитектонскиот факултет бр. 08-6/38 од 18.5.2011 година, избрана е Рецензентска комисија за избор на соработник – асистент од областа на архитектонското проектирање при Институтот за архитектонско проектирање во следниов состав:

1. д-р Анета Христова-Поповска, вонреден професор – претседател
2. д-р Мартин Гулески, професор (во пензија) – член
3. д-р Јасмина Siљаноска, вонреден професор – член.

На распишаниот конкурс објавен во дневните весници "Дневник" и "Лајме" на 5.4.2011 година се пријави кандидатот м-р Михајло Зиноски, асистент во наведената област при Институтот за архитектонско проектирање на Архитектонскиот факултет во Скопје.

Врз основа на увидот во целокупната документација за кандидатот, Комисијата го доставува до Наставно-научниот совет на Архитектонскиот факултет следниов

## ИЗВЕШТАЈ

**Биографски податоци**

М-р Михајло Зиноски, дипл.инж.арх., е роден во Скопје 1969 година. Со високо образование се стекнал и дипломирал на Архитектонскиот факултет во Скопје во 1996 година. Со звањето магистер по архитектура и урбанизам се стекнал на Архитектонскиот факултет во Скопје во 2008 година, со одбранет магистерски труд со наслов „Програмски аспекти на објектите за трговија".

Во 1996 година бил вработен во ПИИМ „УНИЈА" – Скопје, на работното место проектант, во 1997 година преминал во „КОЉА", а во 1996 година како проектант се вработил во ПИПИП „ЕТАПА", Скопје.

Во 2000 година се вработил на Архитектонскиот факултет во Скопје како помлад асистент по предметите проектирање општествени згради I, проектирање општествени згради II и архитектонско проектирање (продлабочена настава) Билтен бр. 756 од 28.4.2000 година). Во 2003 година е избран во истото звање по предметите проектирање општествени згради I, проектирање општествени згради II, теорија и архитектонско истражување, архитектонско проектирање (продлабочена настава) и теорија и истражување во архитектурата (продлабочена настава) Билтен бр. 832 од 1.7.2003 година). На истите прдмети е избран во звањето асистент во 2008 година (Билтен бр. 946 од 15.7.2008 година).

**Наставна дејност**

Во периодот од последниот избор до денес, кандидатот м-р Михајло Зиноски учествувал во изведувањето на наставата по предметите проектирање општествени згради I, проектирање општествени згради II, теорија и архитектонско истражување, архитектонско проектирање на проектот од продлабочена настава со наслов „Облакодери" под раководство на проф. д-р Минас Бакалчев, архитектонско студио V2 и VI2, архитектонско проектирање VI и архитектонско студио VII2 и VIII2.

**Научноистражувачка дејност**

Кандидатот м-р Михајло Зиноски пријавил докторска дисертација со работен наслов „Програмски генотипски компоненти, модел и проект на објекти од јавен карактер" во 2008 година (Пријава бр. 07–238/1 од 13.10.2008 година), која во работна верзија со наслов „Влијанието на програмата врз формирањето на архитектонскиот концепт низ анализата на трговски центри во Скопје – модел за рекурзивно обликување на архитектонскиот план" е поднесена со дописот бр. 07 – 61/1 од 12.2.2011 година и е во процедура за оцена од страна на Комисијата за оцена и одбрана на докторската дисертација.

**Архитектонски проекти и конкурси**

- 2008, Архитектонски проект за надградба на Градски трговски центар – Скопје – конкурс, проектантски тим: Ѓуреска Ана, д.и.а., Николовски Зоран, д.и.а., Чаневски Горан, д.и.а., Сачкаровски Љупчо, д.и.а., Зиноски Михајло, д.и.а.;
- 2008, Архитектонски проект за реновирање на централната зграда на Стопанска банка АД - Скопје, проектантски тим: Ценовски Филип, д.и.а., Зиноски Михајло, д.и.а.;
- 2010, Архитектонско-урбанистички проект за колективни станбени објекти за припадниците на АРМ, Илинден, Скопје – втора награда, проектантски тим: проф. д-р Минас Бакалчев, д.и.а., проф. м-р Митко Хаџи-Пуља, д.и.а., ас. м-р Зиноски Михајло, д.и.а., ас. м-р Тасиќ Саша, д.и.а., ас. м-р Радевски Александар, д.и.а., Стрезовски Никола, д.и.а., Момировски Дамјан, д.и.а.

**Реализирани проекти на ентериери**

- 2008, канцеларии на фирмата „БА – Софт";
- 2009, канцеларии на фирмата „ЗЕЛС".

**Публикации**

- 2010, „СК 2014 краток курс за градежна етика" – ПОРТА 3 бр. 131
- 2010, „Антропологија на градот", ПОРТА 3 бр. 136/137.

**Конференции, работилници, летни школи**

- 2008, учество на работилницата „Нови станбени прототипови" ECOU, Триполи, Либија;
- 2008, ментор на Летна школа за архитектура на тема „Нови простори од најдени материјали", под раководство на Дејвид Биги, Рурал студио (САД);
- 2009, ментор на Летна школа за архитектура на тема „Terristories", под раководство на арх. Себастијан Валдхуисен, арх. Класке Хавик (Делфт, Холандија) и арх. Лорин Николау (Букурешт);
- 2010, ментор на работилницата „Реурбанизација на индустриските зони во градовите на транзицијата", Архитектонски студентски конгрес АСК 2010, Љубљана;
- 2010, ментор на работилницата „Архитектура, традиција, меморија", Крушево 2010, Архитектонски факултет, Скопје;
- 2010, ментор на Летна школа за архитектура 2010, „Архитектурата е сета за луѓето" под раководство на проф. д-р Анета Христова-Поповска, арх. Бурак Алтаншик (Турција) и арх. Масимо Кроти (Италија).

**Подготовка на книги, компјутерска обработка, дизајн**

- 2009, дизајн на лого и маица за Летна школа за архитектура 2009 „Terristories";

- 2010, уредување и компјутерска обработка на каталог на студентски проекти за БИСТА 2010, со дипл. инж. арх. Дамјан Момировски;
- 2010, дизајн на постер и маица за Летна школа за архитектура 2010 „Архитектурата е сета за луѓето".

**Учество и организација на изложби**

- 2009, „НИЕ" – 60 години Архитектонски факултет – Скопје, учество на групна изложба во Музејот на град Скопје со проектот за реновирање на фасадата на Стопанска банка – Скопје;
- 2010, „Архитектура Скопје 2010" АСК – Музеј на град Скопје со – Архитектонско-урбанистички проект за колективни станбени објекти за припадниците на АРМ, Илинден, Скопје, како член на проектниот тим;
- 2010, Координатор на БИСТА 2010 – 10 Биенале на студентите по архитектура, Мала станица.

## ЗАКЛУЧОК

Врз основа на поднесените референци, долгогодишната непосредна соработка во наставата на Архитектонскиот факултет, како и активностите за афирмација на струката во јавноста и добиените признанија до неговиот повторен избор во звањето асистент, Комисијата го изразува своето уверување дека м-р Михајло Зиноски ги потврдил своите квалитети како на полето на архитектонската професија, така и во неговото академско дејствување.

Комисијата го нагласува особениот ангажман на кандидатот во наставата од областа на архитектонското проектирање, неговите педагошки квалитети во пренесувањето на знаењата на студентите, што придонесува за стекнатите вештини и успех на идните професионалци во архитектонската дисциплина. Со сопствената континуирана надградба во научниот домен на архитектурата, тој ја потврдува личната професионална доследност кон струката која им ја пренесува и на младите генерации.

Врз основа на изнесеното, Комисијата со задоволство му предлага на Наставно-научниот совет, врз основа на Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, кандидатот м-р Михајло Зиноски да биде избран во звањето асистент од областа на архитектонското проектирање по предметите архитектонско проектирање IV, архитектонско проектирање VI и архитектонско студио при Институтот за архитектонско проектирање на Архитектонскиот факултет во Скопје.

Рецензентска комисија

Д-р Анета Христова-Поповска, вонреден професор – претседател, с.р.
Д-р Мартин Гулески, редовен професор – член, с.р.
Д-р Јасмина Сиљаноска, вонреден професор – член, с.р.

За ...
Датум ... 6. ...
Потпис

# ПРЕГЛЕД

**на пријавена и прифатена тема за изработка на магистерски труд на Градежниот факултет во Скопје**

**на 376. седница на Наставно – научниот совет одржана на 03.06.2011 година**

| Р. бр. | Кандидат | Работен наслов на темата | Ментор |
|---|---|---|---|
| 1 | Лилјана Божиновска - Мијалкова, дипл.град.инж. | Нелинеарна статичка метода за проценка на сеизмичкиот одговор на рамковни конструкции со АБ платна | проф. д-р Лилјана Денковска, Градежен факултет во Скопје |

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
СКОПЈЕ
Примено: 1 ... 2011
Орг. Един. | Број | Прилог | Вредност
11 | 22

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
СКОПЈЕ
14 2011
Примено:
Орг. Един. | Број | Прилог | Вредност
11 | 22

# ПРЕГЛЕД

## на пријавени и прифатени теми за изработка на докторски дисертации на Градежниот факултет во Скопје

на 376. седница на Наставно – научниот совет одржана на 03.06.2010 година

| Р. бр. | Кандидат | Работен наслов на темата | Ментор |
|---|---|---|---|
| 1 | **м-р Димитрија Сековски**, дипл. ижс. | **Екохидролошки пристап во интегралното управување со речните сливови** | проф. д-р Цветанка Поповска |
| 2 | **м-р Гоце Тасевски**, дипл. град. инж. | **Карактеристики на хидрауличните удари во водоводните мрежи** | проф. д-р Цветанка Поповска |
| 3 | **м-р Стевчо Митовски** дипл. град. инж. | **Нумеричка анализа на бетонски брани со моделирање на конструктивните фуги** | проф. д-р Љупчо Петковски |

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Универзитет "Св. Кирил и Методиј"
Правен факултет "Јустинијан Први"
Бр. 03-870/1
14-06-2011 год.
СКОПЈЕ



# РЕЦЕНЗИЈА

## НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ПРИВАТНАТА БЕЗБЕДНОСТ ВО ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА“, ИЗРАБОТЕН ОД КАНДИДАТОТ М-Р ИВАН НАЃ, ПРИЈАВЕНА НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ” ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први” во Скопје, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, по предлог на Наставничкиот колегиум на постдипломските студии по казнено право и криминологија формира Комисија за оцена и одбрана на докторската дисертација со наслов ***Приватната безбедност во Југоисточна Европа,*** од кандидатот ***м-р Иван Наѓ,*** во состав: акад. проф. Владо Камбовски, проф. д-р Никола Матовски, проф. д-р Гордана Бужаровска Лажетиќ, проф. д-р Гордан Калајџиев (ментор) и проф. д-р Никола Тупанчески.

## ИЗВЕШТАЈ

### I.
### Приказ на дисертацијата

Докторската дисертација *Приватната безбедност во Југоисточна Европа,* покрај воведните напомени, е поделена во пет дела со 9 глави и опфаќа текст од вкупно 242 страници и 8 страници цитирана литература.

Докторската дисертација на Иван Наѓ претставува истражување за приватната безбедност во Југоисточна Европа, а со споредбена анализа се утврдени нејзините специфичности во однос на другите земји во Европската унија. Истражувањето се однесува на компаративен преглед на правните прописи на приватната безбедност што директно ја регулираат организацијата и дејноста на системот зaѕзаштита на лица, на објекти и на имот на претпријатијата, како и на местото и улогата на полицијата во тој систем. Во компаративниот приказ се опфатени следниве десет држави од Југоисточна Европа: Албанија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Црна Гора, Косово, Хрватска, Македонија, Молдавија, Романија и Србија.

Во трудот се истражувани и анализирани: теориските претпоставки на приватната и на јавната безбедност; прописите кои го уредуваат подрачјето на приватната безбедност, постојнитеѓмодели за заштита на лица, на објекти и на имот, како и важноста на анализата на ризиците при изработката на процената на загрозеноста на лицата, на објектите и на имотот. Дел од истражувањето се однесува на анализа на компаративните податоци за овластувањата на приватните обезбедувања во Југоисточна Европа.

Во првото поглавје од трудот се зборува за проблемот на криминалитетот, кој сѐ повеќе станува еден од главните проблеми со национални и со меѓунационални димензии и авторот претпоставува дека развојот на општеството во целост ќе биде следен и од развојот на сите форми на криминалитет, така што во

службеници и граѓаните, при што се предвидени секојдневни контакти на полицајците со граѓаните, нивно меѓусебно запознавање и стекнување доверба. Приватната безбедност во последниве дваесет години презема значајни чекори за подобрување на работата и привлече големо внимание кај јавното мислење за својата сè поголема улога во заштитата на лица, на објекти и на имот.

Во четвртото поглавје се зборува за јавната и за приватната безбедност како резултат на состојбата во општествениот систем. Во истражувањето се утврдува дека примарна цел и на јавната и на приватната безбедност е одржување на редот и на мирот, односно на безбедноста, така што, во согласност со тоа, се наведува дека односот меѓу тие две служби треба да биде партнерски, зашто во денешно време сè повеќе се приближуваат начините и средствата за постигнување на нивната цел.

